UNHCR
The UN Refugee Agency

# Согледувања од меѓународната заштита за луѓето што пребегнуваат од Сириската Арапска Република – 6-то ново издание

март 2021 г.

HCR/PC/SYR/2021/06

UNHCR
The UN Refugee Agency

# СОДРЖИНА


**I. Извршно резиме ....................................................................................7**

А. Заштита на бегалците согласно критериумите од Конвенцијата од 1951 г. и главните категории барања..........................................................................................................7

Б. Алтернативата со внатрешно пребегнување или преселување (АВПб/АВПс)............... 10

В. Можни основи за исклучување ............................................................................ 11

Г. Мораториум на присилните враќања ..................................................................... 12

**II. Главните случувања во Сирија од 2018 година.....................................13**

А. Главните безбедносни и политички случувања............................................................. 13

*1) Главните безбедносни случувања од 2018 година ........................................... 13*

*2) Главните политички случувања ........................................................................ 21*

Б. Безбедносната состојба по подрачја ..................................................................... 22

*1) Безбедноста во подрачјата под контрола на Владата, вклучително и во одново заземените подрачја.............................................................................................. 22*

*2) Безбедноста во подрачјата под de facto контрола на СДС ..................................... 33*

*3) Безбедноста во подрачјата под de facto контрола на ХТШ и антивладините вооружени групи ........................................................................................... 40*

*4) Безбедноста во подрачјата под de facto контрола на Сириската национална армија 43*

В. Цивилни жртви .................................................................................................. 51

Г. Присилно раселување и враќање........................................................................... 54

*1) Присилно раселување и пристап до безбедност.................................................. 54*

*2) Враќање на бегалците и ВРЛ............................................................................ 56*

*3) Намерата за враќање на бегалците и пречки за нивното враќање......................... 59*

Д. Повреди и злоупотреби на правото од областа на човековите права и повреди на меѓународното хуманитарно право ............................................................................... 67

*1) Владините сили.............................................................................................. 68*

*2) Сириските демократски сили (СДС) / Народните одбранбени одреди (НОО), Партијата за демократска унија (ПДУ) и институциите на Автономната управа 79*

*3) ХТШ и антивладините вооружени групи во Идлиб и соседните подрачја ............... 87*

*4) Вооружените групи поврзани со Сириската национална армија.............................. 92*

*5) Исламската држава на Ирак и Ал-Шам (ИСИЛ)........................................................ 99*

*6) Семејството, племето, заедницата ..................................................................... 99*

*А. Хуманитарната состојба*.................................................................................... 99

*1) Хуманитарните потреби ................................................................................... 99*

*2) Хуманитарните потреби на особено ранливите групи.......................................... 112*

*3) Хуманитарен пристап....................................................................................... 125*

**III. Процена на потребите од меѓународна заштита за барателите на азил од Сирија ......................................................................................127**

А. Заштита на бегалците согласно критериумите од Конвенцијата од 1951 г. и главните категории барања ........ 127

1) *Лицата што ѝ се спротивставуваат или за кои се претпоставува дека ѝ се спротивставуваат на Владата ........ 128*

2) *Избегнувачи на воената служба и дезертери од Сириските вооружени сили ........ 159*

3) *Лицата што ја поддржуваат или за кои се претпоставува дека ја поддржуваат Владата ........ 181*

4) *Лицата што им се спротивставуваат или за кои се претпоставува дека им се спротивставуваат на Сириските демократски сили (СДС) / Народните одбранбени одреди (НОО), Партијата за демократска унија (ПДУ) и институциите на Автономната управа ........ 185*

5) *Лицата што им се спротивставуваат или за кои се претпоставува дека им се спротивставуваат на ХТШ и другите антивладини вооружени групи во подрачјата под нивна de facto контрола во Идлиб и соседните подрачја ........ 192*

6) *Лицата што им се спротивставуваат или за кои се претпоставува дека им се спротивставуваат на вооружените групи поврзани со Сириската национална армија во подрачја под нивна de facto контрола ........ 196*

7) *Лицата што ѝ се спротивставуваат или за кои се претпоставува дека ѝ се спротивставуваат на ИСИЛ во подрачјата со непрекинато присуство или влијание на ИСИЛ ........ 203*

8) *Припадниците на верските и етничките малцински групи и лицата кои им противречат на строгите исламски правила ........ 205*

9) *Жени и девојчињата од одредени профили или во специфични околности ........ 229*

10) *Деца од одредени профили или во специфични околности ........ 242*

11) *Лица со поинакви сексуални ориентации и/или родови идентитети (СОРИ) 249*

12) *Палестинските бегалци ........ 255*

Б. Бегалскиот статус согласно критериумите од поширокиот мандат на УНХЦР или регионалните инструменти, или квалификуваност за комплементарни облици на заштита ........ 264

В. Согледувања во однос на примената на алтернативата со внатрешно пребегнување или преселување (АВПб/АВПс) ........ 265

1) *Вовед 265*

2) *Подрачја во Сирија каде АВПб/АВПс не е достапна ........ 266*

3) *Групи на население за кои АВПб/АВПс не е достапна ........ 266*

4) *Процена на достапноста на АВПб/АВПс во урбаните подрачја под контрола на Владата ........ 267*

5) *Процена на меродавноста во однос на градот Дамаск ........ 267*

6) *Анализа на разумноста во однос на градот Дамаск ........ 269*

Г. Можни основи за исклучување ........ 287

IV. Мораториум на присилните враќања ........ 293

# Список на институции и актери

| | |
|---|---|
| **АУСИС** | Автономна управа на Северна и Источна Сирија |
| **ССА** | Слободна сириска армија |
| **НОПАБ** | Надлежен орган за палестинските арапски бегалци |
| **ХАД** | „Хурас Ал-Дин“ |
| **ХТШ** | „Хајат Тахрир Ал-Шам“ |
| **ИДИШ** | Исламска држава на Ирак и Ал-Шам |
| **КНС** | Курдски национален совет |
| **НОС** | Национални одбранбени сили |
| **НОФ** | Национален ослободителен фронт |
| **НФОП-ГШ** | Народен фронт за ослободување на Палестина – Генералштаб |
| **ПКК** | Курдистанска работничка партија |
| **ПОА** | Палестинска ослободителна армија |
| **ПДУ** | Партија за демократска унија |
| **САА** | Сириска арапска армија (*видете и ОПТ*) |
| **СДС** | Сириски демократски сили |
| **СПВ** | Сириска привремена влада |
| **СНА** | Сириска национална армија |
| **ТИП** | Туркестанска исламска партија |
| **ОПТ** | Вооружени опозициски групи поддржани од Турција (*видете и СНА*) |
| **НОО** | Народни одбранбени одреди |
| **ЖОО** | Женски одбранбени одреди |

# Список на скратеници

| | |
|---|---|
| **ПМНВС** | Проект за податоци за места и настани од вооружените судири |
| **АФП** | Агенција „Франс-прес“ |
| **АГПС** | Акциска група за Палестинците од Сирија |
| **АПВН** | Акција против вооружено насилство |
| **АП** | „Асошиејтед прес“ |
| **Би-би-си** | Британска радиодифузна корпорација |
| **КАРНЕГИ МЕЦ** | Карнегиев центар за Блискиот Исток |
| **КУКР** | Консолидирани упатства за квалификуваност и регистрација |
| **ЦГП** | Центар за глобална политика |
| **КЗОГ-ОВР** | Комбинирана заедничка оперативна група – Операција „Вродена решителност“ |
| **ЦОАИ** | Центар за оперативна анализа и истражување |
| **КЗН** | Комитет за заштита на новинарите |
| **КПД** | Комитет за правата на детето на Обединетите нации |
| **ДВ** | „Дојче веле“ |
| **ЕЦУЧП** | Европски центар за уставни и човекови права |
| **ЕСНО** | Европски совет за надворешни односи |
| **ЕИМ** | Европски институт за мир |
| **ЕМБ** | Европска мрежа за бездржавност |
| **НБС** | неексплодирани бојни средства |
| **ЕСКЗА** | Економско-социјална комисија за Западна Азија на Обединетите Нации |
| **ЕУИ** | Европски универзитетски институт |
| **ФАО** | Организација за храна и земјоделство на Обединетите нации |
| **ФФЕ** | Фондација „Фридрих Еберт“ |
| **ЖЦБП** | Женевски центар за безбедносна политика |
| **ДЗИ** | домување, земјиште и имот |
| **ППХП** | Програма за процена на хуманитарни потреби |
| **ПХП** | Преглед на хуманитарни потреби |
| **ХРВ** | „Хјуман рајтс воч“ |
| **МКГ** | Меѓународна кризна група |
| **МКЦК** | Меѓународен комитет на Црвениот крст |
| **МЦПР** | Меѓународен центар за проучување на радикализацијата |
| **МЦТП** | Меѓународен центар за транзициска правда |
| **ЦСВР** | Центар за следење на внатрешно раселување |
| **ВРЛ** | внатрешно раселено лице |
| **ИЕУ** | импровизиран експлозивен уред |
| **АВБ/АВР** | Алтернатива за внатрешно бегство или внатрешно раселување |
| **МХП** | Меѓународно хуманитарно право |
| **НМАКСирија** | Независна меѓународна анкетна комисија за Сириската арапска република |
| **МКС** | Меѓународен комитет за спасување |
| **ИБВ** | Институт за бездржавност и вклученост |
| **ИМПС** | Институт за меѓународни политички студии |
| **ИПВ** | Институт за проучување на војната |

| | |
|---|---|
| **ФКА** | Фондација „Конрад Аденауер“ |
| **АЛЧП** | „Адвокати и лекари за човекови права“ |
| **ЛГБТИ** | Лезбејки. гејови, бисексуалци и трансродови и интерсексуални лица |
| **МИА** | „Мидл ист ај“ |
| **ИБИ** | Институт за Блискиот Исток |
| **ЛБГ** | „Лекари без граници“ |
| **НЦП** | Норвешка црковна помош |
| **НСБ** | Норвешки совет за бегалци |
| **ОЦХА** | Канцеларија за координација на хуманитарна работа на Обединетите нации |
| **ОХЦХР** | Канцеларија на Високиот комесар за човекови права |
| **ЛЧП** | „Лекари за човекови права“ |
| **ПБИП** | Проект за блискоисточна политикологија |
| **ПБС** | палестински бегалци од Сирија |
| **РБГ** | „Репортери без граници“ |
| **СЗГД** | Сириско здружение за граѓанско достоинство |
| **СДАИД** | „САВА“ за развој и помош |
| **СРЗН** | Сексуално и родово-засновано насилство |
| **СКЧП** | Сириски комитет за човекови права |
| **СЦПО** | Сириски центар за правда и отчетност |
| **СМЧП** | Сириска мрежа за човекови права |
| **СОЧП** | Сириска опсерваторија за човекови права |
| **СВП** | „Сиријци за вистина и правда“ |
| **СВП** | Германски институт за меѓународни и безбедносни работи |
| **СИП** | сириска фунта |
| **ТИБИП** | „Тахрир“ институт за блискоисточна политика |
| **ОН** | Обединети нации |
| **УНХЦР** | Висок комесаријат за бегалци на Обединетите нации |
| **УНИЦЕФ** | Фонд за деца на Обединетите нации |
| **УНМАС** | Служба за отстранување на мини на Обединетите нации |
| **УНРВА** | Агенција за помош и работа на палестинските бегалци на Блискиот Исток на Обединетите нации |
| **ГСОН** | Генерално собрание на Обединетите нации |
| **СБОН** | Совет за безбедност на Обединетите нации |
| **КМВССАД** | Комисија за меѓународна верска слобода на Соединетите Американски Држави |
| **ИМСАД** | Институт за мир на Соединетите Американски Држави |
| **ВОА** | „Гласот на Америка“ |
| **ДЦН** | Документарен центар за повреда на човековите права |
| **СПХ** | Светска програма за храна |
| **СЗО** | Светска здравствена организација |
| **ВВИ** | „Ворлд вижн интернешнал“ |

# I. Извршно резиме

Со овој документ се подновува и заменува *5-тото подновено издание* на *Согледувањата од меѓународната заштита за луѓето што пребегнуваат Сириската Арапска Република од ноември 2017 година*.[1] Во овие *Согледувања* се внесени најажурните информации што беа достапни во времето на овој запис, од најразлични извори.[2] Анализата што се содржи во овие *Согледувања* почива на јавно достапните информации, како и на информациите што му станаа достапни на УНХЦР за време на неговите операции во Сирија.

Сите барања поднесени од страна на барателите на азил треба да се разгледуваат по свој сопствен основ во постапка за правично и ефикасно одредување на статусот и согласно најновите и најмеродавните информации за земјата на потекло. Ова важи без оглед дали барањата се разгледуваат според критериумите за бегалец што се содржат во Конвенцијата за статусот на бегалците од 1951 година („Конвенцијата од 1951 г.“)[3] и нејзиниот Протокол од 1967 година,[4] мандатот на УНХЦР, регионалните инструменти за бегалци или, пак, според пошироки критериуми за меѓународна заштита, вклучително и комплементарни облици на заштита.

## A. Заштита на бегалците согласно критериумите од Конвенцијата од 1951 г. и главните категории барања

Со оглед на сериозните повреди на меѓународното хуманитарно право и повредите и злоупотребите на правото од областа на човековите права, како и тековниот вооружен судир во Сирија, **УНХЦР и понатаму го карактеризира пребегнувањето на цивилите од Сирија како движење на бегалци, при што огромното мнозинство сириски баратели на азил и понатаму имаат потреба од меѓународна заштита на бегалците, исполнувајќи ги барањата од дефиницијата за бегалец што се содржи во член 1А(2) од Конвенцијата од 1951 г.** На ист начин, Палестинците од Сирија коишто се наоѓаат надвор од подрачјето на делување на Агенцијата за помош и работа на палестинските бегалци на Блискиот Исток на Обединетите нации (УНРВА) веројатно ги исполнуваат барањата од член 1Г со што *ipso facto* се стекнуваат со правото да ги ползуваат придобивките од Конвенцијата од 1951 г.[5]

За голем број цивили коишто пребегале од Сирија, врската со Конвенцијата од 1951 г. ќе се пронајде во непосредна или посредна, вистинска или претпоставена припадност на некоја од страните во судирот. Особена одлика на судирот во Сирија е тоа што различните страни во судирот често пати им припишуваат **политичко мислење** на поголеми групи луѓе, вклучително и семејства, племиња, верски или етнички групи, или цели градови, села или населби, по пат на припадност.[6] Како такви, членовите

---

[1] Тековниот документ го заменува УНХЦР, Согледувања од меѓународната заштита за луѓето што пребегнуваат од Сириската Арапска Република, 4-то подновено издание (UNHCR, International Protection Considerations with Regard to People Fleeing the Syrian Arab Republic, Update IV), ноември 2015 година, http://www.refworld.org/docid/5641ef894.html.

[2] Овие аспекти што треба да се земат предвид во врска со меѓународната заштита се засноваат на информации достапни за УНХЦР од 28 февруари 2021 година, освен доколку не е поинаку посочено. Тие ќе бидат ажурирани како што се одвива ситуацијата во Сириската Арапска Република (во натамошниот текст Сирија).

[3] Генерално собрание на Обединетите нации (ГСОН), Конвенција за статусот на бегалците, 28 јули 1951 година, Серија на договори на Обединетите нации, издание 189 (United Nations Treaty Series, Vol. 189), www.refworld.org/docid/3be01b964.html, стр. 137.

[4] ГСОН, Протокол за статусот на бегалците, 31 јануари 1967 година, Серија на договори на Обединетите нации, издание 606 (United Nations Treaty Series, Vol. 606), www.refworld.org/docid/3be01b964.html, стр. 267.

[5] За анализа на толкувањето на член 1Г, види: УНХЦР, Упатства за меѓународна заштита бр. 13: Применливоста на членот 1г од Конвенцијата за стаусот на бегалците која се однесува на палестинските бегалци од 1951г., декември 2017 година, HCR/GIP/17/13, www.refworld.org/docid/5a1836804.html.

[6] „И провладините сили и недржавните вооружени групи во северозападните, северните и источните делови на Сириската Арапска Република продолжија да ги таргетираат цивилите, вклучително и оние за кои се смета дека се поврзани со опозициските сили, вклучително и преку убиства, произволно лишување од слобода, тортура и друго лошо постапување и киднапирања“; Совет за безбедност на Обединетите нации (UNSC), Имплементација на резолуции на Советот за безбедност 2139 (2014 г.), 2165 (2014 г.), 2191 (2014 г.), 2258 (2015 г.), 2332 (2016 г.),

на поголемите ентитети, без да се издвојат поединечно, може да станат мета на реперкусии од страна на различните актери поради нивната вистинска или претпоставена поддршка на некоја друга страна во судирот.[7] Претпоставката дека некој споделува нечие политичко мислење или припадност во однос на судирот често пати се заснова на едвај нешто повеќе од физичкото присуство на лицето во одредено подрачје (или фактот што лицето потекнува од одредено подрачје), или на неговата етничка или верска припадност. Во такви ситуации, ризикот да се биде повреден станува сериозен и реален, и во никој случај не се намалува со фактот што засегнатото лице можеби и нема да стане мета на некој напад на поединечна основа.

УНХЦР смета дека Сиријците и поранешните вообичаени жители на Сирија кои спаѓаат во подолу наведените ризични профили **веројатно имаат потреба од меѓународна заштита на бегалците**. Поткатегориите лица со ризичните профили 3, 8 и 10 може да имаат потреба од меѓународна заштита на бегалците зависно од поединечните околности на случајот.

Во овој документ се дадени меродавни и сигурни информации за земјата на потекло, како и упатство за одредување на квалификуваноста за следниве ризични профили, а каде што е погодно, и за членовите на семејството или другите лица што се блиско поврзани со лицата од овие профили.

1. **Лицата што ѝ се спротивставуваат, или за кои се претпоставува дека ѝ се спротивставуваат на владата**, вклучително и, меѓу другите, членовите на опозициските политички партии; граѓанските и политичките активисти; (поранешните) членови на опозициските локални совети; новинарите и граѓанските новинари; хуманитарните работници и доброволците на цивилната заштита; лекарите и другиот медицински персонал; бранителите на човековите права; и академиците; лицата за кои се претпоставува дека се припадници на антивладините вооружени групи; како и граѓаните (особено мажите и военоспособните момчиња) коишто сега се или порано биле под опозициска контрола;
2. **Избегнувачите на воената служба и дезертерите од Сириските вооружени сили;**
3. **Лицата што ја поддржуваат, или за кои се претпоставува дека ја поддржуваат владата**, вклучително и, меѓу другите, владините службеници и функционерите на Партијата „Баас“; припадниците и претпоставените припадници на владините сили и граѓаните за кои се претпоставува дека соработуваат со владините сили; членовите на комитетите за помирување; како и цивилното население од урбаните населби, градовите и селата за кои се претпоставува дека ја поддржуваат владата;
4. **Лицата што им се спротивставуваат, или за кои се претпоставува дека им се спротивставуваат на Сириските демократски сили (СДС) / Народните одбранбени одреди (НОО), Партијата за демократска унија (ПДУ) и институциите на Автономната управа**, вклучително и, меѓу другите, членовите на курдските опозициски партии, новинарите

2393 (2017 г.), 2401 (2018 г.), 2449 (2018 г.) и 2504 (2020 г.): Извештај на генералниот секретар, 24 јуни 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2032945.html, (во натамошниот текст: СБОН, Имплементација на резолуции на Советот за безбедност 2139 (2014 г.), 2165 (2014 г.), 2191 (2014 г.), 2258 (2015 г.), 2332 (2016 г.), 2393 (2017 г.), 2401 (2018 г.), 2449 (2018 г.) и 2504 (2020 г.), 24 јуни 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2032945.html), став . 17.

[7] Во ситуации на вооружен конфликт и насилство, поединци или цели групи или популации може да бидат изложени на ризик да бидат издвоени или таргетирани за прогон за причини наведени во Конвенцијата од 1951 година. Во своите Упатства за барањата за статус на бегалец во врска со ситуации на вооружен конфликт и насилство, УНХЦР забележа дека: „Ситуациите на вооружен конфликт и насилство можат да бидат вкоренети во, мотивирани или водени и/или спроведени според расата, етничката припадност, религијата, политиката, полот или поделбите на социјални групи, или може да влијаат на луѓето врз основа на овие фактори. Всушност, она што може да изгледа како неселективно однесување (т.е. однесување со кое гонителот не сака да насочи одредени поединци), во реалноста може да биде насочено кон цели заедници или области чии жители се вистински или се сметаат за приврзаници на една од страните во ситуацијата на вооружен конфликт и насилство. Кој припаѓа или се смета дека е поврзан со одредена страна во ситуација на вооружен конфликт и насилство, честопати се толкува широко од страна на актерите за време на такви ситуации – и може да вклучува опсег на луѓе, вклучително и членови на семејствата на борците, како и сите оние кои припаѓаат на истите религиозни или етнички групи или живеат во одредени населби, села или градови. Основа за Конвенцијата редовно се припишува на групи луѓе врз основа на нивното семејство, заедница, географски и други врски“; УНХЦР, Упатства за меѓународната заштита бр. 12: Барања за статус на бегалци поврзани со ситуации на вооружен конфликт и насилство според член 1А(2) од Конвенцијата од 1951 год. и/или Протоколот од 1967 год. во врска со статусот на бегалците и дефиниции за регионалните бегалци, 2 декември 2016 година, www.refworld.org/docid/583595ff4.html, став 33.

и граѓанските новинари, хуманитарните работници, активистите и членовите на граѓанското општество, и протестирачите; лицата за кои се претпоставува дека се поврзани со Исламската држава на Ирак и Ал-Шам (ИСИЛ) врз основа на нивното етничко потекло и/или семејните врски; и лицата за кои се претпоставува дека се поврзани со Турција или Сириската национална армија (СНА) врз основа на нивното етничко потекло и/или семејните врски;

5. **Лицата што им се спротивставуваат, или за кои се претпоставува дека им се спротивставуваат на Хајат Тахрир Ал-Шам (ХТШ) и антивладините вооружени групи во подрачја под нивна *de facto* контрола во Идлиб и соседните подрачја, вклучително и, меѓу другите**, политичките активисти и активистите за човековите права, хуманитарните работници, здравствените работници, како и новинарите и граѓанските новинари;

6. **Лицата што им се спротивставуваат, или за кои се претпоставува дека им се спротивставуваат на СНА во подрачја под нивна *de facto* контрола**, вклучително и, меѓу другите, лицата поврзани или за кои се претпоставува дека се поврзани со Автономната управа на Северна и Источна Сирија (АУСИС), како и СДС/ПДУ/НОО и Курдите општо; како и новинарите и активистите;

7. **Лицата што им се спротивставуваат, или за кои се претпоставува дека им се спротивставуваат на ИСИЛ во подрачја со непрекинато присуство или влијание на ИСИЛ**, вклучително и, меѓу другите, цивилите што ги поддржуваат и за кои се претпоставува дека ги поддржуваат владата или СДС/АУСИС, како што се племенските водачи, локалните градоначалници, членовите на локалните совети, како и соработниците;

8. **Припадниците на верските и етничките малцински групи, и лицата за кои се претпоставува дека им противречат на строгите исламски правила;**

9. **Жените и девојчињата од одредени профили или во специфични околности**, особено преживеаните и оние кои се во ризик од сексуално насилство, присилен и/или детски брак, семејно насилство, насилство „од чест“ или трговија со луѓе заради сексуална експлоатација или присилна проституција;

10. **Децата од одредени профили или во специфични околности**, особено преживеаните и оние кои се во ризик од сексуално насилство; присилен и/или детски брак; семејно насилство; или кривични дела „од чест“; преживеаните и оние кои се во ризик од регрутација на малолетници; трговија со луѓе; и други најлоши облици на детски труд; децата ангажирани за работа која веројатно им штети на здравјето, безбедноста или моралот („опасна работа“), зависно од искуството на конкретното дете, неговата возраст и другите околности; децата на училишна возраст на кои систематски им се ускратува пристапот до образование, вклучително и како резултат на целени напади врз училиштата; немањето матични документи; попреченост; или дискриминирачки практики со кои на девојчињата им се забранува пристапот до образование по основ на нивниот род; како и децата на кои им се ускратува или се во ризик од ускратување на пристапот до упис во матичната книга на родени или до други матични документи;

11. **Лица со поинакви сексуални ориентации и/или родови идентитети;**

12. **Палестинските бегалци;**[8]

Овој список не е нужно исцрпен. Барањето не треба автоматски да се смета дека нема основ само затоа што не спаѓа во ниту еден од профилите идентификувани овде. Каде што е меродавно, потребно е да се обрне особено внимание на евентуалните минати прогонувања на кои бил изложен подносителот на барањето за меѓународната заштита.

Конвенцијата од 1951г. преставува каменот темелник во режимот на меѓународна заштита на бегалците. Критериумите за одредување на бегалскиот статус што се содржат во Конвенцијата од 1951 г. треба да се толкуваат така што поединците или групата лица што ги исполнуваат овие критериуми да бидат благовремено признаени и заштитени согласно тој инструмент, Само кога за барателот на азил ќе се утврди дека не ги исполнува критериумите за бегалец од Конвенцијата од 1951 г., на пример,

[8] Во овој документ, терминот „палестински бегалци“ се однесува на Палестинците кои спаѓаат во опсегот на член 1Г од Конвенцијата од 1951 година, како што е утврдено во: УНХЦР, Упатства за меѓународна заштита бр. 13: Применливост на член 1Г од Конвенцијата од 1951 год. во врска со статусот на бегалци за палестинските бегалци, декември 2017 година, HCR/GIP/17/13, http://www.refworld.org/docid/5a1836804.html, став 8.

кога за можното прогонување ќе се утврди дека не се врши поради некој основ од Конвенцијата, или кога поинаку нема да се постигне прагот за примена на дефиницијата од Конвенцијата од 1951 г., тогаш ќе се испитаат пошироките критериуми за меѓународна заштита кои спаѓаат во мандатот на УНХЦР и регионалните инструменти, вклучително и за супсидијарна заштита.

УНХЦР смета дека промената на објективните околности во Сирија, вклучително и релативните безбедносни подобрувања на одредени делови на територијата, не се од суштинска, стабилна и трајна природа за да се дозволи прекинување на бегалскиот статус врз основа на член 1В(5) од Конвенцијата од 1951 г.. Затоа, статусот на признаен бегалец треба да се преиспита само доколку постојат индикации, во секој случај поединечно, дека постојат основи за (i) поништување на бегалскиот статус којшто уште на самиот почеток бил погрешно доделен; или (ii) повлекување на бегалскиот статус по основ на член 1Ѓ од Конвенцијата од 1951 г..

## Б. Алтернативата со внатрешно пребегнување или преселување (АВПб/АВПс)

УНХЦР смета дека АВПб/АВПс не е достапна во подрачја што сега се или порано биле под владина контрола, во светло на тековниот судир, воените операции, небезбедноста и злоупотребата на човековите права во овие подрачја; ризикот од идните промени во територијалната контрола; и високиот степен како на хуманитарните потреби така и на уништувањето на цивилната инфраструктура во овие подрачја. Некои од овие подрачја остануваат непристапни поради безбедносните ограничувања или, пак, им се пристапни само на поранешните жители кои поминале безбедносна проверка.

Понатаму, УНХЦР смета дека АВПб/АВПс не е достапна во подрачја каде што се вршела систематска конфискација на имотите и/или намерно раселување, со оглед на ризикот од влошување на овие динамики преку движење на населението.

УНХЦР нуди детални упатства за процена на достапноста на АВПб/АВПс во градот Дамаск, како главен град и најголемото урбано подрачје коешто во најголем дел остана под владина контрола за време на судирот. Во однос на градот Дамаск, за да се процени меродавноста на АВПб/АВПс, треба да се земе предвид дали лицето би се изложило на нови ризици од прогонување или на други облици на сериозна повреда, и дали предложеното подрачје му е практично безбедно и законски достапно на лицето.

УНХЦР смета дека во градот Дамаск АВПб/АВПс начелно не е меродавна за следниве лица:

- Лицата кои би се вратила во Сирија без лични исправи;
- Лицата на коишто ќе им се бара „да го решат својот статус“;[9]
- Лицата кои потекуваат од подрачја кои претходно биле или сега се надвор од владина контрола, па за кои може да се претпостави дека ѝ се спротивставуваат на владата;
- Военоспособните мажи коишто имаат приговор на совеста против воената служба и/или коишто одбиваат да учествуваат во активности коишто претставуваат повреда на меѓународното хуманитарно право, кривично право или право од областа на човековите права.
- Лицата коишто имаат основан страв од прогонување од страна на државен актер или од страна на семејството, племето, или заедницата како последица на штетните традиционални практики или верски норми кои имаат природа на прогонување; и
- Немажените жени, вдовиците и разведените жени коишто немаат или за кои се претпоставува дека немаат машка заштита меѓу членовите на семејството.

Во случаи кога ќе се процени дека АВПб/АВПс во градот Дамаск е меродавна, ќе биде потребно да се одреди и разумноста на предложената АВПб/АВПс, земајќи ги предвид личните околности на подносителот на барањето, како и тековната економска криза којашто ги погодува сите подрачја под владина контрола, и високиот степен на сиромаштија и придружните хуманитарни потреби.

[9] Види дел III.A.1.г.

Поради потешкотиите со кои се соочуваат Сирijците за да си го обезбедат опстанокот сред сè полошите економски и хуманитарни услови, високиот степен на сиромаштија којшто сè уште се зголемува, немањето храна и невработеноста, како и притисокот врз достапните домови и услуги, УНХЦР смета дека АВПб/АВПс начелно не е разумно решение за во градот Дамаск.

Единствениот исклучок на оваа констатација се здравите возрасни мажи коишто го исполнуваат секое од следниве барања: (i) не се одговорни за друг член на семејството, (ii) имаат гарантиран пристап до домување, и (iii) имаат гарантиран пристап до стратегија за одржлива живеачка којашто ќе им обезбеди достаточен приход за да си ги покријат основните потрепштини, земајќи ги предвид сè повисоките цени во градот Дамаск. УНХЦР смета дека АВПб/АВПс не е разумно решение за жените коишто се единствените глави во домаќинството и коишто немаат или за кои се претпоставува дека немаат машка заштита меѓу члeновите на семејството.

За детални упатства за процена на достапноста на АВПб/АВПс во градот Дамаск, Ве молиме погледајте ги Деловите III.C.5 (анализа на меродавноста) и III.C.6(анализа на разумноста).

## B. Можни основи за исклучување

Во светло на сериозните повреди и злоупотреби на меѓународното право од обласа на човековите права и повредите на меѓународното хуманитарно право забележани за време на сириската историја на судири и репресии, можно е да произлезат и основи за исклучување согласно членот 1Ѓ од Конвенцијата од 1951 г. во однос на поединечни барања од барателите на азил од Сирија. Во контекст на Сирија, треба внимателно да се разгледаат особено следниве профили:

i. (Поранешните) високорангирани членови на Сириската влада и на Партијата „Баас“ (*пред и по 2011 година*);

ii. (Поранешните) припадници на Сириските вооружени сили, вклучително и Сириската арапска армија / САА (и вклучително и Палестинската ослободителна армија/ ПОА), а особено: високорангираните воени офицери; сиот офицерски и подофицерски кадар што служел во Републиканската гарда (*„Ал-Харас Ал-Џумхури“*), Специјалните сили, 4-тата Оклопна дивизија, Воената полиција, или Одбранбените чети (*„Сараја Ал-Дифа“*, растурени во 1984 година); и сиот воен персонал кој служел во периодот по март 2011 година, вклучително и во воените болници;

iii. (Поранешните) припадници на безбедносниот и разузнавачкиот апарат, вклучително и Националното безбедносно биро (*„Мактаб Ал-Амн Ал-Кавми“*); Дирекцијата за политичка безбедност (*„Идарат Ал-Амн Ал-Сијаси“*); Дирекцијата за општа безбедност (*„Идарат Ал-Амн Ал-Амм“*); Воената разузнавачка служба (*„Шубат Ал-Мукхабарат Ал-Аскарија“*); и Дирекцијата за разузнавање на военото воздухопловство (*„Идарат Ал-Мукхабарат Ал-Џавија“*); и лицата коишто им обезбедувале информации на некоја од овие агенции без формална поврзаност (доушници) (*пред и по 2011 година*);

iv. (Поранешните) припадници на провладините сили, вклучително и (списокот на е сеопфатен), Народните комитети (*„Лиџан Шаабија“*) и Националните одбранбени сили (*„Куват Ал-Дифа Ал-Ватани“* / НОС); Орлите на виорот (*„Нусур Ал-Завбаа“*); милициите поврзани со богатите алавитски бизнисмени коишто имаат блиски врски со Владата на Сирија и, поконкретно, со Асадовото семејство; провладините палестински групи, на пример, Народниот фронт за ослободување на Палестина – Генералштаб / НФОП-ГШ; Ерусалимската бригада (*„Лива Ал-Кудс Ал-Филастини“*) и Слободното палестинско движење (СПД); и групите поврзани со странските шиитски милиции, вклучително и либанскиот „Хезболах“, Силите „Кудс“ на Иранскиот револуционерен гардиски корпус (ИРГК), ирачките милиции (на пример, *„Асаиб Ахл ал-Хак“*, *„Катаиб Хизб Алах“*, Организацијата *„Бадр“*, *„Харакат Хизб Алах Ал-Нуџаба“*, и *„Катаиб Сајид Ал-Шухада“*), како и авганистанските (*„Лива Фатемијун“*) и пакистанските милиции (*Бригадата „Зеинабијун“*) (*по 2011 година*);

v. (Поранешните) припадници на полицијата, вклучително и, особено, полицијата за вонредни состојби и полицијата за улични немири (*пред и по 2011 година*);

vi. (Поранешните) обвинители и судии , вклучително и оние кои работеле во Врховниот суд за државна безбедност / ВСДБ (*1966 до 2011 година*), Судот за економска безбедност / СЕБ (*1977 до 2004 година*), Судот за сузбивање на тероризмот (*од јули 2012 година*), и

кривичните и воените теренски судови (*пред и по 2011 година*);

vii. (Поранешниот) персонал на затворите и притворите, особено директорите, управителите, надзорниците и чуварите (*пред и по 2011 година*);

viii. (Поранешните) припадници на терористичките групи определени од Советот за безбедност на ОН, вклучително и ХТШ (поранешниот *Фронт „Ал-Нусра“* / *„Џабхат Фатех Ал-Шам“*), *„Ал-Каеда“* и ИСИЛ (по 2011 година);

ix. (Поранешните) припадници на антивладините вооружени групи / алијанси, вклучително и групите поврзани со Слободната сириска армија (ССА), Националниот ослободителен фронт (НОФ), и СНА (*по 2011 година*);

x. (Поранешните) припадници на „Муслиманското братство“ (*„Џамаат Ал-Икхван Ал-Муслимун“*) (*особено помеѓу 1976 и 1982 година*);

xi. (Поранешните) припадници на претежно курдските вооружени сили и безбедносниот/разузнавачкиот апарат, вклучително и СДС (*„Куват Сурија Ал-Димукатија“*); Народните одбранбени одреди / НОО (*„Јекинејен Парастина Гел“*); Женските одбранбени одреди / ЖОО (*„Јекинејен Парастина Џин“*); внатрешните безбедносни сили на АУСИС (*„Асајиш“*); Сирискиот воен совет / СВС; „Суторо“ (Сириската безбедносна канцеларија, вооруженото крило на Партијата за сириско единство / ПСЕ (*по 2011 година*);

xii. (Поранешните) припадници на групите и мрежите вклучени во организиран криминал (*пред и по 2011 година*).

## Г. Мораториум на присилните враќања

Во светло на непрекинатите судири, несигурноста и контаминацијата со неексплодирани бојни средства (НБС); сериозната загриженост за владеење на правото и широко распространетите повреди и злоупотреби на човековите права, вклучително и на повратниците; парчосаните односи во заедницата и немањето искрени заложби за помирување; масовните разрушувања и оштетувања на домовите, критичната инфраструктура и земјоделското земјиште; и продлабочувањето на економската криза и хуманитарната криза, усложнети со пандемијата на КОВИД-19, УНХЦР и понатаму ги повикува државите да не вршат присилно враќање на сириските државјани и поранешните вообичаени жители на Сирија, вклучително и Палестинците кои претходно живееле во Сирија, во кој било дел на Сирија, без разлика дали тоа подрачје е под контрола на Владата или е под контрола на друг државен или недржавен субјект. Понатаму, УНХЦР сака да ги потсети државите дека е ограничен слободниот и непречен пристап до повратниците, а продолжуваат и ограничувањата на хуманитарниот пристап. Присилните враќања, во најголем број случаи, би биле неотповикливи со оглед на фактот што соседните земји држат строга контрола врз своите граници со Сирија.

Исто така, УНХЦР и понатаму смета дека не би било исправно присилно да се вратат државјаните или поранешните вообичаени жители на Сирија во соседните земји и во несоседните земји во регионот, освен ако не се направат специфични аранжмани со кои ќе се гарантира дека засегнатото лице ќе биде повторно прифатено во земјата и ќе ја ужива меѓународната заштита.

# II. Главните случувања во Сирија од 2018 година

## A. Главните безбедносни и политички случувања

### *1) Главните безбедносни случувања од 2018 година*

Од објавувањето на *Согледувањата од меѓународната заштита (5-тото подновено издание)* во ноември 2017 година, динамиката на судирот и територијалната контрола суштински се измениja. Сепак, судирот во Сирија и понатаму останува повеќезначен и повеќестран, се одвива помеѓу најразлични државни и недржавни актери и во него се вмешани мноштво различни регионални и меѓународни актери.[10] И покрај релативните безбедносни подобрувања по проширувањето на владината контрола врз повеќе краеви во земјата во периодот 2018-2020 година, безбедносните придобивки и понатаму се прилично слаби и непрекинатиот судир и нестабилноста имаат разорен ефект врз цивилите.[11] Во 2019 година, Северозападот и Североистокот доживеаја обновена ескалација на судирот; во времето на овој запис, безбедносните услови и моментално замрзнатите линии на фронтот и понатаму се непостојани.[12] За состојбата во Јужна Сирија се известува дека се влошува,[13] а ИСИЛ и понатаму е активен во голем број, претежно рурални делови на земјата.[14] Акутната економска и хуманитарна криза, влошени со пандемијата на КОВИД-19, уште повеќе придонесуваат за нестабилноста.[15] Сериозните повреди и злоупотреби на право од областа на човековите права и

---

[10] „Четири големи страни се бореа за контрола во Сирија – сириската влада и сојузниците, конгломерацијата на групи позната пошироко како опозицијата, сили раководени од Курдите и Исламската држава. Секоја фракција е составена од различни актери“; Центарот Картер, Анализирањето на промените во територијалната контрола во Сирија нуди поглед на идните предизвици (Carter Center, Analyzing Shifts in Territorial Control within Syria Offers Glimpse of Future Challenges), 13 мај 2020 година, https://bit.ly/2CLb4Ow. „(...) не помалку од шест поврзани конфликти се водат во Сирија: Режимот на Асад наспроти бунтовниците против Асад; Турција наспроти сириските Курди; Израел наспроти Иран; САД наспроти Русија; Продолжување на операциите предводени од САД наспроти ИСИС [Исламска држава на Ирак и Ал-Шам]; и неодамна, Турција наспроти режимот на Асад и сојузниците во Идлиб“; Институт за мир на Соединетите Американски Држави (ИМСАД), По девет години, конфликтот во Сирија стана само покомплициран (United States Institute of Peace (USIP), After Nine Years, Syria's Conflict Has only Become more Complicated), 12 март 2020 година, https://bit.ly/3ibGca5. „Со пет меѓународни армии активни во Сирија, опасностите од пошироко меѓународно разгорување остануваат“; „Ју-ен њуз“, Сирија: Агенција на ООН за помош на храна „правиме сѐ што можеме“ за да стигнеме до цивилите во Идлиб (UN News, Syria: UN Food Relief Agency 'Doing Everything We Can' to Reach Idlib Civilians), 4 март 2020 година, https://shar.es/abnzOj. Види, исто така, „Сајпрес Мејл“, Многуте кругови на пекол во Сирија (Cyprus Mail, Syria's Many Circles of Hell), 12 септември 2020 година, https://bit.ly/35vj96e.

[11] Глобалниот индекс на мирот во 2019 година ја рангираше Сирија како втора најмалку мирна земја во светот; Глобален индекс за мир 2020 год.: Мерење на мирот во сложен свет (Global Peace Index 2020: Measuring Peace in a Complex World), 11 јуни 2020 година, https://bit.ly/38z35QC, стр. 2, 9. Според специјалниот пратеник на ООН, „(...) имало инциденти на меѓусебно гранатирање и напади со бомби околу Африн и североисток; таргетирани убиства и судири на југозапад; извештаи за израелски воздушни напади во Даир ез-Зур и Алепо; како и инциденти кои укажуваат на повторно избувнување на терористичките борци на ИСИЛ во источната пустина. Насилството продолжува и постои постојан ризик од ескалација што може да го разоткрие постојниот аранжман“; „Ју-ен њуз“, Обновената доверба и соработката конечно би можеле да го „отклучат напредокот“ кон мир во Сирија – претставник на ООН (UN News, Renewed Trust and Cooperation Could Finally 'Unlock Progress' Toward Peace in Syria – UN Envoy), 18 мај 2020 година, https://shar.es/abnkdy. „Високиот комесар за човекови права на ООН, Мишел Башелет, изрази сериозна загриженост (...) во врска со континуираното кршење и злоупотреба на човековите права и наглото зголемување на убиствата на цивили низ Сирија, велејќи дека „влошената состојба е темпирана бомба што не треба да се игнорира.“ И понатаму: „Секојдневно добиваме повеќе извештаи за таргетирани убиства и бомбашки напади од едниот до другиот крај на земјата, многу од кои се случуваат во населени места“; Канцеларијата на Високиот комесар за човекови права (ОХЦХР), Сирија: Башелет предупредува дека „отчукува темпирана бомба“ како што растат убиствата на цивили (Office of the High Commissioner for Human Rights (OHCHR), Syria: Bachelet Warns of 'Ticking Time-Bomb' as Civilian Killings Mount), 8 мај 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2029807.html. „На 15 март 2020 година, Сирија влезе во својата 10-та година војна. Иако податоците на АЦЛЕД [Armed Conflict Location & Event Data Project] покажуваат целокупно намалување на насилството во текот на 2019 година, војната во Сирија е сѐ уште најактивниот конфликт во светот и една од најсмртоносните за цивилите“; ПМНВС, Сирија навлегува во својата 10-та година од војната (ACLED, Syria Enters Its 10th Year of War), 19 март 2020 година, https://bit.ly/3ef9jGi.

[12] Види Дел II.Б.3 и II.Б.4.б.

[13] Види Дел II.Б.1.б.

[14] Види Дел II.Б.1.б и II.Б.2.

[15] Види Дел II.Ѓ.

повредите на меѓународното хуманитарно право и понатаму се случуваат ширум Сирија.[16]

Контролираните подрачја се изместија во текот на судирот, голем број метрополи, градови, села и населби доживеаја неколкукратни промени на територијалната контрола од најразлични страни во судирот.

Овие промени редовно се придружени со вооружени непријателства, убивање на цивилите, пљачкосување и разрушување и оштетување на инфраструктурата и домивите.[17]

Клучните безбедносни случувања и промени на територијалната контрола во периодот 2018-2020 година спаѓаат:[18]

[16] „Во 2020 година, цивилите во Сирија се соочија со уште една година на огромни предизвици и злоупотреби, пред сè и најважно, од сириската влада и други власти, покрај видливото намалување на насилниот конфликт"; „Хјуман рајтс воч" (ХРВ), Светски извештај за 2021 година: Сирија, (Human Rights Watch (HRW), World Report 2021: Syria), 13 јануари 2021 година, www.ecoi.net/en/document/2043510.html. „Денес во Сирија сведочиме за релативно намалување на непријателствата и неселективните напади во голем размер, а примирјето од 5 март [2020 година] во Идлиб е значително задржано. Сепак, Сиријците не се воопшто побезбедни и продолжуваат да страдаат од груби прекршувања на човековите права од страна на сите актери кои ја контролираат територијата"; Совет за човекови права на ООН, изјава на г-динот Пауло Серџо Пињеиро, претседавач на независната меѓународна комисија за истраги во Сириската Арапска Република на 45-тата сесија на Советот за човекови права, 22 септември 2020 година, https://shar.es/abI9Fy. Види, исто така, Дел II.Д.

[17] „Најмалку 56% од сириските заедници (вклучително и населби од поголемите градови) биле разменети барем еднаш во текот на конфликтот. Некои заедници постојано се разменуваа како што се менуваа активните фронтови. Честопати, кога заедницата се разменува, луѓето се убиваат или рануваат, инфраструктурата се оштетува, се случува грабеж и настануваат нови недостатоци. (...) Промените на територијална контрола честопати вклучуваат часови или денови на гранатирање или бомбардирање од воени авиони, со што се оштетуваат многу градови, а цивилите се трауматизирани. Кога нови групи презедоа контрола над некоја територија, некои ги остав ија цивилите на мир, додека други ги брутализираа цивилите, како што Исламската држава им правеше на луѓето од градот Рака кога ја презеде одговорноста таму." Според Центарот Картер, некои области ја сменија контролата до девет пати помеѓу 2014 година и 2020 година; Анализирањето на промените во територијалната контрола во Сирија нуди поглед на идните предизвици (Analyzing Shifts in Territorial Control within Syria Offers Glimpse of Future Challenges), 13 мај 2020 година, https://bit.ly/2CLb4Ow.

[18] „Според картата за студии Јусур, соодносите на контрола на силите на терен се како што следува: - Опозициските фракции го одржуваат соодносот на контрола забележан минатиот месец со (10,98%). - Сирискиот режим го одржува соодносот на контрола забележан минатиот месец со (63,38%). - Сириските демократски сили (СДФ) го одржаа истиот забележан сооднос на контрола од ноември 2019 година со (25,64%). Исламската држава на Ирак и Сирија веќе нема никаква воена контрола врз сириската територија од февруари 2019 година"; [Картата] за студии Јусур, Мапа на воено влијание во Сирија 01-11-2020 год. (Jusoor for Studies, Map of Military Influence in Syria 01-11-2020), 4 ноември 2020 година, https://bit.ly/3k7ZQDO. За мапи на подрачја на контрола, види Центарот Картер, Неделено резиме на конфликти (Carter Center, Weekly Conflict Summary): 15-21 февруари 2021 година, 24 февруари 2021 година, http://bit.ly/37SB87g; Институт за проучување на војната (ИПВ), Извештај за состојбата во Сирија (Institute for the Study of War (ISW), Syria Situation Report): 30 јануари – 18 февруари 2021 година, 19 февруари 2021 година, https://bit.ly/3bql5hQ; АЦЛЕД, Состојбата на Сирија: К3 2020 година – К4 2020 година (ACLED, The State of Syria: Q3 2020 - Q4 2020), 24 февруари 2021 година, https://bit.ly/3dXoA26; Центар за глобална политика (ЦГП), Сирискиот борбен простор: Нето проценка (Center for Global Policy (CGP), The Syrian Battlespace: A Net Assessment), 13 април 2020 година, https://bit.ly/3dHesHN. Види, исто така: „Мапа на проценето подрачје на влијание, 2013-2020 година" ("Estimated area of influence maps, 2013-2020") како што е вклучено во: Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија за Сириската Арапска Република (UN Human Rights Council, Report of the Independent International Commission of Inquiry on the Syrian Arab Republic), 21 јануари 2021 година, A/HRC/46/54, www.ecoi.net/en/document/2045772.html (во натамошниот текст: Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија (UN Human Rights Council,Report of the Independent International Commission of Inquiry), 21 јануари 2021 година, (http://www.ecoi.net/en/document/2045772.html), Анекс II.

### а) Проширување на владината контрола

Преку комбинација од воени операции, опсади[19] и т.н. договори за помирување,[20] силите на Сириската влада[21] ја утврдија својата контрола врз значителни делови на земјата, вклучително и во подрачја кои претходно беа под контрола на салафистичко-џихадистичка група ХТШ[22] и/или антивладините

---

[19] „Режимот на Асад прифати политика на нула компромис откако се увери дека максималната сила, обезбедена од сојузниците, ќе гарантира враќање на ослободените области. Максималната сила вклучуваше систематско уништување, масовни злосторства, опсада и глад што заврши со понуда за потпишување на договор за помирување или мир - всушност, предавање - што резултирање во присилна миграција за многумина“; Центар за стратешки студии Омран, Безбедната животна средина како предуслов за враќање на бегалците и внатрешно раселените (Omran Center for Strategic Studies, Safe Environment as a Precondition for the Return of Refugees and the Internally Displaced), 17 декември 2020 година, https://bit.ly/2LUSVCz, стр. 10. „Силите и сојузниците на Асад спроведоа тактика за опсада придружена со интензивно воздушно бомбардирање и уништување на цивилната инфраструктура, принудувајќи ги заедниците да се предадат. Договорите за присилно предавање кои потоа беа потпишани понудија принуден избор да се потчинат на режимското правило - со висок ризик од притвор, тортура или присилно регрутирање - или присилно пренесување во северозападна Сирија во неславните зелени автобуси што станаа симбол на оваа политика за колективно казнување. (...) Употребата на тактики за опсада проследена со присилно раселување што може да доведе до присилен пренос на население предизвика демографски промени во овие области“; РАХ / „Импјунити воч“, Прекршување на правата за домување, земјиште и имот: Пречка за мирот во Сирија (PAX / Impunity Watch, Violations of Housing, Land and Property Rights: An Obstacle to Peace in Syria), март 2020 година, https://bit.ly/3jkWQoi, стр. 3, 4. Види, исто така, Совет за човекови права на ООН, „Ги избришаа соништата на моите деца“: Правата на децата во Сириската Арапска Република – Труд на конференциската сала на Независната меѓународна анкетна комисија за Сириската Арапска Република (UN Human Rights Council, “They Have Erased the Dreams of My Children”: Children’s Rights in the Syrian Arab Republic – Conference Room Paper of the Independent International Commission of Inquiry on the Syrian Arab Republic), 13 јануари 2020 година, A/HRC/43/CRP.6, www.ecoi.net/en/document/2023152.html (во натамошниот текст: Совет за човекови права на ООН, Правата на децата во Сириската Арапска Република (UN Human Rights Council, Children’s Rights in the Syrian Arab Republic), 13 јануари 2020 година, http://www.ecoi.net/en/document/2023152.html), став 26. „Град по град, овие луѓе се спротиставуваа против репресијата на сирискиот режим, беа систематски претворени во урнатини заради немилосрдното бомбардирање и гранатирање, а граѓаните беа подложени на глад, широко распространето насочување на цивилни области и хемиски напади. Крајната цел на политиката не беше само воено освојување на овие области, туку и отстранување на населението или преку физичко уништување или присилно раселување“; Сириско здружение за граѓанско достоинство (СЗГД), Демографска промена: Крајната цел на политиката за принудно раселување на сирискиот режим (Syrian Association for Citizens’ Dignity (SACD), Demographic Change: The Ultimate Goal of the Syrian Regime’s Policy of Forced Displacement), ноември 2020 година, https://bit.ly/3kA55Ou, стр. 3.

[20] „Опсадите честопати беа склучени со употреба на „договори за евакуација“, за кои преговараа страните во конфликтот, во врска со отстранувањето на борците, нивните семејства и цивили со спротивни мислења од опколените подрачја“; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија (UN Human Rights Council, Report of the Independent International Commission of Inquiry), 21 јануари 2021 година, http://www.ecoi.net/en/document/2045772.html, став 47. Види Дел III.A.1.г.

[21] Терминот „владини сили“, освен доколку не се употребува поинаку, ги вклучува сириските вооружени сили и Агенциите за безбедност и разузнавање, како и низа провладини вооружени групи кои на различен начин се поврзани со Владата и/или дејствуваат во име на Владата, руските сили, како и странски провладини групи како што се Хезболах и други ирачки и шиитски милиции. „Режимските сили немаат монопол за употреба на сила и затоа, за да ја задржат својата контрола, зависат од руската воздушна моќ и Иранските копнени сили“; Студиска група за Сирија, Конечен извештај и препорака (Syria Study Group, Final Report and Recommendation), септември 2019 година, https://bit.ly/2utiEsV, стр. 25-26.

[22] ХТШ (поранешен Фронт ал Нусра / Џабхат Фата Ал-Шам) формално се раздели од Ал-Каеда во 2016 година, но ООН и голем број на земји сè уште сметаат дека ХТШ е дел од Ал-Каеда и е означена како терористичка група од страна на УНСЦ; види фуснота 1068. „Хајат Тахрир Ал-Шам моментално се состои од Џабхат Фатах Ал-Шам (исто така позната како Џабхат Ал-Нусра и претходно како Фронтот Џабџат Ал-Ал-Шам), Ансар ал-Шам и Ајнад Ал-Шам, меѓу другите“; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија за Сириската Арапска Република, 28 јануари 2020 година, A/HRC/43/57, http://www.ecoi.net/en/document/2025856.html (во натамошниот текст: Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 28 јануари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2025856.html, фуснота 14.

вооружени групи,[23] или на ИСИЛ.[24] Откако владините сили повторно ги заседоа подрачјата што претходно ги држеа опозициските сили, поголемите воени операции, воздушни напади и артилериски гранатирања во овие подрачја во голема мера стивнаа.[25] Но, степенот на контрола што владата ја има во овие одново заземени подрачја се колеба и, особено на Југот, контролата е ограничена и слаба.[26]

[23] Терминот „антивладини вооружени групи“ се однесува на разни недржавни вооружени групи и сојузи, чија примарна цел е да ја соборат сириската влада со примена на различни видови на насилство. Во 2018 година, владините сили зазеле значителни делови од подрачјата под контрола на антивладините вооружени групи, вклучително и Источна Гута и подрачјето Каламун од руралното подрачје на гувернoратот Дамаск (април 2018 година), северниот дел на гувернoратот Хомс (мај 2018 година), предградијата Јалда, Бабила и Беит Сахем што се наоѓаат во јужниот дел на Дамаск (мај 2018 година) и делови од гувернoратите Дара и Кунеитра (јули 2018 година), што доведува до големи раселувања и евакуација на цивили и борци во подрачјата во северозападниот дел на Сирија. Во август 2019 година, владините сили ослободиле подрачја во северниот дел на Хама и јужниот дел на Идлиб, вклучувајќи го и градот Кан Шеихун (град во гувернoратот Идлиб), кој се наоѓа на автопатот Алепо-Дамаск, а во јануари 2020 година, владините сили го ослободиле Марат Ал-Нуман, кој е втор град по големина во гувернеротот Идлиб, проследено со градовите Кафранбел и Саракиб кон крајот на февруари 2020 година; „Д Њу Араб“, Сириските бунтовнички сили го ослободија Саракеб во Идлиб по тешките борби (The New Arab, Syrian Rebel Forces Retake Idlib's Saraqeb after Heavy Fighting), 27 февруари 2020 година, https://bit.ly/3feJuHh; „Ројтерс“, Сириските владини сили влегоа во град јужно од градот Идлиб (Reuters, Syrian Government Forces Enter Town South of Idlib City), 28 јануари 2020 година, https://nyti.ms/2U0Mpw5; Британска радиодифузна корпорација (Би-би-си), Кан Шеикун: Сириските бунтонвици се повлекуваат од клучниот град по пет години (British Broadcasting Corporation (BBC), Khan Sheikhoun: Syria Rebels Pull Out of Key Town after Five Years), 20 август 2019 година, https://bbc.in/2mdGyVD; „Асошиејтед прес“ (АП), Сирија ја ослободи територијата на северозападниот дел што ја држеа бунтовниците од 2012 година (Associated Press (AP), Syria Retakes Territory in NW Held by Rebels since 2012), 23 август 2019 година, https://yhoo.it/2ncyq8y; „Би-би-си“, Дера, родно место на сириското востание, ослободена од владините сили (BBC, Deraa, Birthplace of Syria Uprising, Retaken by Government Forces), 12 јули 2018 година, https://bbc.in/2utQhHt; „Ројтерс“, Сириските бунтовници се повлекуваат од нивното последното опсадено подрачје (Reuters, Syrian Rebels Pull Out of Their Last Besieged Area), 16 мај 2018 година, https://reut.rs/2rNK8EJ; „Франс 24“, Сириската армија тврди повторно освојување на Источна Гута (France 24, Syrian Army Claims Recapture of Eastern Ghouta), 15 април 2018 година, http://f24.my/2qia.T.

[24] Кон крајот на 2017 година, владините сили успеале да ослободат дел од територијата што била под контрола на ИСИС, вклучувајќи ги Даир Ез-Заур и градот Албу Камал што се наоѓа во гувернoратот Даир Ез-Заур (ноември 2017 година), јужните населби во Дамаск - Јармук, Кадам, Хајар Ал-Асвад и Тадамон (мај 2018 година) и регионот Ал Сафа во југоисточна Сирија (ноември 2018 година), „Ројтерс“, Сириската армија продолжува кон Исламската држава во југоисточната пустина (Reuters, Syrian Army Advances Against Islamic State in Southeastern Desert), 18 ноември 2018 година, https://reut.rs/2PAUwyl; „Би-би-си“, Сириската војна: Милитантите на ИД „ги напуштија предградијата на Дамаск“ (BBC, Syria War: IS Militants 'Leave Damascus Suburbs'), 20 мај 2018 година, https://bbc.in/2lZ2sLT.

[25] „Во текот на последните неколку месеци, конфликтот во Сирија се оддалечи од големите воени непријателства, со што сега различни страни во конфликтот ја консолидираат својата контрола врз цивилното население“; Глобален центар за одговорност за заштита, Сирија (Global Centre for the Responsibility to Protect, Syria), 15 јануари 2021 година, http://bit.ly/37Mg2XW. Види, исто така, Сириска опсерваторија за човекови права (СОЧП), 12-ти месец по ред: Авионите на режимот ги запреа воздушните операции во „Зоната на деескалација“ и продолжија со воздушните напади врз сириската пустина (Syrian Observatory for Human Rights (SOHR), 12th Month in a Row: Regime Aircraft Halt Aerial Operations in “De-Escalation Zone”, and Continue Their Airstrikes on Syrian Desert), 20 февруари 2021 година, http://bit.ly/3uz5wNM; ПМНВС, Сирија навлегува во својата 10-та година од војната (ACLED, Syria Enters Its 10th Year of War), 19 март 2020 година, https://bit.ly/3ef9jGi.

[26] Според Абдула ал Јабасини, сириски научник и истражувач, „прогласувањето на воена победа од страна на владата и физичкото враќање на нејзините институции не значи враќање на безбедноста и стабилноста“; „Вашингтон пост“, Ескалација на насилството во стратешкиот сириски град го побива тврдењето на Асад дека тој ја има контролата (Washington Post, Escalating Violence in Strategic Syrian city Belies Assad’s Claim that He’s in Control), 24 ноември 2020 година, https://wapo.st/39tFR0D. „Тврдењето дека сириската влада врати контрола над мнозинството во Сириската Арапска Република, сепак, не треба да се сфати погрешно како означување на видот на контрола што ја уживаше пред 2011 година. Навистина, во значителни делови од повратените подрачја под контрола на опозицијата, владиниот авторитет е често номинален и/или бара големо воено присуство“; Економско-социјална комисија за Западна Азија на ООН (ЕСКЗА), Сирија во војна: Осум години подоцна (UN Economic and Social Commission for Western Asia (ESCWA), Syria at War: Eight Years On), 24 септември 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2038203.html, стр. 18. „Дури и на територијата што навидум ја држи, сириската влада има ограничена контрола врз предаторската активност на своите разузнавачки служби, провладини милиции и помирени фракции“; Преглед на глобални работи во Каиро, Изгледите за обнова на Сирија се мрачни (The Cairo Review of Global Affairs, Syria’s Prospects for Reconstruction Are Bleak), 23 август 2020 година, https://bit.ly/3gIAGd6. „Реално, безбедносното присуство на владата на Сирија во поголемиот дел од јужна Сирија е површно, нецелосно и неефикасно“; Центар за оперативна анализа и истражување (ЦОАИ), Сирија Апдејт (Center for Operational Analysis and Research (COAR), Syria Update), 3 август 2020 година, https://bit.ly/33lvZmJ. „Но, додека гувернoратот Хомс се врати под контрола на режимот, ова не е од големо значење на теренот, особено во јужните и северните

Сириската влада во повеќе наврати се зарече дека одново ќе ја заземе целата територија на Сирија.[27]

### б) Судирот на Северозапад: ескалација и прекин на огнот

Делови од Покраината Идлиб и соседните подрачја во Хама, Алепо и Латакија[28] останаа под *de facto* контрола на ХТШ и/или други антивладини вооружени групи.[29] И покрај Меморандумот за стабилизација

---

рурални подрачја на гуверноратите, бидејќи режимот е речиси видлив. Во многу подрачја, тој е пренесен во улога на собирање на разузнавачки информации наместо да преземе одговорност за благосостојбата на граѓаните, со монопол над воената моќ. Разузнавачките служби, исто така, се натпреваруваат за контрола меѓу себе и не успеваат да ги координираат своите активности"; Карнегиев центар за Блискиот Исток (КАРНЕГИ МЕЦ), Хомс, разделена инкарнација на нерешениот конфликт во Сирија (Carnegie Middle East Center (Carnegie MEC), Homs, a Divided Incarnation of Syria's Unresolved Conflict), 15 мај 2020 година, https://bit.ly/3iZgWEi. Според Хајко Вимен, истражувач на Меѓународната кризна група (ИЦГ), „Во многу подрачја што ги поврати режимот, нејасно е кој всушност ја држи контролата"; „Ал Џазира", Тензиите во Дера ескалираат, „Лулка на сириската револуција" (Al Jazeera, Tensions Escalate in Deraa, 'Cradle of the Syrian Revolution'), 5 март 2020 година, https://aje.io/5y8sb. „Режимот овозможи враќање на голем дел од териториите и сега поседува 60 проценти од земјата. Сепак, контролата надвор од Дамаск е напната поради недостаток на сили што треба да ги обезбедат преземените подрачја, но и поради водењето на казнени политики против локалното население"; Студиска група за Сирија, Конечен извештај и препорака (Syria Study Group, Final report and recommendations), септември 2019 година, https://bit.ly/2utiEsV, стр. 7. Додека ослободените подрачја како што се Источен Алепо, Источна Гута и Јужен Дамаск се најдоа под целосна владина контрола, недржавните вооружени групи во делови на гуверноратот Дераа преговараа за склучување на договори за „помирување" под покровителство на Русија, со што им се гарантираше автономија и право да задржат лесно оружје. Присуството на владата во овие подрачја останува ограничено на цивилни и управни институции, додека овие „помирени" недржавни вооружени групи ја задржуваат ефективната воена контрола. Слична ситуација имаше во северната покраина на Хомс која заврши во октомври 2018 година, кога Русија ја предаде контролата на сириската влада (со исклучок на градот Талбисех); ХРВ, Сирија: Притвор и вознемирување во ослободените подрачја (HRW, Syria: Detention, Harassment in Retaken Areas), 21 мај 2019 година, www.ecoi.net/en/document/2009102.html; ОХЦХР, Белешка за брифинг со новинарите за Дара (OHCHR, Press Briefing Note on Dar'a), 21 мај 2019 година, https://bit.ly/2lXz7RZ; „Атлантик коунсил", Последователни потреси на помирувањето во Сирија: Размислувања за минатата година (Atlantic Council, The Aftershocks of Reconciliation in Syria: Reflections on the Past Year), 17 април 2019 година, https://bit.ly/2lSKP0d. Види, исто така, Дел II.Б.1.б.

[27] „Пи-би-ес", Сирискиот Асад вети дека ќе продолжи да ја ослободува територијата и покрај турското противење (PBS, Syria's Assad Vows to Continue Retaking Territory, Despite Turkish Opposition), 17 февруари 2020 година, https://to.pbs.org/38MQcCo; „Д њу Араб", Силите на сирискиот режим на работ на клучниот град под контрола на бунтовниците сред силно бомбардирање (The New Arab, Syria Regime Forces on Edge of Key Rebel-Held Town amid Heavy Bombardment), 26 јануари 2020 година, https://bit.ly/312crAk.

[28] „Гуверноратот Идлиб и околината – се состои од рурална северна Ладикија, северозападна Хама и западен Алепо – е една од последните преостанати подрачја надвор од владината контрола во Сириската Арапска Република"; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија за Сириската Арапска Република (UN Human Rights Council, Report of the Independent International Commission of Inquiry on the Syrian Arab Republic), 2 јули 2020 година, A/HRC/44/61, www.ecoi.net/en/document/2035513.html (во натамошниот текст: Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија (UN Human Rights Council, Report of the Independent International Commission of Inquiry), 2 јули 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2035513.html), став 5. „Идлиб е исто така од стратешка важност за владата. Се граничи со Турција на север и се протега на автопатите што минуваат јужно од градот Алепо до главниот град Дамаск и западно кон медитеранскиот град Латакија"; „Би-би-си", Сириската војна: Зошто е важна битката за Идлиб? (BBC, Syria War: Why Does the Battle for Idlib Matter?), 18 февруари 2020 година, https://bbc.in/2UQ4Gf7. Види, исто така, Европски совет за надворешни односи (ЕСНО), Нова Газа: Граничната политика на Турција во Северна Сирија (European Council on Foreign Relations (ECFR), A New Gaza: Turkey's Border Policy in Northern Syria), мај 2020 година, http://www.ecoi.net/en/document/2032219.html, стр. 7-8; ИМСАД, По девет години, конфликтот во Сирија стана само покомплициран (USIP, After Nine Years, Syria's Conflict Has only Become more Complicated), 12 март 2020 година, https://bit.ly/3ibGca5. Друго подрачје што останува под контрола на антивладините вооружени групи е т.н. дефанзивна зона Танф во гуверноратот Хомс. Дефанзивната зона од 55 км беше постав ена од американската армија во 2016 година со цел да се заштитат американските трупи во воената база Ал-Танф близу до границите на Јордан и Ирак со југоисточна Сирија. Воената база Ал-Танф беше основана како дел од борбата на американската администрација против ИСИС; ИЦГ, Ал-Танф, Сирија (ICG, Al-Tanf, Syria), последен пат ажурирано на 25 февруари 2021 година, https://bit.ly/2VqMf2O.

[29] ХТШ ја консолидираше контролата над големи делови на гуверноратот Идлиб со пораз на групите што дејствуваа под чадорот на Националниот ослободителен фронт (НЛФ) поддржан од Турција на почетокот на 2019 година. Се проценува дека ХТШ презеде контрола над повеќе од 90% од гуверноратот Идлиб, заедно со соседните делови на североисточна Латакија, северна Хама и западните гувернорати на Алепо; Центарот Картер, Моќ преку сила: Хајат Тахрир ал-Шам ја зајакнува контролата во северозападна Сирија (Carter Center, Power Through Strength: Hayat Tahrir al-Sham Solidifying Control in Northwest Syria), 2 ноември 2020 година, https://bit.ly/3629DWP (со мапа што ги прикажува подрачјата на контрола на ХТШ); Центарот Картер, Вооружената опозиција во северозападна Сирија (Carter Center, The Armed Opposition in Northwest Syria), 15 мај 2020 година, https://bit.ly/2Z2m8Q4, стр. 7. Во јули

на состојбите во Идлибското подрачје на деескалација договорен помеѓу Русија и Турција на 17 септември 2018 година,[30] почнувајќи од април 2019 година, ова подрачје доживеа големи воени ескалации предводени од владата, што пак доведе до голем број цивилни жртви и *„најголем бран на раселување во сирискиот судир“.*[31] Кревкиот прекин на огнот издејствуван од страна на Турција и Русија на почетокот на март 2020 година главно се почитува: сепак, како и при претходните прекини на огнот, постои ризик од негово прекршување со оглед на тоа што се известува за непријателства и воени засилувања на сите страни.[32]

### в) Операција „Мировна пролет“ во Северна Сирија

Групите поврзани со СНА и поддржани од Турција[33] поведоа три одвоени воени офанзиви во Северна

---

2020 година, ООН процени дека ХТШ има меѓу 12,000 и 15,000 борци во Идлиб и околните подрачја; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија (UN Human Rights Council, Report of the Independent International Commission of Inquiry), 2 јули 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2035513.html, став 5. Спротивно на тоа, во јуни 2020 година, Стејт департментот на САД процени дека ХТШ има помеѓу 5,000 и 10,000 борци во Сирија; Стејт департмент на САД, Извештај на земјата за тероризам за 2019 година: Исламска држава во Ирак и Сирија (ИСИС), 24 јуни 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2032625.html. Види, исто така, Дел II.Б.3.

[30] Во мај 2017 година, трите земји-гаранти во процесот Астана (Турција, Иран и Русија) преговараа за склучување на договор за деескалација, со кој се опфаќаат четири зони и тоа: гуверноратот Идлиб и соседните подрачја (делови од гуверноратот Алепо, Хама и Латакија), делови од северниот дел на гуверноратот Хомс, Источна Гута, и долж границата со Јордан во јужна Сирија (делови од гуверноратите Дера и Кунеитра). Последователно, владините сили ги повлекле сите, освен една, т.н. „зона за деескалација на Идлиб“. Во септември 2018 година, во обид да се зачува договорот и да се запре планираната офанзива на владата, Русија и Турција постигнаа Меморандум за разбирање, кој, меѓу другото, повика на отстранување на вооружените групи и тешкото артилериско оружје од демилитаризираната зона распространета на 15-20 км долж фронтот на северозападниот дел. Додека антивладините вооружени групи што се борат под водство на НЛФ, поддржани од Турците, се повлекоа од демилитаризираната зона, ХТШ, која не го прифати договорот, во јануари 2019 година презеде речиси целосна контрола над зоната на деескалација. Од февруари 2019 година, владините сили ги ескалираа воените операции во Идлиб; „Би-би-си“, Сириската војна: Зошто е важна битката за Идлиб? (BBC,Syria War: Why Does the Battle for Idlib Matter?), 4 јуни 2019 година, https://bbc.in/2NH7RQG; Русија/Турција, Меморандум за стабилизација на состојбата во подрачјето на деескалација во Идлиб, 17 септември 2018 година, https://bit.ly/2X2IZrY; „Ројтерс“, Русија и Турција согласни да создадат тампон-зона во сирискиот Идлиб (Reuters, Russia and Turkey Agree to Create Buffer Zone in Syria's Idlib), 17 септември 2018 година, https://reut.rs/2Niy9ga; Министерство за надворешни работи на Руската Федерација, Меморандум за создавањето на подрачја на деескалација во Сириската Арапска Република, 6 мај 2017 година, https://bit.ly/32zMZnl. Види, исто така, Дел II.Б.3.

[31] „Ју-ен њуз“, Сирија: Агенција на ООН за помош на храна „правиме сè што можеме“ за да стигнеме до цивилите во Идлиб (UN News, Syria: UN Food Relief Agency ‘Doing Everything We Can’ to Reach Idlib Civilians), 4 март 2020 година, https://shar.es/abnzOj. Види, исто така, Дел II.Г.

[32] „Гуверноратот Идлиб и околните подрачја сè уште се епицентар на конфронтација меѓу провладините сили и опозициските вооружени сили во текот на првата половина на 2020 година. Додека примирјето започнато на 5 март понуди пауза, спорадичните борби меѓу провладините сили и терористичките групи продолжија во мај и се засилија во јуни [2020 година], вклучително и околу рамнината Габ и Јабал Ал-Завија, во јужната покраина на гуверноратот Идлиб“; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија за Сириската Арапска Република, A/HRC/45/31, 14 август 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2037646.html (во натамошниот текст: Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 14 август 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2037646.html), став 4. Види, исто така, Дел II.Б.3 подолу.

[33] Исто така познати како Слободна сириска армија, поддржана од Турција (ТФСА). Формирањето на Сириската национална армија (СНА), што придонесе за присуство на околу 30 вооружени фракции поврзани со Слободната сириска армија (ФСА) во Африн и северниот дел на Алепо, беше официјално соопштено на 30 декември 2017 година во градот Азаз. На 4 октомври 2019 година, НЛФ со седиште во Идлиб се придружи на СНА за да формира единствена армија под чадорот на Министерството за одбрана на сириската привремена влада (СИГ) со седиште во Азаз (гуверноратот Алепо). СНА последователно ја предводеше „Операцијата Мировна пролет“ во северна Сирија; „Сирија дајрект“, Сириската национална армија: За сириската револуција или против Курдите? (Syria Direct, The Syrian National Army: For the Syrian Revolution or Against the Kurds?), 15 октомври 2019 година, https://bit.ly/34QrrSJ; „Ал-монитор“, Спојувањето ја засили опозицијата во Сирија, ги зајакна турските сили (Al-Monitor, Merger Solidifies Opposition in Syria, Boosts Turkey's Forces), 14 октомври 2019 година, http://almon.co/39mn; Институт за Блискиот Исток (ИБИ), Сириските вооружени опозициски групи поддржани од Турција ќе се обединат под едно знаме (Middle East Institute (MEI), Turkish-Backed Syrian Armed Opposition Groups to Unite under One Banner), 4 октомври 2019 година, https://bit.ly/36V09wa. Од декември 2020 година, СНА „контролира 8,835 квадратни километри. Тие територии вклучуваат повеќе од 1,000 градови во кои живеат околу 1,2 милиони луѓе, вклучувајќи ги Африн, Тал Абјад, Рас Ал-Аин, Ал-Баб, Азаз, Дабик, Јараблус, Јандарес, Рају и Шеик Ал-Хадид“; види Центар за стратешки студии Омран, Проценка на цивилно-воените односи во Сирија, 17 декември 2020 година, https://bit.ly/37xJCRq, стр. 26; Види, исто така, стр. 26-28 за информации за структурата на СНА.

Сирија, од кои најскорешната беше Операцијата „Мировна пролет“ во октомври 2019 година, и добија *de facto* контрола на територијата долж границата со Турција.[34] Како резултат на офанзивите, СДС претрпе намалување на територијата под нивна *de facto* контрола.[35] Во времето на овој запис, на линиите на фронтот преовладува кревка тишина, нарушена од препукувањата и инцидентите со заемно гранатирање помеѓу СДС и силите поддржани од Турција,[36] а пак редовните напади со импровизирани експлозивни уреди (ИЕУ) во градовите под *de facto* контрола на вооружените групи поврзани со СНА и понатаму го дестабилизираат регионот.[37]

[34] Турција, поддржана од СНА, започна три различни воени напади во северна Сирија. Во текот на „Операцијата Еуфратски штит“ (август 2016 до март 2017 година), турските сили и придружните сириски антивладини вооружени групи ја презедоа контролата над подрачјата Јараблус и Азаз, како и гуверноратот Ал-Баб на градот Алепо. Ова беше проследено со „Операцијата Маслиново гранче“ (јануари до март 2018 година), во текот на која беше земен округот Африн (гуверноратот Алепо). На 9 октомври 2019 година, Турција, со поддршка од Сириските антивладини вооружени групи започна воена офанзива („Операција Мировна пролет“) против подрачјата што ги држат Сириските демократски сили (СДФ) долж турската граница. „Според турските власти, операцијата имала три цели: обезбедување на гранична безбедност; „неутрализирање“ на „терористи“; и воспостав ување на „безбедна зона“ во која сириските бегалци кои сега живеат во Турција би можеле да се преселат“; ИЦГ, Зацврстување на новиот статус кво во североисточниот дел на Сирија (ICG, Steadying the New Status Quo in Syria’s North East), 27 ноември 2019 година, https://bit.ly/2B60HEk, стр. 2-3. „Турција окупира делови од северна Сирија од вооружениот напад во август 2016 година“; Академија Женева / ВПВК, Воена окупација на Сирија од Турција (Geneva Academy/RULAC, Military Occupation of Syria by Turkey), последен пат ажурирано на 15 јули 2020 година, https://bit.ly/2omoNnT. Види, исто така, ХРВ, Нелегален трансфер на Сиријци во Турција (HRW, Illegal Transfers of Syrians to Turkey), 3 февруари 2021 година, www.ecoi.net/en/document/2044641.html. „Во градовите под директна турска власт, како што се Тел Абјад и Јараблус, Анкара ги обезбедува сите неопходни услуги и игра улога во управувањето, во согласност со својата политика, да осигура дека во подрачјата доминира про-турска демографска група. (...) Анкара создаде административни органи опфатени со нејзината домашна бирократија и многу инвестираше во граѓанската инфраструктура. (...) Турција ги исплаќа платите на целиот локален цивилен и воен персонал“; ЕСНО, Нова Газа: Граничната политика на Турција во Северна Сирија (ECFR, A New Gaza: Turkey’s Border Policy in Northern Syria), мај 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2032219.html, стр. 10. За мапа која ги покажува областите погодени од воената офанзива, види ИПВ, Мапа: Новата офанзива на Турција во Сирија (ISW, Map: Turkey's New Syria Offensive), 11 октомври 2019 година, https://bit.ly/2J9yHAW. За повеќе информации за „Операцијата Мировна пролет“, види Дел II.Б.4.б подолу.

[35] СДФ се формирани во 2015 година и претстав уваат сојуз од Единиците за заштита на народот (НОО), како и арапските племиња, асирските милиции и фракциите поврзани со Слободната сириска армија (ФСА). НОО претстав ува вооружено крило на Партијата на Демократската унија (ПДУ) и стана главна политичка сила претежно во курдските подрачја по повлекувањето на владините трупи во јули 2012 година. Според извештаите, НОО има водечка улога во операциите на СДФ. СДФ ја собори ИСИС од неколку подрачја кои порано биле под нејзина контрола, запленувајќи ја речиси целата територија што ја контролира источно и северно од реката Еуфрат во гуверноратот Рака, Даир Ез-Заур и Хасакех. Освен тоа, од 2016 година под контрола на СДФ е градот Манбиџ, кој се наоѓа западно од реката Еуфрат, во источниот дел на гуверноратот Алепо. Последното упориште на ИСИС, градот Багхоуз во гуверноратот Даир Ез-Заур, беше преземен од страна на СДФ во март 2019 година; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 21 јануари 2021 година, www.ecoi.net/en/document/2045772.html, став 12, 17; „Френс 24“, Елиминиран калифатот на групата Исламска држава, велат сириските сили поддржани од САД (France 24, Islamic State Group Caliphate Eliminated, Say US-Backed Syrian Forces), 23 март 2019 година, http://f24.my/4dPM.T; „Ал Џазира“, Сирија: Борците на СДФ го заzедоа делот на ИСИС во Дери Ез Зор (Al Jazeera, Syria: SDF Fighters Capture ISIL Pocket in Deir Az Zor), 14 декември 2018 година, https://aje.io/2n7eg; „Њујорк тајмс“, Рака, „главниот град“ на ИСИС, е заробен, велат силите поддржани од САД (New York Times, Raqqa, ISIS ‘Capital,’ Is Captured, U.S.-Backed Forces Say), 17 октомври 2017 година, https://nyti.ms/2kVsNcl; „Д гардијан“, Борците поддржани од САД го одземаа градот Манбиџ од ИСИС (The Guardian, US-Backed Fighters Take Town of Manbij from ISIS), 6 август 2016 година, https://bit.ly/2nrzrtu. Турција ги смета НОО за терористичка организација поради поврзаноста со Курдистанската работничка партија (ПКК): „Турската влада и судовите ги сметаат ПЈД и НОО за исто и како тесно поврзани со вооружената Курдистанската работничка партија (ПКК), со која Турција е во конфликт кој трае со децении во Турција“; ХРВ, Нелегален трансфер на Сиријци во Турција (HRW, Illegal Transfers of Syrians to Turkey), 3 февруари 2021 година, www.ecoi.net/en/document/2044641.html. Види, исто така, Стејт департментот на САД/Главен генерален инспектор за операцијата „Инхерентно решение“, квартален извештај до Конгресот на Соединетите Американски Држави: April 1, 2020 - June 30, 31 јули 2020 година, https://bit.ly/3hGOeY3, стр. 66.

[36] „На североисток од земјата, додека заедничките турско-руски воени патроли продолжија долж сириско-турската граница, периодичните судири меѓу Курдските единици за заштита на народот, Сириската национална армија и турските воени сили продолжија“; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 14 август 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2037646.html, став 5. Види, исто така, Дел II.Б.2.

[37] Види Дел II.Б.4.

### г) ИСИЛ: губење на територијалната контрола

До крајот на март 2019 година, како резултат на интензивните воздушни и копнени походи, ИСИЛ изгуби физичка контрола на територијата во Сирија за сметка на СДС и сириските владини сили, соодветно, и претрпе значително намалување на своите оперативни капацитети.[38] Сепак, според известувањата, групата повторно востана, најмногу во оддалечените делови на земјата и продолжува да поведува напади претежно против владините сили и СДС, соодветно.[39] Во август 2020 година, убиството на руски генерал-мајор близу Даир Ез-Заур и дигањето во воздух на гасовод близу Дамаск ѝ се припишаа на ИСИЛ.[40]

---

[38] Во периодот помеѓу 2016 година и 2019 година, ИСИС изгуби територијална контрола врз Сирија, вклучувајќи ги Рака, Даир Ез-Заур, источен Алепо, источен Хомс, јужен Дамаск, руралните подрачја на Дамаск (Каламун), гуверноратот Хасакех и јужниот дел на Сирија. „Калифатот“ на Исламската држава е елиминиран, но сепак, групата поседува доволно разузнавачки информации и техники како и способност да спроведе софистицирани напади врз ВРЛ во поголемиот дел од Сирија, особено долж реките Еуфрат и Кабур, и во пустините во Хомс и Суведа; „Гарда ворлд“, Извештај за земјата во Сирија (Garda World, Syria Country Report), последно ажурирано на 15 јули 2020 година, http://bit.ly/2nlk99n. „Ирак и Сириската Арапска Република сè уште се примарен фокус на целите на ИСИЛ. Групата одржува тајни групи кои водат долготраен бунт. Централното раководство им дава значителен степен на тактичка автономија на групите. (...) Борците на ИСИЛ слободно дејствуваат на сириската страна на границата [Сирија-Ирак] во и околу Даир Ел-Заир. Земјите-членки известуваат дека ИСИЛ соработува со криумчари кои работат преку границата меѓу двете земји. Се верува дека околу 10,000 борци на ИСИЛ сè уште се активни во Ирак и Сириската Арапска Република, повеќето од кои се со седиште во Ирак.“; СБОН, Дванаесетти извештај на генералниот секретар за заканата од ИСИЛ (Даеш) за меѓународниот мир и безбедност и опсегот на напорите на Обединетите нации за поддршка на земјите-членки во борбата против заканата (UNSC, Twelfth Report of the Secretary-General on the Threat Posed by ISIL (Da'esh) to International Peace and Security and the Range of United Nations Efforts in Support of Member States in Countering the Threat), 29 јануари 2021 година, S/2021/98, https://bit.ly/2NvRTOw, став 19-20. Во јуни 2020 година, Стејт департментот на САД процени дека ИСИС има помеѓу 11,000 и 18,000 борци во Ирак и Сирија, вклучувајќи неколку илјадници странски борци; Стејт департментот на САД, Извештај на земјата за тероризам за 2019 година: Исламска држава на Ирак и Сирија (ИСИС), 24 јуни 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2032625.html.

[39] „ИСИС ги преуредува и проширува зоните за напад во северна и централна Сирија. (...) Зголемената сериозност и географската област на нападите на ИСИС веројатно укажуваат дека организацијата успешно ја шири својата слобода на дествување во Сирија. Континуираното ослободување на милитантите на ИСИС и членовите на семејствата од страна на Сириските демократски сили (СДФ) најверојатно ќе ги обезбеди ИСИС со борци ветерани и ќе им обезбеди понатамошно проширување на своите операции“; ИПВ, Извештај за состојбата во Сирија: 11 ноември – 11 декември 2020 година (ISW, Syria Situation Report: November 11 - December 1, 2020), 3 декември 2020 година, https://bit.ly/2IvgH6S. „И Сириските демократски сили и провладините сили доживеаја зголемување на бројот на напади од групите на Исламската држава во Ирак и Левант (ИСИЛ)“; СБОН, Имплементација на резолуциите на Советот за безбедност (UNSC, Implementation of Security Council Resolutions) 2139 (2014 г.), 2165 (2014 г.), 2191 (2014 г.), 2258 (2015 г.), 2332 (2016 г.), 2393 (2017 г.), 2401 (2018 г.), 2449 (2018 г.), 2504 (2020 г.) и 2533 (2020 г.): Извештај на генералниот секретар (Report of the Secretary-General), S/2020/813, 20 август 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2036556.html (во понатамошниот текст: СБОН, Имплементација на резолуциите на Советот за безбедност (UNSC, Implementation of Security Council Resolutions) 2139 (2014 г.), 2165 (2014 г.), 2191 (2014 г.), 2258 (2015 г.), 2332 (2016 г.), 2393 (2017 г.), 2401 (2018 г.), 2449 (2018 г.) и 2504 (2020 г.), 20 август 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2036556.html), став 9. „Во март [2020 година], ИСИС ги повика своите членови да го искористат ширењето на КОВИД-19 за интензивирање на нивната глобална војна. И покрај тоа што досега немало големи безбедносни дефекти во северноисточна Сирија, спорадичните инциденти на насилство ја зголемуваат загриженоста за преостанатото присуство на џихадистичката група. ИСИС одржува низа на напади на ниско ниво ширум регионот и покрај тоа што се географски и организациски фрактурирани. Покажа одредена отпорност и покрај територијалниот пораз и загубата на највисокото раководство. Нивните борци извршија бомбардирања, пукања од возила и атентати таргетирани кон локалните елементи на Арапската СДФ, особено. Нивните групи исто така се здружија да постав ат контролни пунктови и да изнудат пари од трговците кој ја преминуваат источната пустина на Сирија“; ИЦГ, Слабоста на Северна Сирија (ICG, The Fragility of Northern Syria), 26 мај 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2030648.html. Според Вашингтонскиот институт, ИСИС тврдат дека извршиле 973 напади во Сирија во годината по падот на нивната последна територија во Багуз на 19 март 2019 година, вклучувајќи 580 напади во Деир ел Зур, 150 во Рака, 141 во Хасакех, 48 во Хомс, 33 во Дера и остатокот од нападите во гуверноратите Алепо, Дамаск и Кунеитра. Понатаму, тие проценија дека „инфраструктурата за командување и контрола на ИСИС се чини недопрена“; Вашингтонски Институт, Една година од Багуз, Исламската држава не е ниту поразена, ниту во подем (засега) (Washington Institute, A Year Since Baghuz, the Islamic State Is Neither Defeated nor Resurging (Yet)), 25 март 2020 година, https://bit.ly/2N5PxBX. Види, исто така, Дел II.Б.1 и II.Б.2.

[40] „Ројтерс“, Експлозија на гасовод во Сирија, „речиси сигурно“ напад од страна на ИСИС, Пратеник на САД (Reuters, Syria Gas Pipeline Explosion 'Almost Certainly' ISIS Strike: US Envoy), 24 август 2020 година, https://bit.ly/325PezG; „Алмонитор“, Руски генерал-мајор убиен во бомбашки напад покрај патот во сирискиот Деир ез Зор (AlMonitor, Russian Major General Killed in Roadside Bomb in Syria's Deir ez-Zor), 21 август 2020 година,

### 2) Главните политички случувања

Во времето на овој запис, преговорите издејствувани од страна на ОН во рамките на Женевското коминике од 2012 година, во кои беа вклучени Владата на Сирија, опозицискиот Сириски комитет за преговори и клучните регионални и меѓународни актери сѐ уште беа во тек, при што дискусиите се фокусираа на изработката на нацртот на новиот Устав.[41] Посебниот, па сепак комплементарен „Астански процес“ се фокусира на стабилизирање на Идлибското подрачје на деескалација.[42] Во јануари 2021 година, Специјалниот пратеник на ОН изјави дека политичкиот процес *„сѐ уште не ги дава вистинските промени во животот на Сирijците ниту пак им дава реална визија за иднината“*.[43]

На 19 јули 2020 година, се одржаа парламентарните избори[44], додека пак претседателските избори се закажани за 2021 година.[45]

---

https://bit.ly/35dpTFK.

[41] На 16 септември 2019 година, претседателите на Турција, Русија и Иран објавија дека е постигнат договор за формирање на Устав ен комитет. Со цел да се создаде поинклузивен систем на управување, комитетот се состои од 150 членови, вклучително 50 членови од владата, 50 членови од опозицијата и 50 членови кои ги претстав уваат „сириски експерти, лица од граѓанското општество, независни лица, племенски водачи и жени“ избрани од ООН. Пет последователни состаноци на „малиот орган“ на Комитетот, кое се состои од 45 претстав ници, беа обележани со континуирани разлики меѓу делегатите на владите и опозицијата. Гир Педерсен, специјалниот пратеник на ООН за Сирија, изјави дека постои недостаток на доверба, недостаток на политичка волја за компромис и недостаток на простор за политички компромис; „Ју-ен њуз“, Без „конструктивна меѓународна дипломатија“, мировниот процес на Сирија нема да оди напред (UN News, Without ‘Constructive International Diplomacy’ Syria’s Peace Process Will not Move Forward), 9 февруари 2021 година, https://shar.es/aokzsO. ISW забележа дека Устав ниот комитет „најверојатно нема да даде значајни предлози“; ИПВ, Извештај за ситуацијата во Сирија; 8 – 29 јануари 2021 година (ISW, Syria Situation Report; January 8 - 29, 2021), 29 јануари 2021 година, https://bit.ly/2NUg88T. „И покрај создавањето на Уставен комитет обезбеден од ООН, политичките преговори остануваат во виртуелен застој. Комитетот, формиран да ги обедини сириските партии, одложи состаноци, не е целосно репрезентативен и досега не покажа контретни резултати“; ХРВ, Светски извештај за 2021 година: Сирија (HRW, World Report 2021: Syria), 13 јануари 2021 година, www.ecoi.net/en/document/2043510.html. Види, исто така, „Ју-ен њуз“, „Не можеме да продолжиме вака“; Мрачна оцена на пратеникот на ООН за мировниот процес во Сирија (UN News, ‘We Can’t Continue like this’; UN Envoy’s Grim Assessment of Syria Peace Process), 29 јануари 2021 година, https://shar.es/aokzvT; ИБИ, Уставниот комитет на Сирија: Ѓаволот се крие во деталите (MEI, Syria's Constitutional Committee: The Devil in the Detail), 6 јануари 2021 година, http://bit.ly/3bvhLC3; „Гласот на Америка“ (ВОА), Сириските уставни разговори обележани со разлики, тензии (Voice of America (VOA), Syrian Constitutional Talks Marked by Differences, Tensions), 4 декември 2020 година, https://bit.ly/2JZL85A.

[42] Во средината на февруари 2021 година, претстав ниците од Русија, Иран, Турција, сириската влада и сириската опозиција, како и набљудувачи од Ирак, Либан, Јордан и ООН, учествуваа во разговорите. Според ИПВ, „Исписите од сесиите не означуваат никаков значаен развој на настаните“; ИПВ, Извештај за ситуацијата во Сирија: 30 јануари – 18 февруари 2021 година (ISW, Syria Situation Report): јануари 30 – 18 февруари 2021 година), 19 февруари 2021 година, https://bit.ly/3bql5hQ.

[43] Специјалниот пратеник на ООН додаде дека „милиони во земјата и милиони бегалци надвор од неа се борат со длабока траума, измачувачка сиромаштија, лична несигурност и недостаток на надеж за иднината“; „Ју-ен њуз“, Деценија на конфликт што предизвика „бавно цунами“ ширум Сирија, сослушува Советот за безбедност (UN News, Decade of Conflict Triggering ‘Slow Tsunami’ Across Syria, Security Council Hears, 20 јануари 2021 година, https://shar.es/aokz9m. „Вооружената борба опадна во поголемиот дел од земјата, бидејќи конфиктот навлезе во својата деветта година. И покрај повеќекратните мировни процеси, немаше сеопфатно политичко решение“; ЕСКЗА, Сирија во војна: Осум години подоцна (ESCWA, Syria at War. Eight Years On), 24 септември 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2038203.html, стр. 24.

[44] Парламентарните избори, кои мораа да се одложат двапати поради пандемијата на КОВИД-19, се одржаа во делови на Сирија контролирани од владата на 19 јули 2020 година. Тоа беше третпат како се одржуваат парламентарни избори од 2011 година; „Дојче веле“, Сирија: Партијата на Асад го освои очекуваното мнозинство во парламентарните избори (Deutsche Welle (DW), Syria: Assad's Party Wins Expected Majority in Parliamentary Polls), 21 јули 2020 година, https://p.dw.com/p/3ffl4. Опозициските партии и Автономната администрација на Северна и Источна Сирија (ААНЕС) ги отфрлија изборите; ЦОАИ, Сирија Апдејт (COAR, Syria Update), 20 јули 2020 година, https://bit.ly/3fN1HN9.

[45] „ДВ“, Парламентарните избори во Сирија се одржуваат сред нови санкции, осакатувајќи ја економијата (DW, Syria Holds Parliamentary Elections amid New Sanctions, Crippling Economy), 19 јули 2020 година, https://p.dw.com/p/3fXos; „Ројтерс“, Асад од Сирија: Секој ќе може да се кандидира за изборите во 2021 година (Reuters, Syria's Assad: Anybody Will Be Able to Run at 2021 Election) 11 ноември 2019 година, https://reut.rs/32wlPeJ.

## Б. Безбедносната состојба по подрачја

### 1) Безбедноста во подрачјата под контрола на Владата, вклучително и во одново заземените подрачја

#### а) Безбедноста во подрачјата под непрекината контрола на Владата

Неколку поголеми градови – вклучително и Алепо, Дамаск, Хомс, Хама и Сувајда– во голема мера останаа под владина контрола во текот на судирот, но беа мета на нападите од антивладините вооружени групи во блиските подрачја. Безбедносната состојба во овие градови доживеа релативно подобрување откако владата одново ја презеде контролата во овие соседни подрачја.[46] Во некои градови, како што е Дамаск, се намали бројот на фиксните контролни пунктови, што овозможи поголема слобода на движењето; сепак, се известува дека контролните пунктови останаа сегдеприсутни ширум подрачјата под владина контрола; а особено на стратешките локации и во одново заземените подрачја.[47] Ширум подрачјата под владина контрола, контролните пунктови и понатаму се користат за контрола на движењето на населението,[48] за спроведување на апсења, често пати врз основа на список

---

[46] „(...) борбите околу Дамаск завршија минатата година по низа масивни владини офанзиви, како одраз на пошироко зголемување на државната контрола околу земјата (...)"; „Ројтерс", Филмските камери повторно почнуваат да работат во студијата во Дамаск (Reuters, Film Cameras Start to Roll again in Damascus Studios), 26 март 2019 година, https://reut.rs/2uskc35. Види, исто така, Обединети нации (ООН), И покрај намалените непријателства во Сирија, на милиони сè уште им е потребен пристап до помош, изјави високиот претставник за хуманитарни прашања пред Советот за бесбедност (United Nations (UN), Despite Reduced Hostilities in Syria, Millions Still Need Access to Aid, Top Humanitarian Affairs Official Tells Security Council), 29 октомври 2018 година, SC/13558, https://bit.ly/2qiYgp4.

[47] Контролните пунктови се наоѓаат на влезовите на градовите и на главните автопати (автопати до/од Либан, аеродромот во Дамаск и автопатот M5, кој минува од границата со Јордан преку Дера, Дамаск, Хомс, Хама и Алепо до границата со Турција). Ослободените подрачја имаат особено голема зачестеност на контролни пунктови. На пример, во гувернoратот Кунеитра, според Сиријците за вистина и правда (СТЈ), „Воената безбедносна служба воспостав и неколку контролни пунктови на влезовите и излезите на селата во северните, централните и јужните предградија на покраината, како што се оние во градовите и селата на Кан Арнабе, Јуба, Суваиса, ал Рафид, Кусајбија и Гадир ал Бустан". Покрај тоа, мобилните („летачки") контролни пунктови сè уште можат да се постав ат без претходно известување, вклучително и за време на апсења и кампањи за регрутација; СТЈ, Народот бесен поради уцените на сириските контролни пунктови во Кунеитра (STJ, Populace Enraged over Blackmail at Syrian Checkpoints in Quneitra), 31 март 2020 година, https://bit.ly/3f9RXfi. Види, исто така, СОЧП, Режимските сили воспоставија речиси 100 нови контролни пунктови и воени пунктови од ослободувањето на провинцијата во јули 2018 година (SOHR, Regime Forces Establish Nearly 100 New Checkpoints and Military Posts since Re-Capturing the Province in July 2018), 19 ноември 2020 година, https://bit.ly/39rkTzl; „"Енаб Балади"", По двегодишниот договор за помирување во Источна Гута... рации по домови и апсења и покрај карантинот за коронавирусот (Enab Baladi, After Two Years of Settlement Agreement in Eastern Ghouta... Home Raids and Arrests Despite Coronavirus Lockdowns), 24 March 2020, https://bit.ly/3h5ltEx; ИБИ / Етана, Очај и распаѓање: Источна Гута по 18 месеци владеење на обновениот режим (MEI / Etana, Despair and Decay: East Ghouta after 18 Months of Renewed Regime Rule), ноември 2019 година, https://bit.ly/306HdJO, стр. 4.

[48] „(...) забележавме апсења на сириски граѓани од страна на силите на сирискиот режим додека тие патуваа од подрачја под контрола на сирискиот режим во други подрачја"; Сириска мрежа за човекови права (СМЧП), Најзначајните прекршувања на човековите права во Сирија во октомври 2020 година (Syrian Network for Human Rights (SNHR), The Most Notable Human Rights Violations in Syria in October 2020), 4 ноември 2020 година, https://bit.ly/3nn9MLV, стр. 5 (и претходни извештаи на SNHR). „Режимот ги прошири контролните пунктови за безбедност во цивилни подрачја за да го следи и ограничува движењето"; Стејт департмент на САД, Државни извештаи за практики на човекови права за 2019 година: Сирија, 11 март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2026345.html. „Сè уште постои мрежа на контролни пунктови ширум „помирените подрачја", вклучително и во Дара и Источна Гутах, во спротивност со гаранциите направени за време на „процесите на помирување". Ова сериозно ја ограничи слободата на движење на цивилното население, главно влијаејќи на возрасните мажи кои стравуваат од приведување и присилно регрутирање. Неодамна, употребата на брзо распоредени ад хок контролни пунктови во Дума, внесе дополнителен страв кај населението"; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 28 јануари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2025856.html, став 73. „Режимот и неговиот безбедносен апарат воспостав ија најмалку 88 контролни пунктови во Источна Гута, а жителите известуваа постојано вознемирување и привремено притворање. Изнудувањето е вообичаено, а локалните жители се принудени да плаќаат огромно мито на контролните пунктови за да поминат слободно"; ИБИ / Етана, Очај и распаѓање: Источна Гута по 18 месеци владеење на обновениот режим (MEI / Etana, Despair and Decay: East Ghouta after 18 Months of Renewed Regime Rule), ноември 2019 година, https://bit.ly/306HdJO, стр. 4.

на лица „од потерница“ што го водат најразлични безбедносни актери,[49] и за изнудување поткуп.[50]

[159] „Иако размерот и опсегот на загадувањето предизвикано од експлозии низ Сириската Арапска Република сè уште не се утврдени во целост, меѓу јануари 2019 година и март 2020 година е забележан приближно еден експлозивен инцидент на секои 10 минути“; СБОН, Имплементација на резолуциите на Советот за безбедност (UNSC, Implementation of Security Council Resolutions) 2139 (2014 г.), 2165 (2014 г.), 2191 (2014 г.), 2258 (2015 г.), 2332 (2016 г.), 2393 (2017 г.), 2401 (2018 г.), 2449 (2018 г.), 2504 (2020 г.) и 2533 (2020 г.), 11 декември 2020 година, https://bit.ly/3momPeR, став 26. Според СНХР, најмалку 2,601 цивили се убиени од противпешадиски и противтенковски нагазни мини во периодот меѓу 2011 година и декември 2020 година, вклучувајќи речиси 600 деца; СМЧП, Сирија е меѓу најлошите земји во светот по број на наместени мини од 2011 година, покрај забраната за нивна употреба во меѓународното право (SNHR, Syria Is Among the World's Worst Countries for the Number of Mines Planted Since 2011, Despite Prohibition of Their Use in International Law), 10 декември 2020 година, https://bit.ly/3a6hMgy. „Загадувањето на големи делови на Сирија со ризик од експлозивни опасности ја зголемува застрашувачката цена на човечкиот живот на активните борби. Секој месец сме сведоци на постојан прилив на цивилни жртви; честопати, тоа се деца кои биле убиени или повредени додека си играле или пребарувале низ урнатитните“; ОЦХА, Помошник генерален секретар за хуманитарни прашања и заменик координатор за итна помош, Ад интерим, Рамеш Раџасингам, Брифинг до Советот за безбедност за хуманитарната состојба во Сирија (OCHA, Assistant Secretary-General for Humanitarian Affairs and Deputy Emergency Relief Coordinator, Ad Interim, Ramesh Rajasingham, Briefing to the Security Council on the Humanitarian Situation in Syria), 27 август 2020 година, https://bit.ly/3bXRpbF. „Поради „магла на војната“, размерот на контаминација не е целосно познат, иако бројот на жртви и нивото на бомбардирање сугерира дека е загрижувачки висок. (...) Поради нивото на конфликт што продолжува во земјата, организациите за деминирање не можат да ја извршуваат својата работа. Ова во многу случаи значи дека цивилите сами вршат расчистување, што уби или повреди многумина“; АПВН, Уништена земја: Еколошки последици од употреба на експлозивно оружје (AOAV, The Broken Land: The Environmental Consequences of Explosive Weapon Use), 3 јули 2020 година, https://bit.ly/2BdyH1X, стр. 14, 15. Според Прегледот на хуманитарните потреби (НХО), во 2020 година, 11,5 милиони луѓе, или повеќе од половина од населението, живее во 2,562-те заедници кои пријавиле загадување од експлозивна опасност во претходните две години. И покрај тоа што сите групи на население се изложени на ризик од експлозивни опасности, сепак, ризикот за децата е особено акутен.“ ОЦХА, ПНП, 2020 година (OCHA, 2020 HNO), јули 2020 година, стр. 20-21; Служба за отстранување на мини на Обединетите нации (УНМАС), Сирија: Загадување од експлозивна опасност (United Nations Mine Action Service (UNMAS), Syria: Explosive Hazard Contamination), последен пат ажурирано во октомври 2020 година, https://bit.ly/35bMMai. Види, исто така, СОЧП, 13 деца загиинаа во експлозии на нагазни мини во различни подрачја претходно оваа година (SOHR, 13 Children Killed in Landmine Explosions in Various Syrian Areas Earlier this Year), 17 јануари 2021 година, http://bit.ly/3bvBDVx; Центарот Картер, Извештај бр. 4 за експлозивна муниција во Сирија (Carter Center, Explosive Munitions in Syria Report #4), 13 ноември 2020 година, https://bit.ly/33p8ngb; „“Енаб Балади““, Нагазни мини и експлозивни остатоци од војната продолжуваат да одземаат животи и екстремитети во сириската Дара (Enab Baladi, Landmines and Explosive Remnants of War Continue to Claim Lives and Limbs in Syria's Daraa), 28 мај 2020 година, https://bit.ly/2XEQszA; ОХЦХР, Сирија: Башелет предупредува дека „отчукува темпирана бомба“ како што растат убиствата на цивили (OHCHR, Syria: Bachelet Warns of 'Ticking Time-Bomb' as Civilian Killings Mount), 8 мај 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2029807.html. „Експлозивните остатоци од војна (ЕРВ) продолжуваат да одземаат животи на цивили, а бегалците од Палестина во камповите и подрачјата кои беа сведоци на активни борби во последните десет години се особено изложени на ризик“; УНРВА, УНРВА, Итен апел за регионална криза во Сирија за 2021 година (UNRWA, Syria Regional Crisis Emergency Appeal 2021), 2 март 2021 година, https://bit.ly/2NTblVB, стр. 11; и фусноти 931 и 932.

[160] „Додека сите кои се наоѓаат во загадените подрачја се изложени на ризик, децата, земјоделците, градежните работници и луѓето кои се во движење се особено ранливи. Станбените подрачја и клучната инфраструктура, како што се патиштата, училиштата, здравствените центри, земјоделското земјиште и населените места остануваат небезбедни или некорисни поради загадувањето (...)“; УНМАС, Сирија: Загадување од експлозивна опасност (UNMAS, Syria: Explosive Hazard Contamination), последен пат ажурирано во октомври 2020 година, https://bit.ly/35bMMai. „Земјоделците, сточарите, градежните работници, собирачите на старо железо, хуманитарните работници, како и раселените лица и повратниците се соочуваат со такви ризици секој ден, бидејќи

## Г. Присилно раселување и враќање

### *1) Присилно раселување и пристап до безбедност*

Над половината предвоено население во Сирија сега е раселено,[161] вклучително и над 6,18 милиони ВРЛ,[162] над 5,58 милиони регистрирани бегалци кои пребегале во соседните земји и во Северна Африка,[163] и стотици илјади кои дојдоа во Европа и подалеку како баратели на азил, при што на огромно мнозинство од нив последователно им беше доделена меѓународната заштита.[164] Иако севкупните раселувања опаднаа во текот на 2019 и 2018 година во споредба со претходните години,[165] раселувања од поголеми размери имаше и на почетокот на 2020 година, претежно на Северозападот на земјата.[166]

---

се принудени да живеат или работат во близина на подрајчата загадени од оружје"; МКЦК, Сирија: Сред загриженоста за КОВИД-19, не треба да се заборави ризикот од загадување од оружје (ICRC, Syria: Amid Concerns over COVID-19, the Risk of Weapon Contamination Should not Be Forgotten), 4 април 2020 година, https://bit.ly/3epe8xV.

[161] „Половина од населението од пред војната - повеќе од 13,2 милиони луѓе - сè уште се раселено внатре и надвор од земјата. Ова е најголемата бегалска криза во светот (...)"; УНХЦР, Шефовите на ООН бараат постојана поддршка за Сиријците и регионот пред Четвртата конференција во Брисел (UNHCR, UN Chiefs Urge Sustained Support to Syrians and the Region ahead of Fourth Brussels Conference), 29 јуни 2020 година, https://bit.ly/2YETmou.

[162] УНИЦЕФ, Извештај на УНИЦЕФ за хуманитарната состојба во цела Сирија: јануари 2021 година, 1 март 2021 година, https://bit.ly/3b3FJW6, стр. 1. „Многумина од над 6,2 милиони раселени лица во Сириската Арапска Република беа жртви на злосторства против човештвото поради присилно пренесување, военото злосторство како раселување на цивилното население, или и на двете. Дури и отсутните злосторства извршени заради раселување, извршувањето на повеќе воени злосторства и кршење на меѓународно хуманитарно право од страните во текот на конфликтот, поттикнаа многу милиони лица да бегаат внатрешно или да бараат азил во странство"; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 21 јануари 2021 година, www.ecoi.net/en/document/2045772.html, став 66.

[163] Вклучувајќи 3,65 милиони бегалци во Турција, 865,500 во Либан, 663,500 во Јордан, 243,100 во Ирак, 130,500 во Египет и 31,600 во други делови на Северна Африка; УНХЦР, Регионален одговор за бегалците во Сирија, пристапено на 28 февруари 2021 година, http://data2.unhcr.org/en/situations/syria. „Бројките ќе беа повисоки доколку беа вклучени баратели на азил и нерегистрирани бегалци, особено оние во Либан и Јордан на кои сè уште не им е доделен статус на бегалци"; ЕСКЗА, Сирија во војна: Осум години подоцна (ESCWA, Syria at War: Eight Years On), 24 септември 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2038203.html, стр. 28. Најновиот голем одлив се случи во екот на „Операцијата Мировна пролет" предводена од Турција во северна Сирија кон крајот на 2019 година, кога над 20,000 Сиријци преминаа преку неформални премини во Курдистанскиот регион во Ирак; УНХЦР, Список на факти на УНХЦР за Ирак: јануари 2020 година, 10 февруари 2020 година, https://bit.ly/370bETz, стр. 1.

[164] Во 2019 година, сириските барања за азил покажаа тренд на опаѓање; овој тренд продолжи и во 2020 година, барем делумно поради пандемијата на КОВИД-19. Сепак, барателите од Сирија останаа главната националност што бара азил во Европа во 2020 година; Европска канцеларија за поддршка на азилот (ЕКПА), Најнови трендови за азил: Преглед на 2020 година (European Asylum Support Office (EASO), Latest Asylum Trends: 2020 Overview), пристапено на 28 февруари 2021 година, https://bit.ly/2C2ViuE.

[165] Во 2018 година, забележани се вкупно 1,6 милиони раселувања на населението, 40 проценти помалку отколку во 2017 година. Во 2019 година се забележани над 1,8 милиони раселувања на населението; ОЦХА, Сириската Арапска Република. Движења на ВРЛ (OCHA, Syrian Arab Republic. IDP Movements), заклучно со октомври 2020 година, https://bit.ly/2KxO1bf. Во 2019 година, главните настани што резултираа со внатрешно раселување вклучуваа ескалација на насилството во и околу Идлиб, „Операцијата Мировна пролет" предводена од Турција во северна Сирија во октомври 2019 година и вооружени борби меѓу СДФ и ИСИС во источниот гувернорат Даир Ез-Заур во почетокот на 2019 година; ЦМВР, Глобален извештај за внатрешно раселување за 2020 година (IDMC, Global Report on Internal Displacement 2020), 28 април 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2028844.html, стр. 29-30, 35.

[166] „Раселувањето е намалено во неколку гувернорати. Сепак, во подрачјата кои сè уште се погодени од конфликт, имало рекордни изливи [помеѓу 2018 година и 2020 година]"; ЦМВР, Деценија на раселување во Блискиот Исток и Северна Африка (IDMC, A Decade of Displacement in the Middle East and North Africa), 15 февруари 2021 година, https://bit.ly/3bIk1Gp, стр. 28. „Помеѓу јануари и октомври 2020 година, забележани се над 1,73 милиони движења на населението. Поголемиот дел од нив беа забележани во Идлиб и соседните подрачја од каде што беа раселени речиси еден милион луѓе помеѓу декември 2019 година (обновена ескалација на конфликт) и почетокот на март 2020 година (воспостав ување на привремен прекин на напади); ОЦХА, Сириската Арапска Република. Движења на ВРЛ (OCHA, Syrian Arab Republic: IDP Movements), заклучно со октомври 2020 година, https://bit.ly/2KxO1bf. Почнувајќи од почетокот на март 2020 година, околу 70,000 лица останаа внатрешно раселени на североистокот по „Операцијата Мировна пролет" предводена од Турција во октомври 2019 година; Меѓународен комитет за спасување (МКС), Трагедијата на Сирија, наша лекција: Говорот за CSIS на претседателот и извршниот директор на МКС, Дејвид Милибенд (International Rescue Committee (IRC), Syria's Tragedy, Our Lessons: President and CEO of the IRC David Miliband CSIS Speech), 2 март 2020 година, https://bit.ly/3eoygjx. Нападите од страна на ИСИС и воените операции против ИСИС, исто така, продолжуваат да резултираат во раселување на цивили: „Во јуни [2020 година], Лива Ал Кудс побара воено засилување за да го пребара подрачјето [во руралниот дел на гувернoратот

Според пресметките на УНРВА, од приближно 560.000 лица кои пред судирот беа регистрирани при УНРВА во Сирија („палестински бегалци“)[167], околу 438.000 останаа во Сирија, 254.000 беа раселени најмалку еднаш по 2011 година, 40% и понатаму се внатрешно раселени.[168] и над 120.000 пребегаа во други земји.[169] УНРВА процени дека близу 2.500 семејства на палестинските бегалци и понатаму се раселени во Идлиб и околните подрачја, каде што се во ризик да бидат директно погодени од вооружените непријателства, вклучително и од воздушни напади и гранатирање.[170]

Владите на земјите домаќини во регионот ги задржаа или уште повеќе ги засилија мерките за контрола на границите за да ги ограничат нивните доаѓа, со што илјадници ранливи луѓе останаа заглавени во Сирија, без можност да пронајдат безбедност.[171] Според повеќе извори, сè поголем е бројот на случаите на присилни враќања и на одбивање пристап до одредена територија во светло на сè

---

Хама], а потоа беа придружени од големи групи на христијански милиции од градовите Мардех и Сукалбије од гуверноратот Хама. Овие операции ги натераа преостанатите жители на далечните пустински села во источна Хама да ги напуштат своите домови“; „Сирија репорт“, Селаните од источна Хама бегаат од своите домови додека прорежимските милиции ја бараат ИСИС (Syria Report, Eastern Hama Villagers Flee their Homes as Pro-Regime Militias Comb for ISIS), 7 октомври 2020 година, https://bit.ly/3pyBjM3. „Нападите на ИСИЛ раселија 200 домаќинства во источна Хама во текот на јули и август [2020 година]“; ОЦХА, Заменик-генерален секретар за хуманитарни прашања и координатор за итна помош, Марк Локвуд: Брифинг до Советот за безбедност на хуманитарната состојба во Сирија (OCHA, Under-Secretary-General for Humanitarian Affairs and Emergency Relief Coordinator, Mark Lowcock: Briefing to the Security Council on the Humanitarian Situation in Syria), 16 септември 2020 година, https://bit.ly/36ahiUR, стр. 3. Види, исто така, СОЧП, Нов подем на ИСИС во источна рурална Хама: Киднапирање на три цивили и крадење на нивните имоти, прорежимски милиционер убиен во експлозија на нагазна мина (SOHR, ISIS Resurgence in Eastern Rural Hama: Kidnapping of Three Civilians and Stealing Their Property, and Pro-Regime Militiaman Killed in Landmine Explosion), 20 септември 2020 година, https://bit.ly/3hLgjwF; СОЧП, ИСИС навлезе во село во источна Хама, украде неколку возила, запали куќи и уби жител (SOHR, ISIS Storms Village in Eastern Hama, Stealing Several Vehicles, Setting Houses on Fire and Killing a Resident, 26 јули 2020 година, https://bit.ly/2DbXO5Q; СОЧП, ИСИС започна нов напад врз Ал Шукна, додека цивилите бегаат од подрачјето (SOHR, ISIS Unleashes New Attack on Al-Sukhnah, while Civilians Flee from the Area), 23 јули 2020 година, https://bit.ly/32VthnK; СОЧП, Нов подем на ИСИС: Неидентификувани вооружени лица убија четири овчари и им ги украдоа овците во подрачјата под контрола на режимот, источно од Ал Рака (SOHR, ISIS Resurgence: Unidentified Gunmen Kill Four Shepherds and Steal Their Sheep in Regime-Controlled Areas, East of Al-Raqqa), 16 јуни 2020 година, https://bit.ly/32ZbMmg.

[167]УНРВА ги дефинира „бегалците од Палестина“ за своите оперативни цели како „лица чиешто вообичаено место на живеење било Палестина за време на периодот од 1 јуни 1946 до 15 мај 1948 година и кои ги изгубиле своите домови и основните средства за егзистенција како резултат на конфликтот во 1948 година“; УНРВА, Консолидирани упатства за квалификуваност и регистрација (КУКР) (UNRWA, Consolidated Eligibility and Registration Instructions (CERI)), 1 јануари 2009 година, www.refworld.org/docid/520cc3634.html, стр. 32. Во согласност со релевантните резолуции на УНГА, и други лица исто така може да имаат право да добиваат услуги од УНРВА, особено лица раселени како резултат на настаните од 1967 година и последователните конфликти; УНРВА, КУКР (UNRWA, CERI), стр. 6-7. Покрај повеќето од 568,700 бегалци од Палестина регистрирани со УНРВА во Сирија, во согласност со релевантните резолуции на УНГА, и други лица исто така може да имаат право да добиваат услуги од УНРВА, особено лица раселени како резултат на настаните од 1967 година и последователните конфликти; исто. За ажурирани бројки за населението, види УНРВА, Табела на регистрирани граѓани на УНРВА (UNRWA, UNRWA Registered Population Dashboard), http://bit.ly/2WGSSMI.

[168] УНРВА, Сирија: Хуманитарна слика, декември 2021 година (UNRWA, Syria: Humanitarian Snapshot, December 2021), 1 февруари 2021 година, https://bit.ly/39KmBMi. „Палестинското бегалско население останува главно раселено во 2020 година“; УНРВА, Извештај за напредок на итниот апел за регионална кризна ситуација во Сирија (UNRWA, Syria Regional Crisis Emergency Appeal Progress Report), 4 јануари 2021 година, https://bit.ly/2LutDes, стр. 10.

[169] Вклучително во Либан (27,700 палестински бегалци од Сирија / ПБС) и Јордан (17,800 ПБС). Многу ПБС се соочуваат со неизвесноста на сопственото постоење поради нивниот неизвесен правен статус и ограничените механизми за социјална заштита, што во голема мера прави тие да зависат од помошта на УНРВА за да ги покријат своите основни потреби. За други се смета дека избегале на локации надвор од регионот и затоа се надвор од опсегот на работа на Агенцијата; УНРВА, УНРВА, Итен апел за регионална криза во Сирија за 2021 година (UNRWA, Syria Regional Crisis Emergency Appeal 2021), 2 март 2021 година, https://bit.ly/2NTblVB, стр. 6, 35, 37, 41, 51.

[170] УНРВА, август 2020 година. Многу од бегалците евакуирани во Идлиб според т.н. „договори за евакуација“ последнователно се преместени како резултат на воените офанзиви против подрачјата што ги држеше опозицијата во 2019/2020 година. АГПС, Палестински и сириски семејства бегаат од смртоносни гранати во северна Сирија (AGPS, Palestinian and Syrian Families Flee Deadly Shelling in Northern Syria), 19 декември 2019 година, https://bit.ly/3hDK5V7. Види, исто така, Дел III.A.1.в. 171

[171] „(...) не беше забележан голем прилив во 2020 година, бидејќи границите и процедурите за прием останаа тесно управувани, дури и пред ограничувањата како резултат на КОВИД-19“; УНХЦР, Регионален план за бегалци и отпорност (3ПР) Регионален стратешки преглед за 2021-2022 година, 31 декември 2020 година, https://bit.ly/352b2Np, стр. 7.

полошите економски услови и сè посилните антибегалски чувства во некои земји домаќини.[172]

## 2) *Враќање на бегалците и ВРЛ*

### а) Враќање на бегалците

Паралелно со тековните раселувања, дојде и постепено зголемување на степенот и динамиката на враќања од соседните земји, вклучително и како резултат на сè полошите услови за сириските бегалци во тие земји.[173] Во 2020 година, околу 38.200 сириски бегалци спонтано се вратија во Сирија од земјите

[172] „(...) загрижувачки е порастот на инцидентите од страна на Генералната дирекција за безбедност на Либан што вклучуваат предавање на мажите кои избегнаа од Сириската армија и побегнаа во Либан на нивните сириски колеги, вклучувајќи го и последниот случај на Хусеин Џума кој, според повеќе извештаи, беше уапсен во 2021 година во Баалбек и предаден на обезбедувањето на Асад“; СЗГД, Третманот на сириските бегалци е најсериозниот неуспех за човековите права во Либан (SACD, Treatment of Syrian Refugees is Lebanon’s most Serious Human Rights Failure), 13 јануари 2021 година, https://bit.ly/2ZY4ufY. „Пријавени се присилни враќања од [Турција и од] други земји, но многу е тешко да се следат“; ЦМВР, Глобален извештај за внатрешно раселување за 2020 година (IDMC, Global Report on Internal Displacement 2020), 28 април 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2028844.html, стр. 36. Види, исто така, СОЧП, Покраината на Идлиб: Турските гранични чувари убија дете додека се обидувало да влезе на турската територија (SOHR, Idlib Countryside: Turkish Border Guards Kill Child, as He Tries to Enter Turkish Territory), 4 февруари 2021 година, http://bit.ly/3dAKAQ8; ХРВ, Светски извештај за 2021 година: Сирија (HRW, World Report 2021: Syria), 13 јануари 2021 година, www.ecoi.net/en/document/2043510.html; АГПС, 12 палестински бегалци од Сирија фатално застрелани од турската жандармерија (AGPS, 12 Palestinian Refugees from Syria Fatally Shot by Turkish Gendarmerie), 23 јануари 2021 година, http://bit.ly/2ZOdzbl; СОЧП, Прекршоци на турските гранични чувари: Над 460 цивили убиени од почетокот на сириската револуција, речиси една третина од нив се деца и жени (SOHR, Turkish Border Guards’ Violations: Over 460 Civilians Killed since the Start of the Syrian Revolution, Nearly One Third Are Children and Women), 12 декември 2020 година, https://bit.ly/2LqYh8d; Следење на заштита на бегалци, Заробени помеѓу Либан и Сирија: Недостаток на трајни решенија за бегалците од Сирија (Refugee Protection Watch, Trapped in Between Lebanon and Syria: The Absence of Durable Solutions for Syria’s Refugees), 19 октомври 2020 година, https://bit.ly/2I4m7ow (во натамошниот текст: Следење на заштита на бегалци, Заробени помеѓу Либан и Сирија (Refugee Protection Watch, Trapped in Between Lebanon and Syria), 19 октомври 2020 година, https://bit.ly/2I4m7ow), стр. 14-15; „Амнести интернешнал“, Јордан: Стоп за принудниот пренос на сириските бегалци во ничија земја во пустината (Amnesty International, Jordan: Stop Forcible Transfer of Syrian Refugees to a No-Man’s Land in the Desert), 15 септември 2020 година, https://bit.ly/2Rz6Uxt; ИЦГ, Олеснување на маките на сириските бегалци во Либан (ICG, Easing Syrian Refugees’ Plight in Lebanon), 13 февруари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2024712.html. ПБС во Јордан кои не поседуваат јордански документи „и понатаму се соочуваат со ризик од апсење, притвор и потенцијално присилно враќање во Сирија“; УНРВА, Извештај за напредок на итниот апел за регионална кризна ситуација во Сирија (UNRWA, Syria Regional Crisis Emergency Appeal Progress Report), 4 јануари 2021 година, https://bit.ly/2LutDes, стр. 6.

[173] „Ужасните услови во Сирија заедно со екстремните „фактори на притисок“ во земјите домаќини нè наведуваат да веруваме дека огромното мнозинство повратници во Сирија досега не го сториле тоа доброволно, туку бидејќи биле принудени да ја донесат одлуката за враќање врз основа на нивните тешки околности. Бегалците од Сирија кои живеат во соседните земји честопати доживуваат правна, економска и општествена маргинализација, а понекогаш и активна дискриминација во нивните места на живеење. Одлуките за враќање донесени со цел да избегнат од таквите услови не може да се сметаат за доброволни или достоинствени. Понатаму, целокупната ситуација во Сирија останува крајно непогодна за безбедно и достоинствено враќање на раселените Сирijци“; Заеднички извештај на невладините агенции, Во непознатото: Слушање на раселените лица во Сирија во потрага по издржливи решенија (Joint Agency NGO Report, Into the Unknown: Listening to Syria’s Displaced in the Search for Durable Solutions), јуни 2020 година, https://bit.ly/32COLW3 (во натамошниот текст: Заеднички извештај на невладините агенции, Во непознатото (Joint Agency NGO Report, Into the Unknown), јуни 2020 година, https://bit.ly/32COLW3), стр. 12. Според портпаролот на УНХЦР, Лиса Абоу Калед, „Според разговорите со бегалците, таквите [социо-економски] фактори - вклучително и фактот дека веќе не можат да си дозволат кирија, облека и други основни потреби - беа споменати како причини зошто одлучиле да се вратат. Некои бегалци како причина ја наведоа и моменталната состојба во Либан и зголемувањето на цените на храната“; „Д араб викли“, Само неколку сириски бегалци се вратија дома и покрај економските кризи во Либан (The Arab Weekly, Few Syrian Refugees Return Home Despite Lebanon’s Economic Crises), 8 април 2020 година, https://bit.ly/2E5JlJ3. Види, исто така, СЗГД, Третманот на сириските бегалци е најсериозниот неуспех за човековите права во Либан (SACD, Treatment of Syrian Refugees is Lebanon’s most Serious Human Rights Failure), 13 јануари 2021 година, https://bit.ly/2ZY4ufY; УНХЦР, Извештај за напредокот за 2020 година: 3ПР Регионален план за бегалци и отпорност како одговор на кризата во Сирија (август 2020 година) (UNHCR, 2020 Progress Report: 3RP Regional Refugee & Resilience Plan in Response to the Syria Crisis (August 2020)), 31 август 2020 година, https://bit.ly/3nxiHLE, стр. 3; „Араб њуз“, Либан бара сириските бегалци да си заминат (Arab News, Lebanon Pushes for Syrian Refugees to Leave), 18 јули 2020 година, https://bit.ly/2ONTk88; „Рефјуџис интернешнал“, Либан на крстопат: Расте неизвесноста за сириските бегалци (Refugees International, Lebanon at a Crossroads: Growing Uncertainty for Syrian Refugees), 30 јануари 2020 година, https://bit.ly/32BTPdB.

во регионот, повеќето од Турција, Ирак и Либан, што претставува значително помалку враќања во споредба со 2019 година, кога беше утврдено враќањето на близу 95.000 бегалци.[174] Но, не се сите враќања одржливи, па се известува и за обновени раселувања.[175]

Затворањето на границите и ограничувањето на движењето поради КОВИД-19 доведе до речиси целосно запирање на враќањето на бегалците од соседните земји од средината на март до мај 2020 година. [176]Сепак, продолжи користењето на нерегуларните премини, особено од Либан, бидејќи економската криза во земјата создаде дополнителни економски потешкотии за сириските бегалци.[177]

На 7 јули 2020 година, Владата на Сирија издаде указ со кој им наложи на сите возрасни Сиријци кои се враќаат од странство да разменат 100 US$, или соодветна противвредност во странска валута прифатена од Централната банка на Сирија. Бидејќи с о новата политика се налага размената да се врши според официјалниот курс на Централната банка, повратниците се приморани готовината да ја конвертираат по за речиси половина од пазарната вредност на парите.[178]

[174] Помеѓу јануари и 20 февруари 2021 година, УНХЦР забележа речиси 4,300 враќања, претежно од Турција; УНХЦР, февруари 2021 година. Ова вклучува сириски бегалци регистрирани од УНХЦР во Египет, Ирак, Јордан и Либан и од Владата на Турција. Објавените броеви се само оние кои се набљудувани/потврдени од страна на УНХЦР и, како такви, веројатно се потценети; УНХЦР, Регионален одговор за бегалците во Сирија: Трајни решенија, последен пат ажурирано на 31 декември 2020 година, https://data2.unhcr.org/en/situations/syria_durable_solutions. „Намалувањето на повратници најверојатно се должи на низа фактори, вклучувајќи ја предизвикувачката правна, економска и политичка ситуација и влијанието на пандемијата на КОВИД-19 врз Сирија, како и новите барања воведени од сириските власти во врска со влезот, вклучително и негативниот резултат од PCR тестот и, за секој возрасен, размена од 100 американски долари во сириски фунти според официјалната стапка при влегување“; УНХЦР, Регионален план за бегалци и отпорност (3ПР) Регионален стратешки преглед за 2021-2022 година, 31 декември 2020 година, https://bit.ly/352b2Np, стр. 34.

[175] „Дури и во провинциите каде што конфликтот е намален, тие се борат да добијат работа и да пристапат до услуги. Соочени со невозможноста да се постигне трајно решение дома, некои бегалци повторно ги преминуваат границите“; ЦМВР, Деценија на раселување во Блискиот Исток и Северна Африка (IDMC, A Decade of Displacement in the Middle East and North Africa), 15 февруари 2021 година, https://bit.ly/3bIk1Gp, стр. 73. „Недостатокот на одржлива материјална, физичка и правна безбедност сè повеќе доведува до појава на „повторно раселување“, при што бегалците решаваат повторно да ја напуштат Сирија и се обидуваат да ја преминат границата со Либан, каде што сепак немаат пристап до законски престој“; Следење на заштита на бегалци, Заробени помеѓу Либан и Сирија (Refugee Protection Watch, Trapped in Between Lebanon and Syria), 19 октомври 2020 година, https://bit.ly/2I4m7ow, стр. 30.

[176] „Нема потврдени враќања од крајот на март и крајот на мај 2020 година. (...) До крајот на 2020 година, враќањето од сите 3РП земји [земји опфатени со Планот за одговор на бегалците на ОН, односно Јордан, Либан, Ирак, Турција и Египет] продолжи, иако бројките остануваат значително пониски отколку пред пандемијата“; УНХЦР, Регионален план за бегалци и отпорност (3ПР) Регионален стратешки преглед за 2021-2022 година (UNHCR, Regional Refugee & Resilience Plan (3RP) Regional Strategic Overview 2021-2022), 31 декември 2020 година, https://bit.ly/352b2Np, стр. 7. Види исто така УНРВА, Извештај за напредок на итниот апел за регионална кризна ситуација во Сирија (UNRWA, Syria Regional Crisis Emergency Appeal Progress Report), 4 јануари 2021 година, https://bit.ly/2LutDes, стр. 10.

[177] Во средината на јули 2020 година, границата меѓу Либан и Сирија повторно се отвори за враќање на бегалците. „Од 16 август [2020 година], сириската влада побара лицата кои пристигнуваа од официјалните гранични премини со Либан да претстав ат негативен PCR сертификат добиен во последните 96 часа од акредитирани лаборатории. Оние што не можат да претстав ат таков документ се став аат во карантин“; ОЦХА / Светска здравствена организација (СЗО), Хуманитарно ажурирање за КОВИД-19, бр. 22 (OCHA / World Health Organization (WHO), COVID-19 Humanitarian Update No. 22), 23 декември 2020 година, https://bit.ly/392uhbc, стр. 2. До средината на јуни 2020 година, Турција ги продолжи активностите за регистрација на бегалци преку својата граница, но враќањата беа исто така забележани од страна на Ирак; УНХЦР, Брифинг белешка на УНХЦР: Најнови случувања во динамиката на раселување во соседните земји на Сирија, јуни 2020 година, https://bit.ly/30v9DMI, стр. 10.

[178] Новата политика влегува во сила од 1 август 2020 година и се однесува на копнените премини и аеродромите. Возачите на јавен транспорт и возачите на камиони се исклучени од одлуката. „За големи и сиромашни семејства, цената на овие мерки ќе биде огромна“; „Д Сирија репорт“, Владата ги тера Сиријците кои влегуваат во земјата да ги продадат доларите по официјална стапка (The Syria Report, Government Forces Syrians Entering the Country to Sell Dollars at Official Rate), 15 јули 2020 година, https://bit.ly/2Cr0KLS. „Со воведувањето на Одлуката на Кабинетот бр. 46 од 1 август 2020 година, што им наметнува на сите Сиријци и слично (со исклучок на лица на возраст под 18 години и возачи на јавен превоз) барање за размена на 100 американски долари на границите пред да им биде одобрен влез во Сирија, бројот на сведочени враќања се намали“; УНХЦР, Сирија; Оперативно ажурирање на УНХЦР, јули-август-септември 2020 година, 10 ноември 2020 година, https://bit.ly/32yewGe, стр. 10. „Неколку бегалци кои се обидуваат да се вратат во Сирија – честопати за да избегаат од тешките економски околности во Либан - се најдоа заглавени во ничија земја меѓу Либан и Сирија и не само што не можат да си одат дома, туку и не им е дозволено да се вратат во Либан. Најмалку едно 17 годишно девојче почина во оваа ситуација“; Следење на заштита на бегалци, Заробени помеѓу Либан и Сирија (Refugee Protection Watch, Trapped in Between Lebanon

Иако враќањето на палестинските бегалци[179] во местата на нивно вообичаено живеалиште во Сирија сè на сè остана на ниско ниво, во 2020 година УНРВА забележа околу 1.380 враќања, главно од Либан и Јордан.[180]

### б) Враќање на ВРЛ

Враќањето на ВРЛ се колебаше како што се менуваа линиите на фронтот.[181] Во 2020 година, беа забележани близу 450.000 враќања на ВРЛ.[182] Повеќето од овие враќања се одвиваа во области на Северозападот што не беа под контрола на владата, и тоа по прекинот на огнот во март 2020 година.[183] Исто како и кај бегалците, не се сите враќања на ВРЛ одржливи, па се известува и за обновени раселувања. [184]

---

and Syria), 19 октомври 2020 година, https://bit.ly/2I4m7ow, стр. 13-14. Според ХРВ, политиката „само додаде уште една пречка што спречува да се вратат Сиријците кои сакаат да си одат дома“; ХРВ, Се враќа пречката од 100 долари во Сирија (HRW, Syria's 100 Dollar Barrier to Return), 23 септември 2020 година, http://www.ecoi.net/en/document/2037981.html.

[179] Палестинските бегалци регистрирани во Генералниот надлежен орган за палестински арапски бегалци (ГАПАР) можат легално да се вратат во Сирија. Палестинските бегалци кои не се регистрирани во ГАПАР би можеле да се вратат, но од нив ќе се бара да го ажурираат нивниот статус на престој; УНРВА, декември 2020 година.

[180] Вкупно 1,053 бегалци се вратија од Либан и Јордан, а 330 од други земји; УНРВА, Сирија: Хуманитарна слика, декември 2020 година (UNRWA, Syria: Humanitarian Snapshot, December 2020), 1 февруари 2021, https://bit.ly/39KmBMi. In 2019, UNRWA евидентираше над 2,700 враќања на палестински бегалци од Либан и Јордан; УНРВА, Итен апел за регионална криза во Сирија за 2020 година (UNRWA, Syria Regional Crisis Emergency Appeal 2020), 31 јануари 2020, https://bit.ly/30eFsue, стр. 6. “Се бележи намалување во вкупниот број враќања на палестински бегалци од март 2020 па наваму поради затварањето на границите и ограничувањата кои беа воведени во Сирија и во нејзините соседни земји како дел од превентивните мерки за КОВИД-19”; УНРВА, Итен апел за регионална криза во Сирија за 2021 година (UNRWA, Syria Regional Crisis Emergency Appeal 2021), 2 март 2021, https://bit.ly/2NTblVB, p. 12.

[181] Одлуките на ВРЛ за враќање во нивните области на потекло се засновани на многу опречни фактори кои се однесуваат на економската состојба, пристап до помошни и основни услуги, безбедносните услови и на желбата за обединување со семејството; ОЦХА, ПНП, 2020 година (OCHA, 2020 HNO), јули 2020, стр. 29.

[182] ОЦХА, Сириската Арапска Република: Резиме на потребите и одговорите за 2021 година (OCHA, Syrian Arab Republic: 2021 Needs and Response Summary), 22 февруари 2021 година, https://bit.ly/3shgULZ, стр. 4. Ова е во споредба со 494,000 враќања на ВРЛ во 2019 година и 1,4 милиони враќања на ВРЛ во 2018 година. „Бројот на движења за враќање на ВРЛ се намали за две третини во 2019 година, од 1,4 милиони во 2018 година на 494,000 во 2019 година. Овој тренд на опаѓање е поврзан со перцепциите за личните безбедносни услови, ограничени можности за средства за егзистенција и приход, ослабена инфраструктура, вклучително и домување и достапност на услугите во подрачјата за враќање.“ Анкетите за намери покажаа дека над 50% од сите ВРЛ се неодлучни за нивната краткорочна иднина (во следните три месеци). Приближно една петтина посочија дека сакаат да се интегрираат во нивните сегашни заедници, особено во гуверноратите Рака и Деиз Ез Зур. Само 16% изјавија дека имаат намера да се вратат во нивното место на потекло (пад од 30% во 2019 година). „Овие бројки укажуваат на зголемена несигурност на условите за враќање – вклучително и проблеми во врска со безбедноста, ограничувања на движењето, недостиг на можности за вработување и пристап до основни услуги - како и степенот до кој ВРЛ биле во можност да обезбедат егзистенција во своите места на раселување, дури и ако на крајот тие не се одржливи“; ОЦХА, ПНП, 2020 година (OCHA, 2020 HNO), јули 2020 година, стр. 16- 17.

[183] Помеѓу јануари и ноември 2020 година, околу 242,000 ВРЛ се вратија во подрачјата под контрола на опозицијата во гувернроатите Идлиб и Алепо од каде што беа раселени (или место на потекло или поранешно место на раселување); ОЦХА, Најнови случувања во северозападна Сирија: Извештај за состојбата бр. 23 (OCHA, Recent Developments in Northwest Syria: Situation Report No. 23), 21 декември 2020 година, https://bit.ly/2X8Sx5P, стр. 2; СБОН, Имплементација на резолуциите на Советот за безбедност (UNSC, Implementation of Security Council Resolutions) 2139 (2014 г.), 2165 (2014 г.), 2191 (2014 г.), 2258 (2015 г.), 2332 (2016 г.), 2393 (2017 г.), 2401 (2018 г.), 2449 (2018 г.), 2504 (2020 г.) и 2533 (2020 г.), 14 октомври 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2039998.html, став 6. „ВРЛ исто така изјавија дека се плашат да се вратат во градовите и селата што ги ослободи владата. Постои добро документиран запис за тоа дека владините сили произволно апсат, мачат и присилно исчезнуваат цивили од територии што ги држат недржавните вооружени групи“; ЦМВР, Деценија на раселување во Блискиот Исток и Северна Африка (IDMC, A Decade of Displacement in the Middle East and North Africa), 15 февруари 2021 година, https://bit.ly/3bIk1Gp, стр. 29. Според Независната меѓународна анкетна комисија за Сирија, „Стравувањата од произволен притвор од страна на провладините сили се дел од факторите што го попречуваат враќањето во подрачјата преземени од Владата“; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 2 јули 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2035513.html, став 79.

[184] „10 проценти од домаќинствата на ВРЛ се обиделе да се вратат во своите места на потекло, од каде повторно биле раселени за помалку од еден месец, поради комбинација на фактори на притисок и повлекување. Во гувернoратот Дара, оваа бројка изнесува 15 проценти; таа се искачува на 20 проценти во гувернoратот Идлиб; ОЦХА, ПНП, 2020 година (OCHA, 2020 HNO), јули 2020 година, стр. 17.

Некои внатрешно раселени палестински бегалци се вратија во своите претходни места на вообичаено живеалиште во 2019 и 2020 година, вклучително и 3.000 лица што се вратија во кампот во Дараа во Јужна Сирија.[185]

### 3) *Намерата за враќање на бегалците и пречки за нивното враќање*

Анкетите покажаа дека доброволната, безбедна и достоинствена репатријација и понатаму е посакуваното трајно решение за сириските бегалци, при што мнозинството и понатаму изразуваат надеж еден ден да се вратат во своите домови.[186]

Врз одлуката на бегалците влијаат најразлични фактори. Меѓу клучните фактори се и перцепцијата за сигурност и безбедносните услови во Сирија,[187] вклучително и стравот од произволните апсења и притвори,[188] а во случај на военоспособните мажи, обврската да се служи задолжителниот или

[185] УНРВА, декември 2020 година.

[186] Истражувањето спроведено врз 1,100 раселени лица од страна на САЦД покажа дека околу 62% од анкетираните бегалци сакаат да се вратат во Сирија доколку постојат вистински услови за тоа (во споредба со 92% од анкетираните ВРЛ); СЗГД, Ние сме Сирија: Испитување на 1,100 раселени Сирijци за причините за раселување и минимални услови за враќање (SACD, We Are Syria: Survey of 1,100 Displaced Syrians on the Reasons for Displacement and Minimum Conditions for Return), 21 јули 2020 година, https://bit.ly/2WtVwFy, стр. 3, 22. Резултатите од Петотто истражување за перцепција и намери на бегалците на УНХЦР, што беше спроведено во Египет, Ирак, Јордан и Либан меѓу ноември 2018 година и јануари 2019 година, укажуваат на тоа дека како регионален просек, 75% од сириските бегалци се надеваат дека некој ден ќе се вратат во Сирија. Сепак, само мал број, 5,9%, изразија намера да се вратат во рок од 12 месеци по истражувањето; УНХЦР, 5-то регионално истражување за перцепциите и намерите за враќање на бегалците за март 2019 година (5th Regional Survey on Refugee Return Perceptions and Intentions March 2019), 17 март 2019 година, www.ecoi.net/en/document/2005431.html.

[187] „Безбедносните проблеми се најголемата пречка за враќањето“; СЗГД, Ние сме Сирија: Испитување на 1,100 раселени Сирijци за причините за раселување и минимални услови за враќање (SACD, We Are Syria: Survey of 1,100 Displaced Syrians on the Reasons for Displacement and Minimum Conditions for Return), 21 јули 2020 година, https://bit.ly/2WtVwFy, стр. 3. „Многу од ВРЛ и бегалците кои беа интервјуирани за овој извештај нема доброволно да се вратат во подрачјата на потекло или да донесат долгорочни одлуки во врска со преместувањето сѐ додека не имаат поголема доверба дека ќе бидат безбедни доколку го сторат тоа. Ова се однесува не само на отсуството на активен конфликт, туку и на отстранување на експлицитни или имплицитни закани од владата, милициите и другите групи. Често покренатите стравови, покрај активните борби, вклучуваат произволно апсење од страна на безбедносните сили, присилна регрутација, киднапирање од страна на вооружени групи и ризикот од неексплодирана артилерија“; Заеднички извештај на невладините агенции, Во непознатото (Joint Agency NGO Report, Into the Unknown), јуни 2020 година, https://bit.ly/32COLW3, стр. 15. „За потенцијалните повратници, основната грижа е загрозувањето на нивната безбедност или на нивните сакани“; ИЦГ, Олеснување на маките на сириските бегалци во Либан (ICG, Easing Syrian Refugees' Plight in Lebanon), 13 февруари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2024712.html, стр. 15. Види, исто така, Центар за стратешки студии Омран, Индикатори за безбедносна стабилност во Сирија и враќање на бегалците: евалуација на одбрани случаи (Omran Center for Strategic Studies, Indicators of Security Stability in Syria and Refugee Return: An Evaluation of Select Cases), 17 декември 2020 година, https://bit.ly/3rhZoYC; „Њујорк тајмс“, Сирија бара враќање на бегалците, но тие се плашат од гневот на лидерот (New York Times, Syria Seeks Return of Refugees, but They Fear Leader's Wrath), 12 ноември 2020 година, https://nyti.ms/33ZeDeR.

[188] Студија заснована на 620 интервјуа со сириски бегалци кои престојуваат во Ирак, Либан, Јордан и Турција, како и две дискусии со фокус групата во Дара под контрола на режимот и покраината Дамаск, откри: „Заканата од соочување со произволно апсење од страна на безбедносните, милициите и воените фракции на режимот Асад беше најчесто наведената причина за одложување на враќањето меѓу раселените Сирijци. Стравот од притвор од страна на режимот или други вооружени сили во Сирија е проследен со кражба, киднапирање и уцена за откуп. Други важни размислувања вклучуваа локални и странски милиции, распространетоста на атентати и случајни експлозии.“ Резултатите од анкетата покажаа дека најтаргетираните групи по враќањето во подрачјата под контрола на режимот се активисти, војници на ФСА, војници кои избегаа, регрутирани лица, јавни службеници кои избегаа, нивните семејства и бизнисмени; Центар за стратешки студии Омран, Безбедносниот пејзаж во Сирија и неговото влијание врз враќањето на бегалците: Испитување на мислење (Omran Center for Strategic Studies, The Security Landscape in Syria and its Impact on the Return of Refugees: An Opinion Survey), 17 декември 2020 година, https://bit.ly/3asi7uk, стр. 11, види, исто така, стр. 44-49, 95. „Многу повратници бегалци – особено мажи на возраст соодветна за отслужување воен рок – се плашат од притвор и изјавија дека мажите на возраст соодветна за отслужување воен рок често се малтретирани на улиците од страна на членовите на безбедносниот апарат, дури и по стекнување официјални исклучоци од задолжителниот воен рок. (...) Генерално, мнозинството испитаници (особено кај машките испитаници) го сметаа за заканувачко големото присуство на безбедносниот апарат во подрачјата за враќање вклучени во ова истражување, дури и кај оние кои знаат дека не се „барани лица“ или изложени на особено висок ризик на притвор. Испитаниците изјавија дека немањето соодветни лични документи, или друга навидум мала пречка, може да има големи последици за нечија лична безбедност“; Следење на заштита на бегалци, Заробени помеѓу Либан и Сирија (Refugee Protection Watch, Trapped in Between Lebanon and Syria), 19

резервниот воен рок.[189] Во некои случаи, властите не им ја одобрија безбедносната проверка што им е потребна на бегалците за да се вратат, а пак на некои повратници не им беше овозможено да се вратат во своите места на живеење.[190] Се известува и за загриженост во однос на идната отчетност и верскиот

октомври 2020 година, https://bit.ly/2l4m7ow, стр. 5, 17. „Некои од овие порано опсадени подрачја, како што е предградието Дамаск во Дараја (...) сега се целосно депопулирани. Луѓето кои потекнуваат од овие поранешно опсадени подрачја продолжуваат да се соочуваат со повреди на човековите права, како што се закана за апсење или малтретирање кога се враќаат да проверат или да побараат имот“; РАХ/„Импјунити воч“, Прекршување на правата за домување, земјиште и имот: Пречка за мирот во Сирија (PAX / Impunity Watch, Violations of Housing, Land and Property Rights: An Obstacle to Peace in Syria), март 2020 година, https://bit.ly/3jkWQoi, стр. 4. Види, исто така, „Сирија репорт“, Ал Лајат: Делумно и опасно враќање за раселените жители (Syria Report, AlLajat: A Partial, and Dangerous, Return for Displaced Residents), 3 февруари 2021 година, http://bit.ly/37QexYX; „Четхам хаус“, Прорежимската милиција и милитантите на ИСИС се против враќањето на народот на Палмира (Chatham House, ProRegime Militias and ISIS Militants Stand Against the Return of Palmyra's People), 19 септември 2019 година, https://bit.ly/2CPrTYY; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 15 август 2019 година, www.ecoi.net/en/document/2016403.html, став 10; ЕИМ, Бегалците се враќаат во Сирија (EIP, Refugee Return in Syria), јули 2019 година, www.ecoi.net/en/document/2018602.html, стр. 5; Светска банка, Мобилноста на раселените Сиријци: Економска и социјална анализа (World Bank, The Mobility of Displaced Syrians: An Economic and Social Analysis), 6 февруари 2019 година, www.ecoi.net/en/document/1457751.html (во натамошниот текст: Светска банка, Мобилноста на раселените Сиријци (World Bank, The Mobility of Displaced Syrians), 6 февруари 2019 година, www.ecoi.net/en/document/1457751.html), стр. 73; и Дел III.А.1.д. „Стравот од безбедносниот апарат на Асад беше најважната причина за раселување од подрачјата под контрола на режимот во текот на сите години на конфликтот, со 96% од анкетираните луѓе именувајќи го како причина за раселувањето во 2011 година и 94% во 2018 година“; СЗГД, Демографска промена: Крајната цел на политиката за присилно раселување на сирискиот режим (SACD, Demographic Change: The Ultimate Goal of the Syrian Regime's Policy of Forced Displacement), ноември 2020 година, https://bit.ly/3kA55Ou, стр. 3.

[189] „84 проценти од учесниците во студијата кои сакаат да се вратат, сакаат задолжителното воено регрутирање да биде или откажано или суспендирано за најмалку 5 години“; СЗГД, Ние сме Сирија: Испитување на 1,100 раселени Сиријци за причините за раселување и минимални услови за враќање (SACD, We Are Syria: Survey of 1,100 Displaced Syrians on the Reasons for Displacement and Minimum Conditions for Return), 21 јули 2020 година, https://bit.ly/2WtVwFy, стр. 4. Стравот од регрутација „значително придонесува за донесување на одлуки околу враќањето на бегалците, вклучително и за момчињата кои наскоро ќе бидат на возраст за отслужување на воен рок, кои често го споменуваат регрутирањето како клучна причина за да не се вратат во Сирија, дури и ако сметаат дека враќањето ќе им обезбеди подобар пристап до повисоко образование или можности за егзистенција“; „Сејв д чилдрен“, Патеки до психосоцијална безбедност за раселените деца и адолесценти во Сирија (Save the Children, Psychosocial Safety: Pathways to Psychosocial Safety for Syria's Displaced Children and Adolescents), 25 јуни 2020 година, https://bit.ly/3dJHpCi, стр. 15. „Мажите кои се подобни да служат во војска се особено загрижени за можноста на присилна регрутација во сириската арапска армија, која продолжува да се занимава со борбени операции. Тие исто така изразуваат страв од казнување за дезертација или избегнување остслужување на воениот рок“; ECHO, Дилемата за раселување: Дали Европа треба да им помогне на сириските бегалци да се вратат дома? (ECFR, The Displacement Dilemma: Should Europe Help Syrian Refugees Return Home?), 13 март 2019 година, https://bit.ly/2JcXqqr. Види, исто така, ИЦГ, Олеснување на маките на сириските бегалци во Либан (ICG, Easing Syrian Refugees' Plight in Lebanon), 13 февруари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2024712.html, стр. i; ХРВ, Се наближува зимата за сириските бегалци во Сирија (HRW, Winter Looms for Lebanon's Syrian Refugees), 20 декември 2019 година, https://bit.ly/2uoMaA5; и Дел III.А.1.д. Мажите над 42 години и кои не го отслужиле својот задолжителен воен рок и немале валидно ослободување за тоа, мораат да платат надоместок за ослободување од 8,000 американски долари според измените на Законот за регрутација. Оние кои нема да платат подлежат на санкции, вклучително и во форма на одземање на нивните подвижни и недвижни имоти. Бидејќи огромното мнозинство сириски бегалци во оваа ситуација немаат средства за плаќање, овие регулативи силно ги обесхрабруваат оние кои размислуваат да се вратат во Сирија. Види, исто така, Дел III.А.2.

[190] Види Дел III.А.1.д.

соживот.[191] Широко распространетата контаминација со НБС и понатаму претставува проблем.[192]

Бегалците, исто така, ја изразија својата загриженост во однос на немањето соодветно домување, основни услуги и можности за вработување, што се усложнува и со високите трошоци за живеење.[193] Немањето официјални документи создава дополнителни пречки за повратниците, вклучително и за преминување на контролните пунктови, наоѓање работа, набавување стоки коишто ги субвенционира државата, добивање здравствена заштита, запишување на децата во училиште, најмување станови

Планот за хуманитарна интервенција во Сирија од 2020 година, во кој се дава рамката како хуманитарната заедница да одговори на големите хуманитарни потреби и потребите од заштита во Сирија,

Предвиде финансирање од 3,82 милијарди US$, вклучително и 384,2 милиони US$ за одговор на КОВИД-19.[385] Во времето на овој запис, планот имаше добиено само 56,1% од неговите вкупни буџетски барања,[386] а пак програмите за помош се во ризик поради немањето средства.[387] Планот за хуманитарна интервенција од 2021 година, којшто сѐ уште не беше започнат да се спроведува во времето на овој запис, се очекува да чини 4,2 милијарди US$.[388]

## *2) Хуманитарните потреби на особено ранливите групи*

### а) ВРЛ и повратниците

Хуманитарните услови на Северозападот на земјата, каде што мнозинството население има потреба од хуманитарна помош,[389] се опишуваат како *„од човека создаден хуманитарен кошмар“*[390] и *„најголемата хуманитарна хорор приказна на 21-иот век“.*[391] Од јануари 2021 година, на Северозападот се наоѓаа околу 2,7 милиони ВРС, вклучително и оние кои беа раселени од воздушните напади, гранатирањето и копнените напади при обидот на влафините сили одново да го заземе Идлиб и соседните подрачја во периодот помеѓу декември 2019 и почетокот на март 2020 година.[392] Во ова подрачје се наоѓаат и лицата раселени од другите делови на Сирија, вклучително и оние кои биле присилно раселените согласно „договорите за евакуација“ од подрачјата кои претходно биле под

економска реконструкција и привлекување на инвестиции, еден аналитичар заклучи дека: „Можностите за регионален ангажман ќе бидат ограничени, а сириската повоена економија најверојатно ќе остане на парчиња и нецелосна“; Преглед на глобални работи во Каиро, Изгледите за обнова на Сирија се мрачни (The Cairo Review of Global Affairs, Syria’s Prospects for Reconstruction Are Bleak), 2020 година, https://bit.ly/3gIAGd6.

[385] ОЦХА, Услуга за следење финансии (УСФ), План за хуманитарен одговор на Сирија за 2020 година (OCHA Financial Tracking Service (FTS), Syria Humanitarian Response Plan 2020), пристапено на 28 февруари 2021 година, https://bit.ly/38gK3y4.

[386] Исто; ОЦХА, Сириската Арапска Република: Празнини во хуманитарното финансирање (OCHA, Syrian Arab Republic: Humanitarian Funding Gaps), 29 јуни 2020 година, https://bit.ly/2VRNrL9, стр. 1.

[387] На пример, на северозапад, „Значителни празнини во финансирањето се забележани од страна на WASH, Health, and Protection Clusters, со неколку програми кои се затвораат или се изложени на непосреден ризик од тоа. Поточно, милиони луѓе можат да останат без соодветни услуги за вода и санитација, а неколку центри за третман на КОВИД-19 и установи кои третираат родово базирано насилство се изложени на ризик од затворање. Потребно е итно финансирање за да се одржи постојното програмирање“; ОЦХА, Најнови случувања во северозападна Сирија: Извештај за состојбата бр. 24 (OCHA, Recent Developments in Northwest Syria: Situation Report No. 24), 26 јануари 2021 година, https://bit.ly/3aYZ6PY, стр. 2. Исто така, сегашното финансирање е доволно само да се достигне 2,3 од три милиони луѓе кои се идентификувани дека се имаат најголема потреба за зимска помош; ОЦХА, Заменик-генерален секретар за хуманитарни прашања и координатор за итна помош, Марк Локвуд: Брифинг до Советот за безбедност на хуманитарната состојба во Сирија, 16 декември 2020 година, https://bit.ly/3nx2hlK, стр. 3. Види, исто така, ОЦХА, Сириската Арапска Република: Празнини во хуманитарното финансирање (OCHA, Syrian Arab Republic: Humanitarian Funding Gaps), 29 јуни 2020 година, https://bit.ly/2VRNrL9, стр. 1, 4, 17, 19, и 21.

[388] ОЦХА, Најнови случувања во северозападна Сирија: Извештај за состојбата бр. 24 (OCHA, Recent Developments in Northwest Syria: Situation Report No. 24), 26 јануари 2021 година, https://bit.ly/3aYZ6PY, стр. 3.

[389] „Од проценетите 4 милиони луѓе кои сега живеат во северозападниот дел од земјата, 70 проценти имаат потреба од хуманитарна помош“; СБОН, Преглед на хуманитарните прекулиниски и прекугранични операции на Обединетите нации (UNSC, Review of United Nations Humanitarian Cross-Line and Cross-Border Operations), 14 мај 2020 година, S/2020/401, www.ecoi.net/en/document/2030467.html.

[390] „Ју-ен њуз“, Шефот на ООН апелира за ставање крај на хуманитарниот кошмар во Сирија создаден од човекот (UN News, UN Chief Appeals for End to Syria’s Man-Made Humanitarian Nightmare’), 21 февруари 2020 година, https://shar.es/abnzMo. 391 „Ју-ен њуз“, Додека насилството во северозападна Сирија достигнува „застрашувачко“ ново ниво, шефот на ООН за помош вели дека прекинот на огнот е единствената опција (UN News, As North-West Syria Violence Reaches ‘Horrifying’ New Level, UN Relief Chief Says Ceasefire Is only Option), 17 февруари 2020 година, https://shar.es/aHIPC3.

[391] „Ју-ен њуз“, Додека насилството во северозападна Сирија достигнува „застрашувачко“ ново ниво, шефот на ООН за помош вели дека прекинот на огнот е единствената опција (UN News, As North-West Syria Violence Reaches ‘Horrifying’ New Level, UN Relief Chief Says Ceasefire Is only Option), 17 February 2020, https://shar.es/aHIPC3.

[392] Вклучувајќи 1,6 милиони ВРЛ кои живеат распространети во над 1,300 кампови и неформални места; „Ју-ен њуз“, Сирија поплавена: Хуманитарците работат „непрекинато“ за да обезбедат итна помош (UN News, Syria Floods. Humanitarians Working ‘Round the Clock’ to Provide Urgent Relief), 29 јануари 2021 година, https://shar.es/aokzZP. Сѐ уште се пријавуваат нови раселувања во северозападна Сирија од јануари 2021 година; ОЦХА, Најнови случувања во северозападна Сирија: Извештај за состојбата бр. 24 (OCHA, Recent Developments in Northwest Syria: Situation Report No. 24), 26 јануари 2021 година, https://bit.ly/3ubmCB6, стр. 2.

контрола на опозицијата, вклучително и Алепо, Хомс, Дараа и Источна Гута.[393] Голем број ВРЛ биле повеќе пати раселувани.[394] Камповите за ВРЛ во и околу Идлиб се пренатрупани со голем број ВРЛ и се присилени да бараат засолниште во импровизирани населби, како што се незавршени или напуштени згради, или пак да престојуваат на отворено.[395] Неповолните временски услови, вклучително и снег, температури под нулата и поројни дождови, повеќекратно придонесоа за нови раселување и за смртност кај децата.[396] Во подрачјата погодени со судирот, цели градови и села на Северозападот беа испразнети од жители.[397]

За хуманитарната состојба на локациите ширум земјата каде што се наоѓа раселеното население,[398]

---

[393] За присилното раселување на цивилите според договорите за евакуација, види, исто така, Дел III.A.1.г и фуснота 502.

[394] „Ју-ен њуз“, Додека сирискиот конфликт навлегува во својата 10-та година, „брутална вистина“ е дека постои малку заштита за семејствата (UN News, As Syrian Conflict Enters 10th Year, ‘Brutal Truth’ Is, there Is Little Protection for Families), 13 март 2020 година, https://shar.es/abnzHy.

[395] „Повеќе од 1,5 милион од 2,7 милиони ВРЛ во СЗС моментално се засолнети во околу 1,100 „места на кои инаку никогаш не би живееле“. Многу од овие места се пренатрупани, а пристапот до засолниште, безбедна вода, храна, здравствена и психосоцијална поддршка е несоодветен“; ОЦХА, Глобален хуманитарен преглед: Сирија (OCHA, Global Humanitarian Overview: Syria), пристапено на 28 февруари 2021 година, https://gho.unocha.org/syria. „Условите за живот на внатрешно раселените луѓе (ВРЛ) во северозападна Сирија се ужасни: повеќето се принудени да се засолнат или во напуштени згради или градилишта, или во пренатрупани кампови за ВРЛ“; Фонд ОРЕОЛ, Загадување од експлозивна опасност во северозападна Сирија: Извештај од состанок на тркалезна маса (HALO Trust, Explosive Hazard Contamination in Northwest Syria: Roundtable Meeting Report), 17 декември 2020 година, https://bit.ly/2LjBrj2, стр. 3. Види, исто така, СОЧП, Раселени лице во владини згради во градот Идлиб: Катастрофална хуманитарна ситуација сред страв од протерување од „владата на спасението“ (SOHR, Displaced People in Government Buildings in Idlib City: Disastrous Humanitarian Situation, amid Fears of Expulsion by the “Salvation Government”), 14 февруари 2021 година, https://bit.ly/2ZOY3Mp; ОЦХА, План за хуманитарен одговор за 2020 година (OCHA, 2020 Humanitarian Response Plan), 30 декември 2020 година, https://bit.ly/2XcsWZv, стр. 8-9; УНХЦР/„Шелтер кластер“, Северозападна Сирија: Преглед на засолништа и ПНХ (октомври 2020 година (UNHCR/Shelter Cluster, NorthWest Syria: Shelter & NFI Emergency Overview (October 2020)), 27 ноември 2020 година, https://bit.ly/39Xcrbt, стр. 1; „Норт прес ејџенси“, ВРл од градот Идлиб бараат решенија за високите трошоци за изнајмување (North Press Agency, IDPs from Syria’s Idleb Demand Solutions to High Rental Costs), 20 октомври 2020 година, https://bit.ly/2HENWnd; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 2 јули 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2035513.html, став 68, 106; МКС, Гладот се шири низ Сирија среде КОВИД-19 и економски колапс (IRC, Hunger Spreading Across Syria Amid COVID-19 and Economic Collapse), 28 јуни 2020 година, https://bit.ly/2AW5iJl.

[396] СОЧП, Бура и поплава оштетија над 700 шатори во камповите за раселување во Идлиб и Алепо (SOHR, Rainstorm and Floods Damage over 700 Tents in Displacement Camps in Idlib and Aleppo), 31 јануари 2021 година, http://bit.ly/3kbddVj; „Ју-ен њуз“, Сирија поплавена: Хуманитарците работат „непрекинато“ за да обезбедат итна помош (UN News, Syria Floods: Humanitarians Working ‘Round the Clock’ to Provide Urgent Relief), 29 јануари 2021 година, https://shar.es/aokzZP; „Би-би-си“, Војна во Сирија: 20,000 лица ги напуштија шаторите по поплавите ги потопија камповите (BBC, Syria War: 20,000 Abandon Tents after Floods Inundate Camps), 25 јануари 2021 година, http://bbc.in/3a6SMEj; СОЧП, Стотици семејства погодени од дожд и лоши временски услови во кампови за раселување во близина на границата со Искендерун (SOHR, Hundreds of Families Affected by Rainstorm and Bad Weather in Displacement Camps near the Border with Iskenderun Region), 15 декември 2020 година, http://bit.ly/3oSRu5D; Лекари без граници (ЛБГ), Северозападна Сирија: Милиони раселени лица се подготвуваат за уште една сурова зима (Médecins Sans Frontières (MSF), Northwestern Syria: Millions of Displaced People Brace for Another Harsh Winter), 9 декември 2020 година, http://bit.ly/3oYE9sv; СОЧП, Обилните дождови убија пет деца и раселија десетици семејства кои живеат во импровизирани кампови западно од Идлиб (SOHR, Heavy Rains Kill Five Children and Displace Dozens of Families Living in Makeshift Camps, West of Idlib), 19 јуни 2020 година, https://bit.ly/3hGwdcG; „Ју-ен њуз“, Додека децата смрзнуваат до смрт во Сирија, службениците за помош повикуваат за огромно прекугранично доставување (UN News, As Children Freeze to Death in Syria, Aid Officials Call for Major Cross-Border Delivery Boost), 2 март 2020 година, https://shar.es/abnACm.

[397] „За време на договорот за прекин на конфликтите во март 2020 година меѓу Русија и Турција, над 300 села и градови во регионот беа целосно иселени“; ХРВ, „Таргетирање на животот во Идлиб“: Сириски и руски напади врз цивилна инфраструктура (HRW, “Targeting Life in Idlib”; Syrian and Russian Strikes on Civilian Infrastructure), октомври 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2039286.html, стр. 39. Види, исто така, Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 28 јануари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2025856.html, став 10.

[398] „Многу од актерите кои ја контролираа територијата беа и, сè уште се, слабо опремени за да одговорат на потребите на раселените лица, при што внатрешно раселените лица беа принудени да бараат засолниште во пренатрупани кампови и напуштени згради, а понекогаш и да спијат на отворено. Камповите за раселени лица, како што е кампот Рукбан во близина на Танф, станаа познати поради неухранетоста и низа прекршување на човековите права, додека камповите како кампот Ал Хаул станаа кампови за интернирање, каде десетици илјади лица се незаконски лишени од слобода (...). Раселувањето низ земјата се карактеризира со забрана за пристап до

вклучително и во Ал-Хол,[399] Роџ и Ариша (Покраината Хасака),[400] Ајн Иса (Покраината Рака), Атмех (Покраината Идлиб) и импровизираната населба Рукбан (Покраината Хомс) на сириско-јорданската граница,[401] се известува дека и понатаму е очајна и непрекинато се влошува.[402] Упорните прекини на

правата на храна, вода, здравје, образование и соодветен стандард за живот"; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 21 јануари 2021 година, www.ecoi.net/en/document/2045772.html, став 66-67. „Условите за живот во сите кампови за [раселување] бегалци продолжија да се влошуваат како резултат на лошите хуманитарни услови и високите трошоци за живот, покрај избувнувањето на пандемијата со КОВИД-19 за време на екстремно лоши услови што го спречуваат спроведувањето на какви било мерки за претпазливост"; СМЧП, Најзначајните прекршувања на човековите права во Сирија во октомври 2020 година (SNHR, The Most Notable Human Rights Violations in Syria in October 2020), 4 ноември 2020 година, https://bit.ly/3nn9MLV, стр. 9. Се проценува дека во Сирија има 960 места за ВРЛ, вклучително и неформални и импровизирани населби, со голема концентрација на северозапад и североисток; ОЦХА, План за хуманитарен одговор за 2020 година (OCHA, 2020 Humanitarian Response Plan), 30 декември 2020 година, https://bit.ly/2XcsWZv, стр. 38.

[399] Од почетокот на февруари 2021 година, речиси 62,000 луѓе, претежно странци, живееја во кампот Ал Хол, огромното мнозинство од кои (93%) жени и деца; „Ју-ен њуз", Без „конструктивна меѓународна дипломатија", мировниот процес во Сирија нема да напредува (UN News, Without 'Constructive International Diplomacy' Syria's Peace Process Will not Move Forward), 9 февруари 2021 година, https://shar.es/aokzsO. „Илјадници луѓе задржани во камповите се изложени на насилство, експлоатација, злоупотреба и лишување од слобода (...)"; „Ју-ен њуз", „Непознат број" странски државјани починаа во лоши сириски кампови, велат експертите за права (UN News, 'Unknown Number' of Foreign Nationals Have Died in Squalid Syrian Camps, Say Rights Experts), 8 февруари 2021 година, https://shar.es/aokze8. Стотици лица, претежно деца, се вели дека починале во кампот Ал Хол (гувернорат Хасакех) како резултат на лошите услови за живот, вклучително и од болести што можат да се спречат, како што се пневмонија, дехидрираност или неухранетост. СОЧП објави дека меѓу јануари 2019 година и јануари 2021 година, починале 694 лица, од кои 521 дете; СОЧП, „Мини државата Ал Хол" во 2020 година (SOHR, "Al-Hawl Mini-State" in 2020), 8 јануари 2021 година, http://bit.ly/302DDQ5. Види, исто така, „Д њу хјуманитаријан", Напуштајќи го озлогласениот сириски камп Ал Хол, цивилите немаат кај да се вратат дома (The New Humanitarian, Leaving Syria's Notorious al-Hol Camp, Civilians Find Little to Go Home To), 14 јануари 2021 година, https://bit.ly/3ucUayv; „Ју-ен њуз", Сирија: Хуманитарците „многу загрижени" за илјадниците кои сè уште живеат во кампот Ал Хол (UN News, Syria: Humanitarians 'Very Concerned' for Thousands still Living in Al Hol Camp), 16 октомври 2020 година, https://shar.es/abLsov.

[400] „Загрижувачки е што условите во камповите низ североистокот се влошија во извештајниот период, при што медицинските услуги, наводно, се смалени на најосновните нивоа поради КОВИД-19. Властите на кампот и самоуправата [ААНЕС] исто така известија дека затворањето на преминот Јарубија ја намали одржливоста на условите за живот поради невозможноста да се обезбеди хуманитарна помош"; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 14 август 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2037646.html, став 72. Види, исто така, „РИЧ", Профил на кампот: Роџ (REACH, Camp Profile: Roj), 12 декември 2020 година, https://bit.ly/3pAq58H.

[401] Од септември 2019 година, ООН немаат пристап до околу 12,000 ВРЛ кои и понатаму живеат во тешки услови во Рукбан во близина на сириско-јорданската граница; СБОН, Имплементација на резолуциите на Советот за безбедност (UNSC, Implementation of Security Council Resolutions) 2139 (2014 г.), 2165 (2014 г.), 2191 (2014 г.), 2258 (2015 г.), 2332 (2016 г.), 2393 (2017 г.), 2401 (2018 г.), 2449 (2018 г.), 2504 (2020 г.) и 2533 (2020 г.), 11 декември 2020 година, https://bit.ly/3momPeR, став 15. Види, исто така, „Сирија директ", Со денови нема брашно во Ал Рукбан: Жителите се плашат од глад поради зголемениот недостаток на храна во Сирија (Syria Direct, No Flour for Days in Al-Rukban: Residents Fear Famine amid Growing Food Shortages in Syria), 4 февруари 2021 година, https://bit.ly/3baSkW8; ОЦХА, Заменик-генерален секретар за хуманитарни прашања и координатор за итна помош, Марк Локвуд: Брифинг до Советот за безбедност на хуманитарната состојба во Сирија (OCHA, Under-Secretary-General for Humanitarian Affairs and Emergency Relief Coordinator, Mark Lowcock: Briefing to the Security Council on the Humanitarian Situation in Syria), 16 септември 2020 година, https://bit.ly/36ahiUR, стр. 3; „Д њу хјуманитаријан", Јордан ги врати бегалците во сиромашниот сириски граничен камп, се жалат групите за човекови права (The New Humanitarian, Jordan Returns Refugees to Desolate Syrian Border Camp, Rights Groups Cry Foul), 16 септември 2020 година, https://bit.ly/3oZ0ZBo; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 14 август 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2037646.html, став 33. Пријавено е дека голем број деца починале од причини што може да се спречат, поради недостаток на здравствени услуги; „Пи-би-ес", Поголемиот дел од помошта за сирискиот камп Рукбан е блокирана повеќе од една година. Еве зошто (PBS, Most Aid to Syria's Rukban Camp Has Been Blocked for more than a Year. Here's Why), 14 март 2020 година, https://to.pbs.org/38hG8Bf.

[402] Според Соња Куш, директорот за одговор на Сирија на „Save the Children", „милиони луѓе во северна Сирија се потпираат на хуманитарна помош која во голема мера е доставена преку прекуграничниот механизам на Обединетите нации. Потребите за храна, вода и хигиена во камповите за внатрешно раселени лица сè уште не се исполнети. Многумина живеат во слаби шатори и се многу ранливи на поплави и екстремен студ"; „Ју-ен њуз", Како што расте пандемијата, децата во Сирија се соочуваат со полоша реалност отколку во кој било момент на конфликтот, изјави официјален претставник на Меѓународната организација за помош пред Советот за безбедност (UN News, As Pandemic Rages on, Syria's Children Face Graver Reality than at any other Point of Conflict, International Aid Organization Official Tells Security Council), 25 февруари 2021 година, http://bit.ly/2NGR99z. „Една третина од 6,7

водоснабдувањето од страна на вооружените групи поврзани со СНА само дополнително ја влошуваат состојбата во камповите во Ал-Хол и Ариша.[403]

Во голем број подрачја ширум земјата, присуството на ВРЛ и/или повратниците во заедниците домаќини го влоши притисокот на и онака намалените инфраструктура, услуги и можности за приходување, што само го напрега општественото ткиво.[404] Голем број повратници се соочуваат со прекин во обезбедувањето основни услуги, оштетени или разрушени домови, и ограничени можности за приходување.[405] Поголемите повратнички движења се очекува да додадат дополнителен притисок врз заедниците и услугите на кои овие заедници почиваат.[406]

милиони внатрешно раселени лица во Сириската Арапска Република немаат соодветно засолниште. Географски гледано, лошите услови на засолништво се најраспространети во гувернoратите Идлиб, Алепо и Риф Димашк, во градот Рака и генерално во камповите на североисток и северозапад“; СБОН, Имплементација на резолуциите на Советот за безбедност (UNSC, Implementation of Security Council Resolutions) 2139 (2014 г.), 2165 (2014 г.), 2191 (2014 г.), 2258 (2015 г.), 2332 (2016 г.), 2393 (2017 г.), 2401 (2018 г.), 2449 (2018 г.), 2504 (2020 г.) и 2533 (2020 г.), 11 декември 2020 година, https://bit.ly/3momPeR, став 5. Види, исто така, Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 21 јануари 2021 година, www.ecoi.net/en/document/2045772.html, став 66-67; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 2 July 2020, www.ecoi.net/en/document/2035513.html, paras 59-60, 63, 68, 106-107; СБОН, Имплементација на резолуциите на Советот за безбедност 2139 (2014 г.), 2165 (2014 г.), 2191 (2014 г.), 2258 (2015 г.), 2332 (2016 г.), 2393 (2017 г.), 2401 (2018 г.), 2449 (2018 г.) и 2504 (2020 г.), 23 април 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2028879.html, став 6-7.

403 ОЦХА, Заменик-генерален секретар за хуманитарни прашања и координатор за итна помош, Марк Локвуд: Брифинг до Советот за безбедност на хуманитарната состојба во Сирија, 16 септември 2020 година, https://bit.ly/36ahiUR, стр. 3. Види, исто така, фуснота 367.

404 „Заедниците лоцирани долж сириско-турската граница и особено заедниците во делови на северен Алепо, се сведоци на голем број пристигнувања на внатрешно раселени лица (ВРЛ), со што се зголемува притисокот врз веќе затегнатата инфраструктура и услугите“; „РИЧ“, Северозападна Сирија: Мулти секторска проценка на итните потреби (REACH, Northwest Syria: Multi-Sectoral Rapid Needs Assessment), март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2027982.html, стр. 1. Види, исто така, „РИЧ“, Проценка на потребите на камповите и локациите во северозападна Сирија, Профили на под-област и компаративна табела: јануари – февруари 2020 година (REACH, Camps & Sites Needs Assessment Northwest Syria SubDistrict Profiles & Comparative Dashboard: January - February 2020), 21 април 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2028441.html, стр. 2. Се пријавува дека кохезијата помеѓу групите, како на пример, меѓу внатрешно раселените лица и заедниците домаќини се влошува: „Етничката и исповедната мобилизација и воените злосторства го повредија социјалниот договор меѓу политичкото раководство и населението, а соживотот на разновидните етнички и религиозни групи беше длабоко повреден“; СВП, Реконструкција во Сирија: Предизвици и опции за политики за ЕУ и нејзините земји-членки (SWP, Reconstruction in Syria: Challenges and Policy Options for the EU and Its Member States), јули 2020 година, https://bit.ly/3f3P7Yo, стр. 21. Насилството и конфликтот „ги растурија поголемите социјални структури, распуштија здруженија и лишија поединци од претходно социјалните сидра на [народот]“; ИМПС, Обновување на Сирија: Следната борба за власт на Блискиот Исток? (ISPI, Rebuilding Syria: The Middle East’s Next Power Game?), 9 септември 2019 година, https://bit.ly/3eygQRJ, стр. 129. Види, исто така, „КЕР интернешнал“, Разбирање на отпорноста: Перспективи од Сиријците (CARE International, Understanding Resilience: Perspectives from Syrians), февруари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2025513.html, стр. 6-7, 51-53.

405 На пример, „Хуџеире [во гувернoратот на рурален Дамаск] сè уште страда од занемарување и недостасуваат основни услуги. Пекарата е затворена, а средното училиште сè уште не е поправено. Кулите за мобилни телефони сè уште се уништени, а електричната енергија е исклучена на подолги периоди поради рационализација“; „Сирија репорт“, Хуџеира: Потребно е безбедносно одобрение за враќање (Syria Report, Hujeira: Security Approval Required for Return), 20 јануари 2021 година, http://bit.ly/2NEWwWM. Халфаја, град во северниот дел на гувернoратот Хама, кој беше преземен од владините сили во 2017 година, „(...) сè уште страда од лоши јавни услуги. Вода за пиење се продава од големи резервоари, мрежите за електрична енергија не работат, а патиштата имаат потреба од целосно одржување“; „Сирија репорт“, Халфаја: Општината ќе им надомести на оштетените домови, но само на лојалистите (Syria Report, “Halfaya: Municipality to Compensate Damaged Homes, but only for Loyalists), 23 декември 2020 година, http://bit.ly/37VomVs. „Хуманитарните потреби на југот останаа обемни. Во гувернoратот Дара, со население од околу 1 милион луѓе, 41 процент се несигурни околу храната, а над една третина од населението се повратници“; СБОН, Имплементација на резолуциите на Советот за безбедност 2139 (2014 г.), 2165 (2014 г.), 2191 (2014 г.), 2258 (2015 г.), 2332 (2016 г.), 2393 (2017 г.), 2401 (2018 г.), 2449 (2018 г.), 2504 (2020 г.) и 2533 (2020 г.), 14 октомври 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2039998.html, став 13. Види, исто така, АПВН, Уништена земја: Еколошки последици од употреба на експлозивно оружје (AOAV, The Broken Land: The Environmental Consequences of Explosive Weapon Use), 3 јули 2020 година, https://bit.ly/2BdyH1X, стр. 17; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 2 јули 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2035513.html, став 62; ОЦХА, ПНП, 2020 година (OCHA, 2020 HNO), јули 2020 година, стр. 31, 50. За пречките за враќање, види, исто така, Дел II.Г.3.

406 ОЦХА, ПНП, 2020 година (OCHA, 2020 HNO), јули 2020 година, стр. 50. „Во изминатите месеци беа забележани

Поради сериозната пренатрупаност, нехигиенските услови за живеење, пренапрегнатите здравствени услуги и слабата опфатеност со рутинската имунизација, постои загриженост за поизразена ранливост на ВРЛ, особено оние во камповите и неформалните населби, кон инфективни болести, вклучително и КОВИД-19.[407]

### б) Лица без лични исправи

Губењето или уништувањето на матичните документи и прекинот или отсуството на матичните услуги[408] ја компромитираат, меѓу другото, граѓанската способност да извршат упис на животните настани, како што се раѓањата, венчавањата и умирањата; да ги уживаат своите права на домување, земјиште и имот;[409] и да пристапат до основните услуги, вработување, извори на приходување и хуманитарна

големи цивилни движења кон подрајчата во близина на фронтот. Цивилите кои се враќаат во нивните оригинални места на живеење може да се соочат со недостиг на основни материјали и услуги, општа несигурност, ограничена помош, како и оштетување - или уништување - на домови“; ОЦХА, Сириската Арапска Република: Најнови случувања во северозападна Сирија (OCHA, Syrian Arab Republic: Recent Developments in Northwest Syria), 26 јуни 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2032419.html, стр. 12.

[407] „Со уништени 50 проценти од здравствената инфраструктура и стотици илјади луѓе без засолниште кои не можат да практикуваат социјално растојание, регионот [северозападот] е сè повеќе изложен на ризик од уништувачката епидемија“; ХРВ, Светски извештај за 2021 година: Сирија (HRW, World Report 2021: Syria), 13 јануари 2021 година, www.ecoi.net/en/document/2043510.html. „Правилната хигиенска практика е клучна за спречување на ширењето на вирусот. Сепак, дури и едноставниот чин на миење раце може да биде луксуз за многу внатрешно раселени лица. Жителите на кампот имаат ограничен пристап до тоалети, а десетици луѓе вообичаено го делат истиот“; „Рефјуџис интернешнал“, Една криза врз друга: Ковид-19 се наближува кон Идлиб, опустошен од војната (Refugees International, A Crisis on Top of a Crisis: Covid-19 Looms over War-Ravaged Idlib), 28 април 2020 година, https://bit.ly/3dv41pN. Види, исто така, „Ворлд вижн интернешнал“ (ВВИ), Порастот на КОВИД-19 во северозападна Сирија додека случаите се зголемуваат за 14 пати во еден месец (World Vision International (WVI), COVID-19 Surge in Northwest Syria as Cases Multiply by 14 Times in One Month), 3 октомври 2020 година, https://bit.ly/34vEaM8; ЛБГ, Десеткратното зголемување на случаите на КОВИД-19 додава нови предизвици во северозападна Сирија (MSF, Ten-Fold Increase in COVID-19 Cases Adds New Challenges in Northwest Syria), 22 септември 2020 година, https://bit.ly/3cxUZd1; СБОН, Имплементација на резолуциите на Советот за безбедност (UNSC, Implementation of Security Council Resolutions) 2139 (2014 г.), 2165 (2014 г.), 2191 (2014 г.), 2258 (2015 г.), 2332 (2016 г.), 2393 (2017 г.), 2401 (2018 г.), 2449 (2018 г.), 2504 (2020 г.) и 2533 (2020 г.), 20 август 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2036556.html, став 3.

[408] „Проценките покажуваат дека 75 проценти од анкетираните известуваат за недостаток или загуба на граѓанска документација како проблем во северозападна Сирија, што е за 16 проценти повисоко од националното ниво. Недостатокот на граѓанската документација е посочен како главна пречка за пристап до хуманитарна помош“; ОЦХА, Најнови случувања во северозападна Сирија: Извештај за состојбата бр. 24 (OCHA, Recent Developments in Northwest Syria: Situation Report No. 24), 26 јануари 2021 година, https://bit.ly/3aYZ6PY, стр. 8. „Меѓу проблемите со заштитата, 59 проценти од проценетите заедници изјавија дека ја изгубиле граѓанската документација. Причините се многубројни, вклучително и оставање документи зад себе кога бегале од истрели, истекување и недостаток на правни услуги и конфискација“; ЕСКЗА, Сирија во војна: Осум години подоцна (ESCWA, Syria at War: Eight Years On), 24 септември 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2038203.html, стр. 35. Во мултисекторската проценка на потребите на 1,509 заедници во Сирија во 2019 година, сите испитаници изјавија дека проблемите во врска со граѓанската документација се појавуваат во нивните заедници. Овие проблеми се движеа од пристап до услуги, пристап до засолниште и зголемено ограничување на движењето. Во заедниците кои пријавиле ограничување на движењето, 64% пријавиле недостаток на граѓанска документација како причина за тоа. Испитаниците изјавија дека недостатокот на документација се должи, меѓу другото, на загуба при раселување, недостапност или недостаток на пристап до официјални услуги и недостапност на нова документација; ОЦХА, ПНП, 2020 година (OCHA, 2020 HNO), јули 2020 година, стр. 19. Сириски онлајн весник во јуни 2020 година објави дека: „Илјадници се без изводи од матичната книга на родени, илјадници без личен идентитет, а други се без документи за брак, развод, смрт или имот, од кои некои воопшто не беа во можност да ги добијат тие документи, а други ги изгубија за време на војната и раселувањето“; „“Енаб Балади““, Илјадници луѓе без документи за лична документација во сирискиот Идлиб (Enab Baladi, Thousands of People Without ID Documents in Syria’s Idlib), 3 јуни 2020 година, https://bit.ly/2BsZHuy. Види, исто така, ВВИ, Родова анализа на северозападна Сирија: Сеопфатна анализа на родот и возраста за хуманитарен одговор на северозападна Сирија (WVI, Northwest Syria Gender Analysis: A Comprehensive Gender and Age Analysis for the Northwest Syria Humanitarian Response), 5 мај 2020 година, https://bit.ly/2NRHIQP (во натамошниот текст: ВВИ, Родова анализа на северозападна Сирија (WVI, Northwest Syria Gender Analysis), 5 мај 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2026268.html), стр. 12, 38, 48. Во подрачјата каде што документацијата издадена од владата е недостапна, многумина се свртуваат на неофицијална и неформална документација како замена; „Д њу хјуманитаријан“, Брзо пополнување на празнините за Сиријците без документи (The New Humanitarian, Stop-Gap Solutions for Syrians Without Papers), 4 август 2020 година, http://www.ecoi.net/en/document/2035292.html.

[409] Поседување на граѓанска документација, а особено лична карта, е предуслов за пристап до правни процеси, вклучително и за добивање други форми на документација (на пр. семејна книга, пасош); за регистрирање на

помош.[410] Стравот од апсење е пречка на оние кои имаат потреба да ги обноват матичните документи што им недостасуваат, особено кога поседуваат документи што се издадени од недржавни актери.[411] Немањето документи дополнително влијае врз слободата на движењето, и особено ги прави лицата подложни на апсење и притворање (на пример,, на контролните пунктови),[412] а претставува пречка и за враќање.[413]

### в) Жени и девојчиња

Долгорочните хуманитарни потреби на раселените жени и деца сè повеќе се зголемуваат.[414] Сириската економска криза има несразмерно поголемо влијание врз жените ширум земјата, што веројатно ги зголемува и случаите на сексуално и родово-засновано насилство, а и домаќинствата каде што жената е глава на семејството уште повеќе ги втурнува во сиромаштија.[415] Особено, Канцеларијата за

---

витални настани, како што се раѓања, бракови, смртни случаи и разводи; и за барање на права за домување, земјиште и имот; УХЦХР, Брошура за граѓанска документација и регистрација во Сириската Арапска Република, 25 април 2020 година, https://bit.ly/34fbEjc. За посебните пречки со кои се соочуваат жените кои не поседуваат граѓанска документација, види Дел II.Ѓ.2.в. За зголемените ризици за децата без државјанство без регистрација на родени, види Дел III.A.10.

[410] ОЦХА, ПНП, 2020 година (OCHA, 2020 HNO), јули 2020 година, стр. 19-20, 24, 31, 33, 35. Види, исто така, Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 21 јануари 2021 година, www.ecoi.net/en/document/2045772.html, став 62-65; СТЈ и други, Жалба до тројца специјални известувачи на ООН за загубата на доказни документи од Сиријците (STJ et al., A Complaint to Three UN Special Rapporteurs on the Loss of Evidentiary Documents by Syrians), 12 октомври 2020 година, https://bit.ly/35w7vGT; „“Енаб Балади““, Сирискиот режим откажа илјадници договори за недвижности во Источна Гута, оставајќи ја неизвесна судбината на имотот (Enab Baladi, Syrian Regime Cancels Thousands of Eastern Ghouta's Real Estate Contracts Leaving Properties' Fate Unknown), 23 јуни 2020 година, https://bit.ly/38o6DoE; ФФЕ, Повторно враќање на домовите: Борбата за социјално праведни права за домување, земјиште и имот во Сирија, Ирак и Либија (FES, Reclaiming Home: The Struggle for Socially Just Housing, Land, and Property Rights in Syria, Iraq and Libya), септември 2019 година, www.ecoi.net/en/document/2023128.html, стр. 25-29.

[411] „Во подрачјата повторно заземени од владините сили, сириските власти не ја признаваат граѓанската документација издадена од страна на вооружените групи“; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 21 јануари 2021 година, www.ecoi.net/en/document/2045772.html, став 63. „(...) на многумина [внатрешно раселени лица] им недостасуваат правни документи и документи за граѓански статус, како што се лична карта, семејни книги, извод од матична книга на родени и извод од матична книга на умрени. Конфискацијата на овие документи од страна на безбедносните и воените контролни пунктови е еден од најважните фактори на таквата загуба, како и високите финансиски трошоци за добивање други документи. Покрај тоа, документите издадени од опозициските партии го изложуваат сопственикот на значителни ризици доколку се користат надвор од нивните подрачја на контрола“; СТЈ и други, Жалба до тројца специјални известувачи на ООН за загубата на доказни документи од Сиријците (STJ et al., A Complaint to Three UN Special Rapporteurs on the Loss of Evidentiary Documents by Syrians), 12 октомври 2020 година, https://bit.ly/35w7vGT. „Документи кои изгледаат сомнително или со печат на опозицијата веројатно ќе го привлечат вниманието на безбедносните агенции во Сирија, кои имаат мрачна историја на произволно апсење и убиства на затвореници“; „Д њу хјуманитаријан“, Кој ја плаќа цената за дефектниот систем за документација во Сирија? (The New Humanitarian, Who Pays the Price for Syria's Broken Documentation System?), 3 август 2020 година, /www.ecoi.net/en/document/2035466.html. „(...) цивилите кои добиле документација за сопственост на имот од евиденцијата за недвижнини на опозицијата не сакаат да ги прикажат од страв дека ќе бидат уапсени или дека ќе одговараат пред владините субјекти на режимот“; „“Енаб Балади““, Сирискиот режим откажа илјадници договори за недвижности во Источна Гута, оставајќи ја неизвесна судбината на имотот (Enab Baladi, Syrian Regime Cancels Thousands of Eastern Ghouta's Real Estate Contracts Leaving Properties' Fate Unknown), 23 јуни 2020 година, https://bit.ly/38o6DoE. Види, исто така, „Д њу хјуманитаријан“, Без документи, без права: Разбирање на кризата со граѓанската документација во Сирија (The New Humanitarian, No Papers, no Rights: Understanding Syria's Civil Documentation Crisis), 30 јули 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2035291.html и Дел III.A.1.a.

[412] Според Лора Куниал, специјалист за правна помош при Норвешкиот совет за бегалци (НРЦ), документите за идентификација се „алатка за функционирање насекаде, но особено во место како Сирија каде што слободата на движење на луѓето многу зависи од поседување на овие типови документи“; „Д њу хјуманитаријан“, Без документи, без права: Разбирање на кризата со граѓанската документација во Сирија (The New Humanitarian, No Papers, no Rights: Understanding Syria's Civil Documentation Crisis), 30 јули 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2035291.html. Види, исто така, Дел II.Б.1.а.

[413] Види Дел II.Г.3.

[414] Жените ширум Сирија имаат значителни неисполнети здравствени потреби; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија (Human Rights Council, Report of the Independent International Commission of Inquiry), 2 јули 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2035513.html, став 105-107; „Хјуман апил“, Ризикувајќи смрт за породување, 15 мај 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2030010.html. За зголемените нивоа на акутна и хронична неухранетост кај децата, види Дел II.Ѓ.2.г.

[415] Нивоата на несигурност за храна во Сирија сè уште се критични, а најмногу страдаат домаќинствата кои се

координација на хуманитарните работи на ОН (ОЦХА) извести во јули2019 година дека на Северозападот, судирот, зголеменото раселување и ограничувањата поради КОВИД-19 довеле до зголемен број случаи на сексуално и родово-засновано насилство.[416]

Сè поголем број жени и девојчиња стануваат првенствениот, или пак единствениот настојник во нивните семејства, поради повредата или попреченоста, притворањето, исчезнувањето, смртта или ограничувањето на движењето на машките членови на семејството.[417] Се известува дека овие жени и девојчиња се соочуваат со специфични ризици и неволји кога бараат можности за приходување и згрижување на своите семејства,[418] во околности на социјална и законска дискриминација и насочено

---

предводени од жени. „Податоците за декември [2020 година] наведоа дека околу 85 проценти од анкетираните домаќинства спомenале дека примениле најмалку една стратегија за справување со храна, а највисокото ниво е забележано кај домаќинствата предводени од жени (92 проценти)“; ВФП, mVAM билтен за Сирија бр. 51 (WFP, Syria mVAM Bulletin 51), 11 јануари 2021 година, https://bit.ly/3asU91I, стр. 3. „Бидејќи економскиот пад сè повеќе ја попречува можноста на домаќинствата да ги исполнат своите основни потреби, сè повеќе се усвојуваат финансиски мотивирани негативни механизми за справување, вклучително и детски труд, присилна проституција, присилни абортуси и рани и присилни бракови“; ОЦХА, Сириската Арапска Република: Најнови случувања во северозападна Сирија (OCHA, Syrian Arab Republic: Recent Developments in Northwest Syria), 7 август 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2035718.html, стр. 2. „Домаќинствата предводени од жени известуваат за просечен приход кој е 33% помал од националниот просек, што ги прави исклучително подложни на економски шокови“; ОЦХА, Сириската Арапска Република: Најнови случувања во северозападна Сирија (OCHA, Syrian Arab Republic: Recent Developments in Northwest Syria), 25 јули 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2034623.html, стр. 4. „Сириските жени имаат повисоки стапки на сиромаштија од мажите; тие се соочуваат со зголемен ризик од родово базирано насилство; и тие ја преземаат одговорноста да се грижат за своите деца и другите членови на семејството“; ООН жени, оп-ед: Ставете ги жените во центарот на сирискиот одговор на кризата (UN Women, Op-Ed: Put Women at the Centre of Syria Crisis Response), 2 јули 2020 година, https://bit.ly/31eAduI. Види, исто така, ФФЕ, КОВИД-19 и жените во Сирија: Продлабочување на нееднаквостите (FES, COVID-19 and Women in Syria: Deepening Inequalities), јули 2020 година, https://bit.ly/33Bc9E3, стр. 2.

[416] „Се забележуваат значителни зголемувања на различните видови на родово базирано насилство, особено случаи на семејно насилство како што се силување во брак, физичко и емоционално насилство и одбивање на ресурси, на што се особено ранливи девојчиња и жени со попреченост и оние кои се бремени“; ОЦХА, Сириската Арапска Република: Најнови случувања во северозападна Сирија (OCHA, Syrian Arab Republic: Recent Developments in Northwest Syria), 25 јули 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2034623.html, стр. 3. Стравот од сексуално насилство може да ги спречи жените да пристапат до хуманитарна помош. Ограничувањата за движење и негативните механизми за справување „исто така влијаат на пристапот [на жените] до основната хуманитарна помош. Стравот од сексуално вознемирување и експлоатација со кој се соочуваат некои жени и деца на местата за дистрибуција на помошта во Сирија е причина тие да се чувствуваат толку небезбедно, што воопшто не одат“; „Хјуман апил“, Ризикувајќи смрт за породување (Human Appeal, Risking Death to Give Birth), 15 мај 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2030010.html, стр. 14.

[417] „Околу 22% од сириските домаќинства сега се предводени од жени; ова е зголемено за само 4% од пред конфликтот“; КЕР, „Ако не работиме, нема да јадеме“: Сирijките се соочуваат со зголемена несигурност во храната една деценија од почетокот на конфликтот (CARE, ‘If We Don't Work, We Don't Eat’: Syrian Women Face Mounting Food Insecurity a Decade into the Conflict), 25 февруари 2021 година, https://bit.ly/3sxSL4e, стр. 2. „Домаќинствата предводени од жени рапидно се зголемуваат поради широко распространетите и систематски апсења и исчезнувања на мажи и момчиња, пред сè од страна на провладини сили“; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 21 јануари 2021 година, www.ecoi.net/en/document/2045772.html, став 64. „Непропорционалното убивање на цивили и [уништувањето на] здравствената инфраструктура значи дека милиони Сирijки се соочуваат со мрачна реалност. Порастот на домаќинства предводени од жени значи дека многумина се оптеретени со болката на вдовството, заедно со зголемената одговорност да дејствуваат како хранител и како примарен давател на грижа во нивните семејства“; „Хјуман апил“, Ризикувајќи смрт за породување (Human Appeal, Risking Death to Give Birth), 15 мај 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2030010.html, стр. 38. Види, исто така, ОЦХА, ПНП, 2020 година (OCHA, 2020 HNO), јули 2020 година, стр. 34; ВВИ, Родова анализа на северозападна Сирија (WVI, Northwest Syria Gender Analysis), 5 мај 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2026268.html; ЦОАИ, Зајакнување на жените: Увид за развојно програмирање во Сирија (COAR, The Business of Empowering Women: Insights for Development Programming in Syria), мај 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2030991.html, стр. 3-4, 10; Светска банка, Мобилноста на раселените Сирijци (World Bank, The Mobility of Displaced Syrians), 6 февруари 2019 година, www.ecoi.net/en/document/1457751.html, стр. 13; „УНФПА“, ***Гласовите од Сирија***, 2020 година, 2 април 2020 година, https://bit.ly/30AdBUa, стр. 13, 59; КЕР, Поддршка на отпорноста во Сирија: Искуството на жените со конфликтот и „новата нормалност“ (CARE, Supporting Resilience in Syria: Women’s Experience of the Conflict and the ‘New Normal’), февруари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2025340.html, стр. 1, 4-5.

[418] „Многу Сирijци и хуманитарни актери велат дека стресот од конфликтот и менувањето на социо-економскиот статус кво и недостатокот на финансиска стабилност се водечка причина за зголемување [на] интерперсоналното насилство и сексуална експлоатација. Учесниците во фокус групите споделија дека веруваат дека причината за зголемениот конфликт во домаќинствата е тоа што сега жените се оние кои заработуваат пари. Покрај тоа,

насилство врз жените.[419]

Се известува дека жените за кои се претпоставува дека немаат „машки заштитник“ се во повисок ризик од експлоатација, родово-засновано насилство и сиромаштија.[420] Во подрачјата под *de facto* контрола на ХТШ и вооружените групи поврзани со СНА, соодветно, жените наводно во јавноста мора да бидат придружувани од близок машки роднина. Па затоа, жените без близок машки роднина се соочуваат со сериозно ограничување на нивната слобода на движењето и на пристапот до услугите и вработувањето.[421] Се известува дека разведените жени и вдовиците се соочуваат со стигматизација и дискриминација[422], а голем број немаат пристап до документите што им се потребни за да си ги заштитат своите права.[423]

---

клучните информатори рекоа дека слушнале, а некои виделе, и зголемување на интерперсоналното насилство поради промената на општествените норми и тоа што жените имаат поголема финансиска контрола, додека мажите се чувствуваат поограничени“; ВВИ, Родова анализа на северозападна Сирија (WVI, Northwest Syria Gender Analysis), 5 март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2026268.html, стр. 29, Види, исто така, стр. 7, 30-34. „(...) жените со исчезнати сопрузи или татковци честопати се соочуваат со економски тешкотии и социјално исклучување во отсуство на традиционална глава на домаќинството“; ЦПОС, Состојбата на правдата: Сирија за 2020 година (SJAC, The State of Justice: Syria 2020), март 2020 година, https://bit.ly/34NoDsP, стр. 8. Види, исто така, УНФПА, Гласовите од Сирија, 2020 година (UNFPA, Voices from Syria 2020), 2 април 2020 година, https://bit.ly/30AdBUa, стр. 59. Отсуството или неможноста за работа на машките членови на семејството значи дека: „Жените и девојчињата се принудени да работат. Следствено, жените и девојчињата се соочуваат со зголемен ризик од родово базирано насилство, како што се сексуална експлоатација и злоупотреба од страна на работодавците, одбивање на ресурси, можности или услуги, како што се образование или машки членови на семејството кои им ја одбиваат заработката од вработувањето“; УНФПА, Гласовите од Сирија, 2020 година (UNFPA, Voices from Syria 2020), 2 април 2020 година, https://bit.ly/30AdBUa, стр. 13, Види, исто така, стр. 26, 31-32, 39. Види, исто така, КЕР, Поддршка на отпорноста во Сирија: Искуството на жените со конфликтот и „новата нормалност“ (CARE, Supporting Resilience in Syria: Women’s Experience of the Conflict and the ‘New Normal’), февруари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2025340.html, стр. 5-9.

[419] Види Дел III.А.9.

[420] УНФПА, Канцеларија за Сирија: Брзо ажурирање на хуманитарниот одговор за КОВИД-19 бр. 6 (UNFPA, Syria Country Office: COVID-19 Humanitarian Response Flash Update #6), 18 август 2020 година, https://bit.ly/3j7j50l; ОЦХА, Сириската Арапска Република: Најнови случувања во северозападна Сирија (OCHA, Syrian Arab Republic: Recent Developments in Northwest Syria), 26 јуни 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2032419.html, стр. 2. Види, исто така, ОЦХА, ПНП, 2020 година (OCHA, 2020 HNO), јули 2020 година, стр. 34. Немажените жени може да имаат потешкотии да најдат работа што се смета соодветна за жени. „Пристапот на жените до платено вработување зависи од тоа каде се наоѓаат во Сирија, според истражувањето на хуманитарни организации, вклучително и CARE International, а ставовите варираат низ целата земја. Дури и во Дамаск, жените сè уште се борат со вкоренетиот сексизам. (...) жените честопати се под притисок да преземат работни места што се сметаат за женствени, како што се шиење или фризерство“; „Фајненшал тајмс“, Сè повеќе жени стануваат дел од работната сила поради недостатокот на мажи (Financial Times, Shortage of Men Sees More Syrian Women Enter Workforce), 25 јануари 2019 година, https://on.ft.com/31t0wO9.

[421] Види Дел III.А.9.д.

[422] „На разведените жени и вдовиците, како и на лицата со попреченост, често им е украдена помошта за храна.“ Покрај тоа, мултисекторската проценка на потребите покажа дека разведените жени најверојатно ќе бидат исклучени од примање хуманитарни услуги; „УНФПА“, *Гласовите од Сирија*, 2020 година, 2 април 2020 година, https://bit.ly/30AdBUa, стр. 18, 21. „(…) девојчињата адолесценти во Идлиб честопати не се во можност да присуствуваат на местата за дистрибуција, бидејќи семејствата сметаат дека тоа е срамно, најмногу затоа што местата на дистрибуција се сметаат за средина во која доминираат мажите. (...) Вдовиците и разведените жени го покренаа прашањето за сексуална експлоатација на местата за дистрибуција“; КЕР, Брза родова анализа за северозападна Сирија (Идлиб и Алепо) (CARE, Rapid Gender Analysis North West Syria (Idleb and Aleppo)), февруари 2020 година, https://bit.ly/34wqDFO, стр. 27. За повеќе информации за стигматизацијата и ризиците од експлоатација на жени без машка поддршка, види Дел III.А.9.д.

[423]„Вдовиците/разведените жени се подложни на експлоатација поврзана со недостаток на документација за имот“; УНФПА, *Гласовите од Сирија*, 2020 година, 2 април 2020 година, https://bit.ly/30AdBUa, стр. 45. Жените чии сопрузи исчезнале, но кои не поседуваат официјална документација со која се докажува исчезнувањето или смртта, не се во можност да бараат имотни права и наследство, или повторно да се омажат. „Смртта на многу мажи и момчиња остана недокументирана. Без официјална посмртница, жените не биле во можност да продолжат со правните аспекти на смртта, што, пак, ги попречува правата на наследство и старателство и строго ја ограничува слободата на движење, особено патувањето во странство со малолетни деца“; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 21 јануари 2021 година, www.ecoi.net/en/document/2045772.html, став 64. Види, исто така, ЦОАИ, Сирија Апдејт, 23-29 октомври 2019 година (COAR, Syria Update, 23-29 октомври 2019 година), 29 октомври 2019 година, https://bit.ly/308IPBh. Недостатокот на документација генерално најсериозно ги погодува жените; „Д њу хјуманитаријан“, Кој ја плаќа цената за дефектниот систем за документација во Сирија? (The New Humanitarian, Who Pays the Price for Syria’s Broken Documentation System?), 3 август 2020

### г) Деца

Децата и понатаму се меѓу оние кои се најтешко погодени од судирот.[424] Според Фондот за деца при Обединетите нации (УНИЦЕФ), најмалку 4.8 милиони деца се родија од почетокот на судирот.[425] Близу пет милиони деца имаат потреба од хуманитарна помош,[426] 2,5 милиони се внатрешно раселени,[427] 2,45 милиони се вон училиште,[428] и 500.000 деца помлади од пет години се хронично неухранети, особено на Североистокот и Северозападот на Сирија, каде што 1 на секои 3 деца страдаат од

година, http://www.ecoi.net/en/document/2035466.html.

[424] „Како што во 2021 година се одбележува десеттата година од сириската криза, децата остануваат во центарот на трагедијата. Тие подложат на постојани непријателства и смртоносна изложеност на неексплодирани воени направи и средства и зголемени инциденти на импровизирани експлозивни направи (ИЕД). Неексплодирани воени направи и средства и ИЕД напади сега се основната причина за децата жртви во Сирија“; УНИЦЕФ, Извештај на УНИЦЕФ за хуманитарната состојба во цела Сирија: јануари 2021 година, 1 март 2021 година, https://bit.ly/3b3FJW6. „Една генерација Сирijци е родена во време на војна. Како што сирискиот конфликт се доближува до една деценија, најмалку 3 милиони сириски деца на возраст под шест години не знаат за ништо друго освен конфликт. Децата и понатаму ужасно страдаат, соочувајќи се со траума што ќе влијае на нив во наредните години. (...) Воздушните напади и употребата на барелни бомби од страна на владините сили и неселективното гранатирање и нападите од импровизирани експлозивни направи од страна на вооружени групи, беа утврдени од ООН како главна причина за смрт и повреда кај сириските деца. Безброј деца се убиени како резултат на употреба на касетна муниција, термобарични бомби, импровизирана муниција, како што се барелни бомби и други експлозивни оружја“; АПВН, Влијанието на експлозивното оружје врз децата (AOAV, The Impact of Explosive Weapons on Children in Syria), 17 октомври 2020 година, https://bit.ly/3lVN1Of. Види, исто така, Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 21 јануари 2021 година, www.ecoi.net/en/document/2045772.html, став 54-61.

[425] УНИЦЕФ, Речиси 5 милиони деца родени за време на војна во Сирија, 1 милион родени како бегалци во соседните земји, 15 март 2020 година, https://uni.cf/3hakKls. Види, исто така, Дел II.В, II.Д и III.A.10.

[426] УНИЦЕФ, Извештај на УНИЦЕФ за хуманитарната состојба во цела Сирија: јануари 2021 година, 1 март 2021 година, https://bit.ly/3b3FJW6, стр. 1; ДВ, 5 милиони сиромашни сириски деца поради војната (DW, 5 Million Syrian Children in Need Due to War), 13 март 2020 година, https://bit.ly/3ggDPRJ.

[427] УНИЦЕФ, Извештај на УНИЦЕФ за хуманитарната состојба во цела Сирија: крај на годината, 1 февруари 2021 година, https://bit.ly/3pBaYM7, стр. 1-2.

[428] Околу 2,45 милиони деца на возраст помеѓу 5 и 17 години не одат на училиште, а други 1,6 милиони се изложени на ризик да го напуштат училиштето. Врз пристапот до и квалитетот на образованието, меѓу другото, негативно влијаеа кумулативните ефекти на обемното уништување/оштетување на училиштата, окупација на училишта за воена употреба или за вдомување на внатрешно раселени лица (затворање на 2 од 5 училишта); контаминација со опасност од експлозија (училишта во 212 заедници); тековни напади врз училишта (542 напади во 2014-2019 година); недостиг на квалификуван образовен персонал (до 2018 година, околу 180,000 образовен персонал, вклучително и наставници, го напуштија образовниот систем); и сиромаштијата и зголемувањето на детскиот труд (пријавено од половина од населението како спречување или намалување на присуството во училиште); ОЦХА, ПНП, 2020 година (OCHA, 2020 HNO), јули 2020 година, стр. 18, 20, 33; УНИЦЕФ: Факти и бројки, јуни 2020 година, https://uni.cf/2OolshQ, стр. 2, 6. УНИЦЕФ смета дека бројот на оние кои не се во училиште „се зголемил во 2020 година поради влијанието на пандемијата со КОВИД-19, што го влоши нарушувањето на образованието во Сирија“; UNICEF, УНИЦЕФ, Извештај на УНИЦЕФ за хуманитарната состојба во цела Сирија: јануари 2021 година, 1 март 2021 година, https://bit.ly/3b3FJW6, стр. 2. „Седумдесет и девет проценти од наставниците во североисточниот регион на Сирија објавија дека нивните ученици го напуштиле училиштето за да работат и да можат да им помогнат на нивните семејства да преживеат“; „Ју-ен њуз“, Како што расте пандемијата, децата во Сирија се соочуваат со полоша реалност отколку во кој било момент на конфликтот, изјави официјален претставник на Меѓународната организација за помош пред Советот за безбедност (UN News, As Pandemic Rages on, Syria's Children Face Graver Reality than at any other Point of Conflict, International Aid Organization Official Tells Security Council), 25 февруари 2021 година, http://bit.ly/2NGR99z. „Неодамнешната анализа на „Спасете ги децата“ откри дека околу две третини од децата во северна Сирија сега одат на училиште. Освен КОВИД-19, наставниците велат дека децата се отпишуваат поради зголемената сиромаштија“; ОЦХА, Заменик-тенерален секретар за хуманитарни прашања и координатор за итна помош, Марк Лоукок: Брифинг до Советот за безбедност за хуманитарната состојба во Сирија, 16 декември 2020 година, https://bit.ly/3nx2hlK, стр. 1. Две третини од децата одат во јавни училишта, каде што има „недостаток на основни материјали за предавање и учење, небезбедни простори и учители кои не се обучени за решавање на предизвиците на учење кај децата погодени од психоемоционален стрес или траума“; No Lost Generation, The Syria Crisis: No Lost Generation Advocacy Brief, јуни 2020 година, https://bit.ly/2ZGGChs, стр. 2. Види, исто така, ГСОН/СБОН, Деца и вооружен конфликт (UNGA/UNSC, Children and Armed Conflict), 9 јуни 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2031779.html, став 177-178. За нападите врз училиштата од страна на владините сили и други актери, види Дел II.Д.

заостанување во растот.[429] За голем број деца се известува дека се тешко трауматизирани.[430]

### д) Лица со повреди и попречености

Лицата со повреди и попречености, вклучително и оние кои се стекнале со повреда или попреченост како последица на судирот,[431] се особено погодени од слабите или непостојните здравствени услуги, вклучително и за менталното здравје, и често пати се соочуваат со сериозни потешкотии во остварувањето на основните потреби.[432] Можно е да се соочуваат и социјална дискриминација и

[429] „Повеќе од половина милион деца под пет годишна возраст во Сирија страдаат од запирање на нибниот развој како резултат на хронична неухранетост (...). Стравуваме дека оваа бројка ќе се зголеми. Овие проблеми се видливи во многу делови на земјата, но ситуацијата е особено лоша на северозапад и североисток, каде што податоците за набљудување на исхраната покажуваат дека секое трето лице во некои подрачја страдаат од запирање на нивниот развој“; ОЦХА, Заменик-генерален секретар за хуманитарни прашања и координатор за итна помош, Марк Лоукок, брифинг до Советот за безбедност за хуманитарната ситуација во Сирија, 25 февруари 2021 година, https://bit.ly/3aXU2vg, стр. 2. На северозапад, „состојбата со исхраната (...) беше далеку полоша во 2020 година отколку во 2019 година. Случаите со тешка и умерена акутна неухранетост кај деца на возраст од 6-59 месеци се зголемија за над 70 проценти и 38 проценти, соодветно, во 2020 година во споредба со претходната година. Слично на тоа, распространетоста на прокси-хроничната неухранетост (запирање на нивниот развој) во декември 2020 година се зголеми за 2 проценти во споредба со истиот период од претходната година, што влијае на една третина од децата на возраст од 6-59 месеци“; ОЦХА, Најнови случувања во северозападна Сирија: Извештај за состојбата бр. 24 (OCHA, Recent Developments in Northwest Syria: Situation Report No. 24), 26 јануари 2021 година, https://bit.ly/3ubmCB6, стр. 5. Види, исто така, „Ју-ен њуз“, Како што расте пандемијата, децата во Сирија се соочуваат со полоша реалност отколку во кој било момент на конфликтот, изјави официјален претставник на Меѓународната организација за помош пред Советот за безбедност (UN News, As Pandemic Rages on, Syria’s Children Face Graver Reality than at any other Point of Conflict, International Aid Organization Official Tells Security Council), 25 февруари 2021 година, http://bit.ly/2NGR99z; „Д њу хјуманитаријан“, „Итноста“ на детскиот глад во сирискиот Идлиб (The New Humanitarian, Inside the Childhood Hunger ‘Emergency’ in Syria’s Idlib), 28 октомври 2020 година, https://bit.ly/321T2S8; ОЦХА, ПНП, 2020 година (OCHA, 2020 HNO), јули 2020 година, стр. 6; АПВН, Експлозивно насилство и неговото влијание врз неисхранетоста во Сирија (AOAV, Explosive Violence and Its Impact on Malnutrition in Syria), 4 март 2020 година, https://bit.ly/39wCG6c.

[430] „27% од домаќинствата пријавуваат дека децата покажуваат знаци на психолошка вознемиреност – речиси двојно поголема од таа во 2020 година (14%)“; ОЦХА, Сириската Арапска Република: Резиме на потребите и одговорите за 2021 година (OCHA, Syrian Arab Republic: 2021 Needs and Response Summary), 22 февруари 2021 година, https://bit.ly/3shgULZ, стр. 4. „Менталното здравје на многу сириски деца било, и ќе остане, длабоко погодено од бруталноста на конфликтот“; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 21 јануари 2021 година, www.ecoi.net/en/document/2045772.html, став 60. „Како резултат на повеќекратно изложување на насилство и несигурност, децата покажуваат знаци на траума, вклучително и психолошки нарушувања и однесувања, како и хроничен замор и акутен стрес“; Совет за човекови права на ООН, Правата на децата во Сириската Арапска Република, 13 јануари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2023152.html, став 3, и види, исто така, став 74. Види, исто така, „Сејв д чилдрен“, „Анксиозност, панични напади“ меѓу раселените Сирijци ги истакнуваат критичните празнини во поддршката за ментално здравје (Save the Children, ‘Anxiety, Panic Attacks’ among Displaced Syrians Highlight Critical Gaps in Mental Health Support), 24 јуни 2020 година, https://bit.ly/2Bx7A1O; МКС, Децата во Идлиб страдаат од неверојатни нивоа на емоционална вознемиреност, вели МКС (IRC, Children in Idlib Suffering from Staggering Levels of Emotional Distress, Says IRC), 5 март 2020 година, https://bit.ly/2NfO0cK.

[431] „Повеќе од една третина од раселените домаќинства се предводени од член со попреченост, што значително влијае на можноста на домаќинството да обезбеди доволно економски ресурси“; iMMAP / ДФС, Анализа на состојбата со КОВИД-19: Најнови вести бр. 4 (iMMAP / DFS, COVID-19 Situation Analysis: Update #4), 5 февруари 2021 година, https://bit.ly/3uwfWh4, стр. 19. Според наодите од истражувањето на национално ниво за домаќинствата спроведено од Програмата за проценка на хуманитарните потреби (ХНАП, заедничка иницијатива за проценка со ООН) во јуни 2019 година, 3,7 милиони луѓе, или 27% од вкупната популација над возраст од 12 години, имаат попреченост. Рурален Дамаск има најголема стапка на попреченост (32%). За 52% од домаќинствата беше откриено дека имаат член со попреченост (на возраст над 12 години), од кои речиси половина (46%) имаат двајца или повеќе членови со попреченост; ППХП, Попреченост: Распространетост и влијание (HNAP, Disability: Prevalence and Impact), јануари 2020 година, https://bit.ly/2U4jNCi, стр. 5, 6, 11, 13. Види, исто така, ОЦХА, ПНП, 2020 година (OCHA, 2020 HNO), јули 2020 година, стр. 34.

[432] Според ХНАП, 62% од лицата со попреченост се без работа, во споредба со 48% од оние без попреченост. 20% од жените кои живеат со попреченост се вдовици, што е значително повисоко од мажите (5%) и жените без попреченост (4%). „Мнозинството на домаќинствата низ Сирија пријавија дека нивните тековни месечни примања не им дозволуваат доволно да ги задоволат нивните основни потреби. Недостатокот на приходите се зголемува со кумулативното присуство на лица со попреченост“; ППХП, Попреченост: Распространетост и влијание (HNAP, Disability: Prevalence and Impact), јануари 2020 година, https://bit.ly/2U4jNCi, стр. 10, 18, 20. Види, исто така, ОЦХА, ПНП, 2020 година (OCHA, 2020 HNO), јули 2020 година, стр. 34. „Додека учесниците во камповите и руралните средини забележаа дека помошта често им е достапна на најранливите лица (на пример, вдовици, лица со

изопштување.[433] Децата со попреченост помалку е веројатно да посетуваат формално образование во споредба со врсниците кои немаат попреченост,[434] и се во поголем ризик од запоставување и дискриминација, како во домот така и во заедницата.[435]

### ѓ) Палестинските бегалци

Како резултат на долгорочното и обновеното раселување,[436] губитокот на средствата и економските можности, и масивното разрушување на станбените зони,[437] палестинските бегалци во Сирија се *„ранливи во крајност“*.[438] Огромното мнозинство од палестинските бегалци, вклучително и голем број домаќинства предводени од жените живеат во апсолутна сиромаштија, и зависта од хуманитарната

---

попреченост), тоа често не беше случајот во урбаните подрачја“; „КЕР интернешнал“, Разбирање на отпорноста: Перспективи од Сиријците (CARE International, Understanding Resilience: Perspectives from Syrians), 26 февруари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2025513.html. Види, исто така, РИЧ, Фокус на ПХПС, ВРЛ во заедниците домаќини: мај 2020 година (REACH, Northeast Syria HSOS Zoom-In, IDPs in Host Communities: May 2020), 1 јули 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2032518.html, стр. 2.

[433] „Искуството на децата со попреченост е честопати маргинализација и онеспособување, бидејќи многумина [водат] изолирани животи и се борат против стигмата, дискриминацијата и социјалното исклучување“; ОЦХА, ПНП, 2020 година (OCHA, 2020 HNO), јули 2020 година, стр. 33. “(…) околу 1,5 милиони луѓе претрпеле попреченост како резултат на војната и сега се соочуваат со социјална стигма и исклучување“; СБОН, Лицата со попреченост се соочуваат со исклучување, психосоцијални предизвици во Сирија, изјави висок претставник за хуманитарни прашања пред Советот за безбедност (UNSC, Persons with Disabilities Face Exclusion, Psychosocial Challenges in Syria, Senior Humanitarian Affairs Official Tells Security Council), SC/13792, 24 април 2019 година, https://bit.ly/31mqsuQ. Според Фахез Ораби, сириски лекар кој работи од Турција, „многу Сиријци со попреченост, исто така, страдаат од стигма и исклучување во рамките на нивните заедници, покрај ефектите од војната“; ВОА, Жртвите со попреченост се најранливи поради сириската војна (VOA, Disabled Victims Are Syrian War's Most Vulnerable), 15 март 2019 година, https://bit.ly/32aQRdW. „Многу родители не би сакале нивното дете да биде во иста училница со дете со попреченост, бидејќи се плашат дека тоа ќе му наштети на образованието на нивното дете. Општеството може да ги обвини родителите на деца со попреченост, а Сиријците може да веруваат дека попреченоста е резултат на гревовите на родителите. Луѓето со попреченост известуваат дека се соочуваат со високо ниво на осуда кога сами излегуваат во јавност“; Сервисен центар за националности и Совет за развојни попречености во Пенсилванија, Грижа за здравјето на бегалците и имигрантите со попреченост: Сирија (Nationalities Service Center and Pennsylvania Developmental Disabilities Council, Caring for the Health of Refugees and Immigrants with Disabilities: Syria, 2019 година, https://bit.ly/31kNTEt.

[434] „16 проценти од децата на возраст меѓу 12 и 17 години имаат попреченост. Од оние со попреченост, 56 проценти не посетуваат формално образование во споредба со 23 проценти од оние без попреченост. Бројките на отсуство се зголемуваат за 58 проценти за внатрешно раселените лица со попреченост наспроти 33 проценти од раселените лица без попреченост; 65 за повратниците, во споредба со 27 од оние без попреченост; и 55 наспорти 19 проценти од оние без попреченост во населенијата со жители“; ППХП, Попреченост: Распространетост и влијание (HNAP, Disability: Prevalence and Impact), јануари 2020 година, https://bit.ly/2U4jNCi, стр. 16. Види, исто така, No Lost Generation, The Syria Crisis: No Lost Generation Advocacy Brief, јуни 2020 година, https://bit.ly/2ZGGChs, стр. 2, 5.

[435] „Сејв д чилдрен“, Патеки до психосоцијална безбедност за раселените деца и адолесценти во Сирија (Save the Children, Psychosocial Safety: Pathways to Psychosocial Safety for Syria's Displaced Children and Adolescents), 25 јуни 2020 година, https://bit.ly/3dJHpCi, стр. 17. Види, исто така, Дел III.A.10:

[436] Види Дел II.Г.1.

[437] Според УНРВА, на повеќе од 180,000 Палестинци регистрирани со УНРВА, домовите им биле уништени или сериозно оштетени поради конфликтот. Камповите за бегалци Јармук, Еин Ел Тал (гувернорат Алепо) и Дера, каде претходно живееше над 30% од палестинското бегалско население во Сирија, претрпеа големи уништувања. Многу инсталации на УНРВА, вклучувајќи 40% од училиштата и 29% од здравствените клиники, се неупотребливи поради оштетување или уништување; ОЦХА, ПНП, 2020 година (OCHA, 2020 HNO), јули 2020 година, стр. 34; УНРВА, Итен апел за регионална криза во Сирија (UNRWA, 2020 Syria Regional Crisis Emergency Appeal), 31 јануари 2020 година, https://bit.ly/2Sf4eFc, стр. 2, 5, 6, 19. „Друга необјавена студија заснована врз ставовите на Палестинските бегалци од Сирија откри дека повеќе од 70% од испитаниците изјавиле дека нивниот имот во Сирија бил уништен, оштетен или станал непогоден за живеење“; Заеднички извештај на невладините агенции, Во непознатото (Joint Agency NGO Report, Into the Unknown), јуни 2020 година, https://bit.ly/32COLW3, стр. 17. Поради широко распространетата штета и уништување на домовите во камповите и населените места, многу бегалци се принудени да изнајмуваат станови, честопати по високи цени; МИА, „Сиромаштија насекаде“: Палестинците во Сирија живеат во очајни услови (MEE, ‘Poverty Everywhere’: Palestinians in Syria Living in Desperate Conditions), 20 февруари 2020 година, https://bit.ly/2TUZvdd.

[438] УНРВА, Итен апел за регионална криза во Сирија за 2021 година (UNRWA, Syria Regional Crisis Emergency Appeal 2021), 2 март 2021 година, https://bit.ly/2NTblVB, стр. 3.

помош.[439] Сериозниот финансиски дефицит на УНРВА,[440] претставува закана по одржливоста на операциите и го ограничува итното делување во Сирија, вклучително и износот на готовинска помош што им се дава на корисниците.[441] Во 2020 година, сè полошите економски услови[442] и пандемијата на

---

[439] „Во Сирија, долготрајниот конфликт остави 91 процент од 438,000 палестински бегалци за кои се проценува дека ќе останат во земјата во апсолутна сиромаштија (...). Бидејќи повеќе од 91 процент од палестинските бегалци во Сирија живеат под границата на сиромаштија, драстичното губење на куповната моќ за време на оваа економска криза ги обнови стравувањата за задоволување на основните потреби, особено на храната. (...) Во рамките на овој предизвикувачки контекст, хуманитарната помош обезбедена од УНРВА сè уште претставува спас за огромното мнозинство палестински бегалци и се очекува да се зголеми зависноста од Агенцијата“; УНРВА, Итен апел за регионална криза во Сирија за 2021 година (UNRWA, Syria Regional Crisis Emergency Appeal 2021), 2 март 2021 година, https://bit.ly/2NTblVB, стр. 7, 11, 12. „(…) истражувањето на УНРВА спроведено во 2017/18 година покажа дека 74 проценти од палестинските бегалци живеат на помалку од 2 УСД на ден, што се искачува на 91 процент без парична помош обезбедена од УНРВА. Едно од четири семејства се предводени од жени, а едно од пет се предводени од постаро лице. Овие групи во голема мера зависат од хуманитарна помош без средства за остварување приходи. Меѓу вработените, речиси половина немаат фиксен приход и зависат на дневно платена или непостојана работа во неформалната економија“; УНРВА, Ажуриран итен апел на УНРВА за одговор на КОВИД-19: март – јули 2020 година (UNRWA, Updated UNRWA Flash Appeal for the Covid-19 Response: March - July 2020), 8 мај 2020 година, https://bit.ly/30VPAsu, стр. 7. Види, исто така, АГПС, Палестинските бегалци во камповите за раселување во северна Сирија се борат за опстанок (AGPS, Palestinian Refugees in Northern Syria Displacement Camps Struggling for Survival), 24 јануари 2021 година, http://bit.ly/3b9rUVW; АГПС, Кампот Ал Саида Зејнаб за палестински бегалци се бори со ужасни услови (AGPS, AlSayeda Zeinab Camp for Palestinian Refugees Grappling with Dire Conditions), 4 јануари 2021 година, http://bit.ly/3bTXRAN.

[440] „УНРВА се соочува со зголемена побарувачка на услуги што произлегуваат од растот на бројот на регистрирани палестински бегалци, степенот на нивната ранливост и нивната зголемена сиромаштија. УНРВА е речиси целосно финансирана од доброволни прилози, а финансиската поддршка е надмината од растот на потребите. Како резултат на тоа, буџетот на програмата УНРВА, кој поддржува испорака на основни суштински услуги, работи со голем недостаток“; УНРВА, УНРВА издаде итен повик за хуманитарна помош поради недостаток на крајот на годината; платите на 28,000 вработени во ризик, се надеваат дека ќе избегнат суспензија на основните услуги (UNRWA, UNRWA Issues Emergency Call for Humanitarian Assistance amid End-of-Year Shortfall; Salaries of 28,000 Staff at Risk, Hopes to Avoid Suspension of Essential Services), 9 ноември 2020 година, http://bit.ly/3hjYWUX. Види, исто така, АП, Шефот на УНРВА предупредува дека финансиската криза влијае врз услугите (AP, UNRWA Boss Warns of Financial Crisis Impacting Services), 19 септември 2020 година, http://bit.ly/3aAHRVk.

[441] „Заради ограниченото финансирање, Агенцијата мораше да ја намали вредноста на паричниот трансфер што им беше обезбеден на палестинските бегалци во Сирија, со негативни последици врз нивната способност да ги обезбедат своите основни потреби“; УНРВА, Итен апел за регионална криза во Сирија за 2021 година (UNRWA, Syria Regional Crisis Emergency Appeal 2021), 2 март 2021 година, https://bit.ly/2NTbIVB, стр. 9. „Заради досега невидената финансиска криза на Агенцијата, критичните здравствени услуги, како оние што им беа дадени на вратените палестински бегалци во Јармук, сега се загрозени“; УНРВА, Мобилната здравствена клиника на УНРВА носи знак на надеж во разурнатиот камп Јармук (UNRWA, UNRWA Mobile Health Clinic Brings a Sign of Hope to the Devastated Yarmouk Camp), 11 јануари 2021 година, https://bit.ly/3bh1IJh. „За време на периодот на известување [првата половина на 2020 година], палестинските бегалци кои спаѓаат во најранливите категории добија по 14 УСД по лице месечно, наместо планираните 28 УСД по лице месечно, додека остатокот од населението кое беше квалификувано за помош, доби сума од 11 УСД по лице месечно, наместо 14 УСД“; УНРВА, Извештај за напредок на итниот апел за регионална кризна ситуација во Сирија (UNRWA, Syria Regional Crisis Emergency Appeal Progress Report), 4 јануари 2021 година, https://bit.ly/2LutDes, стр. 10. „Сирија ги доживува почетоците на акутна економска криза поткрепена со валута во слободен пад, што речиси сигурно ги влоши работите за стотици илјади палестински бегалци кои сè уште живеат во Сирија“; МИА, „Сиромаштија насекаде“: Палестинците во Сирија живеат во очајни услови (MEE, ‘Poverty Everywhere’: Palestinians in Syria Living in Desperate Conditions), 20 февруари 2020 година, https://bit.ly/2TUZvdd. Финансирањето за итни активности на УНРВА во Сирија останува несигурно. На 31 декември 2020 година, само 66,2 милиони УСД беа ветени или добиени од донатори и партнери, што претставува 31,1% од вкупните побарувања од 218,8 милиони УСД; УНРВА, Сирија: Хуманитарна слика, декември 2020 година (UNRWA, Syria: Humanitarian Snapshot, December 2020), 1 февруари 2021 година, https://bit.ly/39KmBMi. Барањата за финансирање на УНРВА за 2021 година изнесуваат 318 милиони УСД, без примено финансирање за време на пишувањето; УНРВА, Криза во Сирија: Барања за финансирање (UNRWA, Syria Crisis: Funding Requirements), пристапено на 1 март 2021 година, http://www.unrwa.org/syria-crisis.

[442] „Социо-економските услови на палестинските бегалци во Сирија се влошуваат, како резултат на постојаната економска криза и амортизација на сириската фунта, во комбинација со влијанијата на карантинот и другите мерки наметнати за да се ограничи ширењето на КОВИД-19“; УНРВА, Извештај за ажурираниот итен апел на УНРВА за одговор на КОВИД-19 (UNRWA, UNRWA Flash Appeal for the COVID-19 Response Report), 19 ноември 2020 година, https://bit.ly/3azd0sv, стр. 9. Види, исто така, АГПС, Палестинските бегалци страдаат од економски тешкотии во Сирија (AGPS, Palestinian Refugees Suffer Economic Hardship in Syria), 21 јануари 2020 година, https://bit.ly/2YHamcw. Пристапот на палестинските бегалци до можности за создавање приход и вработување во Сирија останува ограничен: „Повеќето бегалци кои ги служи УНРВА живеат под границата на сиромаштија и немаат безбедносна мрежа потребна за апсорбирање на финансиските и медицинските шокови создадени од пандемијата

КОВИД-19 само ја влошија постојната ранливост на палестинските бегалци,[443] и УНРВА очекува *„семејствата сè повеќе да прибегнуваат кон негативни механизми за справување, вклучително и рано стапување во брак и детски труд“*.[444] Постои загриженост и за зголеменото напуштање на училиштата и за насилство во домовите.[445] Пристапот на палестинските бегалци до можности за приходување и вработување во Сирија и понатаму е ограничен, особено како последица на пандемијата на КОВИД-19 и сегашната економска состојба.[446]

---

со КОВИД-19. Тие сега се соочуваат со разорни последици на нивната физичка, социјална и економска благосостојба“; УНРВА, УНРВА воведе нов итен апел од 93,4 УСД за коронавирусот за палестинските бегалци (UNRWA, UNRWA Launches New Coronavirus US$ 93.4 Million Emergency Appeal for Palestine Refugees), 8 мај 2020 година, https://bit.ly/2BTeqiq. Види, исто така, Дел II.Ѓ.1.

[443] „Карантинот и другите рестриктивни мерки за ограничување на ширењето на КОВИД-19 дополнително го ограничија пристапот до средства за живот и вработување, особено за оние кои зависат од неформална работа. (...) Ранливоста на палестинските беглаци во Сирија се зголемува. Во јули 2020, УНРВА го процени социо-економското влијание на КОВИД-19 врз палестинските бегалци во Сирија и откри дека речиси 80 проценти го намалиле бројот на оброци или количината на храна што ја консумирале, а над 90 проценти консумирале храна што е поевтина и/или со помала нутритивна вредност, од март 2020 година; УНРВА, Итен апел за регионална криза во Сирија за 2021 година (UNRWA, Syria Regional Crisis Emergency Appeal 2021), 2 март 2021 година, https://bit.ly/2NTblVB, стр. 7. „Тешкотиите [на палестинските бегалци] експоненцијално се влошија со воведувањето санкции и брзото ширење на КОВИД-19 во бегалските заедници. Нивната отпорност е речиси при крај“; УНРВА, Генералниот комесар на УНРВА во официјална посета на Сирија, ги разгледува масовните хуманитарни потреби на палестинските бегалци (UNRWA, UNRWA Commissioner-General Makes Official Visit to Syria, Reviews Palestine Refugee Massive Humanitarian Needs), 4 ноември 2020 година, https://bit.ly/2U82nU6. „Огромното мнозинство од палестинските бегалци живеат во пренатрупани кампови или се ВРЛ и се особено ранливи на влијанието на КОВИД-19“; УНРВА, Апел на УНРВА за КОВИД-19, август – декември 2020 година (UNRWA, UNRWA COVID-19 Appeal August - December 2020), 2 септември 2020 година, https://bit.ly/2SCZEkQ, стр. 13. Види, исто така, АГПС, Жителите на кампот Ал Хусанија за палестински бегалци загрижени за вториот бран на коронавирусот (AGPS, Residents of AlHusaniya Camp for Palestinian Refugees Concerned over 2nd Coronavirus Wave), 29 декември 2020 година, http://bit.ly/3uODP3i; АГПС, Стравувањата растат поради зголемениот број на случаи на коронавирус во кампот за бегалци Кан Ешије (AGPS, Fears Mount over Increasing Coronavirus Cases in Khan Eshieh Refugee Camp), 24 декември 2020 година, http://bit.ly/3q8wNTE; АГПС, Состојбата на Палестинците во Сирија е влошена со појавата на коронавирусот, недостиг на лекови (AGPS, Situation of Palestinians of Syria Exacerbated by Coronavirus Outbreak, Medicine Dearth), 29 август 2020 година, https://bit.ly/3c0rNej.

[444] УНРВА, Неделно ажурирање за КОВИД-19, 8 – 21 јуни 2020 година (UNRWA, COVID-19 Weekly Update 8 - 21 June 2020), 29 јули 2020 година, https://bit.ly/316Gfxr, стр. 14. „Усвојувањето на негативни стратегии за справување од страна на палестинските бегалци веќе беше причина за загриженост во 2020 година. Се очекува ранливоста на палестинските бегалци дополнително да се зголеми поради КОВИД-19 и сегашната економска состојба. Жените кои се глави на домаќинството, деца кои се без придружба или разделени, постари лица и лица со попреченост се изложени на особен ризик да паднат во понатамошна сиромаштија и експлоатација“; УНРВА, Итен апел за регионална криза во Сирија за 2021 година (UNRWA, Syria Regional Crisis Emergency Appeal 2021), 2 март 2021 година, https://bit.ly/2NTblVB, стр. 22. „Поради сериозните празнини во заштитата, децата беа принудени да го напуштат училиштето и да се приклучат на вооружени групи за да им обезбедат храна на своите прегладнети семејства. Стотици семејства имаа жени како единствени хранители; а во неколку други случаи, забележани се момчиња и девојчиња како питачат на улица за неколку фунти“; АГПС, 91% од палестинските бегалски семејства во Сирија страдаат од екстремна сиромаштија (AGPS, 91% of Palestinian Refugee Families in Syria Suffer Extreme Poverty), 19 февруари 2021 година, http://bit.ly/3dHhizz. Достапни се само ограничени услуги за РБН и заштита на деца во Сирија. Преживеаните и понатаму се соочуваат со стигма и случаите остануваат недоволно пријавени. Понатаму, достапноста на услуги за правна помош на палестинските бегалци во Сирија останува ограничена; УНРВА, декември 2020 година. Види, исто така, Дел III.A.9 и III.A.10.

[445] „Бегалците пријавуваат зголемени закани за заштита во Сирија од почетокот на пандемијата со КОВИД-19. Според истражувањето на УНРВА за социо-економското влијание на КОВИД-19 врз палестинските бегалци во Сирија, (...) речиси 50 проценти од палестинските бегалски домаќинства укажаа на зголемено ниво на родово базирано насилство. Во случаите со родово базирано насилство пријавени во УНРВА од првиот до третиот квартал на 2020 година, 87 проценти беа жени и девојчиња, а бројките се зголемија во вториот и третиот квартал како што се прошири КОВИД-19“; УНРВА, Итен апел за регионална криза во Сирија за 2021 година (UNRWA, Syria Regional Crisis Emergency Appeal 2021), 2 март 2021 година, https://bit.ly/2NTblVB, стр. 12. „Екстремната сиромаштија, детскиот труд и присилното исчезнување се меѓу факторите што доведоа до зголемување на напуштањето на училиштата меѓу жителите на кампот [во Јарамана во рурален Дамаск]“; АГПС, Расте бројот на деца кои го напуштаат училиштето во камповите за раселување за Палестинци во Сирија (AGPS, School Dropouts on the Rise among Palestinians in Syria Displacement Camp), 6 февруари 2021 година, http://bit.ly/37LFMUw. Види, исто така, АГПС, Стапките на деца кои го напуштаат училиштето растат во кампот Ал Неираб за палестински бегалци (AGPS, School Drop-Out Rates Getting Higher in AlNeirab Camp for Palestinian Refugees), 23 јули 2020 година, https://bit.ly/3kajPmK; и Дел III.A.10.

[446] „Повеќето бегалци кои ги служи УНРВА живеат под границата на сиромаштија и немаат безбедносна мрежа

### 3) Хуманитарен пристап

И покрај подобрувањата во хуманитарниот пристап во некои подрачја во Сирија,[447] несигурноста поради тековните непријателства и контаминацијата со експлозивни средства, административните пречки, ограничувањата поради пандемијата на КОВИД-19 и дефицитот на ресурсите и понатаму претставува предизвик за одржливо доставување на помошта.[448] И за хуманитарните актери се известува дека се соочуваат со предизвици при испорачување на помошта во подрачјата под владина контрола.[449] Безбедносните ризици за хуманитарните работници сè уште се високи, особено на

---

потребна за апсорбирање на финансиските и медицинските шокови создадени од пандемијата со КОВИД-19. Тие сега се соочуваат со разорни последици по нивната физичка, социјална и економска благосостојба"; УНРВА, УНРВА воведе нов итен апел од 93,4 УСД за коронавирусот за палестинските бегалци (UNRWA, UNRWA Launches New Coronavirus US$ 93.4 Million Emergency Appeal for Palestine Refugees), 8 мај 2020 година, https://bit.ly/2BTeqiq. Види, исто така, Дел II.Ѓ.1.

[447] И покрај континуираните предизвици во некои подрачја на Сирија, хуманитарниот пристап и присуството малку се подобрија во 2019 година. Подрачјата под владина контрола се нормално достапни за хуманитарните актери, освен неколку ослободени подрачја како што се северна Сирија и Источна Гута, каде што административните ограничувања и постојаната несигурност го попречуваат пристапот. Сепак, пристапот останува ограничен на Северозапад поради несигурност и поместување на фронтовите. На североисток, главните предизвици за хуманитарен пристап се ограничувањата за пристап долж делови на турската граница и намалениот капацитет за испорака поради затворањето на граничниот премин Ал Јарубија во гуверноратот Хасакех; ОЦХА, ПНП, 2020 година (OCHA, 2020 HNO), јули 2020 година, стр. 33.

[448] „Сејв д чилдрен" и други, Намалениот хуманитарен пристап го попречува одговорот на зголемените случаи на КОВИД-19 и суровите ефекти на зимата во северна Сирија сред недостаток на помош (Save the Children et al., Reduced Humanitarian Access Impedes Response to Rising Cases of COVID-19 and the Harsh Effects of Winter in Northern Syria amid Aid Shortages), 29 јануари 2021 година, https://bit.ly/3aJ25fw; СБОН, Имплементација на резолуциите на Советот за безбедност (UNSC, Implementation of Security Council Resolutions) 2139 (2014 г.), 2165 (2014 г.), 2191 (2014 г.), 2258 (2015 г.), 2332 (2016 г.), 2393 (2017 г.), 2401 (2018 г.), 2449 (2018 г.), 2504 (2020 г.) и 2533 (2020 г.), 11 декември 2020 година, https://bit.ly/3momPeR, став 32-47; „Ју-ен њуз", „Неверојатно тешка" зима ги чека Сирijците, итно е потребна поголема помош (UN News, 'Incredibly Hard' Winter Beckons for Syrians, more Assistance Urgently Needed), 25 ноември 2020 година, http://bit.ly/3r56orn; ОЦХА, ПНП, 2020 година (OCHA, 2020 HNO), јули 2020 година, стр. 42-43 МКЦК, Сирија: Како што гриза економската криза, недостатокот на хуманитарен приста чини животи секој ден (ICRC, Syria: As Economic Crisis Bites, Lack of Humanitarian Access Costs Lives Every Day), 30 јуни 2020 година, https://bit.ly/2W4KpmO. „Влијанијата на едностраните санкции дополнително ја ослабнаа можноста на хуманитарните актери да достават помош, како резултат на зголемените цени и намалување на достапноста на клучните производи на локалните пазари и прекумерната усогласеност"; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 21 јануари 2021 година, www.ecoi.net/en/document/2045772.html, став 42. На северозапад, „Дневните борбени дејствија и артилериското гранатирање долж патот М4 во Идлиб и околните подрачја доведоа до привремено прекинување на неколку програми за заштита и зголемување на ужасните состојби во веќе недоволно заштитените подрачја"; ОЦХА, Најнови случувања во северозападна Сирија: Извештај за состојбата бр. 24 (OCHA, Recent Developments in Northwest Syria: Situation Report No. 24), 26 јануари 2021 година, https://bit.ly/3aYZ6PY, стр. 8.

[449] „Во подрачјата под контрола на владата, заедниците и енклавите до кои сè уште е тешко да се пристапи, како резултат на административни и безбедносни одобренија, беа Шафунија, мајдаа и Кафр Батна во Источна Гута и Бајт Џин и Мазраат Бајт Џин во западен Риф Димашк. Во јужниот дел од земјата, несигурноста и административните ограничувања продолжија да го спречуваат одржливиот пристап до подрачјата порано контролирани од недржавни вооружени групи, особено во населбата Дара ал Балад во градот Дара, во Карак ал Шарки во гуверноратот Дара и во делови на западна Дара и Кунајтира"; СБОН, Имплементација на резолуциите на Советот за безбедност 2139 (2014 г.), 2165 (2014 г.), 2191 (2014 г.), 2258 (2015 г.), 2332 (2016 г.), 2393 (2017 г.), 2401 (2018 г.), 2449 (2018 г.), 2504 (2020 г.) и 2533 (2020 г.), 11 декември 2020 година, https://bit.ly/3momPeR, став 34. „Како што економијата продолжува да пропаѓа, режимот манипулира со недостижни ресурси за политички цели, наградувајќи ги оние кои ги смета за лојални. Оние кои се сметаат за нелојални навлегоа во економската криза во поголема состојба на несигурност за храна и сиромаштија". Исто така: „Во подрачјата под контрола на режимот, невладините организации се принудени да се справат со корумпираниот режим, воените услови и нервозните донатори кои не сакаат да бидат воочени дека придонесуваат за проекти за реконструкција извршени под режимот на Асад"; ЦГП, Економска криза во Сирија (CGP, Syria's Economic Meltdown), јуни 2020 година, https://bit.ly/2HTOwhn, стр. 7-8. НРЦ и Оксфам пријавија тешкотии при добивање одобренија од владата за одредени програми или проекти во подрачјата што ги држи владата, достигнување одредени маргинализирани заедници и извршување на одредени услуги. Тие заклучуваат дека „речиси е невозможно да се добие пристап до активности што се сметаат дека се од помал стратешки интерес од нејзиниот национален партнер, Сирија Траст"; Оксфам / НСБ, Тешки лекции: Давање помош во подрачјата држени од владата во Сирија (Oxfam / NRC, Hard Lessons: Delivering Assistance in Government-Held Areas of Syria), 15 јули 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2033934.html, стр. 9. „Правната и политичката рамка за хуманитарна помош што ја создаде Дамаск гарантира – во подрачјата што ги контролира – дека режимот ќе го има последниот збор за одлуките за тоа каде ќе се распореди меѓународната помош, од кого и во чија корист"; СВП, Реконструкција во

Северозападот на земјата, вклучително и како резултат на непријателствата, воздушните бомбардирања, нападите со ИЕУ, произволните апсења и киднапирање.[450]

Во јули 2020 година Советот за безбедност на ОН донесе резолуција со која се продолжи прекуграничното испорачување на хуманитарната помош за една година, но при тоа се намали бројот на пристапните пунктови, од два на само еден граничен премин со Турција.[451] Последнава одлука, заедно со претходното намалување од четири на два гранични премини во јануари 2020 година, ја погоди хуманитарната интервенција.[452]

Сирија: Предизвици и опции за политики за ЕУ и нејзините земји-членки (SWP, Reconstruction in Syria: Challenges and Policy Options for the EU and Its Member States), јули 2020 година, https://bit.ly/3f3P7Yo, стр. 5.

[450] „Обединетите нации документираа најмалку 14 случаи на хуманитарни работници кои биле убиени во северозападна Сирија во последните 14 месеци како резултат на воздушни напади, гранатирање, автомобил бомби и други импровизирани експлозивни направи. Со просек од еден хуманитарен работник убиен на секои 30 дена, ова ја прави северозападна Сирија едно од најопасните места во светот за хуманитарни работници"; Канцеларијата на заменик-регионалниот хуманитарен координатор за кризата во Сирија, изјава на Марк Катс, заменик-регионален хуманитарен координатор за кризата во Сирија за убиството на хуманитарен работник во северозападна Сирија, 17 февруари 2021 година, https://bit.ly/2ZDdqHE. Види, исто така, Размена на хуманитарни податоци, работник за помош УКУ (убиен, киднапиран или уапсен) (Humanitarian Data Exchange, Aid Worker KKA (Killed, Kidnapped or Arrested)), пристапено на 28 февруари 2021 година, https://bit.ly/2HbLeWd; Aid Worker Security, Security Incident Data: Syria, пристапено на 28 февруари 2021 година, https://bit.ly/3keNZoc; СБОН, Имплементација на резолуциите на Советот за безбедност (UNSC, Implementation of Security Council Resolutions) 2139 (2014 г.), 2165 (2014 г.), 2191 (2014 г.), 2258 (2015 г.), 2332 (2016 г.), 2393 (2017 г.), 2401 (2018 г.), 2449 (2018 г.), 2504 (2020 г.) и 2533 (2020 г.), 11 декември 2020 година, https://bit.ly/3momPeR, став 50-52; „Д гардијан", Сирија е најсмртоносното место за помошници сред глобален пораст на нападите од 30% - Извештај (The Guardian, Syria Deadliest Place to Be an Aid Worker, Amid Global 30% Rise in Attacks – Report), 19 август 2020 година, https://bit.ly/3ldWVLD; „Ал џазира", Британски хуманитарен работник во Сирија држен „во изолација" по киднапирањето (Al Jazeera, British Aid Worker in Syria Held 'Incommunicado' after Abduction), 8 јули 2020 година, https://bit.ly/3iNkwBu; „Вашингтон пост", Додека цивили страдаат во сириската провинција Идлиб, смртта и раселувањето им се прикрадува и на работниците за помош (Washington Post, As Civilians Suffer in Syria's Idlib Province, Death and Displacement Stalk Aid Workers, Too), 19 февруари 2020 година, https://wapo.st/3edNSFN. За таргетирањето на хуманитарни работници од страните на конфликтот, види, исто така, Дел III.A.1, 4, 5, 6 и 12.

[451] „Д гардијан", ООН ја рестартира прекуграничната помош за Сирија, но само со една пристапна точка (The Guardian, UN Restarts Syria Cross-Border Aid but with Only One Access Point), 12 јули 2020 година, https://bit.ly/3gUflxQ; „Ју-ен њуз", Советот за безбедност ја продолжува прекуграничната спасувачка помош за Сирија за уште една година (UN News, Security Council Extends for One Year, Lifesaving Cross-Border Aid to Syria), 11 јули 2020 година, https://bit.ly/2OlTD9K.

[452] Во февруари 2021 година, 22 невладини организации потпишаа заедничко писмо во кое се наведува дека преминот Баб Ал Хава е „под огромен притисок" и дека отстранувањето на единствениот премин во североистокот „придонесе за празнини во обезбедувањето помош, финансирањето и пристапот до залихи на населението во североистокот, вклучувајќи основни лекови и комплети за тестирање за КОВИД-19. Состојбата може само да се влоши"; „Сејв д чилдрен" и други, Намалениот хуманитарен пристап го попречува одговорот на зголемените случаи на КОВИД-19 и суровите ефекти на зимата во северна Сирија сред недостаток на помош (Save the Children et al., Reduced Humanitarian Access Impedes Response to Rising Cases of COVID-19 and the Harsh Effects of Winter in Northern Syria amid Aid Shortages), 29 јануари 2021 година, https://bit.ly/3aJ25fw. „Невладините организации (НГО) кои работат прекугранично, исто така, објавија дека влијанието на отстранувањето на овластувањето Баб ал Салам веќе било очигледно [до август 2020 година], во однос на зголемено време, трошоци, сложеност и ризици од обезбедување помош во делови на северозапад"; СБОН, Имплементација на резолуциите на Советот за безбедност (UNSC, Implementation of Security Council Resolutions) 2139 (2014 г.), 2165 (2014 г.), 2191 (2014 г.), 2258 (2015 г.), 2332 (2016 г.), 2393 (2017 г.), 2401 (2018 г.), 2449 (2018 г.), 2504 (2020 г.) и 2533 (2020 г.), 20 август 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2036556.html, став 8. Види, исто така, СБОН, Ограничениот прекуграничен пристап во северозападна Сирија им отежнува на хуманитарците да стигнат до многумината на кои им е потребна помош, изјави работник за помош на Советот за безбедност (UNSC, Limited Cross-Border Access into North-West Syria Placing Strain on Humanitarians to Reach Many in Need, Aid Worker Tells Security Council), 29 јули 2020 година, SC/14268, https://bit.ly/30y1acz; КЕР интернешнал, Советот за безбедност на ООН дополнително ќе го ограничи хуманитарниот пристап до северозападна Сирија (CARE International, UN Security Council to Further Restrict Humanitarian Access to Northwest Syria), 12 јули 2020 година, https://bit.ly/3iV4fdT. Намалувањето од јануари 2020 година од четири на два гранични премини веќе имаше значајни влијанија врз хуманитарниот пристап и особено влијаеше врз здравствениот сектор; Центар за стратегиски и меѓународни студии, Можниот крај на прекуграничната помош во Сирија (Center for Strategic and International Studies, The Possible End of Cross-Border Aid in Syria), 6 јули 2020 година, https://bit.ly/3gJeQXD.

# III. Процена на потребите од меѓународна заштита за барателите на азил од Сирија

## А. Заштита на бегалците согласно критериумите од Конвенцијата од 1951 г. и главните категории барања

Со оглед на сериозните повреди на меѓународното хуманитарно право и повредите и злоупотребите на човековите права, како и тековниот вооружен судир во Сирија, **УНХЦР и понатаму го карактеризира пребегнувањето на цивилите од Сирија како движење на бегалци, при што огромното мнозинство сириски баратели на азил и понатаму имаат потреба од меѓународна заштита на бегалците, исполнувајќи ги барањата од дефиницијата за бегалец што се осдржи во член 1А(2) од Конвенцијата од 1951 г.** На ист начин, Палестинците од Сирија коишто се наоѓаат надвор од подрачјето на делување на УНРВА веројатно ги исполнуваат барањата од член 1Г со што *ipso facto* се стекнуваат со правото да ги ползуваат придобивките од Конвенцијата од 1951 г.[453]

За голем број цивили коишто пребегале од Сирија, врската со Конвенцијата од 1951 г. ќе се пронајде во непосредна или посредна, вистинска или претпоставена припадност на некоја од страните во судирот. Специфична одлика на судирот во Сирија е тоа што различните страни во судирот често пати им припишуваат **политичко мислење** на поголеми групи луѓе, вклучително и семејства, племиња, верски или етнички групи, или цели градови, села или населби, по пат на припадност.[454] Како такви, членовите на поголемите ентитети, без да се издвојат поединечно, може да станат мета на реперкусии од страна на различните актери поради нивната вистинска или претпоставена поддршка на некоја друга страна во судирот.[455] Претпоставката дека некој споделува нечие политичко мислење или припадност во однос на судирот често пати се заснова на едвај нешто повеќе од физичкото присуство на лицето во одредено подрачје (или фактот што лицето потекнува од тоа подрачје), или на неговата етничка или верска припадност. Во такви ситуации, ризикот да се биде повреден станува сериозен и реален, и во никој случај не се намалува со фактот што засегнатото лице можеби и нема да стане мета на некој напад на поединечна основа.

УНХЦР смета дека Сиријците и поранешните вообичаени жители на Сирија кои спаѓаат во подолу наведените ризични профили **веројатно имаат потреба од меѓународна заштита на бегалците**.

[453] За анализа на толкувањето на член 1Д, види: УНХЦР, Забелешка за толкувањето на УНХЦР на членот 1Д од Конвенцијата од 1951 година за статусот на бегалците и членот 12(1)(а) од Директивата за квалификација на ЕУ во контекст на палестинските бегалци кои бараат меѓународна заштита, мај 2013 година, http://www.refworld.org/docid/518cb8c84.html.

[454] „И провладините сили и недржавните вооружени групи во северозападните, северните и источните делови на Сириската Арапска Република продолжија да таргетираат цивили, вклучително и оние за кои се смета дека се поврзани со опозициските сили, вклучително и преку убиства, произволното лишување од слобода, тортура и друго лошо постапување и киднапирања“; СБОН, Имплементација на резолуциите на Советот за безбедност 2139 (2014 г.), 2165 (2014 г.), 2191 (2014 г.), 2258 (2015 г.), 2332 (2016 г.), 2393 (2017 г.), 2401 (2018 г.), 2449 (2018 г.) и 2504 (2020 г.), 24 јуни 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2032945.html, став 17.

[455] Во ситуации на вооружен конфликт и насилство, поединци или цели групи или популации може да бидат изложени на ризик да бидат издвоени или таргетирани за прогон за причини од Конвенцијата од 1951 година. Во своите Упатства за барањата за статус на бегалец во врска со ситуации на вооружен конфликт и насилство, УНХЦР забележа дека: „Ситуациите на вооружен конфликт и насилство можат да бидат вкоренети во, мотивирани или водени и/или спроведени според линијата на раса, етничка припадност, религија, политика, пол или поделби на социјални групи, или може да влијаат на луѓето врз основа на овие фактори. Всушност, она што може да изгледа како неселективно однесување (т.е. однесување со кое гонителот не сака да таргетира одредени поединци), во реалноста може да биде насочено кон цели заедници или подрачја чии жители се вистински или се претпоставува дека се поддржувачи на една од страните во ситуацијата на вооружен конфликт и насилство. Кој припаѓа или се смета или се претпоставува дека е поврзан со одредена страна во ситуација на вооружен конфликт и насилство, честопати се толкува обемно од страна на актерите за време на такви ситуации – и може да вклучува опсег на луѓе, вклучително и членови на семејства на борци, како и сите оние кои припаѓаат на истите религиозни или етнички групи или живеат во одредени населби, села или градови. Основата за Конвенцијата редовно се припишува на групи луѓе засновани врз нивното семејство, заедница, географски и други врски“; УНХЦР, Насоки за меѓународна заштита бр. 12: Барања за статус на бегалци поврзани со ситуации на вооружен конфликт и насилство според член 1А(2) од Конвенцијата од 1951 година и/или Протоколот од 1967 година во врска со статусот на бегалците и регионалните дефиниции за бегалци, 2 декември 2016 година, www.refworld.org/docid/583595ff4.html, став 33.

Поткатегориите лица со ризичните профили 3, 8 и 10 може да имаат потреба од меѓународна заштита на бегалците зависно од поединечните околности на случајот.

Зависно од конкретните околности, членовите на семејството, или лицата кои се поинаку тесно поврзани со лицата од овие профили може исто така да имаат потреба од меѓународната заштита врз основа на нивната поврзаност со лицата во ризик (видете ги, особено, профилите 1, 2, 3, 4 и 6).

Сите барања поднесени од страна на барателите на азил треба да се разгледуваат по свој сопствен основ во постапка за правично и ефикасно одредување на статусот и согласно најновите и најмеродавните информации за земјата на потекло.

УНХРЦ смета дека моменталната состојба во Сирија не дава можност за укинување на бегалскиот статус врз основа на член 1В(5) од Конвенцијата од 1951 г. Па така, статусот на признаен бегалец треба да се ревидира само доколку постојат индиции, за во секој случај поединечно, дека постојат основи за:

i. Поништување на бегалскиот статус којшто првично бил доделен по грешка;

ii. Повлекување на бегалскиот статус по основ на членот 1Ѓ од Конвенцијата од 1951 г.

Ризичните профили што се наведени таму не се нужно сеопфатни, а и може да се преклопуваат. Редоследот по кој се прикажани ризичните профили не имплицира никаква хиерархија. Ризичните профили се засноваат на информациите што му се на располагање на УНХЦР во времето на овој запис. Барањето не треба автоматски да се смета дека нема основ само затоа што не спаѓа во ниту еден од профилите идентификувани овде.

## *1) Лицата што ѝ се спротивставуваат или за кои се претпоставува дека ѝ се спротивставуваат на Владата*

### а) Постапувањето со лицата што ѝ се спротивставуваат или за кои се претпоставува дека ѝ се спротивставуваат на Владата

Сириската Влада и понатаму насилно го пhistoricalтиснува и казнува секој вистински или претпоставен дисидент во подрачјата што ги контролира.[456] За да одреди кое лице е политички дисидент, Владата применува многу широки критериуми: секој вид на критика, противење или недоволна лојалност кон владата искажани на кој било начин и во кој било облик[457] редовно доведуваат до сериозни реперкусии

[456] „Властите брутално ги потиснаа сите знаци на повторното несогласување, вклучително и преку произволно апсење и тортура"; ХРВ, Светски извештај за 2021 година: Сирија (HRW, World Report 2021: Syria), 13 јануари 2021 година, www.ecoi.net/en/document/2043510.html. „Репресијата и тајноста веќе долго време се обележје на двата режима на Асад: Башар, од 2000 година и неговиот татко Хафез пред него, од 1971 до 2000 година. За време на овој долг период, режимите користеа произволно притворање, тортура, директни егзекуции и присилни исчезнувања како алатки за репресија и контрола"; МЦТП Приведените, киднапираните и присилно исчезнатите лица во Сирија (ICTJ, Syria's Detained, Abducted, and Forcibly Disappeared), мај 2020 година, https://bit.ly/2Bzsqx9, стр. 1. „Политичките права и граѓанските слободи во Сирија се сериозно компромитирани од страна на еден од најрепресивните режими во светот и од другите воени сили во тековната граѓанска војна. Режимот забранува вистинско политичко спротивставување и строго ги потиснува слободата на говор и собир. (...) владата одржува моќен разузнавачки и безбедносен апарат за следење и казнување на движењата на опозицијата што може да се појават како сериозни предизвикувачи на власта на Асад. (...) Владата се занимава со силен надзор на приватната и онлајн дискусија и строго го казнува несогласувањето во подрачјата под нејзина контрола"; „Фридом хаус", Слобода во светот 2020 година: Сирија, март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2030806.html. Види, исто така, ЦПОС, Состојбата на правдата: Сирија за 2020 година (SJAC, The State of Justice: Syria 2020), март 2020 година, https://bit.ly/2Y5Zu9p, стр. 8.

[457] „Цензурата на онлајн весниците и содржината на социјалните медиуми во подрачјата контролирани од владата остана сериозна и се чини дека се интензивираше за време на периодот на покривање. (...) Повеќето корисници внимаваат да избегнат опасни теми и да се воздржат од посетување на блокирани веб-страници. Со оглед на можностите за надзор на владата, постои ризик за пристапување дури и до деблокирани страници што се поврзани со опозицијата. (...) Софистицираните напади на фишинг и малициозен софтвер, насочени кон онлајн активисти за набљудување започнаа да се пријавуваат во 2012 година. (...) Надзорот е надвор од контрола врз домашните ИСП [даватели на интернет услуги], кои се тесно поврзани со владините безбедносни сили. Сопствениците на сајбер кафулињата се принудени да ги набљудуваат и снимаат активностите на своите клиенти"; „Фридом хаус", Слобода на интернет 2020 година: Сирија, 14 октомври 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2039121.html. На пример, на 19 септември 2020 година, владините сили произволно уапсија адвокат во Хама откако ги критикуваше лошите услови за живот во Хама на неговата лична страница на Фејсбук; СМЧП, Силите на сирискиот режим уапсија адвокат во градот Хама на 19 септември (SNHR, Syrian Regime Forces Arrested a Lawyer in Hama City on September 19), 20 септември 2020 година, https://bit.ly/3ky3Cab. За пријавеното набљудување на онлајн активностите на критичарите, вклучително и преку централизиран систем за надзор управуван од Сириски Телеком, види:

по тоа лице.[458]

Меѓу лицата за кои редовно се претпоставува дека имаат антивладини размислувања се цивилите (особено воеоспособните мажи и момчиња[459]) од подрачја кои се или порано биле под опозициска

„Сириските разузнавачки служби, особено воените разузнавачки служби, без причина собираа информации за политички противници, членови на опозицијата и активисти за човекови права. Бројни извештаи од Сирија укажуваат на тоа дека владата на Башар ал Асад делумно ги користи пресретнатите податоци за да ги идентификува, апси и испрашува критичарите“; ЕЦУЧП, Надзор во Сирија: Европските фирми можеби помагаат и ги поттикнуваат злосторствата против човештвото (ECCHR, Surveillance in Syria: European Firms May Be Aiding and Abetting Crimes Against Humanity), пристапено на 28 февруари 2021 година, https://bit.ly/2xwGdD0. „Произволното апсење предизвика страв дека властите можат да уапсат интернет корисници во секое време за активности на интернет за кои се смета дека се закануваат на контролата на режимот, како што се објавување на блогови, пишување твитови, коментирање на Фејсбук, споделување фотографии или поставување видеа“; Стејт департмент на САД, Државни извештаи за практики на човекови права за 2019 година: Сирија, 11 март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2026345.html. Види, исто така, „Снек Сирија“ (веб-страница за провладини вести), д-р Сулејман Ал Авад испратен на суд за критикување на службеник на Баат (Snack Syria (pro-government news website), Dr. Suleiman al-Awad Sent to Court for Criticizing Baath Official), 25 февруари 2020 година, https://bit.ly/300h67w; „Хивос“, Прекугранично замолчување: Транснационална репресија и дигитални закани против протерани активисти од Египет, Сирија и Иран (Hivos, Silencing Across Borders: Transnational Repression and Digital Threats Against Exiled Activists from Egypt, Syria, and Iran), февруари 2020 година, https://bit.ly/3a7FTb5.

[458] „Според базата на податоци на СНХР, огромното мнозинство притворени беа уапсени во врска со нивното учество во активности кои се противат на сирискиот режим, без оглед колку се безопасни, како што се присуство на демонстрации, вклученост во медиумски или хуманитарен активизам за помош, па дури и како резултат на сродство со активисти; ова значи дека огромното мнозинство притвореници се уапсени во врска со нивниот политички активизам (...)“; СМЧП. Најмалку 213 случаи на произволно апсење/притвор документирани во Сирија во јануари 2021 година, вклучувајќи 24 деца и пет жени (SNHR, At least 213 Cases of Arbitrary Arrest/ Detention Documented in Syria in January 2021, Including 24 Children and Five Women), 2 февруари 2021 година, https://bit.ly/3e60jH4, стр. 16. „(...) луѓето од сите возрасти и од сите професии, цивили и осомничени бунтовници, се уапсени и приведени од агенциите за безбедност на режимот. Ова вклучува лекари кои лекувале демонстранти, секој кој сакал да избегне отслужување на воениот рок, оние кои останале во подрачјата каде што вооружените групи ја презеле контролата и раселени лица кои сакале да се вратат, но за кои се сметало дека не се лојални затоа што избегале од конфликтот.  Исто така, изложени на висок ризик на апсење се роднини на лица барани од властите, вклучително и момчиња, кои честопати се мета на апсење и се притвораат под сомнение дека работеле со опозицијата“; МЦТП, Приведените, киднапираните и присилно исчезнатите лица во Сирија (ICTJ, Syria's Detained, Abducted, and Forcibly Disappeared), мај 2020 година, https://bit.ly/2Bzsqx9, стр. 11.

[459] „Од 2011 година, широко распространетите апсења на мажи и момчиња на возраст од 15 години беа извршени од страна на безбедносните сили или милицијата, кои дејствуваа во име на Владата, за време на масовни апсења, претреси по куќи или во болници. Момчињата, а понекогаш и девојчињата, беа приведени или без придружба или заедно со машки роднини врз основа на нивната претпоставена поддршка на опозициските групи на контролните пунктови во Алепо, Дамаск и Дара.“ И понатаму: „Преку широко распространетата и систематска кампања на апсења и притворања кои таргетираат цивили за кои општо се претпоставува дека ги поддржуваат опозициските групи, владините сили и придружната милиција приведуваа деца и ги подложуваа на тортура и малтретирање, вклучувајќи силување и сексуално насилство“; Совет за човекови права на ООН, Правата на децата во Сириската Арапска Република, 13 јануари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2023152.html, став 51, 82.

контрола;[460] избегнувачите на воената служба и дезертерите;[461] опозициските членови на локалните

[460] „Поединци од териториите вратени од страна на режимот на Асад се под постојан ризик од притвор и воени рации за регрутирање што режимот ги започна во тие подрачја“; Центар за стратешки студии Омран, Безбедносниот пејзаж во Сирија и неговото влијание врз враќањето на бегалците: Испитување на мислење (Omran Center for Strategic Studies, The Security Landscape in Syria and its Impact on the Return of Refugees: An Opinion Survey), 17 декември 2020 година, https://bit.ly/3asi7uk, стр. 34. „Притворот е особено раширен во „помирените“ територии, каде што долгогодишните жители и неодамнешна вратените лица беа уапсени, без оглед на нивната усогласеност со процесите на помирување. Ова следи шема од последните осум години според која сириската влада, како и недржавните актери, се одговорни за присилното исчезнување и злосторствата извршени во центрите за притвор, вклучувајќи тортура, сексуално насилство и убиства без судење“; ЦПОС, Состојбата на правдата: Сирија за 2020 година (SJAC, The State of Justice: Syria 2020), март 2020 година, https://bit.ly/2Y5Zu9p, стр. 8. Види, исто така, Дел III.A.1.г. подолу. СНХР „забележа дополнителни случаи на апсења на цивили, вклучително деца, жени и стари лица од страна на силите на сирискиот режим додека поминуваа низ контролните пунктови на режимот додека се движеа помеѓу или патуваа во подрачја надвор од контролата на сирискиот режим“; СМЧП, Најзначајните прекршувања на човековите права во Сирија во мај 2020 година (SNHR, The Most Notable Human Rights Violations in Syria in May 2020), 3 јуни 2020 година, https://bit.ly/2U0QLT9, стр. 6. Според Сара Кајали од ХРВ, „(...) лицата кои биле во подрачја кои претходно биле под контрола на опозицијата и беа ослободени, кои беа присилно регрутирани од сириската влада, многу веројатно ќе се сметаат дека имаат антивладини ставови. Лицата кои се враќаат од странство, исто така, се чини дека имаат антивладини ставови. Лица со потекло од подрачја што сега се под антивладина контрола, исто така, може да се согледаат како такви“; Комуникација преку е-пошта со Сара Кајали, истражувач за Сирија, оддел за Блискиот Исток и Северна Африка, ХРВ (E-mail communication with Sara Kayyali, Syria Researcher, Middle East and North Africa Division, HRW), 9 март 2020 година, 27 јули 2020 година и 5 јануари 2021 година (е-пошта во досието на УНХЦР). Види, исто така, „Сирија репорт“, Во уништените предградија на Дамаск, апсењата се опасност од барање за враќање дома (Syria Report, In Destroyed Damascus Suburbs, Arrests Show Dangers of Requesting to Return Home), 14 октомври 2020 година, https://bit.ly/3lA4bkE; и ситуацијата во Ал Тал, како што е опишана во: УНХЦР, Белешка ЦОИ: Учество во антивладини протести; Избегнување на отслужување на воениот рок; Издавање и примена на делумни уредби за амнестија; Престој во (поранешни) подрачја држени од опозицијата; Издавање на пасоши во странство; Враќање и „решавање на статусот“ (UNHCR, COI Note: Participation in Anti-Government Protests; Draft Evasion; Issuance and Application of Partial Amnesty Decrees; Residency in (Formerly) Opposition-Held Areas; Issuance of Passports Abroad; Return and “Settling One's Status”), 7 мај 2020 година, www.refworld.org/docid/5ec4fcff4.html (и изворите вклучени во него). Види, исто така, Дел III.A.1.г подолу.

[461] Фактот дека маж на возраст за регрутација можеби избегнал отслужување на воениот рок или дезертирал од војска, најверојатно ќе ги зајакне претпоставките дека тој има антивладини мислења и ќе го зголеми ризикот од апсење, присилно регрутирање и сериозно малтретирање. Сиријците на борбена возраст, вклучително и момчињата тинејџери, избегнуваат да минуваат низ владините контролни пунктови од страв дека ќе бидат уапсени, исчезнати или убиени. Види, исто така, Дел III.A.2.

совети;[462] граѓанските и политичките активисти;[463] протестирачите;[464] новинарите и граѓанските

[462] „(...) други безбедносни кампањи таргетирале работници кои учествувале и служеле во граѓански работи во институции кои биле активни за време на контролата на фракциите врз регионот“; СОЧП, Источна Гута: Хронични кризи... Недостаток на основни услуги... Сирискиот режим обвинет за намерно маргинализирање на регионот (SOHR, Eastern Ghouta: Chronic Crises… Lack of Basic Services... Syrian Regime Blamed for Deliberately Marginalizing the Region), 3 декември 2020 година, https://bit.ly/37CtwVj. Види, исто така, СОЧП, Цивил од Ал Растан северно од Хомс почина под тортура во затворите на режимот (SOHR, Civilian from Al-Rastan North of Homs Dies under Torture in Regime Prisons), 14 ноември 2020 година, https://bit.ly/35w2CP1; СОЧП, „Воената безбедност“ упаси пет млади лица поради непознати причини во Дара (SOHR, “Military Security” Arrests Five Young People for Unknown Reasons in Daraa), 27 јуни 2020 година, https://bit.ly/3ibHH8b; СМЧП, Сирискиот режим уапси инженер во градот Даел во предградието на Дара на 25 јуни (SNHR, Syrian Regime Arrested Engineer in Dael City in Daraa Suburbs on June 25), 26 јуни 2020 година, https://bit.ly/32b9znE; СТЈ, Сирија: Илјадници принудени „тивко“ да избегаат од Кунеитра и Дара (STJ, Syria: Thousands Forced to Flee Qunaitra and Daraa ‘Silently’), 27 август 2019 година, https://bit.ly/2VdqMIZ; „Сирија директ“, Една година по „помирувањето“: Апсења и исчезнувања низ јужна Сирија (Syria Direct, A Year After “Reconciliation”: Arrests and Disappearances Abound in Southern Syria), 18 јули 2019 година, https://bit.ly/2GiADW1; ЕИМ, Бегалците се враќаат во Сирија (EIP, Refugee Return in Syria), јули 2019 година, www.ecoi.net/en/document/2018602.html, стр. 30, 31. Членовите на локалниот совет беа исто така меѓу оние кои владата редовно ги сметаше за „непомирливи“; Види, исто така, Дел III.А.1.г подолу.

[463] „Во подрачјата кои режимот ги врати под своја контрола, тој или ги расели или ги уапси оние кои порано биле активисти“; Фондација „Бертелсман“, ИТФБ Државен извештај за 2020 година: Сирија (Bertelsmann Stiftung, BTI 2020 Country Report: Syria), 29 април 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2029497.html, стр. 11. „Амнести Интернешнел ги документираше произволните приведувања и присилните исчезнувања на голем број луѓе кои беа таргетирани за нивниот мирен активизам“; „Амнести интернешнал“, Сирија: Ранливите затвореници треба да бидат ослободени за да се спречи ширењето на КОВИД-19 (Amnesty International, Syria: Vulnerable Prisoners Should Be Released to Prevent Spread of COVID-19), 31 март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2027385.html. „Независните групи на граѓанското општество и медиумите се грубо потиснати (...). Режимот генерално ја негира регистрацијата на невладините организации со реформски мисии или мисси за човекови права и редовно спроведува рации и претреси за притворање на граѓански и политички активисти“; „Фридом хаус“, Слобода во светот 2020 година: Сирија, март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2030806.html. „Државниот безбедносен апарат им се закануваше на жените со цел да ги спречи да учествуваат во други иницијативи на граѓанското општество“; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 28 јануари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2025856.html, став 69. Види, исто така, Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 14 август 2020 година, http://www.ecoi.net/en/document/2037646.html, став 22. Активистите беа исто така меѓу оние кои владата редовно ги сметаше за „непомирливи“; Види, исто така, Дел III.А.1.г.

[464] „(...) забележавме апсења и гонења против граѓани, вклучително и активисти, во врска со нивното учество во претходните протести против сирискиот режим и активностите во гувернoратот Сувеида, при што повеќето од овие апсења се случија додека минуваа низ контролните пунктови на режимот во градот Сувеида“; СМЧП, Најзначајните прекршувања на човековите права во Сирија во октомври 2020 година (SNHR, The Most Notable Human Rights Violations in Syria in October 2020), 4 ноември 2020 година, https://bit.ly/3nn9MLV, стр. 5. На пример, на 22 јули 2020 година, СНХР пријави апсење на поет од градот Саламија (гувернорат на Хама) во врска со неговото учество во антивладини протести во Сувеида; СМЧП, Најмалку 157 случаи на произволни апсења/притвор документирани во Сирија во јули 2020 година, вклучувајќи 13 деца и две жени (SNHR, At least 157 Cases of Arbitrary Arrests/ Detention Documented in Syria in July 2020, Including 13 Children and Two Women), 3 август 2020 година, https://bit.ly/2YdDIj8, стр. 15. За многу лица кои учествуваа во антивладините протести во 2011 година се вели дека сè уште се во притвор, а поранешните демонстранти сè уште се во опасност од произволно апсење. Во подрачјата што ги држи владата, новите протести или други јавни изрази на антивладини ставови беа релативно ретки и од мал обем и, доколку се случиле, тие беа насилно потиснати, види, на пример, СОЧП, Канакер под опсада: Загриженоста расте за животите на стотици жители поради претстојната кампања за безбедност на режимот (SOHR, Kanaker under Siege: Concerns Grow for the Lives of Hundreds of Residents over Looming Regime Security Campaign), 26 септември 2020 година, https://bit.ly/3cASert; СОЧП, Риф Димашк: Непознати лица запалија гуми и блокираа странични улици во Сакба, протестирајќи против влошените услови за живот (SOHR, Rif Dimashq: Unknown Individuals Set Tires on Fire and Block Side Streets in Saqba, Protesting Deteriorating Living Conditions), 19 јуни 2020 година, https://bit.ly/3fK9hrj; СМЧП, Силите на сирискиот режим насилно исчезнаа 10 активисти за народно востание во Сувеида и користеа репресија за да се соочат со нивните законски барања (SNHR, Syrian Regime Forces Forcibly Disappear 10 Popular Uprising Activists in Suwayda and Use Repression to Confront Their Rightful Demands), 18 јуни 2020 година, https://bit.ly/2CtHo8D; „Фридом хаус“, Слобода во светот 2020 година: Сирија (Freedom House, Freedom in the World 2020: Syria), март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2030806.html; „ДЕИР ЕЗОР 24“ (онлајн портал за про-опозициски вести), Кампања за апсење следи по протестите во Деир ез Зор (DEIR EZZOR 24 (pro-opposition online news portal), Arrest Campaign Follows Protests in Deir ez-Zor), 14 февруари 2020 година, https://bit.ly/3gPsut9.

новинари;[465] хуманитарните работници и волонтерите на цивилната заштита;[466] лекарите и другиот

[465] „Новинарите и медиумските работници и нивните активности беа таргетирани, загрозени, упасени или убиени од владини елементи (...)“; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 21 јануари 2021 година, www.ecoi.net/en/document/2045772.html, став 36. „Меѓутоа, во подрачјата под контрола на режимот, активистите на СОХР велат дека режимот на Ал Асад ги засилува и апси сириските, како и странските новинари кои го критикуваат режимот, се спротивставуваат на неговата политика или навлегуваат во прашања за корупција. Режимските сили и нивните полномошни милиции убија 541 сириски новинари и осум странски новинари. (...) Покрај тоа, речиси 552 новинари беа уапсени и присилно исчезнати во затворите на режимот“; СОЧП, Речиси 750 активисти и новинари убиени додека стотици присилно исчезнаа (SOHR, Nearly 750 Activists and Journalists Killed, while Hundreds Forcibly Disappeared), 24 ноември 2020 година, https://bit.ly/3ll2VB7. „Откако започнаа антивладините протести во 2011 година, властите приведоа голем број корисници на интернет, вклучително и познати блогери и граѓански новинари. Додека е тешко да се добијат информации за неодамнешните апсења, околу 28 професионални и граѓански новинари, како и медиумски асистенти, вклучително и блогери и онлајн активисти, беа притворени во 2020 година, според Репортери без граници. (...) Откако биле приведени, граѓанските новинари, блогерите и другите притвореници честопати биле подложени на тепања и тортура од страна на владините власти. Упадите во домовите и запленувањето на имот од страна на властите продолжија во текот на целиот период на покривање, како и малтретирањето и тортурата врз онлајн активистите кои се наоѓаа во сириските затвори“; „Фридом хаус“, Слобода на интернет 2020 година: Сирија, 14 октомври 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2039121.html. „Вестите и информациите внимателно се следат, а покривањето на корупцијата или економската криза, ги изложува новинарите, дури и оние кои се сметаат за поддржувачи на владата, на чинови на одмазда. Произволното приведување на критичарите продолжи во 2020 година“; „Репортери без граници“ (РБГ), Брифинг на РБГ до Советот за човекови права за кршење на правата на новинарите во Сирија (Reporters Sans Frontières (RSF), RSF Briefs Human Rights Council about Violations of Journalists’ Rights in Syria), 4 септември 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2038109.html. Види, исто така, СМЧП, Силите на сирискиот режим уапсија новинаро во градот Алепо на 9 јануари (SNHR, Syrian Regime Forces Arrested a Reporter in Aleppo City on January 9), 17 јануари 2021 година, http://bit.ly/3si5Y0S; РБГ, Новинар уапсен во град контролиран од сириската влада (RSF, Journalist Arrested in City Controlled by Syrian Government), 4 јуни 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2030924.html; СМЧП, Смртта на медиумски активист поради тортура во центар за притвор на сирискиот режим на 13 април (SNHR, The Death of a Media Activist Due to Torture in Syrian Regime Detention Center, April 13), 14 април 2020 година, https://bit.ly/3dpxth0; „Сирија директ“, Режимот на Асад, ХТШ и ИСИС се обидоа да замолчат новинарки во Идлиб (Syria Direct, Assad Regime, HTS, and ISIS Attempt to Silence Female Journalists in Idlib), 30 март 2020 година, https://bit.ly/38k1nlW. Новинарите кои работат за провладини медиуми, наводно, биле уапсени заради нивната работа, доколку се сметало дека ја критикува владата. Ова вклучуваше критикување на влошените услови за живот во подрачјата што ги држи владата; СМЧП, Медиумската работничка Халах ал Џарф која беше уапсена од сирискиот режим пред околу 20 дена за изразување на своето мислење, сè уште е во притвор (SNHR, Media Worker Halah al Jarf, Arrested by the Syrian Regime about 20 Days Ago for Expressing Her Opinion, Is still Being Detained), 13 февруари 2021 година, http://bit.ly/3qN5E9R; СМЧП, СМЧП, Најзначајните прекршувања на човековите права во Сирија во јануари 2021 година (SNHR, The Most Notable Human Rights Violations in Syria in January 2021), 4 февруари 2021 година, https://bit.ly/3rfIHN3, стр. 5; „Заман ал васл“, Апсењата во Латакија означуваат незадоволство помеѓу заедниците кои се про-Асад (Zaman Al Wasl, Arrests in Latakia Signal Discontent among pro-Assad Communities), 4 февруари 2021 година, http://bit.ly/3q8xE6Z; СОЧП, Сирискиот режим продолжува да апси лојални медиуми и активисти сред повици за враќање на бегалците (SOHR, Syrian Regime Continues to Arrest Loyal Media and Activists, amid Calls for the Return of Refugees), 2 февруари 2021 година, http://bit.ly/2NOfry1; СОЧП, Прорежимските медиумски активисти ја критикуваат корупцијата на сирискиот режим (SOHR, Pro-Regime Media Activists Criticize Corruption of Syrian Regime), 22 јануари 2021 година, http://bit.ly/3dB3dn2.

„(...) поранешните членови на персоналот на НВО/ОЗЗ [Организација заснована на заедницата] на југ се соочуваат со многу понагласени ризици поради нивната поранешна припадност и учество во сега забранети организации; ова е особено точно за високото раководство, за разлика од вработените на пониско ниво“; ЦОАИ, Што останува?: Посмртна анализа на прекуграничниот одговор во Дара (COAR, What Remains?: A Postmortem Analysis of the Cross-Border Response in Dar’a), 27 февруари 2020 година, https://bit.ly/31UqpXe. „(...) Комисијата доби извештаи за присилни исчезнувања низ целиот гувернорат Дара, при што повеќето жртви се хуманитарни работници за кои се смета дека ја „предале земјата“ со тоа што ги евидентирале нападите извршени од страна на владата“; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 15 август 2019 година, www.ecoi.net/en/document/2016403.html, став 69. За таргетирање на спасувачките работници, вклучително и членови на Белите шлемови (Сириската цивилна одбрана) од страна на владините сили, види, на пример, СОЧП, Двајца поранешни членови на „Цивилна одбрана“ меѓу десетте лица уапсени во Источна Гута (SOHR, Two Ex-Members of “Civil Defence” among Ten Persons Arrested in Eastern Ghouta), 8 мај 2020 година, https://bit.ly/37Q5CFr; Фондација „Бертелсман“, БТИ Извештај за земјата за 2020 година: Сирија (Bertelsmann Stiftung, BTI 2020 Country Report: Syria), 29 април 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2029497.html, стр. 11. Службените работници, исто така, се меѓу оние кои Владата ги смета за „irreconcilable“ (лица со кои не може да се изврши помирување); Види Дел III.A.1.г.

[466] „(...) поранешните членови на персоналот на НВО/ОЗЗ [Организација заснована на заедницата] на југ се соочуваат со многу понагласени ризици поради нивната поранешна припадност и учество во сега забранети

здравствен персонал;[467] бранителите на човековите права;[468] како и наставниците и академиците.[469]

организации; ова е особено точно за високото раководство, за разлика од вработените на пониско ниво"; ЦОАИ, Што останува?: Посмртна анализа на прекуграничниот одговор во Дара (COAR, What Remains?: A Postmortem Analysis of the Cross-Border Response in Dar'a), 27 февруари 2020 година, https://bit.ly/31UqpXe. „(...) Комисијата доби извештаи за присилни исчезнувања низ целиот гувернорат Дара, при што повеќето жртви се хуманитарни работници за кои се смета дека ја „предале земјата" со тоа што ги евидентирале нападите извршени од страна на владата"; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 15 август 2019 година, www.ecoi.net/en/document/2016403.html, став 69. За таргетирање на спасувачките работници, вклучително и членови на Белите шлемови (Сириската цивилна одбрана) од страна на владините сили, види, на пример, СОЧП, Двајца поранешни членови на „Цивилна одбрана" меѓу десетте лица уапсени во Источна Гута (SOHR, Two Ex-Members of "Civil Defence" among Ten Persons Arrested in Eastern Ghouta), 8 мај 2020 година, https://bit.ly/37Q5CFr; Фондација „Бертелсман", БТИ Извештај за земјата за 2020 година: Сирија (Bertelsmann Stiftung, BTI 2020 Country Report: Syria), 29 април 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2029497.html, стр. 11. Службените работници, исто така, се меѓу оние кои Владата ги смета за „irreconcilable" (лица со кои не може да се изврши помирување); Види Дел III.A.1.г.

[467] Според СНХР, владата спроведува политика на „методичко малтретирање и прогон на работниците и волонтерите од медицинскиот сектор." Од 2011 година, СНХР забележа произволно апсење и присилно исчезнување на над 3,320 медицински персонал, вклучително и 282 жени. Покрај тоа, документирана е смртта на 84 медицински персонал кој почина под тортура; СМЧП, Убиени 857 медицински лица и 3,353 други уапсени и исчезнати од март 2011 година, речиси 85% од страна на сирискиот режим (SNHR, 857 Medical Personnel Killed and 3,353 Others Arrested and Disappeared since March 2011, Nearly 85% by the Syrian Regime), 17 септември 2020 година, https://bit.ly/3mATZt6, стр. 2, 7, 13. „Медицинскиот персонал честопати е уапсен и осуден на години затвор за извршување на нивните професионални и етички должности – опремување болници, лекување на пациенти и спроведување обука за прва помош во опсадени подрачја. На уапсениот медицински персонал му се судеше на воените теренски судови, тајните судови кои не објавуваат пресуда, ниту им дозволуваат на обвинетите да имаат адвокат." Според ПХР, најмалку 167 здравствени работници биле погубени или измачувани до смрт од страна на владините сили од 2011 година; ЛЧП, Наоди на „Лекари за човекови права" за нападите врз здравствената грижа во Сирија (PHR, Physicians for Human Rights' Findings of Attacks on Health Care in Syria), од февруари 2020 година, https://bit.ly/32sI2NT. Види, исто така, СОЧП, Безбедносните служби уапсија лекар и неколку млади лица во Источна Гута (SOHR, Security Services Arrest Doctor and Several Young People in Eastern Ghouta), 16 декември 2020 година, http://bit.ly/2WndGc5; СОЧП, Лекар од Ал Кусајр почина поради намерно медицинско занемарување во затворот Адра (SOHR, Doctor from Al-Qusayr Dies Due to Deliberate Medical Neglect in Adra Prison), 6 декември 2020 година, https://bit.ly/3ovDCyk; СМЧП, Најмалку 146 случаи на произволни асења/притвор документирани во Сирија во август 2020 година, вклучувајќи четири деца (SNHR, At least 146 Cases of Arbitrary Arrests/ Detention Documented in Syria in August 2020, including Four Children), 2 септември 2020 година, https://bit.ly/3jLSpT3, стр. 5, 9; СОЧП, Избија престрелки меѓу поранешните борци и 4-та дивизија, додека разузнавањето на режимот уапси десет лица (SOHR, Skirmishes Erupt Between Ex-Fighters and the 4th Division, while Regime Intelligence Arrests Ten Persons), 26 јуни 2020 година, https://bit.ly/2YEW7pJ; СМЧП, Најзначајните прекршувања на човековите права во Сирија во март 2020 година (SNHR, The Most Notable Human Rights Violations in Syria in March 2020), 3 април 2020 година, https://bit.ly/3afJ3JU, стр. 3; Центарот Картер, Неделено резиме на конфликти: 9-15 март 2020 година (Carter Center, Weekly Conflict Summary: 9-15 March 2020), 15 март 2020 година, https://bit.ly/2XM1tyV, стр. 3; „Сирија кол", Милициите на Асад уапсија поранешни медицински активисти во „Замалка", источно од Дамаск (Syria Call, The Assad Militias Arrest Former Medical Activists in "Zamalka," East of Damascus), 23 февруари 2020 година, https://bit.ly/2HWEig0. Во врска со пријавеното апсење на лекари кои изразуваат загриженост за постапувањето на владата со пандемијата со КОВИД-19, види, исто така, ЛЧП, Опструкција и негирање: Нееднаквост во здравствениот систем и КОВИД-19 во Дара, Сирија (PHR, Obstruction and Denial: Health System Disparities and COVID-19 in Daraa, Syria), декември 2020 година, https://bit.ly/3oJWHg8, стр. 21. Види, исто така, Alsouria.Net (веб-страница со про-опозициски вести), силите на Асад уапсија медицински работници во Дара за дијагностицирање случаи на коронавирус (Alsouria.Net (pro-opposition website), Assad Forces Arrest Daraa Medical Workers for Diagnosing Coronavirus Cases), 18 декември 2020 година, http://bit.ly/3ncXVza.

[468] „Според законите што го криминализираат членството и активностите во нелегални организации, утврдени со режимот, безбедносните сили приведоа стотици лица поврзани со локални групи за човекови права и студентски продемократски групи. (...) Имаше бројни извештаи дека режимот ги малтретирале домашните активисти за човекови права подложувајќи ги на редовно набљудување и забрани за патување, заплена на имот, приведување, тортура, присилно исчезнување и убиства без судење"; Стејт департмент на САД, Државни извештаи за практики на човекови права за 2019 година: Сирија, 11 март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2026345.html. Види, исто така, Frontline Defenders, #Syria, пристапено на 28 февруари 2021 година, https://bit.ly/3oDTajh; Каиро институт за студии за човекови права и др., Сирија: Стравувања од пандемијата КОВИД-19 во центрите за притвор (Cairo Institute for Human Rights Studies et al., Syria: Fears of a COVID-19 Pandemic in Detention Centers), 26 март 2020 година, https://bit.ly/35MW8tH; „Фридом хаус", Слобода во светот 2020 година: Сирија, март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2030806.html.

[469] „(...) меѓу уапсените во овој период имало адвокати и наставници кои биле притворени од силите на сирискиот режим при рации на нивните домови и работни места"; СМЧП, Најмалку 162 случаи на произволни апсења/притвор документирани во Сирија во септември 2020 година, вклучувајќи две деца и шест жени (SNHR, At least 162 Cases

Се известува дека владините безбедноси агенции[470] ангажираат доушници за да ги идентификуваат претпоставените противници.[471] Луѓето во подрачјата под владина контрола наводно се на мета и на апсења врз основа на лажни обвинувања за опозиционерски активности изречени пред безбедносните сили од страна на поединци кои сакаат да си ги порамнат личните сметки со некого или пак да ја докажат својата лојалност кон владата.[472]

---

of Arbitrary Arrests/ Detention Documented in Syria in September 2020, Including Two Children and Six Women), 2 октомври 2020 година, https://bit.ly/2HTosD1, стр. 5. „Академската слобода е силно ограничена. Универзитетски професори во подрачјата што ги држи владата беа или отпуштени или затворени за искажување на несогласување, а некои беа убиени за поддршка на режимските противници"; „Фридом хаус", Слобода во светот 2020 година: Сирија, март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2030806.html. „Со текот на годините, наставниците исто така беа киднапирани, приведени или отпуштени од своите работни позиции во гуверноратите Дара и Сувеида заради претпоставена поврзаност со вооружени групи. Како што владините сили ги ослободија подрачјата што претходно беа под контрола на вооружените групи во 2018 година, број наставници избегаа од страв од одмазда"; Совет за човекови права на ООН, Правата на децата во Сириската Арапска Република, 13 јануари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2023152.html, став 45. Види, исто така, Стејт департмент на САД, Државни извештаи за практики на човекови права за 2019 година: Сирија, 11 март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2026345.html.

[470] „Проценетиот број на членови во сириските безбедносни апарати изнесува околу 100,000 агенти и офицери. (...) Сирија е една од земјите со најголем удел во тајна полиција по глава на жител, поточно, 1 таен полицаец за секои 129 граѓани." И понатаму: „По 2011 година, безбедносните сили на режимот сè повеќе се потпираа на внатрешните и надворешните мрежи на информатори со регрутирање на информатори од сите подрачја и од сите социјални класи. Ова им дозволи да ги следат повратниците во подрачјата над кои режимот ја врати контролата"; Центар за стратешки студии Омран, Безбедносниот пејзаж во Сирија и неговото влијание врз враќањето на бегалците: Испитување на мислење (Omran Center for Strategic Studies, The Security Landscape in Syria and its Impact on the Return of Refugees: An Opinion Survey), 17 декември 2020 година, https://bit.ly/3asi7uk, стр. 34, 92.

[471] Стејт департмент на САД, Државни извештаи за практики на човекови права за 2019 година: Сирија, 11 март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2026345.html. „Обезбедени со обемна вонзаконска моќ, страшниот надзор на мухабарат и потиснувањето на можни закани од надворешни непријатели, домашната опозиција, армијата, бирократијата и едни со други. (...) Тие контролираат големи делови од општеството преку мрежи на информатори и издавање на полузаконски привилегии"; Томас Пиерет, „Сириската Арапска Република", во „Шом Јом" (уредник), Влада и политика на Блискиот Исток и Северна Африка: развој, демократија и диктатура (Thomas Pierret, "Syrian Arab Republic", in Sean Yom (ed.), Government and Politics of the Middle East and North Africa: Development, Democracy, and Dictatorship), 9-то издание 2019 година, https://bit.ly/2SC7omR, стр. 12-13.

[472] „Другите беа приведени од безбедносни сили затоа што се роднини на барани лица кои побегнале од земјата или откако биле пријавени од страна на информатори за лажни обвинувања"; „Амнести интернешнал", Сирија: Ранливите затвореници треба да бидат ослободени за да се спречи ширењето на КОВИД-19 (Amnesty International, Syria: Vulnerable Prisoners Should Be Released to Prevent Spread of COVID-19), 31 март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2027385.html. „Информаторите на режимот се уште еден извор на несигурност. Пишувањето такрир („извештај", односно пријавување на луѓе во безбедносните агенции) е одлика на животот во Батистичка Сирија со децении, што опстојува помеѓу бегалците во Либан. Многумина го прават тоа за лична корист или за да се одмаздат. (...) Други пишуваат извештаи за да избегнат самите да не станат мета. Дури и службениците на режимот признаваат дека притворите се случуваат како резултат на неосновани пријавувања"; ИЦГ, Олеснување на маките на сириските бегалци во Либан (ICG, Easing Syrian Refugees' Plight in Lebanon), 13 февруари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2024712.html, стр. 16. „Употребата на „безбедносни извештаи", наводно поднесени од цивили, како основа за притвор од страна на безбедносниот апарат, беше загрижувачки тренд. Луѓето во источна Гуга, како и во други подрачја под владина контрола, објавија дека живеат во постојан страв од апсење поради пријавувања преку извештаи од други членови на заедницата. Интервјуираните лица изјавија дека пријавувањата честопати се користеле за решавање на неосновани и неповрзани меѓучовечки жалби"; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 28 јануари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2025856.html, став 70.

Лицата од овој профил редовно се изложуваат на произволни апсења[473] и присилни исчезнувања,[474] притворање во услови опасни по живот,[475] систематска и широко распространето измачуавње и други

[473] „Повеќето од оние кои лежат во сириските затвори не се вооружени бунтовници и насилни криминалци. Тие се политички затвореници. Тие вклучуваат мирни демонстранти, политички противници, активисти за човекови права, лекари кои лечеле демонстратори, приговарачи кои сакале да ја избегнат задолжителната воена служба, повратени раселени лица кои се сметаат за нелојални поради самиот чин на бетство од конфликтот и членови на семејството – вклучувајќи жени и деца – на бараните лица"; Центар за меѓународна соработка / Универзитет во Њујорк, Направи или умри: КОВИД-19 и затворите во Сирија (Center on International Cooperation / New York University, Do or Die: COVID-19 and Imprisonment in Syria), јуни 2020 година, https://bit.ly/2IuTu4J, стр. 1 (...) законите во Сирија значат дека огромен број притвореници се ненасилни и биле притворени само затоа што се сметало дека се спротивставуваат на сириската влада (или се во брак или се на друг начин поврзани со некој што е) - или за протестирање, собирање или обезбедување грижа за други. Во Сирија, дури и најбаналните и обични активности можат да доведат до апсење според двосмислени и широко интерпретирани закони што го криминализираат секое однесување од инхерентно политичка природа"; МЦТП, Како што се ближи пандемијата, потребно е дејствување за да се заштити најранливата затворска популација во Сирија (ICTJ, As Pandemic Looms, Action Is Needed to Protect Syria's Vulnerable Prison Population), 22 април 2020 година, https://bit.ly/3fDJx0r. Види, исто така, ХРВ, Притворениците во Сирија останаа уште поранливи на коронавирусот (HRW, Syria's Detainees Left Even More Vulnerable to Coronavirus), 16 март 2020 година, https://bit.ly/3bnbgyY. Се известува дека произволните апсења најчесто се случуваат на фиксни и подвижни владини контролни пукнтови, за време на рации и претреси по куќи, на гранични премини, како и во владини канцеларии (на пр. канцеларија за пасоши, канцеларија за матични книги) и јавни болници: „Иако персоналот за безбедност на контролните пунктови често ги проверуваат имињата на жителите преку нивните бази на податоци за барани лица, овие проверки се вршат и на друго место. На пример, секогаш кога жителите одат во владина канцеларија или дури во болница, нивното име се пребарува на списоците за барани лица, поради што многумина одбиваат да ги посетуваат таквите институции во целост." Понатаму, „Лекарите не можат да обезбедат каков било вид на третман на пациенти без претходно да ги известат разузнавачките сили, кои можат да одлучат да го истражат тоа. Како такви, многу од лицата со долготрајни повреди здобиени во текот на режимската операција во 2018 година за ослободување на регионот [Источна Гута] или оние коишто се барани од страна на разузнавачките сили честопати поминуваат без суштински третман"; ИБИ / Етана, Очај и распаѓање: Источна Гута по 18 месеци владеење на обновениот режим (MEI / Etana, Despair and Decay: East Ghouta after 18 Months of Renewed Regime Rule), ноември 2019 година, https://bit.ly/306HdJO, стр. 13. За пријавените апсења извршени од владините канцеларии, види, на пример, СМЧП, Најмалку 157 случаи на произволни апсења/притвор документирани во Сирија во јули 2020 година, вклучувајќи 13 деца и две жени (SNHR, At least 157 Cases of Arbitrary Arrests/ Detention Documented in Syria in July 2020, Including 13 Children and Two Women), 3 август 2020 година, https://bit.ly/2YdDIj8, стр. 16; СМЧП, Документирани се 125 цивили убиени во Сирија во мај 2020 година, вклучувајќи осуммина кои починаа поради тортура и еден масакр (SNHR, 125 Civilians Documented Killed in Syria in May 2020, Including Eight who Died Due to Torture, and One Massacre), 1 јуни 2020 година, https://bit.ly/2Veb2W1, стр. 12; СМЧП, Смртта на еден студент поради тортура во центарот за притвор на сирискиот режим на 19 февруари (SNHR, The Death of a College Student Due to Torture in Syrian Regime Detention Center, Febr 19), 20 февруари 2020 година, https://bit.ly/2NwMWBf. Види, исто така, Дел II.Б.1.а.

[474] „Силите на сирискиот режим користеа присилно исчезнување на широко распространет начин против сите групи на општеството, особено против активистите вклучени во народното востание, медиумските работници, активистите за човекови права и политички дисиденти, како и против индивидуални и повеќе членови на семејствата на овие лица (...). Присилното исчезнување се користи како алатка за тероризирање на народот, уништување и замолчување на дисидентите и за одмазда против нив за нивното учество во народното востание, нивната поддршка за слободата и човековите права, нивното влијание во општеството и нивното спротивставување на властите"; СМЧП, 9-ти годишен извештај за присилно исчезнување (SNHR, The 9th Annual Report on Enforced Disappearance), 30 август 2020 година, https://bit.ly/32I5EgB, стр. 13. Види, исто така, Дел II.Д.1.

[475] „Затворските услови за политичките затвореници или затворениците за национална безбедност, особено обвинетите членови на опозицијата, наводно, продолжија да бидат многу полоши од оние за обичните криминалци. Според локалните невладини организации, властите намерно ставале политички затвореници во преполни ќелии со осудени и наводни криминалци и ги подложувале на вербални и физички закани и злоупотреба. Политичките затвореници, исто така, известија дека честопати спиеле на земја поради недостаток на кревети и биле подлежни на чести претреси. Според извештаите од семејствата, особено од колективот „Семејства за слобода", властите на многу политички затвореници им одбија пристап до семејствата и до бранители"; Стејт департмент на САД, Државни извештаи за практики на човекови права за 2019 година: Сирија, 11 март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2026345.html. Види, исто така, Дел II.Д.1.

облици на малтретирање,[476] вклучително и сексуалното насилство,[477] кривично гонење согласно премногу широкиот Закон за борба против тероризмот од 2012 година, без воопшто да се земе предвид правото на обвинетите на правично судење во антитерористичките и воените судови,[478] како и

[476] „(...) тортурата во центрите за притвор на режимот се практикуваа како алатка за одмазда против притворениците кои се спротивставуваат на сирискиот режим (...). Во многу случаи, овие акти на тортура презеле секташки и регионален карактер“; СМЧП, СМЧП поднесе извештај до Комитетот на ООН за човекови права за најзначајните прекршувања извршени од сирискиот режим во текот на изминатите четири години (SNHR, SNHR Submits a Report to the UN Human Rights Committee on the Most Notable Violations Committed by the Syrian Regime During the Past Four Years), 27 август 2020 година, https://bit.ly/3b9fKe6, стр. 5. „Тортурата се користи како алатка за заплашување, наметнување моќ, уништување на противниците и за тероризирање и уништување на општеството и принудување на граѓаните да бидат покорни, тивки и да се предадат (...)“; СМЧП, На 9-годишнината од народното востание, документирана е смртта на 226,246 цивили, вклучувајќи 14,391 како резултат на тортура, покрај присилното исчезнување на 100,000 и раселувањето на 15,2 милиони Сиријци (SNHR, On the 9th Anniversary of the Popular Uprising, the Deaths of 226,247 Civilians Have Been Documented, Including 14,391 Due to Torture, along with the Enforced Disappearance of 100,000, and the Displacement of 15.2 Million Syrians), 15 март 2020 година, https://bit.ly/3dsUiAC, стр. 9. „Активистите за човекови права, Комисија за претраги (COI) [Независна меѓународна анкетна комисија за Сирија] и локалните невладини организации, сепак, објавија илјадници кредибилни случаи за тоа како режимските власти се занимавале со честа тортура, злоупотреба и нехуман третман за казнување на согледаните противници, вклучително и за време на испрашувања; Стејт департмент на САД, Државни извештаи за практики на човекови права за 2019 година: Сирија (US Department of State, 2019 Country Reports on Human Rights Practices: Syria), 11 март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2026345.html. Види, исто така, Дел II.Д.1.

[477] „Владините сили и придружните милиции силуваа и сексуално злоупотребуваа жени и девојчиња, а повремено и мажи за време на копнените операции и куќните рации, како и рации на контролните пунктови, со цел апсење на демонстрантите и приврзаниците на опозицијата. Во притвор, жените и девојчињата биле подложени на инвазивни и понижувачки претреси и силувања, понекогаш силувани од банда, додека пак машките притвореници најчесто биле силувани со помош на различни предмети, а понекогаш биле и изложени на осакатување на гениталиите“; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 21 јануари 2021 година, www.ecoi.net/en/document/2045772.html, став 50. Според СНХР, сексуалното насилство било користено од владините сили „како ефективна алатка со цел да се извлечат признанија во врска со злосторствата што не ги извршила притвореничката и да се добијат информации или како казна, како и за ширење страв и понижување помеѓу женските и машките притвореници. (...) Со нанесување сексуално насилство на планиран, систематски и распространет начин, сирискиот режим има за цел да го принуди населението да ги напушти своите подрачја и да ја уништи волјата на луѓето со цел да ги принуди да се одречат од своите барања за слобода и демократија, како и да се принудат да бидат покорни; во општество кое е генерално конзервативно, како што е Сирија, ова е особено сурова форма на одмазда, со цел уништување на социјалната структура“; СМЧП, Деветти годишен извештај за насилства врз жените во Сирија (SNHR, Ninth Annual Report on Violations Against Females in Syria), 25 ноември 2020 година, https://bit.ly/2Kp8Yrv, стр. 14-15. „Сексуалните и родово заснованите злосторства во сириските притворски установи – вклучително и кастрација или присилна голотија – беа и сè уште се дел од широко распространетиот и систематски напад врз цивилното население. (...) Целта е да се ослабне политичката опозиција и оние кои се директно погодени, но исто така и нивните семејства и сириското општество како целина“; ЕЦУЧП, Жртви: Сексуалното насилство извршено од сириските разузнавачки служби е злосторство против човештвото (ECCHR, Survivors: Sexual Violence by Syrian Intelligence Services Are Crimes Against Humanity), 20 јуни 2020 година, https://bit.ly/3hkrkVE. Види, исто така, Дел II.Д.1.

[478] „(...) огромното мнозинство на притвореници вклучени во народното востание за демократија во Сирија, вклучително и активисти за политички и човекови права, медиумски работници и активисти за помош, и слични затвореници на совеста, беа обвинети од безбедносните гранки за повеќе обвиненија врз сведочењата добиени од притворениците од страна на режимот под присила, заплашување и тортура. Најистакнатите од овие обвиненија се: предизвикување секташки судири, загрозување на системот на управување, слабеење на националните ставови, договарање со надворешни агенти и непријателот, поддршка и финансирање на тероризам и слабеење на моралот на нацијата, сите од кои претставуваат обемни и широки обвиненија (...)“; СМЧП. Најмалку 213 случаи на произволно апсење/притвор документирани во Сирија во јануари 2021 година, вклучувајќи 24 деца и пет жени (SNHR, At least 213 Cases of Arbitrary Arrest/ Detention Documented in Syria in January 2021, Including 24 Children and Five Women), 2 февруари 2021 година, https://bit.ly/3e60jH4, стр. 14-15. „Владата го искористи Законот [за борба против тероризам од 2012 година] за да го таргетира секој за кој се смета дека им се спротивставува, како што се мирните демонстранти, политичките противници и активистите за човекови права. Многумина се приведени за самото сомнение за нелојалност. Активностите, како што се демонстрирање и снимање протести, се карактеризираа како обезбедување на „вербална поддршка“ на терористичките групи, додека обезбедувањето медицинска и хуманитарна помош се сметаше како обезбедување на „материјална поддршка“; МЦТП, Приведените, киднапираните и присилно исчезнатите лица во Сирија (ICTJ, Syria’s Detained, Abducted, and Forcibly Disappeared), мај 2020 година, https://bit.ly/2Bzsqx9, стр. 11. „Казните за лицата обвинети за антивладина активност имаат тенденција да бидат строги, доколку стигнат до судење, а насилните и ненасилните сторители добија слични казни. (...) Невладините организации продолжија да известуваат дека режимот го користел Законот за борба против тероризмот за апсење и осудување на ненасилни активисти под обвинение дека им помагале на терористите во судењата што ги кршеле основните права на соодветна постапка. Иако, наводно, властите покренале обвиненија

погубувања по брза постапка и вонсудски погубувања.[479] НМАКСирија, од 2011 година наваму, документира

> *„(…) како Сириската влада ги врши кривичните дела истребување, убиство, силување и други облици на сексуално насилство, измачување и затворање во контекст на широко распространето и систематско притворање на дисидентите, како и на лицата кои за се претпоставува дека се симпатизери на вооружените групи“.[480]*

Замрзнувањето на средствата и конфискувањето на имотот на лицата за кои се претпоставува дека ѝ се спротивставуваат на Владата,[481] а во некои случаи и на нивните семејства и познаници,[482] исто така се спомнуваат во известувањата.[483] НМАКСирија рече дека близу 70.000 Сирийци примиле решенија за

---

под изговор за спротивставување на насилната милитантност, обвиненијата вклучуваа мирни дејства, како што се дистрибуција на хуманитарна помош, учество во протести и документирање на кршење на човековите права“; Стејт департмент на САД, Државни извештаи за практики на човекови права за 2019 година: Сирија, 11 март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2026345.html. Види, исто така, „Тахрир“ институт за блискоисточна политика (ТИБИП), Бриф на ТИБИП: Закон бр. 19 од 2012 година: Закон за борба против тероризмот (The Tahrir Institute for Middle East Policy (TIMEP), TIMEP Brief: Law No.19 of 2012: Counter-Terrorism Law), 1 јули 2019 година, https://bit.ly/2n9Nzre.

[479] Види Дел II.Д.1.

[480] НМАКСирија, Притвор во Сириската Арапска Република (IICISyria, Detention in the Syrian Arab Republic), 8 март 2018 година, https://bit.ly/2QjeqK0, став 12.

[481] За овие активности се вели дека се засновани на Законот за борба против тероризмот од 2012 година (Закон бр. 19 од 2012 година) и Законодавната уредба бр. 63 од 2012 година, со која Министерството за финансии беше овластено да запленува и замрзнува средства и имот на луѓето кои ги опфаќа Законот за борба против тероризам од 2012 година; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 31 јануари 2019 година, www.ecoi.net/en/document/2003613.html, став 80. „Судот [за борба против тероризмот] е политички пристрасен и насочен код одмазда на противниците на режимот, генерализирајќи ги како „терористи“, што му овозможува да ги конфискува нивните имоти. (...) член 12 од Законот за борба против тероризмот бр. 19 од 2012 година, изречно вели дека во сите злосторства предвидени со Законот, судот ќе донесе одлука за конфискација на движен и недвижен имот. На овој начин, Законот ги генерализира овие злосторства – казната што се издава против осудените во наводни случаи на тероризам ќе биде одземање на нивните имоти. А пред да се донесе одлуката, судските власти ги замрзнуваат средствата на обвинетата странка. Следствено, доколку се донесе ослободителна пресуда, тогаш замрзнувањето треба да се откаже. (...) Откако Закон бр. 19 беше објавен, конфискациите се проширија во невиден опсег, што го натера Министерството за финансии да создаде Дирекција за конфискувани средства.“ За повеќе информации за процесот на конфискација на имот според Закон бр. 19 од 2012 година, види „Сирија репорт“, Објаснето: Што се случува со имотите конфискувани од Сирijците осудени за „тероризам“? (Syria Report, Explained: What Happens to Assets Confiscated from Syrians Convicted of “Terrorism”?), 25 ноември 2020 година, http://bit.ly/37Vm2Oc.

[482] Види Дел III.А.1.б.

[483] „Судот за борба против тероризмот издаде наредби за заплена на имотот на медицински работници, новинари и членови на Сириската цивилна одбрана“; ЦПОС, Состојбата на правдата: Сирија за 2020 година (SJAC, The State of Justice: Syria 2020), март 2020 година, https://bit.ly/34NoDsP, стр. 11. „(…) Режимот на Асад создаде сложена правна рамка што му овозможува да го експроприра секој кој го смета за закана или непријатност: оние кои се обвинети за „тероризам“, широк поим што се користи за какво било политичко спротивставување или граѓанско дејствие; политички затвореници и членови на нивните семејства; и внатрешно раселени лица и бегалци. (...) Секој што е обвинет пред озлогласениот антитерористички суд или воените или теренските судови, дури и ако му се суди во отсуство или не е осуден, подлежи неговиот имот да биде одземен од страна на државата, како и да му бидат одземени граѓанските права. Безбедносниот апарат, исто така, става безбедносна „ознака“ на имињата на овие лица, сигнализирајќи дека тие не можат да ги користат своите граѓански права и спречувајќи ги да вршат какви било трансакции со имот во иднина без безбедносно одобрување, дозволувајќи им на властите да ги експроприраат. Безбедносната ознака се применува и за оние кои биле уапсени и испрашувани од страна на безбедносните канцеларии, дури и ако не биле обвинети за какво било дело“; PAX / „Импјунити воч“, Прекршување на правата за домување, земјиште и имот: Пречка за мирот во Сирија (PAX / Impunity Watch, Violations of Housing, Land and Property Rights: An Obstacle to Peace in Syria), март 2020 година, https://bit.ly/3jkWQoi, стр. 2, 5-6. „Министерството за финансии ги заплени имотите на стотици активисти кои учествуваа во или го поддржуваа политичкото востание под изговор дека го „поддржале тероризмот“, пренесувајќи ја сопственоста на тие имоти на владата, при што многу од овие имоти притоа ги запленија поединци и милиции во рамките на сирискиот режим, особено во рамките на безбедносниот систем“; СМЧП, Распространети грабежи од сириските и иранските режимски сили во и околу Идлиб му се заканува на враќањето на раселените лица и сее верска омраза (SNHR, Widespread Looting by Syrian and Iranian Regime Forces in and Around Idlib Threatens the Return of the Displaced People and Sows Religious Hatred), 31 март 2020 година, https://bit.ly/2K6BlYb, стр. 8. „Конфискацијата на имот во Сирија, исто така, особено таргетираше политички активисти, новинари и интелектуалци (делумно користејќи широко формулирано законодавство за борба против тероризмот)“; „Хивос“, Прекугранично замолчување: Транснационална репресија и дигитални закани против протерани активисти од Египет, Сирија и Иран (Hivos,

замрзнување на средствата од Министерството за финансии помеѓу 2016 и 2018 година, и се известува дека ваквата практика продолжува и понатаму.[484]

За издавањето на орочени укази за амнестија од 2011 година[485] се известува дека имаат ограничен ефект за ослободување на вистинските и претпоставените владини противници, од кои голем дел се држат затворени според Законот за борба против тероризмот.[486]

---

Silencing Across Borders: Transnational Repression and Digital Threats Against Exiled Activists from Egypt, Syria, and Iran), февруари 2020 година, https://bit.ly/3a7FTb5, стр. 23. See also, Стејт департмент на САД, Државни извештаи за практики на човекови права за 2019 година: Сирија (US Department of State, 2019 Country Reports on Human Rights Practices: Syria), 11 март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2026345.html. На пример: „Канцеларијата на земјоделците на партијата Баат во Хама во јуни [2020 година] донесе одлука за конфискација на илјадници хектари полиња со ф'стаци во руралните области на Хама и Идлиб, нарекувајќи ги сопствениците на имотите „терористи". Канцеларијата јавно објави список со имиња на оние чии земјишта беа конфискувани, од кои повеќето беа земјоделци кои беа присилно раселени во Идлиб. Списоците беа објавени на огласната табла на Партијата Баат во Хама. Сè уште не е јасно врз основа на што службените лица ги опишувале поранешните сопственици на конфискуваните полиња како „терористи", иако употребата на овој термин дозволува судската полиција да изврши претпазливо одземање на имот во согласност со Законодавната уредба бр. 63 за 2012 година"; „Сирија репорт", Фармерите на фстаци во северна Хама забранети од своите земјишта за време на најновата жетва (Syria Report, Northern Hama's Pistachio Farmers Restricted from Their Lands During Latest Harvest), 26 август 2020 година, http://bit.ly/3uGCZWo. Според СНХР, по конфискацијата на земјоделските земјишта, биле објавени соопштенија за јавни аукции, опфаќајќи земјоделски земјишта во стотици ослободени села и градови (над 130 во гуверноратот Хама и 88 во гуверноратот Идлиб); СМЧП, Јавните аукции за земјиштето на присилно раселените лица се уште еден метод на сирискиот режим за запленување на имотот на неговите противници на широко распространет и намерен начин (SNHR, Public Auctions of Forcibly Displaced People's Lands Are Another Syrian Regime Method to Seize Its Opponents' Property in a Widespread and Deliberate Manner), 14 февруари 2021 година, https://bit.ly/3q0eEr2, стр. 11. Види, исто така, СЗГД, Конфискацијата на имот во Хама ја потврдува намерата на сирискиот режим да го зацементира раселувањето (SACD, Hama Confiscations of Property Confirm Syrian Regime's Intent to Cement Displacement), 16 ноември 2020 година, http://bit.ly/2IOnIQm.

[484] „(...) Комисијата забележува дека претходно во конфликтот, како и во текот на изминатите две години, беа запленети илјадници имоти на приватни лица, а нивните средства беа замрзнати, вклучително и според законодавството за борба против тероризмот на државата"; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 14 август 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2037646.html, став 32. Види, исто така, СМЧП, Уништувањето на градовите Марет ал Нуман и Саракеб и раселувајќи ги нивните жители е јасен пример за тактиките на сирискиот режим во неодамнешната воена кампања од почетокот на декември 2019 година до март 2020 година (SNHR, Destroying Ma'aret al Numan and Saraqeb Cities and Displacing Their Residents Is a Clear Example of the Syrian Regime's Tactics in the Recent Military Campaign since Early December 2019 until March 2020), 29 мај 2020 година, https://bit.ly/3fKU5tX; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 31 јануари 2019 година, www.ecoi.net/en/document/2003613.html, став 80.

[485] Види Дел II.Д.1 погоре.

[486] „(...) овие уредби главно не се применуваа на затвореници на совеста, политички притвореници, хуманитарни работници или јавни личности, вклучително и хуманитарни работници"; СМЧП, Граѓанските организации се справуваат со политиката на либанската влада за бегалците од Сирија и т.н. безбедно враќање (SNHR, Civil Society Organizations Deal Anxiously the Lebanese Government's Policy Towards Syrian Refugees and So-Called Safe Return), 23 јули 2020 година, https://bit.ly/2P2QUIT. „Амнестијата [од март 2020 година] најверојатно нема да ги опфати притворените лица кои се држат според законите за „антитероризам". Покрај тоа, има мал преседан за ослободување на притворени лица во голем обем, покрај постоењето на бројни правни патеки за тоа"; ЦОАИ, Надвор од здравствениот сектор: Влијанието од КОВИД-19 врз економијата и притворениците во Сирија (COAR, Beyond the Health Sector: COVID-19's Impact on Syria's Economy and Detainees), 30 март 2020 година, https://bit.ly/34ISoZW. Според анализата на СНХР, „(...) Сирискиот режим [ја] ограничува примената на [законите за амнестија] поединци и групи кои сака да ги помилува, кои се претежно кривични сторители и сторители на прекршоци и кривични дела, додека не вклучуваше дисиденти, политички затвореници и активисти во народното востание или уапсените во врска со тоа." (додаден акцент). СНХР, исто така, истакна дека безбедносните канцеларии, кои го држат мнозинството притворени лица, не ги применуваат решенијата за амнестија; СМЧП, Ќе бидат потребни 325 години за сирискиот режим да ослободи 130,000 притвореници, според указите за амнестија што ги издава (SNHR, It Would Take 325 Years for the Syrian Regime to Release 130,000 Detainees According to the Amnesty Decrees It Issues), 24 март 2020 година, https://bit.ly/2z6lAy8, стр. 1, 2, 3. „И покрај многуте уредби издадени од 2011 година, само ограничен број на притвореници на совеста и политички притворени лица имаа корист од нив. (...) Со уредбите се осигурува дека не е вклучен традиционалниот список на обвиненија издаден од судот за тероризам и други судови специјализирани за судење на политички протвореници и притвореници на совеста" (додаден акцент); Сириски центар за медиуми и слобода на изразување (СЦМ), Асад издаде нов декрет за помилување, со кој повеќето затвореници од совест и политички притвореници не се во неговите затвори (Syrian Center for Media and Freedom of Expression (SCM), Assad Issues a New Pardon Decree, that Keeps Most Prisoners of Conscience and Political Detainees Absent in His Prisons), март 2020 година, https://bit.ly/3aguKEY. Види, исто така,

### б) Постапувањето со членовите на семејството

Вистинското или претпоставеното спротивставување на одредено лице против владата често пати им се припишува и на лицата околу него, вклучително и на членовите на семејството. Членовите на семејството се во ризик од закани, вознемирување, произволно апсење, измачување и присилно исчезнување заради одмазда и/или за да се принудат вистинските или претпоставените критичати на владата да се предадат.[487] Во случај критичарите на владата да живеат во подрачјата под контрола на опозицијата или во странство, се известува дека членовите на семејството, а понекогаш и познаниците се во ризик од таквото постапување со нив како еден вид на одмазда, или за да се присилат бараните лица да ги запрат своите активности, или да се вратат во Сирија.[488] Понатаму, членовите на

---

Стејт департмент на САД, Државни извештаи за практики на човекови права за 2019 година: Сирија, 11 март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2026345.html; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 28 јануари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2025856.html, став 71. Види, исто така, фуснота 478.

[487] Според СНХР, „најмалку 20,842 од лицата уапсени од страна на сирискиот режим од март 2011 година, вклучително и 13 деца и 27 жени, сè уште се притворени или присилно исчезнати во центрите за притвор на режимот заради сродството со учесниците во народното востание против сирискиот режим, заклучно со 21 декември 2020 година. Тие сочинуваат приближно 15% од вкупно документираниот број на приведени или присилно исчезнати лица од страна на силите на сирискиот режим.“ СНХР документираше апсења на членови на семејствата во сите губернорати на Сирија, со најголем број пријавени во губернoратите Алепо, Хомс и Дамаск. СНХР откри дека повеќе од половина од овие апсења таргетирале членови на семејства на граѓански активисти, а 44% таргетирале членови на семејства на дезертери од владините сили; СМЧП, СМЧП го осуди апсењето на роднините на активистот Абдул Рахман ал Салех од страна на сирискиот режим само за искажување на своето мислење за програмата „Спротивна насока“ на Ал џазира (SNHR, SNHR Condemns Syrian Regime’s Arrest of Activist Abdul Rahman al Saleh’s Relatives Solely for Expressing His Opinion on Al Jazeera’s ‘Opposite Direction’ Programme), 24 декември 2020 година, https://bit.ly/3q07OT0, стр. 4, 6. Принудени исчезнувања се користат „(...) особено против активистите вклучени во народното востание, медиумските работници, активистите за човекови права и политичките непослушници, како и против индивидуални и повеќе членови на семејствата на овие лица, како што се родителите, сопружниците, браќата и сестрите или децата (...)“ (додаден акцент); СМЧП, 9-ти годишен извештај за присилно исчезнување (SNHR, The 9th Annual Report on Enforced Disappearance), 30 август 2020 година, https://bit.ly/32I5EgB, стр. 13. „Обично, женските роднини на мажите за кои се претпоставува дека се непослушници или на осомничените членови на вооружени групи се мета [за апсење и притворање]. Жени и девојчиња кои се роднини на дезертери, демонстранти и даватели на медицинска грижа и храна на опозицијата се исто така предмет на апсења. (...) Овие апсења се случуваат на демонстрации, за време на рации во домови, контролни пунктови, административни канцеларии и на улиците“; СМЧП, Поднесување до Комитетот за човекови права за 130-та сесија (Информации за усвојување на список на прашања пред известување (SNHR, Submission to the Human Rights Committee for the 130th Session (Information for Adoption of List of Issues Prior to Reporting)), 28 август 2020 година, https://bit.ly/32BPt4l, став 31. „Службениците, наводно, таргетирале и мачеле деца поради нивните семејни односи, или претпоставени врски, со политички непослушници, членови на вооружената опозиција и активистички групи. (...) Според веродостојни сведоци, властите продолжиле да држат голем број деца за да ги принудат нивните родителите и другите роднини поврзани со борците на опозицијата да им се предадат на властите“; Стејт департмент на САД, Државни извештаи за практики на човекови права за 2019 година: Сирија, 11 март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2026345.html. Види, исто така, СМЧП, Деветти годишен извештај за повредите врз децата во Сирија (SNHR, Ninth Annual Report on Violations Against Children), 20 ноември 2020 година, https://bit.ly/3agi2tv, стр. 12; „Адвокати и лекари за човекови права“ (АЛЧП), Без тивки сведоци: Прекршувања врз децата во сириските центри за притвор (Lawyers & Doctors for Human Rights (LDHR), No Silent Witnesses: Violations Against Children in Syrian Detention Centres), декември 2019 година, https://bit.ly/36rFyP9, стр. 5. На пример, пријавено е дека роднини на поединци вклучени во политичкиот процес дека биле уапсени, заканувани и испрашувани само врз основа на нивните семејни врски со лица кои се спротивставуваат или се претпоставува дека се спротивставуваат на владата: „Владата исто така апсеше и приведуваше членови на семејството со цел да изврши притисок за време на преговорите или да го потисне политичкото учество. Роднините на членовите на Уставниот комитет беа приведени и испрашувани. Во пресрет на повикувањето на форумот на крајот на октомври [2019 година], безбедносните служби имплицираа дека третманот на роднините во Сириската Арапска Република зависи од однесувањето за време на дискусиите“; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 28 јануари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2025856.html, став 69.

[488] СНХР забележа дека владините сили вообичаено апсат роднини на владините противници, вклучувајќи жени, деца и стари лица, за време на рациите во нивните домови. Во некои случаи, наводно, лица биле уапсени на контролни пунктови доколку нивното име или други лични податоци се поврзани со барана личност. Според СНХР, „таквите апсења не се спроведеуваат со цел да се извлечат информации, туку едноставно за да им се одмаздат и да извршат дополнителен притисок врз бараните лица со цел да ги принудат да се предадат.“ СНХР објави дека ранливите членови на семејството биле издвоени за апсење со цел со цел „да се нанесе најголема можна штета.“ Според СНХР, во повеќето случаи, членовите на семејството не биле ослободени од притвор дури и по предавањето на бараното лице, а многумина остануваат присилно исчезнати. Во некои случаи, СНХР документираше употреба на членови на семејството во размена на затвореници; СМЧП, СМЧП го осуди апсењето

семејството на политичките притвореници се во ризик од изнудување и заплашување,[489] а во некои случаи и од противзаконско замрзнување на средствата и конфискување на имотот како еден вид на „колективна казна“.[490]

### в) Посебни причини за загриженост за лицата што ѝ се спротивставуваат или за кои се претпоставува дека ѝ се спротивставуваат на Владата во подрачјата што не се под контрола на Владата

Во енлавите во Идлиб што се под контрола на опозицијата, цивилите и понатаму се изложуваат на најразновидни широки казнени мерки, како што се артилериско гранатирање, бомбардирања од воздух и копнени офазници,[491] како и намерно лишување од хуманитарна помош[492] поради нивното

---

на роднините на активистот Абдул Рахман ал Салех од страна на сирискиот режим само за искажување на своето мислење за програмата „Спротивна насока“ на Ал џазира (SNHR, SNHR Condemns Syrian Regime’s Arrest of Activist Abdul Rahman al Saleh’s Relatives Solely for Expressing His Opinion on Al Jazeera’s ‘Opposite Direction’ Programme), 24 декември 2020 година, https://bit.ly/3q07OT0, стр. 3-4, 6. „Додека се обидуваат да ги замолчат, санкционираат или да им се одмаздат на непослушниците кои живеат во странство, режимските власти честопати ги таргетираат нивните роднини кои сè уште живеат во земјата. Овие закани можат да започнат со „пријателски разговори додека пијат чај“ и да прераснат во испрашувања, приведување, па дури и тортура или атентат. Во контекст на високата репресија во Сирија, само кратка посета од агентите на режимот ќе испрати силен знак дека властите бележат што прави активистот надвор од земјата и дека се подготвени да ги користат роднините како „заложници“. Сириски новинар од една протерана медиумска организација објави дека неговиот брат и колега биле уапсени „со цел да се врати назад во земјата“. Две години подоцна, семејството било информирано дека и двајцата починале во затвор. (...) Испитаниците од Египет, Сирија и Иран стравуваат за своите роднини дома“; „Хивос“, Прекугранично замолчување: Транснационална репресија и дигитални закани против протерани активисти од Египет, Сирија и Иран (Hivos, Silencing Across Borders: Transnational Repression and Digital Threats Against Exiled Activists from Egypt, Syria, and Iran), февруари 2020 година, https://bit.ly/3a7FTb5, стр. 21, 22. Види, исто така, „Амнести интернешнал“, Сирија: Ранливите затвореници треба да бидат ослободени за да се спречи ширењето на КОВИД-19 (Amnesty International, Syria: Vulnerable Prisoners Should Be Released to Prevent Spread of COVID-19), 31 март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2027385.html. За употребата на жени во размена на затвореници, Види, исто така, Дел III.А.9.

[489] Роднините редовно се принудени да плаќаат големи суми пари на посредници и државни службеници за информации за тоа каде се наоѓаат исчезнатите лица или да го обезбедат нивно ослободување. „Недостатокот на официјално признавање на притворите заедно со притворот (со забранет пристап до притвореното лице) создава средина каде што тортурата и другите форми на лошо постапување може да се појават неконтролирано. (...) Таквата тајност ја олеснува злоупотребата не само на притворените лица, туку и на членовите на нивните семејства, кои се принудени да бараат состаноци со затворските власти зад затворени врати и без никаков надворешен независен или судски надзор кога бараат одоговори за нивните роднини. Во такви ситуации, членовите на семејствата може исто така да бидат подложени на малтретирање, закани, насилство (вклучително и сексуално насилство) и закани за притвор. Очајот да ги најдат своите сакани ги направи семејствата ранливи на финансиски криминал, како што се уцени и изнудувања“; МЦТП, Приведените, киднапираните и присилно исчезнатите лица во Сирија (ICTJ, Syria’s Detained, Abducted, and Forcibly Disappeared), мај 2020 година, https://bit.ly/2Bzsqx9, стр. 18. Види, исто така, АГПС, Семејство апелира за информации за палестински бегалци во Сирија (AGPS, Family Appeals for Information over Palestinian Refugee in Syria), 23 февруари 2021 година, http://bit.ly/37UMsj8; СОЧП, По плаќање на големи суми пари: Речиси 70 притвореници од Дара ослободени од властите на режимот (SOHR, After Paying Large Sums of Money: Nearly 70 Detainees from Daraa Released by Regime Authorities), 9 февруари 2021 година, https://bit.ly/2NQcInt; СМЧП. Најмалку 213 случаи на произволно апсење/притвор документирани во Сирија во јануари 2021 година, вклучувајќи 24 деца и пет жени (SNHR, At least 213 Cases of Arbitrary Arrest/ Detention Documented in Syria in January 2021, Including 24 Children and Five Women), 2 февруари 2021 година, https://bit.ly/3e60jH4, стр. 4; СТЈ, „Мајка ми сè уште се надева дека е жив“: Десетици семејства од Сирија рекоа дека нивните приведени сакани се мртви (STJ, “My Mother still Hopes He’s Alive”: Dozens of Syrian Families Told Their Detained Loved Ones Are Dead), 1 февруари 2021 година, https://bit.ly/3sTHcEH, стр. 5.

[490] ХРВ, Сирија: Запленети имотите на семејствата на осомничените (HRW, Syria: Suspects’ Families Assets Seized), 16 јули 2019 година, https://bit.ly/2Y5MyAB. „Во некои случаи, одлуките на судот за борба против тероризмот за заплена на имот беа изменети да вклучуваат жени и деца, вклучително и малолетници, на мажите осудени за терористички дела. Останува нејасно дали некои членови на семејството исто така се осудувани за терористички дела или едноставно им е забрането да вршат какви било барања за запленетите имоти. Во други случаи, пријателите на осуденото лице исто така беа вклучени во изменетите одлуки“; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 31 јануари 2019 година, www.ecoi.net/en/document/2003613.html, став 81. Види, исто така, Дел III.A.1.a.

[491] Види Дел II.Б.3.

[492] „Жителите на спорните региони или територија што ги држат недржавни актери се предмет на дополнителни злоупотреби [од страна на владата], вклучително и интензивни и неселективни борби, опсади и попречувања на хуманитарната помош и масовно раселување“ (додаден акцент); „Фридом хаус“, Слобода во светот 2020 година: Сирија, March 2020, www.ecoi.net/en/document/2030806.html. Види, исто така, Светски извештај за 2020 година:

претпоставено спротивставување на владата и/или нивната поддршка на антивладините вооружени групи.[493] Набљудувачите на ОН и другите набљудувачи го опишуваат систематското бомбардирање и нападите врз цивилите и цивилните мети, како што се болниците, училиштата и пазарите во подрачјата под контрола на антивладините вооружени групи, како тактика на „пеплосана земја“[494] и „колективно казнување“ на цивилите во овие подрачја[495] со цел да присилат цивилите да се раселат,[496] со што се еродира живата база на вооружената опозиција и, конечно, самата опозиција се принудува да се предаде.[497] Според Сириската мрежа за човековите права (СМЧП), намерното и широко

Сирија, 14 јануари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2022683.html.

[493] „Режимот општо ги смета жителите на Идлиб, и особено оние кои бегаат од неговите сили, за нелојални“; „Пи-ер-ај“, Анализа: Идлиб е заглавен. Не можеме да ја замислиме хуманитарната криза (PRI, Analysis: The Walls Are Closing in on Idlib. We Cannot Ignore the Humanitarian Crisis), 20 февруари 2020 година, https://bit.ly/2JYrELe. „Оние кои се заробени во Идлиб немаат многу места каде што би можеле да одат, бидејќи границата со Турција е затворена. Бидејќи немаат каде да избегаат, населението е под голем риизк од масовни убиства од страна на про-Асад силите кои ги сметаат за приврзаници на бунтовниците“ (додаден акцент); Меморијален музеј на Холокаустот во САД, Сирија (United States Holocaust Memorial Museum, Syria), последен пат ажурирано во јули 2019 година, https://bit.ly/2yPLLZE.

[494] ВОА, Медицинските работници сѐ повеќе се изложени на ризик во сирискиот Идлиб (VOA, Medical Workers Increasingly at Risk in Syria's Idlib), 21 септември 2019 година, https://bit.ly/2pl33t5; ДВ, Интервју со експерт за Блискиот Исток Андре Бенк: Сирија. „Иран не се бори во Идлиб“ (DW, Interview with Middle East Expert Andre Bank: Syria: “Iran is not Fighting in Idlib”), 7 август 2019 година, https://bit.ly/33PC2wE; ОЦХА, Заменик-генерален секретар за хуманитарни прашања и координатор за итна помош Марк Лоукок: Брифинг до Советот за безбедност за хуманитарната состојба во Сирија, 30 јули 2019 година, https://bit.ly/2MsABim, стр. 3.

[495] „Тие [директните напади врз цивили и цивилни објекти] се исто така дел од добро воспоставената шема на сириските владини сили кои таргетираат цивили, медицински установи, училишта, домови и друга цивилна инфраструктура во подрачјата под контрола на опозициските сили. Овие забранети дела беа систематски извршени од страна на владата во гувернорантите Идлиб, Алепо и други гувернорати во Сирија, вклучително и покраината на Дамаск, Дара и Хомс, во согласност со политиката на државата да ги казнува цивилите во подрачјата кои се под контрола на опозицијата“; „Аменсти интернешнал“, Незаконски напади и масовно раселување во северозападна Сирија (Amnesty International, Unlawful Attacks and Mass Displacement in North-West Syria), 10 мај 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2029602.html, стр. 13. Види, исто така, ЛЧП, Уништување болници за победа во војната (PHR, Destroying Hospitals to Win the War), 21 мај 2019 година, https://bit.ly/3a7d0Mq; Глобален институт за јавна политика (ГИЈП), Нема каде да се скрие: Логиката на употреба на хемиско оружје во Сирија (Global Public Policy Institute (GPPi), Nowhere to Hide: The Logic of Chemical Weapons Use in Syria), февруари 2019 година, www.ecoi.net/en/document/1458718.html, стр. 3.

[496] На пример, „Распространетото и неселективно бомбардирање извршено од провладините сили врз Маарат Ал-Нуман и Ариха (гувернорат Идлиб), како и Атариб и Дарат Аза (западнен Алепо), почнувајќи од втората половина на декември и во средината на февруари [2020 година], што предвидливо доведе до масовно раселување, бидејќи цивилите немаа друг избор освен да избегаат, што може да претставуваат злосторства против човештвото за присилно пренесување, убиства и други нехумани дела“; Совет за човекови права на ОН, Распространети прекршувања на човековите права и воени злосторства додека Идлиб, разорен од војна, се соочува со пандемијата, Извештај на истражната комисија на ООН за Сирија, 7 јули 2020 година, https://bit.ly/329lORv. Види, исто така, ФФЕ, Повторно враќање на домовите: Борбата за социјално праведни права за домување, земјиште и имот во Сирија, Ирак и Либија (FES, Reclaiming Home: The Struggle for Socially Just Housing, Land, and Property Rights in Syria, Iraq and Libya), септември 2019 година, www.ecoi.net/en/document/2023128.html, стр. 20, 21.

[497] „Документацијата на Амнести Интернешнел укажува дека масовното раселување е директен исход на незаконски практики (...) од страна на сириските и сојузничките владини сили. Понатаму, истите сили не успеаја да го спречат раселувањето со извршување на неселективни напади што го тероризираа населението“; „Амнести интернешнал“, Незаконски напади и масовно раселување во северозападна Сирија (Amnesty International, Unlawful Attacks and Mass Displacement in NorthWest Syria), 10 мај 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2029602.html, стр. 23-24. „Сириско-руските сили неселективно бомбардираа подрачја за да ги принудат цивилите да бегаат масовно (...)“; ХРВ, Сирија: Владините сили наводно злоупотребуваат цивили (HRW, Syria: Government Forces Apparently Abuse Civilians), 16 март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2026509.html. „Овие напади се чинеа дека имаа за цел да ги тероризираат цивилите во очигледен обид да се депопулираат делови од Идлиб и да се забрза неговото заробување“; Совет за човекови права на ООН, Изјава на г-дин Пауло Серџо Пињеро, претседател на Независната меѓународна анкетна комисија за Сириската Арапска Република, на 43-та седница на Советот за човекови права, 9 март 2020 година, https://bit.ly/37U4alM. „Хуманитарната катастрофа [во Идлиб] е стратегија на режимот. (...) Режимот имаше цивилно-центрична воена стратегија, насочена кон депопулирање на цели подрачја преку огромна употреба на воздушна моќ, барелни бомби, хемиско оружје, во суштина сѐ што убива и осакатува. Заедно со Русите, сириските сили таргетираа здравствени установи, училишта, пумпи за вода, во основа сѐ што го прави животот остварлив за цивилите, со цел за да се иселат, оставајќи ги бунтовничките борци да бранат урнатини (...). Накратко, хуманитарната катастрофа е токму она што го сака режимот на Асад. Тоа го префрла товарот за справување со населението кое Асад го смета за нелојално врз бунтовничките групи, меѓународните организации и соседните земји“ (додаден акцент); Меѓународен институт за стратешки студии (МИСС), Битката за Идлиб:

распространетото разорување на подрачјата под контрола на опозицијата и раселувањето на цивилите *„е цел сама по себе (…) за да им се нанесат најсурови можни казни на сите што ќе посакаат политичка промена“.*[498] НМАКСирија заклучи дека за време на воените офанзиви во Идлиб во 2019 и 2020 година, владините сили „е можно да ги сториле злосторствата против човештвото присилен трансфер, убиство и други нечовечни дела“.[499]

Со напредувањето на владините сили, цивилите пребгаа во огромен број стравувајќи од насилство од владата и апсење.[500] Според набљудувачите, владините сили ги апселе, измачувале и убивале цивилите кои ќе одлучеле или да останат во одново заземените подрачја во Идлиб и во околните подрачја, или да се вратат по заземањето на овие подрачка.[501]

---

Прашања и одговори со Емил Хокајем (International Institute for Strategic Studies (IISS), The Battle for Idlib: Q&A with Emile Hokayem), 5 март 2020 година, https://bit.ly/2Xx95FO. „Режимот редовно користеше опсади и воздушно бомбардирање. Овие тактики за колективно казнување имаат двојна цел, велат аналитичарите: тие ги зголемуваат трошоците за отпор на цивилите, така што ќе ги притиснат бунтовниците да попуштат и да ги спречуваат локалните комитети да понудат одржлива алтернатива за управување со режимот“; Совет за надворешни односи, Сириската граѓанска војна: Пат кон хорор (Council on Foreign Relations, Syria’s Civil War: The Descent into Horror), 19 февруари 2020 година, http://on.cfr.org/3an5Xmj. „(...) повторените напади [врз цивилната инфраструктура во Идлиб] дополнително го направија подрачјето целосно непогодно за живот, уништувајќи ја воената и кревка политичка контрола на Хајат Тахрир ал-Шам.“ И понатаму: „Постојат разумни основи да се верува дека провладините сили имале намера да тероризираат цивили, во обид да ја депопулираат зоната и да го забрзаат нејзиното заземање“; Совет за човекови права на ОН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 28 јануари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2025856.html, став 30, 31.

[498] СМЧП, Уништувањето на градовите Марет ал Нуман и Саракеб и раселувајќи ги нивните жители е јасен пример за тактиките на сирискиот режим во неодамнешната воена кампања од почетокот на декември 2019 година до март 2020 година (SNHR, Destroying Ma’aret al Numan and Saraqeb Cities and Displacing Their Residents Is a Clear Example of the Syrian Regime’s Tactics in the Recent Military Campaign since Early December 2019 until March 2020), 29 мај 2020 година, https://bit.ly/3fKU5tX, стр. 15.

[499] Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 14 август 2020 година, http://www.ecoi.net/en/document/2037646.html, став 82.

[500] „Многумина рекоа дека избегале поради повеќекратни напади во населени подрачја, или поради страв од лошо постапување доколку сириските сили го заземат подрачјето“; ХРВ, „Таргетирање на животот во Идлиб“: Сириски и руски напади врз цивилна инфраструктура (HRW, “Targeting Life in Idlib”: Syrian and Russian Strikes on Civilian Infrastructure), 15 октомври 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2039286.html, стр. 5, види, исто така, стр. 39. „Многу од жителите во покраината стравуваат од враќање на авторитарното владеење на Асад и неговата придружна опресија. Противниците на режимот беа уапсени, па дури и мачени до смрт во подрачја што претходно ги држеа бунтовниците и кои потпишаа „договори за помирување“ со режимот. Русија во понеделникот објави дека отвори три „хуманитарни коридори“ со цел да им се дозволи на цивилите во Идлиб да избегаат во подрачјата под контрола на режимот, но активистите изјавија дека никој не ги искористил“; „Д њу араб“, Руските авиони го прекршија прекинот на огнот во сирискиот Идлиб додека Турција ги зајакнува пунктовите за набљудување (The New Arab, Russian Aircraft Violate Ceasefire in Syria’s Idlib as Turkey Reinforces Observation Posts), 15 јануари 2020 година, https://bit.ly/3clvWsm. Види, исто така, Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 2 јули 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2035513.html став 66. За раселувањето во Идлиб, види Дел II.Г.1.

[501] „По ослободувањето на специфични подрачја, владините копнени сили (...) им се одмаздија на цивилите кои решија да не ги напуштат градовите на гуверноратите Идлиб и Алепо, пукајќи во нив и ограбувајќи ги телата на починатите лица. Во февруари [2020 година], се појавија вознемирувачки видео снимки на кои владините сили пукаат кон постари жени во западен Алепо, додека цивилите ги пакуваа своите сопствености за да го напуштат подрачјето“; ХРВ, Светски извештај за 2021 година: Сирија (HRW, World Report 2021: Syria), 13 јануари 2021 година, www.ecoi.net/en/document/2043510.html. „(...) по ослободувањето на подрачјата кои претходно беа под контрола на вооружени групи и терористички организации на други места во Сирија од страна на владините сили, Комисијата ја документираше нивната обемна употреба на произволно притворање, тортура и присилно исчезнување, како и незаконска конфискација на имот“; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 2 јули 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2035513.html, став 89, Види, исто така, став 99. „Цивилите, исто така, стравуваа од враќање во градовите и селата што беа ослободени или се подложени на ризик да бидат ослободени од страна на владата. Постои добро документиран запис за произволно апсење, тортура и присилно исчезнување на цивили од териториите под контрола на опозицијата извршени од страна на сириските владини сили. За време на последната ескалација, исто така, имаше веродостојни извештаи за тоа дека сириските владини сили незаконски убивале цивили и ги осакатувале нивните тела во градовите што ги ослободиле“; „Аменсти интернешнал“, Незаконски напади и масовно раселување во северозападна Сирија (Amnesty International, Unlawful Attacks and Mass Displacement in North-West Syria), 10 мај 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2029602.html, стр. 6. „Исто така, документиравме апсења што се случија во предградијата на гувернoратите на Алепо и Идлиб, таргетирајќи цивили кои останале во своите домови и одбиле да бидат раселени“; СМЧП, Најзначајните прекршувања на човековите права во Сирија во март 2020 година

### г) Посебни причини за загриженост за лицата што ѝ се спротивставуваат или за кои се претпоставува дека ѝ се спротивставуваат на Владата во одново заземените подрачја

*Процесот на „помирување“*

Откако владата одново ги зазеде подрачјата кои претходно не беа под нејзина контрола, припадниците на антивладините вооружени групи и одредени категории цивили беа присилени или да се евакуираат од тоа подрачје,[502] или да поминат низ процес на „помирување“, како услов за нивно останување.[503] Иако договорите за „помирување“ се разликуваа од едно до друго подрачје,[504] тие обично предвидуваа враќање на владиното обезбедување и владината управа, положување на оружјето, амнестирање на лицата што ги бара владата како и шестмесечен грејс-период за регрутација.[505] Согласно овие договори, борците и другите за кои се претпоставува дека ѝ се спротивставуваат на владата, а кои посакале да останат во одново заземените подрачја, мораа да поминат низ процес на проверка („ветинг“) од страна на безбедносните агенции (на арапски, *„тасвијат ал-вада“* или „утврдување на

(SNHR, The Most Notable Human Rights Violations in Syria in March 2020), 3 април 2020 година, https://bit.ly/3afJ3JU, стр. 5. Види, исто така, СОЧП, Нехуманите одмазднички и одмаздољубиви практики на режимските војници ја изложуваат нивната „состојба на умот“ и болните однесувања (SOHR, Inhumane Retaliatory and Vengeful Practices of Regime Soldiers Expose Their “State of Mind” and Sick Behaviors), 12 март 2020 година, https://bit.ly/2Bb4jF1.

[502] „Согласно таквите договори за „евакуација“ или „помирување“ помеѓу 2016 година и 2018 година, речиси 100,000 лица беа присилно раселени, главно од Алепо, Источна Гута, рурален северен Хомс и кампот Јармук во Дамаск во Идлиб – што се претпоставува дека е нивно последно место на засолниште“; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 2 јули 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2035513.html, став 7, Види, исто така, став 9-10. „Најмалку 200,000 луѓе беа присилно пренесени, а реалната бројка се проценува дека е уште поголема“; PAX / „Импјунити воч“, Прекршување на правата за домување, земјиште и имот: Пречка за мирот во Сирија (PAX / Impunity Watch, Violations of Housing, Land and Property Rights: An Obstacle to Peace in Syria), март 2020 година, https://bit.ly/3jkWQoi, стр. 4. Независната меѓународна анкетна комисија за Сирија постојано ги квалификуваше овие организирани евакуации на борци и цивили од поранешните подрачја што ги држеше опозицијата како „принудно раселување“, што претставува воено злосторство според меѓународното хуманитарно право. Понатаму, тие сметаат дека евакуацијата на цивили за кои се смета дека се симпатизери на опозицијата служи како „владина стратегија за казнување на овие лица“; НМАКСирија, Опсадите се користат како воено оружје: Заокружи, изгладни, предади, евакуирај (IICISyria, Sieges as a Weapon of War: Encircle, Starve, Surrender, Evacuate), 29 мај 2018 година, https://bit.ly/2NJ1mg6, став 12. Види, исто така, Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 21 јануари 2021 година, www.ecoi.net/en/document/2045772.html, став 47.

[503] „Според договорите [за помирување], беше потребно борците на опозицијата и локалните жители или да евакуираат во Идлиб, кој е под контрола на опозицијата, или да ја прифатат владината контрола и да подлежат на процес на проверка од страна на државните безбедносни агенции“; ЦПОС, Состојбата на правдата: Сирија за 2020 година (SJAC, The State of Justice: Syria 2020), март 2020 година, https://bit.ly/34NoDsP, стр. 9-10. „Од 2016 година, сирискиот режим преговара за локални договори за предавање (што ги нарекува „договори за помирување”) на целата територија низ земјата. Овие договори му овозможија да го воспостави својот авторитет над мнозинството од подрачјата контролирани од страна на опозицијата и притоа, присилно да ги расели оние кои продолжуваат да му се спротивставуваат на владеењето на Асад, сѐ до последниот дел од северозападна Сирија под контрола на бунтовниците“; Карнеги МЕЦ, Реинтегрирање на сириските милиции: Механизми, актери и недостатоци (Carnegie MEC, Reintegrating Syrian Militias: Mechanisms, Actors, and Shortfalls), 12 декември 2018 година, https://bit.ly/2WrkC7e.

[504] Содржината на договорите за „помирување“, а особено степенот до кој поранешните антивладини вооружени групи беа во можност да задржат ниво на автономија, наводно зависи, меѓу другото, од вклучените актери, на пр. доколку биле склучени под покровителство на трета држава и околностите под кои биле склучени (како резултат на преговори пред воена офанзива или како резултат на воено предавање). За одредбите вклучени во договорите за помирување за Бусра Ал Шам (гувернорат Дера), Источна Гута и северен Хомс, види, ИПВ, Безизлезната ситуација на руската дипломатија (ISW, Russia’s Dead-End Diplomacy), ноември 2019 година, https://bit.ly/356TfCR, стр. 23; ЕИМ, Бегалците се враќаат во Сирија (EIP, Refugee Return in Syria), јули 2019 година, www.ecoi.net/en/document/2018602.html, стр. 28, 32.

[505] Види Дел III.A.2.

нечиј статус“).[506] За оние што ќе изберат и на кои ќе им беше дозволено „да се помират“[507] ветинг-процесот подразбираше разгледување на сите претходни опозициски активности на лицето, како, на пример, учеството во антивладините протести, хуманитарни активности, борење со антивладините вооружени групи, или други активности за коишто владата смета дека претставуваат „тероризам“.[508]

---

[655] Се потсетува дека недржавните вооружени групи, дури и ако практикуваат де факто власт над дел од територијата, немаат право да регрутираат, ниту принудно, ниту присилно; УНХЦР, Упатства за меѓународна заштита бр. 10, 12 ноември 2014 година, www.refworld.org/docid/529ee33b4.html, став 7, 35. Во врска со меѓународните потреби за заштита на децата регрутирани од страна на ЈПГ, Единиците за заштита на жените

Зависно од конкретните околности на случајот, членовите на семејството или лицата кои се поинаку блиско поврзани со лицата од овие профили **може исто така да имаат потреба од меѓународна заштита на бегалците** врз основа на нивната поврааност со лицата во ризик.

Со оглед на потребата да се задржи цивилниот и хуманитарниот карактер на заштитата со азил, барањата за меѓународна заштита како бегалец доставени од страна на вооружените елементи не треба да се земаат предвид, освен ако не се утврди дека навистина и постојано се противеле на воените активности.[656] Понатаму, барањата од поранешните вооружени елементи може да треба да се разгледаат и од гледна точка на можни исклучувања од бегалскиот статус.[657]

Со оглед на конкретните околности на ранливост на децата, примената на клаузулите за исклучување врз децата треба да се врши со крајна претпазливост.[658] Кога за децата поврзани со вооружените групи пстојат наводи дека извршиле кривични дела, важно е да се има во предвид дека тие може да бидат и жртви на повредата на меѓународното право, а не само сторители.[659]

### 5) *Лицата што им се спротивставуваат или за кои се претпоставува дека им се спротивставуваат на ХТШ и другите антивладини вооружени групи во подрачјата под нивна de facto контрола во Идлиб и соседните подрачја*

За ХТШ[660] се известува дека ги изложува лицата на заплашување, изнудување, грабнување и присилно исчезнување, измачување и други облици на малтретирање, повреда на правично судење и вонсудско погубување врз основа на нивното вистинско или претпоставено спротивставување на владеењето на

(ЈПГ) и Шабиба ал Таврија, види Дел III.A.10.

[656] Извршен комитет на УНХЦР, Заклучок за цивилниот и хуманитарниот карактер на азил, бр. 94 (LIII) – 2002 година, 8 октомври 2002 година, www.refworld.org/docid/3dafdd7c4.html. За насоки како да се утврди вистинитоста и трајноста на одрекувањето, види, во споредба, УНХЦР, Оперативни насоки за одржување на цивилниот и хуманитарниот карактер на азил, септември 2006 година, www.refworld.org/docid/452b9bca2.html.

[657] Види Дел III.Г.

[658] За понатамошни насоки за примена на клаузулите за изземање на децата, види УНХЦР, Упатства за меѓународна заштита бр. 8: Барања за азил за деца според членовите 1(А)2 и 1(Ѓ) од Конвенцијата од 1951 година и/или Протоколот од 1967 година во врска со статусот на бегалците, 22 декември 2009 година, HCR/GIP/09/08, www.refworld.org/docid/4b2f4f6d2.html, став 58-64.

[659] Париските принципи наведуваат: „Децата кои се обвинети за злосторства според меѓународното право, наводно извршени додека биле поврзани со вооружени сили или вооружени групи, треба првенствено да се сметаат за жртви на прекршоци против меѓународното право; не само како сторители. Тие мора да се третираат во согласност со меѓународното право во рамка на реставративна правда и социјална рехабилитација, во согласност со меѓународното право кое им нуди посебна заштита на децата преку бројни договори и принципи“; УНИЦЕФ, Париски принципи: Принципи и упатства за деца поврзани со вооружени сили или вооружени групи, февруари 2007 година, www.refworld.org/docid/465198442.html, став 3.6 и 3.7.

[660] По консолидирањето на контролата врз Идлиб од страна на ХТШ во почетокот на 2019 година, повеќето извештаи се однесуваат на злоупотреба на човековите права извршени од страна на групата. Злоупотребите извршени од други групи кои и понатаму функционираат во подрачјето продолжуваат, но наводно во помала мера.

ХТШ.[661] Политичките активисти и активистите за човековите права,[662] хуманитарните работници,[663]

[661] ХТШ „водеше политика на присилни исчезнувања во подрачјата под нивна контрола за да ја тероризираат заедницата и да ја предупредат јавноста за последиците од спротивставување на групите и критикување на нејзините политики, главно таргетирајќи медиумски активисти, новинари, активисти за човекови права, странци, работници на хуманитарни организации, персонал на локалниот совет, достоинственици и воен персонал кој припаѓа на Воената опозиција/Сириската национална армија (...), а исто така ги таргетираше нивните семејства“; СМЧП, 9-ти годишен извештај за присилно исчезнување (SNHR, The 9th Annual Report on Enforced Disappearance), 30 август 2020 година, https://bit.ly/32I5EgB, стр. 21. „Помеѓу ноември 2019 година и јуни 2020 година и според претходно документираниот модел од страна на Комисијата, членовите на Хајат Тахрир ал-Шам во гувернoратите Алепо и Идлиб продолжија брутално да ги наметнуваат своите строги идеологии врз локалното население, вклучително и преку акти на произволно притворање на поединци кои изразуваат несогласувања. Покрај тоа, тие приведоа, мачеа и погубуваа цивили кои се противеа на нивното угнетувачко владеење“; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија , 14 август 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2037646.html, став 87. „(...) новинари, работници од невладини организации и други цивили често беа приведувани за критикување на активностите на ХТШ. Некои од приведените лица беа задржани во самица со недели и месеци, во ќелии со димензии од 1,5 метар на 1,5 метар. Повеќе интервјуирани лица пријавија дека биле подложени на употреба на стресни позиции, електрични удари, биле тепани со цевки, удирани со тупаници и клоцани“; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија , 2 јули 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2035513.html, став 93. „Преку самоименувани судови, членовите на групата продолжија да изрекуваат строги казни, вклучително и смртни казни, за оние кои се претпоставува дека ги критикуваат тие правила или се обвинети за поврзаност со опозициските страни на конфликтот“; СБОН, Имплементација на резолуциите на Советот за безбедност (UNSC, Implementation of Security Council Resolutions) 2139 (2014 г.), 2165 (2014 г.), 2191 (2014 г.), 2258 (2015 г.), 2332 (2016 г.), 2393 (2017 г.), 2401 (2018 г.), 2449 (2018 г.) и 2504 (2020 г.), 24 јуни 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2032945.html, став 17. „Овие фракции исто така практикуваа тортура против критичарите на нивните политики, главно против медиумските активисти и цивили кои се противат на нивните одлуки“; СМЧП, На 9-годишнината од народното востание, документирана е смртта на 226,246 цивили, вклучувајќи 14,391 како резултат на тортура, покрај присилното исчезнување на 100,000 и раселувањето на 15,2 милиони Сирийци (SNHR, On the 9th Anniversary of the Popular Uprising, the Deaths of 226,247 Civilians Have Been Documented, Including 14,391 Due to Torture, along with the Enforced Disappearance of 100,000, and the Displacement of 15.2 Million Syrians), 15 March 2020, https://bit.ly/3dsUiAC, стр. 10. Види, исто така, СМЧП, Најзначајните прекршувања на човековите права во Сирија во јануари 2021 година (SNHR, The Most Notable Human Rights Violations in Syria in January 2021), 4 февруари 2021 година, https://bit.ly/3rfIHN3, стр. 6 (и претходни извештаи); The New Arab, Syrian Activists Condemn Execution of Teenager for ‘Criticising HTS Leader’, 23 април 2020 година, https://bit.ly/2Yocq8W; ОХЦХР, Истражна комисија на ООН за Сирија: Невидени нивоа на раселување и ужасни услови за цивилите во Сириската Арапска Република (OHCHR, UN Commission of Inquiry on Syria: Unprecedented Levels of Displacement and Dire Conditions for Civilians in the Syrian Arab Republic), 2 март 2020 година, https://bit.ly/3igOe1w; и Дел II.Д.3.

[662] „Активистите од граѓанското општество, исто така, се дел од главните критичари на автократското однесување на групата, што вклучува произволно апсење и малтретирање на неистомислениците“; ИЦГ, Замолчување на оружјето во сирискиот Идлиб (ICG, Silencing the Guns in Syria’s Idlib), 15 мај 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2030014.html, стр. 23. „Поранешните притвореници со кои се сретнавме рекоа дека биле принудени да ги отворат своите профили на социјалните медиуми и да ги прочитаат нивните приватни пораки на апликациите за разговор, како што се Ватсап, Месинџер, итн... и дека елементите на ХТШ ги печатат објавите на активистите за да ги користат против нив на веб-страниците на социјалните медиуми“; Радио Розана, Вистински пекол на земјата... Притвор во затворите на фронтот Ал Нусра (Rozana Radio, Real Hell on Earth... Detention in the Prisons of the al-Nusra Front), 11 март 2020 година, https://bit.ly/2VHRJ7I. „Најмалку шест активисти беа приведени во периодот меѓу август и септември [2019 година], меѓу кои и еден фотограф кој снимал членови на терористичката група и подоцна објавил видео во кое наводно се открива корпција. (...) новинарите изјавија дека Хајат Тахрир ал-Шам водел список со имиња и слики на активисти врз основа на кои групата привела лица кои изразиле непослушност или несогласување“; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 28 јануари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2025856.html, став 37, 38. Види, исто така, СМЧП, Најзначајните прекршувања на човековите права во Сирија во јануари 2021 година (SNHR, The Most Notable Human Rights Violations in Syria in January 2021), 4 февруари 2021 година, https://bit.ly/3rfIHN3, стр. 6; СОЧП, ХТШ повика студент кој објави „слики од човештвото“ на социјалните медиуми сред загриженост за апсење на девојката (SOHR, HTS Summons Student Posted “Paintings of Humanity” on Social Media, amid Concerns of Arresting the Girl), 19 август 2020 година, https://bit.ly/31eM8ZO.

[663] СМЧП, ХТШ уапси службеник на граѓанска организација во градот Салкин во предградието на Идлиб на 16 декември (SNHR, HTS Arrested a Civil Society Organization Official in Salqin City in Idlib Suburbs on December 16), 17 декември 2020 година, https://bit.ly/3p0zPsP; ОХЦХР, Белешка за брифинг со новинарите за Сирија: Прекршоци и злоупотреба во Идлиб (OHCHR, Press Briefing Note on Syria: Idlib Violations and Abuses), 20 ноември 2020 година, https://shar.es/aoWKIv; Центарот Картер, Неделено резиме на конфликти (Carter Center, Weekly Conflict Summary): 10-16 август 2020 година, 21 август 2020 година, https://bit.ly/3ldXZir, стр. 2; СМЧП, Најмалку 947 случаи на произволно апсење/притвор документирани во Сирија во првата половина од 2020 година (SNHR, At least 947 Cases of Arbitrary Arrests/ Detention Documented in Syria in the First Half of 2020), 2 јули 2020 година,

здравствените работници,[664] како и новинарите и граѓанските новинари[665] се меѓу цивилите коишто најчесто се наоѓаат на метата на ХТШ. ХТШ, исто така, користи сила за да ги потисне цивилните протести против нивното владеење/однесување, и тоа по пат на закнување, претепување, и

https://bit.ly/2VDiYju, стр. 12, 22; СТЈ, Идлиб: Апсења на цивили и активисти ги означуваат првите три месеци од 2020 година (STJ, Idlib: Arrests of Civilians and Activists Mark First Three Months of 2020), 13 април 2020 година, https://bit.ly/2C2AHdb. За пријавеното киднапирање на активисти и хуманитарни работници од страна на ХАД, види, СМЧП, Групата Хурас ал Дин е одговорна за киднапирање и присилно исчезнување на шест активисти кои работат за организации за помош во Идлиб (SNHR, Hurras al Din Group Is Responsible for Kidnapping and Forcibly Disappearing Six Activists Working for Relief Organizations in Idlib), 19 март 2020 година, https://bit.ly/3e4PTEa.

[664] СМЧП, Хајат Тахрир ал-Шам уапси медицинска сестра во градот Бинеш во предградијата на Идлиб на 15 јануари (SNHR, Hay'at Tahrir al Sham Arrested a Nurse in Binnesh City in Idlib Suburbs on January 15), 16 јануари 2021 година, http://bit.ly/3pJ8jAb; СМЧП, Хајат Тахрир ал-Шам го уапси директорот на болницата Хекма во градот Идлиб на 17 јуни (SNHR, Hay'at Tahrir al Sham Arrested the Director of al Hekma Hospital in Idlib City, on June 17), 20 јуни 2019 година, https://bit.ly/2YlTV6z; ОЦХА, Помошник генералната секретарка за хуманитарни прашања и заменик координатор за итна помош, Урсула Мулер: Брифинг до Советот за безбедност за хуманитарната ситуација во Сирија (OCHA, Assistant Secretary-General for Humanitarian Affairs and Deputy Emergency Relief Coordinator, Ursula Mueller: Briefing to the Security Council on the Humanitarian Situation in Syria), 19 септември 2019 година, https://bit.ly/2kYGFUi, стр. 1; СОЧП, Тахрир ал-Шам ја прекрши светоста на една болница и уапси еден лекар откако беше застрелан и претепан северно од Идлиб сред зголеменото незадоволство кај народот (SOHR, Tahrir al-Sham Violates the Sanctity of a Hospital and Arrests a Doctor after He Was Shot and Beaten North of Idlib amid Increased Popular Discontent Against It), 4 септември 2019 година, https://bit.ly/3eViDR4.

[665] „Гранката на Ал-Каеда, Хајат Тахрир ал-Шам, која контролира големи подрачја во северозападна Сирија, приведе новинари, од кои најмалку еден сè уште се држи во притвор; се сомнева дека групата убила најмалку две лица"; КЗН, Десет години по Арапската пролет, медиумите во регионот се соочуваат со сериозни закани. Еве ги главните трендови за слобода на печатот (CPJ, Ten Years after the Arab Spring, the Region's Media Faces Grave Threats. Here Are the Top Press Freedom Trends), 21 јануари 2021 година, https://cpj.org/?p=77642. „Новинари и медиумски активисти, вклучително и оние кои го поддржуваат режимот, наводно, беа киднапирани и приведени од страна на ХТШ во периодот на известување, а други беа мачени додека беа во притвор" (со примери); „Фридом хаус", Слобода на интернет 2020 година: Сирија (Freedom House, Freedom on the Net 2020: Syria), 14 октомври 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2039121.html. ХТШ „исто така, рутински ги прогонуваше граѓанските новинари во подрачјата под нивна контрола, убивајќи ги сите оние за кои сметаше дека претставуваат закана на нивните екстремистички идеологии и политики. Исто така, документиравме апсења на десетици граѓански новинари од страна на силите на Хајат Тахрир ал-Шам како одмазда за објавување материјал спротивен на нивните политики или за учество во активизам без дозвола"; СМЧП, На Светскиот ден на слободата на печатот, бараме ослободување на 422 граѓански новинари затворени во Сирија, главно од сирискиот режим, а сега исто така загрозени од пандемијата со КОВИД-19 (SNHR, On World Press Freedom Day, We Demand the Release of 422 Citizen Journalists Detained in Syria, Mostly by the Syrian Regime, and now also Threatened by COVID-19 Pandemic), 3 мај 2020 година, https://bit.ly/3iU2nSK, стр. 4. Види, исто така, СМЧП, Најзначајните прекршувања на човековите права во Сирија во јануари 2021 година (SNHR, The Most Notable Human Rights Violations in Syria in January 2021), 4 февруари 2021 година, https://bit.ly/3rfIHN3, стр. 6; ; „Сирија директ", Исто како во затворите на Асад: Женските жртви се сеќаваат на нивните измачувања во ќелиите на ХТШ (Syria Direct, Like Being in Assad's Prisons: Female Survivors Recall Their Ordeals in HTS Cells), 7 јануари 2021 година, https://bit.ly/3b1Au9u; СМЧП, Хајат Тахрир ал-Шам уапси медиумски активист во селото ал Газавија во Алепо на 22 декември (SNHR, Hay'at Tahrir al Sham Arrested a Media Activist in al Ghazawiya Village in Aleppo on December 22), 23 декември 2020 година, http://bit.ly/2MlnoK6; СОЧП, Речиси 750 активисти и новинари убиени додека стотици присилно исчезнаа (SOHR, Nearly 750 Activists and Journalists Killed, while Hundreds Forcibly Disappeared), 24 ноември 2020 година, https://bit.ly/3ll2VB7; СМЧП, Јавното обвинителство на владата за спас на ХТШ уапси двајца браќа, новинар и медиумски активист во градот Идлиб на 24 октомври (SNHR, The Public Prosecution of HTS's Salvation Government Arrested Two Brothers, a Reporter & a Media Activist, in Idlib City on October 24), 25 октомври 2020 година, https://bit.ly/35w5dr6; СМЧП, Јавното обвинителство на владата за спас на ХТШ уапси медиумски активист во градот Идлиб на 4 октомври (SNHR, The Public Prosecution of HTS's Salvation Government Arrested a Media Activist in Idlib City on October 4), 5 октомври 2020 година, https://bit.ly/2StGQUS; СМЧП, ХТШ уапси медиумски активист во градот Идлиб на 24 август (SNHR, HTS Arrested a Media Activist in Idlib City on August 24), 29 август 2020 година, https://bit.ly/3bgi3fB; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија (UN Human Rights Council, Report of the Independent International Commission of Inquiry), 2 јули 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2035513.html, став 103-104; СМЧП, Хајат Тахрир ал-Шам злоупотреби 13 граѓански новинари на работа во предградијата на Идлиб на 10 јуни (SNHR, Hay'at Tahrir al Sham Abuses 13 Citizen Journalists at Work in Idlib Suburbs on June 10), 10 јуни 2020 година, https://bit.ly/3e3F7Ox; „"Енаб Балади"", Новинарството во северозападниот дел на Сирија... помеѓу прекршувања и пречки (Enab Baladi, Journalism in Northwestern Part of Syria…Between Violations and Obstacles), 25 јуни 2020 година, https://bit.ly/38yQFZ6. ХАД исто така е обвинет за киднапирање на медиумски активисти и хуманитарни работници; СТЈ, Идлиб: Апсење на цивили и активисти ги обележуваат првите три месеци од 2020 година (STJ, Idlib: Arrests of Civilians and Activists Mark First Three Months of 2020), 13 април 2020 година, https://bit.ly/2C2AHdb.

притворање на активистите, новинарите и учесниците во протестите.[666] Членовите на нивните семејства наводно, исто така, се на мета на ХТШ.[667]

За лицата кои им се спротивставуваат или за кои се претпоставува дека им се спротивставуваат на ХТШ се известува дека често пати ги казнуваат под фабрикувани обвиненија, како што се „шпијунажа" за потребите на владата, на странските земји, или на ривалските вооружени групи, или за „богохулие", или „прељуба".[668] За жените кои се активни на политички и социјален план, вклучително и активистките за човековите права и новинарките, се известува дека се осоено ранливи на нападите на ХТШ поради нивната вистинска или претпоставена критика на ХТШ, како и поради строгите гледишта што ХТШ ги има во однос на улогата на жените во општеството.[669]

За цивилите за кои постои сомневање дека се поврзани со владата,[670] или дека ги поддржуваат ИСИЛ и СДС/НОО, или ривалските вооружени групи, се известува дека ХТШ ги грабнува, измачува и убива

[666] „За време на демонстрациите помеѓу 29 април и 1 мај [2020 година], Хајат Тахрир ал-Шам ги тепаа и приведоа учесниците. На 1 мај [2020 година], комбе влета во група демонстранти, повредувајќи најмалку едно лице, при што членовите на Хајат Тахрир ал-Шам започнаа да пукаат, убивајќи еден демонстрант и ранувајќи две други лица"; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 14 август 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2037646.html, став 88. На 7 ноември 2019 година, како одговор на протестите против „данок" на производство на маслиново масло во градот Кафр Тахарим, ХТШ „изврши ракетен напад врз Кафр Тахарим" и „пукаше во борци и цивили додека влегуваа во градот." За време на рација спроведена во градот, беа убиени најмалку 3 лица, а 10 други беа повредени. ХТШ „исто така, ги спречи повредените цивили да заминат и пукаше во амбулантно возило кое ги превезуваше повредените лица." За време на посебен протест во Баб Ал Хава, „членовите на групата фотографираа демонстранти со цел да ги идентификуваат подоцна на контролните пунктови"; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 28 јануари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2025856.html, став 33-34, 38. Види, исто така, СМЧП, ХТШ уапси цивил во селото Атама во предградијата на Идлиб на 29 август (SNHR, HTS Arrested a Civilian in Atama Village in Idlib Suburbs on August 29), 29 август 2020 година, https://bit.ly/2YMPoKi; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 2 јули 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2035513.html, став 92; СОЧП, ХТШ користи екстремно насилство против демонстрациите во Идлиб кои се противат на отворањето на комерцијални премини (SOHR, HTS Uses Extreme Violence Against Idlib's Demonstrations Opposing the Opening of Commercial Crossing), 30 април 2020 година, https://bit.ly/2ZGSaAm.

[667] СМЧП, 9-ти годишен извештај за присилно исчезнување (SNHR, The 9th Annual Report on Enforced Disappearance), 30 август 2020 година, https://bit.ly/32I5EgB, стр. 21.

[668] „Но, оправдувањата и обвиненијата според кои жените беа приведени и убиени се разликуваа, меѓу кои и „навредување на божеството" и „шпионажа" во корист на сириските редовни сили, како и за „прељуба", меѓу другите обвинувања. (...) се чини дека многу од жителите на Идлиб беа приведени поради ова обвинение [богохулие], особено жените"; СТЈ, ХТШ не ги поштеди жените од притвор или физичка злоупотреба (STJ, HTS Did not Spare Women Detention or Physical Abuse), 7 април 2020 година, https://bit.ly/3eZzK4k. Види, исто така, ; „Сирија директ", Исто како во затворите на Асад: Женските жртви се сеќаваат на нивните измачувања во ќелиите на ХТШ (Syria Direct, Like Being in Assad's Prisons: Female Survivors Recall Their Ordeals in HTS Cells), 7 јануари 2021 година, https://bit.ly/3b1Au9u; ОХЦХР, Белешка за брифинг со новинарите за Сирија: Прекршоци и злоупотреба во Идлиб (OHCHR, Press Briefing Note on Syria: Idlib Violations and Abuses), 20 ноември 2020 година, https://shar.es/aoWKIv; „Д њу араб", Сириски активисти го осудија погубувањето на тинејџер поради „критикување на водачот на ХТШ" (The New Arab, Syrian Activists Condemn Execution of Teenager for 'Criticising HTS Leader'), 23 април 2020 година, https://bit.ly/2YQVFVp; „Сирија директ", Крадење на „револуција за слобода": ХТШ уапси активисти во северозападна Сирија (Syria Direct, Hijacking of the "Freedom Revolution": HTS Imprisons Activists in Northwest Syria), 15 септември 2019 година, https://bit.ly/2CXriEh; ХРВ, Сирија: Апсења, тортура од вооружена група (HRW, Syria: Arrests, Torture by Armed Group), 28 јануари 2019 година, www.ecoi.net/en/document/1457241.html.

[669] ХТШ „таргетираше женски активисти од хуманитарни организации и кои работат во медиумското поле, обвинувајќи ги во врска со нивните активности, со обвинувања кои вклучуваат предавство, со цел да ги притиснат да ја прекинат својата работа или да работат во рамките на ограничувањата и прописите наметнати од страна на ХТШ"; СМЧП, Деветти годишен извештај за насилства врз жените во Сирија (SNHR, Ninth Annual Report on Violations Against Females in Syria), 25 ноември 2020 година, https://bit.ly/2Kp8Yrv. стр. 21. „Женските активисти и медиумските работници беа двојни жртви затоа што користеле слобода на изразување или се осмелиле да зборуваат против кревкото правило на групата"; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 2 јули 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2035513.html, став 103. Види, исто така, ИЦГ, Замолчување на оружјето во сирискиот Идлиб (ICG, Silencing the Guns in Syria's Idlib), 15 мај 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2030014.html, фуснота 114; „Сирија директ", Режимот на Асад, ХТШ и ИСИС се обидоа да замолчат новинарки во Идлиб (Syria Direct, Assad Regime, HTS, and ISIS Attempt to Silence Female Journalists in Idlib), 30 март 2020 година, https://bit.ly/38k1nlW.

[670] Види Дел III.A.3.

по брза постапка.[671] Женските членови на нивните семејстав наводно, исто така, се на мета на ХТШ.[672]

УНХЦ смета дека лицата што им се спротивставуваат или за кои се претпоставува дека им се спротивставуваат на ХТШ и другите антивладини вооружени групи во подрачјата под нивна *de facto* контрола во Идлиб и соседните подрачја **веројатно имаат потреба од меѓународна заштита на бегалците** врз основа на нивното политичко уверување или претпоставеното политичко уверување, и/или други меродавни основи, зависно од личните околности во случајот.

Понатаму, УНХЦР смета дека членовите на семејството на лица кои им се спротивставуваат или за кои се претпоставува дека им се спротивставуваат на ХТШ и другите антивладини вооружени групи **може да имаат потреба од меѓународна заштита на бегалците** врз основа на нивното политичко уверување или претпоставеното политичко уверување, и/или други меродавни основи, зависно од личните околности во случајот.

### 6) *Лицата што им се спротивставуваат или за кои се претпоставува дека им се спротивставуваат на вооружените групи поврзани со Сириската национална армија во подрачја под нивна de facto контрола*

#### а) Подрачјата на Операцијата „Еуфратски штит“ и Операцијата „Маслиново гранче“

За вооружените групи поврзани со СНА се известува дека ги издвјуваат лицата што им се спротивставуваат или за кои се претпоставува дека им се спротивставуваат на овие актери,[673] вклучително и лицата поврзани или за кои се претпоставува дека се поврзани со АУСИС и

[671] На пример, СОХР објави дека на 30 април 2020 година, ХТШ погуби цивил од северен Алепо „за припадност на Курдските единици за заштита на народот (ЈПГ) и за извршување кривични дела со режимските сили во градот Алепо“, додека на 20 април 2020 година, СОХР објави дека ХТШ погуби цивил, под „различни обвиненија“, вклучувајќи ја и неговата наводна лојалност кон режимот, и покрај фактот дека според локалните извори, тој ниту имал врска со режимот, нигу го поддржувал; СОЧП, Идлиб: ХТШ погуби поранешен командант на ИСИС (SOHR, Idlib: HTS Executes Former ISIS Commander), 11 јуни 2020 година, https://bit.ly/3hqMQJc. „ХТШ започна безбедносни кампањи што резултираа со бројни апсења, за кои групата вели дека таргетира само членови на групите на ИД, оние кои работат за сириската влада и курдските агенти“ „Сирија директ“, Крадење на „револуција за слобода“: ХТШ уапси активисти во северозападна Сирија (Syria Direct, Hijacking of the “Freedom Revolution”: HTS Imprisons Activists in Northwest Syria), 15 септември 2019 година, https://bit.ly/2kpl3jL. Види, исто така, СМЧП, На 9-годишнината од народното востание, документирана е смртта на 226,246 цивили, вклучувајќи 14,391 како резултат на тортура, покрај присилното исчезнување на 100,000 и раселувањето на 15,2 милиони Сиријци (SNHR, On the 9th Anniversary of the Popular Uprising, the Deaths of 226,247 Civilians Have Been Documented, Including 14,391 Due to Torture, along with the Enforced Disappearance of 100,000, and the Displacement of 15.2 Million Syrians), 15 март 2020 година, https://bit.ly/3dsUiAC, стр. 7; „Д њу араб“, Сирискиот ХТШ јавно погуби десет лица за кои се сомневаат дека се милитанти на ИД по самоубиствено бомбардирање (The New Arab, Syria's HTS Publicly Execute Ten Suspected IS Militants Following Idlib Suicide Bombing), 3 март 2019 година, https://bit.ly/2m2g1tQ.

[672] „ХТШ таргетираше жени само поради нивното сродство со нивните противници во опозициските фракции, Сириските демократски сили или ИСИС“; СМЧП, Деветти годишен извештај за насилства врз жените во Сирија (SNHR, Ninth Annual Report on Violations Against Females in Syria), 25 ноември 2020 година, https://bit.ly/2Kp8Yrv. стр. 21.

[673] „Во подрачјата под ефективна контрола на разни недржавни вооружени групи во северниот дел на Сириската Арапска Република, таквите групи продолжија систематски да ги таргетираат цивилите, новинарите и давателите на здравствени услуги за кои се претпоставува дека се поврзани со опозициската партија или, наводно, се критички настроени кон вооружената група која ја контролира територијата. Локацијата и судбината на многу лица лишени од слобода остануваат непознати“; СБОН, Имплементација на резолуциите на Советот за безбедност (UNSC, Implementation of Security Council Resolutions) 2139 (2014 г.), 2165 (2014 г.), 2191 (2014 г.), 2258 (2015 г.), 2332 (2016 г.), 2393 (2017 г.), 2401 (2018 г.), 2449 (2018 г.) и 2504 (2020 г.), 23 април 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2028879.html, став 12. „Лицата кои не се усогласуваат себеси со фракциите поддржани од Турција се изложени на висок ризик од киднапирање, напад или погубување“; „РИЦ“, Рекордот на Турција: Окупацијата на Африн (RIC, Turkey’s Track Record: The Occupation of Afrin), 7 ноември 2019 година, https://bit.ly/2S5szO8, стр. 18. Според Елизабет Цурков од Институтот за истражување на надворешна политика, „Омразата кон Курдите, чувството за арапски шовинизам, целосната нетолеранција кон секоја непослушност и самата желба да се профитира е она што ги поттикнува повеќето од злоупотребите“; АП, Пари и омраза за Курдите ги мотивира сириските борци на Турција (AP, Money and Hatred for the Kurds Drives Turkey’s Syrian Fighters), 15 октомври 2019 година, https://lat.ms/2UxYkRE. Види, исто така, СМЧП, Фракциите поддржани од Турција уапсија повеќе цивили кои присуствуваа во вчерашните демонстрации во Африн (SNHR, Turkish-Backed Factions Arrest more Civilians Participated in Yesterday’s Demonstration in Afrin), 15 ноември 2020 година, https://bit.ly/2UvecDW.

СДС/ПДУ/НОО,[674] курдските и језидските цивили во поширока смисла,[675] како и новинарите и активистите.[676] Ширум подрачјата на Операцијата „Еуфратски штит“ и Операцијата

[674] На пример, на 9 јули 2020 година „(...) Џаиш ал Ислам објави дека заробиле две жени во градот Африн, обвинувајќи ги за тероризам и поврзаност со Сириските демократски сили. Ваквите лажни обвиненија се чест изговор за киднапирања и исчезнувања на мажи и на жени во окупираниот Африн, вклучително и оние без политичка припадност или воена позадина“; Проект за исчезнати жени во Африн, јули 2020 година: Пет жени пријавени за киднапирани, насилството се зголемува (Missing Afrin Women Project, July 2020): Five Women Reported Kidnapped, Violence Increasing), јули 2020 година, https://bit.ly/2ExypER. Види, исто така, СТЈ, Африн: 135 лица уапсени и присилно исчезнати во октомври 2020 година (STJ, Afrin: 135 Persons Arrested and Forcibly Disappeared in October 2020), 24 ноември 2020 година, http://bit.ly/3hbAp4n (и поранешни извештаи); ОХЦХР, Сирија: Прекршоци и злоупотреби се одвиваат во подрачја под контрола на вооружени групи поврзани со Турција – Башалет (OHCHR, Syria: Violations and Abuses Rife in Areas under Turkish-Affiliated Armed Groups – Bachelet), 18 септември 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2037973.html; СМЧП, Најмалку 947 случаи на произволно апсење/притвор документирани во Сирија во првата половина од 2020 година (SNHR, At least 947 Cases of Arbitrary Arrests/ Detention Documented in Syria in the First Half of 2020), 2 јули 2020 година, https://bit.ly/3eE2X3C, стр. 16; МЦТП, Приведените, киднапираните и присилно исчезнатите лица во Сирија (ICTJ, Syria’s Detained, Abducted, and Forcibly Disappeared), мај 2020 година, https://bit.ly/2Bzsqx9, стр. 10; „Амнести интернешнал“, Извештај за состојбата со човековите права (за 2019 година): Сирија (Amnesty International, Report on the Human Rights Situation (Covering 2019): Syria): Syria, 18 февруари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2025845.html. Наводно, поврзаноста со ААНЕС и СДФ/ЈПГ се припишува врз основа на широки критериуми како што се „комуницирање“ или „справување“ со овие актери, работење за институциите на ААНЕС, гласање на локалните избори или извршување на „должност за самоодбрана“ со СДФ кога подрачјата биле под контрола на ААНЕС. Додека некои беа ослободени по краток период, честопати со помош на исплата, други, наводно, сè уште не се пронајдени; види, на пример, СОЧП, Обвинет за „претходно работење со автономната администрација“: Воената полиција поддржана од Турција уапси двајца цивили од Африн (SOHR, Accused of “Dealing Previously with Autonomous Administration“: TurkishBacked Military Police Arrest Two Civilians from Afrin), 22 февруари 2021 година, http://bit.ly/3ukKP7X; СОЧП, Полиција поддржана од Турција уапси старец од Идлиб за „справување со СДФ“ (SOHR, Turkish-Backed Police Arrest Old Man from Idlib for “Dealing with SDF”), 3 декември 2020 година, https://bit.ly/3oqjDks; СОЧП, За „справување со СДФ“: „Ахрар ал-Шам“ уапси жена од подрачјето Раџу во покраината на Африн, северозападно од Алепо (SOHR, For “Dealing with SDF”: “Ahrar al-Sham” Arrests Women from Raju Area in Afrin Countryside, Northwest of Aleppo), 26 ноември 2020 година, https://bit.ly/3fKGG6i; СОЧП, Разузнавачката служба Азаз уапси осум лица поради „справување со СДФ“ (SOHR, Azaz Intelligence Service Arrests Eight People for “Dealing with SDF”), 9 ноември 2020 година, https://bit.ly/3qe0kMM; СОЧП, Воената полиција го уапси шефот на „Граѓанскиот совет Џендирес“, предавајќи го на турското разузнавање за „справување со Курдите“ (SOHR, Military Police Arrest Head of “Jendires Civil Council”, Handing Him Over to the Turkish Intelligence for “Dealing with the Kurds”), 9 септември 2020 година, https://bit.ly/3ijBS8w; СОЧП, Милитантите поддржани од Турција бараат цивил да ја евакуира неговата куќа и му се закануваат дека ќе го избркаат од кантонот (SOHR, Turkish-Backed Militiamen Ask Civilian to Evacuate His House and Threaten to Expel Him from the Canton), 23 август 2020 година, https://bit.ly/2QjmwV6; СОЧП, Фракции поддржани од Турција уапсија десет цивили од Африн (SOHR, Turkish-Backed Factions Arrest Ten Civilians from Afrin), 18 август 2020 година, https://bit.ly/3kSj1Dj.

[675] „(...) Фракциите поддржани од Турција особено ги поттиснаа курдските цивили, апсејќи илјадници луѓе откако ја преземаа контролата врз подрајчето, понекогаш под обвиненија за претходно работење во институциите на „Самоуправата“, а понекогаш и за комуницирање со водачи и членови на курдските сили“ (додаден акцент); СОЧП, СОЧП го нагласи постоењето на затвори поддржани од Анкара во подрачјето на Африн, северозападно од Алепо (SOHR, SOHR Highlights Ankara-Backed Factions’ Prisons in Afrin Area, North-West of Aleppo), 12 јануари 2021 година, http://bit.ly/3kbhNmq. „Вооружената опозиција и Сириската национална армија, исто така, ги зголемија апсењата и приведувањата на цивили под изговор за нивната поранешна поврзаност со СДФ (...) и во многу случаи таргетираа неколку членови на истите семејства, при што повеќето од овие апсења се карактеризираат со етинчка пристрасност и, според начинот на киднапирање, присилно исчезнување на уапсените лица. Исто така, забележавме многу инциденти за време на кои фракцијата одговорна за апсењето бараше пари во замена за ослободување на приведеното лице (...)“ (додаден акцент); СМЧП, Најзначајните прекршувања на човековите права во Сирија во првата половина на 2020 година (SNHR, The Most Notable Human Rights Violations in Syria in the First Half of 2020), 3 јули 2020 година, https://bit.ly/3h9L4eC, стр. 10. „Во Африн и соседните подрачја, вооружените групи кои дејствуваат под чадорот на СНА, редовно апсат, приведуваат, измачуваат и изнудуваат жители од курдско потекло (...)“; ОХЦХР, Изјава на г-дин Пауло Серџо Пињеро, претседател на Независната меѓународна анкетна комисија за Сириската Арапска Република, на 43-та седница на Советот за човекови права, 9 март 2020 година, https://bit.ly/2Mt1W2B. Види, исто така, Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија (UN Human Rights Council, Report of the Independent International Commission of Inquiry), 28 јануари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2025856.html, став 40.

[676] Во јануари 2021 година, СНХР забележа апсење на активисти „под изговор дека имаат сродство со ИСИС пред да ги ослободат“; СМЧП, Најзначајните прекршувања на човековите права во Сирија во јануари 2021 година (SNHR, The Most Notable Human Rights Violations in Syria in January 2021), 4 февруари 2021 година, https://bit.ly/3rfIHN3, стр. 6. „Во северниот и источниот рурален Алепо, вооружените групи продолжија да таргетираат некои хуманитарни и здравствени услуги и персонал, покрај медиумските професионалци“; СБОН,

„Маслиново гранче“, цивилите од овие профили се на мета на изнудување, грабнување, противзаконско лишување од слобода, измачување и други облици на малтретирање,[677] како и пљачкосување и противзаконско конфискување на имотот.[678] Набљудувачите забележуваат

Имплементација на резолуциите на Советот за безбедност 2139 (2014 г.), 2165 (2014 г.), 2191 (2014 г.), 2258 (2015 г.), 2332 (2016 г.), 2393 (2017 г.), 2401 (2018 г.), 2449 (2018 г.), 2504 (2020 г.) и 2533 (2020 г.), 20 август 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2036556.html, став 21. „И новинарот и теренскиот истражувач на СТЈ потврдија дека доколку некој медиумски работник пријави прекршоци извршени од страна на вооружените групи во Африн, тогаш тој/таа ќе биде подложен на апсење, тортура, навреди или конфискација и, во најдобар случај, кршење на неговата/нејзината опрема. (...) Што се однесува до условите за медиумска работа во северниот рурален Алепо, особено во подрачјето на „Еуфратскиот штит“, проценката за слободата на медиумите се разликува од еден до друг град. Во градовите Азаз и Јарабулус, медиумските работници добија поголема флексибилност од оние во другите градови. Сепак, медиумските работници се соочуваат со многу тешкотии, како што се попречувања од страна на Слободната полиција и агенти на вооружените групи, кои понекогаш ги тепаат и навредуваат, или ја запленуваат и кршат нивната опрема“; СТЈ, Сирија: Замолчување и злоупотребување на медиумски работници (STJ, Syria: Silencing and Abusing Media Workers), 6 јули 2019 година, https://bit.ly/3hjmBDV. Види, исто така, СМЧП, Сириската национална армија упаси медиумски активист во градот Изаз во предградието на Алепо на 21 јануари (SNHR, Syrian National Army Arrested a Media Activist in Izaz City in Aleppo Suburbs on January 21), 22 јануари 2021 година, http://bit.ly/2Nlu3oJ; СМЧП, Деветти годишен извештај за насилства врз жените во Сирија (SNHR, Ninth Annual Report on Violations Against Females in Syria), 25 ноември 2020 година, https://bit.ly/2Kp8Yrv, стр. 25; СОЧП, Брутално претепан раселен активист, а друг обвинет во Африн (SOHR, Displaced Activist Beaten Brutally and Another Prosecuted in Afrin), 7 ноември 2020 година, https://bit.ly/36hdxeQ; СОЧП, Фракциите поддржани од Турција осудија раселен активист на три месеци затвор за „навреда на слободната армија“ (SOHR, TurkishBacked Factions’ Judicial Authorities Sentence Displaced Activist to Three Months Imprisonment for “Insulting the Free Army”), 25 август 2020 година, https://bit.ly/3huE24D; СОЧП, Корпусот Ал Шам уапсија помошник во Африн за „критична објава на социјалните медиуми“ (SOHR, Al-Sham Corps Arrests Aid Worker in Afrin for “Critical Post on Social Media”, 21 јули 2020 година, https://bit.ly/3eRrZfA; СОЧП, По нивното апсење и бришење на видео снимки: „Корпусот Ал Шам“ објави двајца активисти кои го покриваа затворањето на премините со Африм на медиумите (SOHR, After Their Arrest and Deleting Videotapes: “Al-Sham Corps” Releases Two Activists Covering Closure of Crossings with Afrin on Media), 17 јули 2020 година, https://bit.ly/2BgCDis; „“Енаб Балади““, Новинарството во северозападниот дел на Сирија... помеѓу прекршувања и пречки (Enab Baladi, Journalism in Northwestern Part of Syria…Between Violations and Obstacles), 25 јуни 2020 година, https://bit.ly/38yQFZ6; СТЈ, Африн: 43 лица уапсени од Националната армија во април 2020 година (STJ, Afrin: 43 Arrested by the National Army in April 2020), 20 мај 2020 година, https://bit.ly/2YGy0XF; СМЧП, Сириската национална армија уапси медиумски активист во градот Џендирес во предградието на Алепо на 18 мај (SNHR, Syrian National Army Arrested a Media Activist in Jendeires Town in Aleppo Suburbs, on May 18), 20 мај 2020 година, https://bit.ly/2U8QE89.

[677] „(...) од почетокот на 2019 година, забележавме случаи на киднапирање и измачување на киднапираните лица од страна на опозициските фракции со цел да ги принудат нивните семејства да платат пари за откуп во замена за нивното ослободување, главно во подрачјата под нивна контрола во северните предградија на гуверноратот Алепо. Честопати се практикува тортура заснована на етнички предрасуди и се практикува против цивили, вклучително и жени и деца, за да се натераат да се согласат со барањата на членовите на опозициските фракции, како што е употребата или одземањето на имотот на овие луѓе“; СМЧП, Деветти годишен извештај за тортура во Сирија на Меѓународниот ден за поддршка на жртвите на тортура (SNHR, The Ninth Annual Report on Torture in Syria on the International Day in Support of Victims of Torture)e, 26 јуни 2020 година, https://bit.ly/3iojagr, стр. 41. „Поединци, вклучително и активисти кои отворено ги критикуваа вооружените групи и оние за кои се смета дека се поддржувачи на поранешната администрација, редовно беа апсени, држени, мачени и изнудувани“; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 15 август 2019 година, www.ecoi.net/en/document/2016403.html, став 60. Види, исто така, Дел II.Д.4.

[678] „Контролата врз градот Африн ја делат голем број вооружени групи, кои постојано се обидуваат да ги прошират своите подрачја на влијание за да пристапат до поголеми материјални придобивки. Вооружената група што ја контролира една населба или улица, на пример, , одржува монопол врз сите недвижнини што припаѓаат на оригиналното курдско население на улицата, кое сега е раселено. Групите изнајмуваат, продаваат, па дури и инвестираат во овие имоти, а профитот го земаат персоналот или командантите“; СТЈ, Африн: Судирите меѓу Џајиш ал Ислам и ал Џаба ал Шамија доведоа до цивилни смртни случаи (STJ, Afrin: Clashes Between Jaysh al-Islam and al-Jabha alShamiya Lead to Civilian Deaths), 24 февруари 2021 година, http://bit.ly/3pZSvcj. „Сите фракции имаат економски канцеларии за управување со имотите на жителите раселени од Африн, особено оние што им припаѓаат на луѓето поврзани со Курдските единици за заштита на народот (ЈПГ), или оние кои соработуваат со нив“; „Сирија репорт“, Африн: Опозициските фракции се борат за имотите на раселените жители (Syria Report, Afrin: Opposition Factions Fight over Properties of Displaced Residents), 23 декември 2020 година, http://bit.ly/3q1Zphe. „Според веродостојни извори на СОХР, фракциите на „Сириската национална армија“, поддржани од Турција, ги продаваат куќите на раселените Курди, кои беа принудени да избегаат од турските воени операции во нивните подрачја“; СОЧП, Принудна продажба на цивилни куќи... наметнување на даноци... грабежи и кражби... киднапирања и произволни апсења, фракциите поддржани од Турција прават хаос во кантонот на Африн (SOHR, Coercive Selling of Civilian Houses... Imposing of Levies... Looting and Thefts... Kidnapping and Arbitrary Arrest, TurkishBacked Factions Wreak Havoc in Afrin Canton), 2 април 2020 година, https://bit.ly/3ihwlja. „(...) пријавени се

дека групите поврзани со СНА настојуваат да го сменат етничкиот и верскиот состав во претежно курдските подрачја.[679]

Според известувањата, групите поврзани со СНА понекогаш ги напаѓаат поединците врз основа на нивните семејни врски.[680]

### б) Подрачјата на Операцијата „Мировна пролет“

За вооружените групи поврзани со СНА се известува дека ги издвојуваат лицата поврзани или за кои се претпоставува дека се поврзани со АУСИС и СДС/ПДУ/НОО,[681] со цел нивно грабнување,

---

конфискација и грабежи на имоти во голема мера. Борците на Сириската национална амрија ги сместија членовите на нивните семејства во некои од домовите на курдските сопственици кои избегаа од подрачјето и им обезбедија „договори за изнајмување“ на ново сместените лица. Во други случаи, борците на Сириската национална армија одеа во домовите на цивилите и бараа имотни листови од курдските сопственици кои останаа во подрачјето. Понекогаш, повратниците немаа друг избор освен да ги споделат своите домови со членовите на семејствата на борците на Сириската национална армија кои се вселија во нивните домови. Кога цивилите се пожалија на високите припадници на Сириската национална армија со цел да си го вратат имотот, тие се соочија со закани и насилство. Големината на конфискацијата на имотот предизвика воспоставување на механизам за жалби во структурите на Сириската национална армија, иако жителите посочија дека тој во голема мера е неефикасен“; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 28 јануари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2025856.html, став 41. Конфискацијата на имот, исто така, ги спречува раселените лица да се вратат: „Во некои подрачја, како во селото Баланта во рурален западен Алепо, турските сили заземаа само неколку куќи, користејќи ги како воени установи, додека во други подрачја, тие заземаа цели села, како што е случајот со селото Абин Самаан во гуверноратот на рурален западен Алепо. Во секое од овие села тие им забранија на сопствениците на куќите, кои веќе беа раселени поради битките, да се вратат“; „Сирија репорт“, Северозападна Сирија: Дали турските сили плаќаат кирија за нивните локали? (Syria Report, Northwestern Syria: Do Turkish Forces Pay Rent for Their Sites?), 3 февруари 2021 година, http://bit.ly/2MBeDfv. Види, исто така, ФФЕ, Повторно враќање на домовите: Борбата за социјално праведни права за домување, земјиште и имот во Сирија, Ирак и Либија (FES, Reclaiming Home: The Struggle for Socially Just Housing, Land, and Property Rights in Syria, Iraq and Libya), септември 2019 година, www.ecoi.net/en/document/2023128.html, стр. 120-140; и Дел II.Д.4.а.

[679] Види Дел III.А.8.г.

[680] „Сириската национална армија, исто така, изврши апсења и киднапирања во октомври [2020 година], повеќето од кои се случија масовно, во повеќето случаи таргетирајќи повеќе членови на истите семејства, вклучително и постари лица“; СМЧП, Најзначајните прекршувања на човековите права во Сирија во октомври 2020 година (SNHR, The Most Notable Human Rights Violations in Syria in October 2020), 4 ноември 2020 година, https://bit.ly/3nn9MLV, стр. 6 (и претходни извештаи). Види, исто така, СОЧП, „Ал Џаба Ал Шамија“ уапси жена и нејзиниот син во Мабатли, неколку дена откако го уапси нејзиниот сопруг (SOHR, “AlJabha Al-Shamiyyah” Arrests Woman and Her Son in Ma’batli, a Few Days after Arresting Her Husband), 30 декември 2020 година, http://bit.ly/3pHYVNr.

[681] „Подрачјата под контрола на фракциите на „Мировна пролет“ беа сведоци на широко распространети прекршувања, од кражби, киднапирања за откуп, до најужасните видови на тортура на цивили под слабиот изговор за „работење со самоуправата“ [ААНЕС] што порано управуваше со регионот. (...) Тие фракции исто така украдоа/конфисукуваа мобилни телефони на жители под изговор дека „биле користени за комуникација со СДФ““; СОЧП, „Мировна пролет“ една година подоцна: Нова мапа на влијание... растечка хуманитарна катастрофа и континуирани турски прекршувања (SOHR,“ Peace Spring” a Year on: A New Map of influence…Growing Humanitarian Disaster and Continuous Turkish Violations), 9 октомври 2020 година, https://bit.ly/2GrnVrm. „Во врска со инцидентите на притвор, цивилите во Рас ал-Ајн во Африн најчесто беа притворени од припадниците на Сириската национална армија за наводни поранешни врски со самоуправата [ААНЕС] и беа лишени од пристап до правен советник, а во некои прилики, беа испрашувани од страна на турски службеници со помош на толкувачи пред или за време на притвор“; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 14 август 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2037646.html, став 53. „Повеќето затвореници се уапсени за наводно приклучување кон или комуницирање со Автономната администрација предводена од Курдите, а повеќето притвореници, наводно, беа ослободени откако платиле откуп или кауција од 150 до 400 УСД“; МЦТП, Приведените, киднапираните и присилно исчезнатите лица во Сирија (ICTJ, Syria’s Detained, Abducted, and Forcibly Disappeared), мај 2020 година, https://bit.ly/2Bzsqx9, стр. 10. „Вооружените опозициски групи, поддржани од Турција, спроведоа низа апсења низ гуверноратот Ар Рака, таргетирајќи лица кои се наводно поврзани со СДФ“; Центарот Картер, Неделено резиме на конфликти (Carter Center, Weekly Conflict Summary): 8-14 јуни 2020 година, 19 јуни 2020 година, https://bit.ly/3doGIOk, стр. 6. „Локален извор од Сирија кој работи со невладини организации во северна Сирија, изјави за Курдистан 24 под услов на анонимност, дека не само Курдите, туку и „секој кој работел во самоуправата, вклучително и Арапите, се подложени на апсења, киднапирања и откупини од страна на фракциите [поддржани од Турција]““; „Курдистан 24“, Фракција поддржана од Турција во Сирија обвинета за кршење на човековите права во регионот со арапско мнозинство (Kurdistan 24, Turkish-Backed Faction in Syria Accused of Human Rights Abuses in Arab-Majority Region), 29 април 2020 година, https://bit.ly/3hu7Dvo. Види, исто така, СТЈ, Сирија: 38 апсења во „Мировна пролет“ во текот на втората половина на 2020 година (STJ, Syria: 38 Arrests in “Peace Spring” During the Second Half of 2020), 15 февруари 2021 година, https://bit.ly/3022kfb; СОЧП, Демографска

изнудување, противзаконско лишување од слобода,[682] измачување и други облици на малтретирање и

монолитна.[704] Несразмерната застапеност на алавитите во државниот и безбедносниот апарат,[705] и мобилизацијата на припадниците на верските малцински групи во владата и провладините сили дополнително придонесе за гледиштето дека овие малцински групи во голема мера ја поддржуваат владата.[706] Одредени страни во судирот, вклучително и ИСИЛ и ХТШ, намерно ги издвојуваат припадниците на овие верски и етнички малцински групи за да ги напаѓаат, како врз основа на нивната религија така и врз основа на нивната претпоставена провладина наклонетост,[707] што само

---

соборен"; „Би-би-си", Асад го отпушти премиерот додека економската криза предизвика протести (BBC, Assad Sacks PM as Economic Crisis Sparks Protests), 11 јуни 2020 година, https://bbc.in/3cnuerq. Активностите за прозелитизам во подрачја под влијание на проиранските вооружени групи „ја зголемија можноста за вооружени судири меѓу сунитите од една страна и шиитите и алавитите, за кои се смета дека го поддржуваат Асад, од друга страна"; Карнеги МЕЦ, Хомс, поделена инкарнација на нерешениот конфликт во Сирија (Carnegie MEC, Homs, a Divided Incarnation of Syria's Unresolved Conflict), 15 мај 2020 година, https://bit.ly/3iZgWEi. Види, исто така, СОЧП, Иран продолжува со „шиитски" операции за прозелетизација во јужна Сирија и западен Еуфрат, регрутирајќи 16,000 волонтери досега (SOHR, Iran Continues "Shi'aism" Proselytising Operations in Southern Syria and Western Euphrates, Recruiting 16,000 Volunteers so Far), 10 декември 2020 година, https://bit.ly/3bNaYUt.

[704] „Алавитите најчесто се означени како„ лојалисти" на режимот на Асад, но интервјуата што ги спроведов од далечина во последните неколку месеци со членовите на оваа затворена заедница, како и со сунитите кои живеат рамо до рамо со нив, претставуваат посложена слика. Интервјуата со алавитите го откриваат нивното длабоко незадоволство од владеењето на владата на Асад, но тоа е незадоволство ублажено со распространетото верување дека секоја закана за режимот и неговите блиски, неизбежно ќе стане закана и за самата секта"; „Д Њујорк ревју оф букс", Помеѓу режимот и бунтовниците: Истражување на сектата на алавити во Сирија (New York Review of Books, Between Regime and Rebels: A Survey of Syria's Alawi Sect), 22 јули 2019 година, https://bit.ly/353gSze.

[705] Иако сунитите и членовите на верските малцински групи исто така имаат значајни позиции во владата и во војската, при што сунитите го сочинуваат мнозинството војници во сириските вооружени сили, алавитите доминираат во клучните позиции на државниот апарат, вклучувајќи го офицерскиот корпус на вооружените сили, Републиканската гарда и Четвртата дивизија; КМВССАД, Меѓународен извештај за верска слобода за Сирија за 2019 година (USCIRF, Syria 2019 International Religious Freedom Report), 10 јуни 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2031230.html. „Иако се секуларни на површината, алавитското малцинство на кое припаѓа семејството Асад е презастапено на највисокото и најчувствителното ниво на политичкиот и безбедносниот сектор"; Фондација „Бертелсман", ИТФБ Државен извештај за 2020 година: Сирија (Bertelsmann Stiftung, BTI 2020 Country Report: Syria), 29 април 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2029497.html, стр. 8. „Алавитската секта беше мобилизирана од страна на режимот за да учествува во битките против опозицијата низ целата земја (...). Поради секташката и непотистичка природа на режимот на Асад, алавитите честопати се фаворизираат за позиции на високо ниво во режимот и војската, покрај работните места во јавниот сектор"; МИА / Етана, Поделба на производството: Режимот на Асад и малцинствата во северозападна Сирија (MEI / Etana, Manufacturing Division: The Assad Regime and Minorities in South-West Syria), 11 март 2020 година, https://bit.ly/341fgE3, стр. 15. „(…) оваа доминација на сектата [алавитите] во војската - заедно со злосторствата што некои борци ги извршија, понекогаш пред камери - во очите на многу сунитски Сирийци, ги извалка сите алавити поради нивната асоцијација со нив"; „Д Њујорк ревју оф букс", Помеѓу режимот и бунтовниците: Истражување на сектата на алавити во Сирија (New York Review of Books, Between Regime and Rebels: A Survey of Syria's Alawi Sect), 22 јули 2019 година, https://bit.ly/353gSze.

[706] Провладините вооружени групи вклучуваат голем дел од членовите на верските малцински групи, вклучувајќи ги алавитите, шиитите, христијаните и друзите. Покрај тоа, владата во голема мера се потпираше на шиитските борци испратени од Иран, Ирак и Авганистан, со што дополнително ги влоши секташките тензии; КМВССАД, Меѓународен извештај за верска слобода за Сирија за 2019 година (USCIRF, Syria 2019 International Religious Freedom Report), 10 јуни 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2031230.html. На пример, во југозападна Сирија, „Стратегијата на режимот за трансформирање на малцинските заедници во извори на борци за милицијата, не само што доведе до смрт на илјадници млади алавити и шиити, туку создаде и секташки тензии меѓу поранешните меѓусебно поврзани заедници." И понатаму: „Вооружувањето на шиитската заедница во Дара ги натера многу локални Сирийци да ги поврзат членовите на сектата со Хезболах или со режимот, што дополнително го подели југозападот по секташка линија, кој порано беше во голема мера хомоген"; МИА / Етана, Поделба на производството: Режимот на Асад и малцинствата во северозападна Сирија (MEI / Etana, Manufacturing Division: The Assad Regime and Minorities in South-West Syria), 11 март 2020 година, https://bit.ly/35Y4l0e, стр. 3, 13. „Поради нивното тесно поистоветување со режимот на сирискиот претседател Ал Асад, алавитите се соочуваат со насилство, без оглед на вистинската поддршка на режимот на еден поединец"; Викторија Вилијамс, Домородни народи: Енциклопедија на култура, историја и закани за опстанок (Victoria Williams, Indigenous Peoples: An Encyclopedia of Culture, History, and Threats to Survival), 24 февруари 2020 година, стр. 62. Види, исто така, СОЧП, Продолжуваат „шиитските" операции за прозелетизација во јужна Сирија и западен Еуфрат, регрутирајќи 13,500 Сирийци досега (SOHR, "Shi'aism" Proselytising Operations Continue in Southern Syria and Western Euphrates Region, Nearly 13,500 Syrians Recruited so Far), 13 септември 2020 година, https://bit.ly/3j3M0CG; Џорџтаун весник за меѓународни односи, Вооружувањето на малцинствата во Сирија и поширко (Georgetown Journal of International Affairs, The Weaponization of Minorities in Syria and Beyond), 9 јануари 2019 година, https://bit.ly/2OPwpsM.

[707] „(...) Насилството на ИСИС беше особено фокусирано врз малцинствата, како што се христијаните и језидите.

дополнително ги оттурна овие малцинства да бараат заштита од владата.[708] На мета на групите поврзани со СНА во Северна Сирија често пати се наоѓаат Курдите и припадниците на другите малциснки заедници, првенствено врз основа на нивната претпоставена поддршка на СДС/НОО[709] и/или од верски причини.[710]

Страните во судирот редовно користат секташка реторика за да ги оправдаат нападите врз противничките страни и оние за кои се претпоставува дека ги поддржуваат.[711] Како резултат на

---

Според идеологијата на ИСИС, језидите не се „деца на книгата“ како што се христијаните или членовите на главните муслимански религиозни групи, па затоа се легитимни мети за убиства и поробувања, особено во геноцидот во Синџар [во Ирак]. Христијаните, исто така, беа особено таргетирани од страна на ИСИС како немуслимани, чиј прогон служеше со двојна цел за да се испрати порака до христијанскиот запад“; „РИЦ“, По ИСИС: Обезбедување иднина за христијаните и другите малцинства во северна и источна Сирија (RIC, After ISIS: Ensuring a Future for Christians and other Minorities in North and East Syria), септември 2020 година, https://bit.ly/3mWJfWc, стр. 20. „Независната меѓународна анкетна комисија за Сирија и бројни независни извори известија дека недржавни актери, вклучително и голем број групи, како што се ИСИС и ХТШ (...) таргетирале шиити, алавити муслимани, христијани и други верски малцинства, како и други сунити, вклучувајќи Курди, со убиства, киднапирања, физичко малтретирање и апсења, што резултираше со смрт на илјадници цивили во подрачјата на земјата што тие ги контролираа од почетокот на револуцијата“; КМВССАД, Меѓународен извештај за верска слобода за Сирија за 2019 година (USCIRF, Syria 2019 International Religious Freedom Report), 10 јуни 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2031230.html.

[708] „Екстремистичката идеологија на ИСИС и некои други групи што се борат против владата, го зголемија стравот на христијаните за нивната иднина во земјата во случај да падне владата, што ги натера некои да го поддржат Асад. Самиот режим исто така ги искористи овие стравови за да ја зајакне сопствената поддршка меѓу малцинствата. Како и да е, многу христијани се критички настроени кон режимот“; МГМП, Сирија: Христијани, Ерменци и Асиријци (MRGI, Syria: Christians, Armenians and Assyrians), последен пат ажурирано во март 2018 година, www.refworld.org/docid/49749ca133.html. „Меѓутоа, и во зоната на ИД и во другите бунтовнички подрачја, многу малцинства и секуларни сунити бегаа секогаш кога екстремистите се обидоа да ги наметнат своите ригорозни толкувања на исламскиот закон. (...) Само Друзите од Џабал ал Сумак [губернаторот Идлиб] останаа на бунтовничка територија, но тие беа принудени да преминат во сунитски ислам, што ги прави ранлив исклучок што го докажуваат правилото“; Вашингтонски институт за блискоисточна политика, Секташтво во граѓанската војна во Сирија, 2018 година, www.ecoi.net/en/document/2026613.html, стр. 24. Припадниците на верските и етничките малцински групи кои живеат во подрачја под контрола на опозицијата беа погодени од владините напади врз овие подрачја, а број цркви и манастири беа оштетени или уништени. СНХР документираше дека од 124 напади против христијански места за богослужба помеѓу март 2011 и септември 2019 година, владата е одговорна за мнозинството (75) од нив, кои се случија претежно во Хомс и рурален Дамаск. Некои места беа подложени на повторени напади. Други напади против христијанските места за богослужба беа припишани на ИСИС (10), ХТШ (2), други фракции на вооружената опозиција (33) и 4 на други страни; СМЧП, Таргетирањето на христијанските места за богослужба во Сирија е закана за светското наследство (SNHR, Targeting Christian Places of Worship in Syria is a Threat to World Heritage), 5 септември 2019 година, https://bit.ly/2RfSVfC, стр. 5-8.

[709] Види Дел III.A.6.

[710] Види Дел III.A.8.г подолу.

[711] „Секташкото насилство продолжи поради тензиите меѓу верските групи, кои според невладини организации и медиумски извори, се влошија поради владините акции, таргетирање на верските групи од страна на ИСИС и Хајат Тахрир ал-Шам (ХТШ) поврзани со Ал Каеда и секташка реторика.“ И понатаму: „Извештаите на меѓународните медиуми, како на пример од Индипендент, опишуваат како ИСИС ги користела своите медиумски оружја за да таргетира, демонизира и поттикнува насилството против шиитите. (...) ХТШ и другите бунтовнички групи, исто така, користеа секташки јазик за да ги опишат Курдските единици за заштита на народот (ЈПГ) и СДФ, каде што доминираат Курдите“; КМВССАД, Меѓународен извештај за верска слобода за Сирија за 2019 година (USCIRF, Syria 2019 International Religious Freedom Report), 10 јуни 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2031230.html.

712 „Пред нападите на ИСИС, околу 20,000 асирски христијани живееја покрај реката Кабур [губернаторот Хасакех]. Сега се останати само околу 1,200. Пред војната, околу 100,000 Ерменци живееле низ цела Сирија. Се проценува дека 70,000 од нив ја напуштиле Сирија; приближно 25,000 заминаа во Ерменија“; Професор Ејми Остин Холмс, Американска комисија за меѓународна верска слобода, виртуелно сослушување за заштита на верската слобода во североисточна Сирија (Professor Amy Austin Holmes, U.S. Commission on International Religious Freedom Virtual Hearing on Safeguarding Religious Freedom in Northeast Syria), 10 јуни 2020 година, https://bit.ly/2FZLx62, стр. 4. Во губернаторите Дера и Сувеида, „Десетици илјади сириски малцинства на југозападот избегаа во Дамаск или ја напуштија земјата, предизвикувајќи овие заедници брзо да се намалат во големина. Во споредба со бројките од пред 2011 година, денес има 31% помалку христијани, 69% помалку шиити и 73% помалку Черкези во ова подрачје.“ Тие или се преселиле во Дамаск или избегале во странство; МИА / Етана, Поделба на производството: Режимот на Асад и малцинствата во северозападна Сирија (MEI / Etana, Manufacturing Division: The Assad Regime and Minorities in South-West Syria), 11 март 2020 година, https://bit.ly/341fgE3, стр. 5, види, исто така, стр. 11-14, 16-17.

раселувања од поголеми размери,[712] вклучително и намерни трансфери на населението[713] и конфискување на имотите,[714] демографскиот состав на Сирија во голема мера се измени, а претходно мешовитите подрачја сè повеќе стануваат сегрегирани на верска и етничка линија.[715]

---

[712] „Пред нападите на ИСИС, околу 20,000 асирски христијани живееја покрај реката Кабур [гуверноратот Хасакех]. Сега се останати само околу 1,200. Пред војната, околу 100,000 Ерменци живееле низ цела Сирија. Се проценува дека 70,000 од нив ја напуштиле Сирија; приближно 25,000 заминаа во Ерменија“; Професор Ејми Остин Холмс, Американска комисија за меѓународна верска слобода, виртуелно сослушување за заштита на верската слобода во североисточна Сирија (Professor Amy Austin Holmes, U.S. Commission on International Religious Freedom Virtual Hearing on Safeguarding Religious Freedom in Northeast Syria), 10 јуни 2020 година, https://bit.ly/2FZLx62, стр. 4. Во гуверноратите Дера и Сувеида, „Десетици илјади сириски малцинства на југозападот избегаа во Дамаск или ја напуштија земјата, предизвикувајќи овие заедници брзо да се намалат во големина. Во споредба со бројките од пред 2011 година, денес има 31% помалку христијани, 69% помалку шиити и 73% помалку Черкези во ова подрачје.“ Тие или се преселиле во Дамаск или избегале во странство; МИА / Етана, Поделба на производството: Режимот на Асад и малцинствата во северозападна Сирија (MEI / Etana, Manufacturing Division: The Assad Regime and Minorities in South-West Syria), 11 март 2020 година, https://bit.ly/341fgE3, стр. 5, види, исто така, стр. 11-14, 16-17.

[713] „Сириската влада, курдските сили и исламистичките и џихадистичките групи се обидоа да го сменат етничкиот состав на нивните територии, принудувајќи ги цивилите од сите средини да бараат безбедност меѓу нивните религиозни или етнички групи и да придонесат за демографските промени како последица од граѓанската војна. (...) Сунитските исламистички и џихадистички групи честопати ги прогонуваат верските малцинства и муслиманите што ги сметаат за нечесни. Курдските милиции се обвинети за раселување на арапските и туркменските заедници во контекст на нивната борба против ИД“; „Фридом хаус“, Слобода во светот 2020 година: Сирија, март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2030806.html. „Секташката распределба на Сирија исто така е изменета со етничко чистење во различни подрачја, без разлика дали е под покровителство на режимот, бунтовниците, Исламската држава или Курдите“; Вашингтонски институт за блискоисточна политика, Секташтво во граѓанската војна во Сирија, 2018 година, www.ecoi.net/en/document/2026613.html, стр. xv. Види, исто така, СЗГД, Демографска промена: Крајната цел на политиката за присилно раселување на сирискиот режим (SACD, Demographic Change: The Ultimate Goal of the Syrian Regime’s Policy of Forced Displacement), ноември 2020 година, https://bit.ly/3kA55Ou.

[714] „Независна меѓународна анкетна комисија за Сирија, СНХР и активисти за човекови права објавија дека силите и милициите поврзани со владата продолжиле да ги запленуваат домовите на сунитите со експлицитна намера трајно да ги раселат овие лица и со тоа да ја сменат демографијата на подрачјата што ги држи владата. Аналитичарите велат дека ова е потврдено со промените на населението во Хомс“; КМВССАД, Меѓународен извештај за верска слобода за Сирија за 2019 година (USCIRF, Syria 2019 International Religious Freedom Report), 10 јуни 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2031230.html. Види, исто така, Дел II.Г.3 и III.А.1.г.

[715] „Религиозниот и етничкиот состав во Сирија, исто така, влијаеше врз моделите на раселување за време на конфликтот во земјата. Кога изби војната, алавитите и другите малцинства побегнаа за заштита и помош во крајбрежните подрачја каде што веќе беа основани нивните заедници. Религиозната и етничката припадност, исто така, утврди дали луѓето избегале внатрешно или преку границите. За разлика од сунитите и алавитите, христијаните немаа заедница или племенски врски што би можеле да им обезбедат засолниште, што ги прави поверојатно да избегаат во странство отколку да се преселат во кампови за раселување. Речиси половина од христијаните во Сирија го сторија тоа помеѓу 2011 и 2015 година“; ЦМВР, Деценија на раселување во Блискиот Исток и Северна Африка (IDMC, A Decade of Displacement in the Middle East and North Africa), 15 февруари 2021 година, https://bit.ly/3bIk1Gp, стр. 23. „Христијанските семејства од мешаното соседство Ваер, наместо да се вратат во своите првобитни домови, се преселуваат со други малцинства и ги консолидираат демографските промени“; Карнеги МЕЦ, Хомс, поделена инкарнација на нерешениот конфликт во Сирија (Carnegie MEC, Homs, a Divided Incarnation of Syria’s Unresolved Conflict), 15 мај 2020 година, https://bit.ly/3iZgWEi. „Поранешните религиозно разновидни населби, градови и села беа сè повеќе сегрегирани меѓу мнозинството на сунитски населби и заедници што ги сочинуваа верските малцински групи, бидејќи раселените припадници на верските групи се преместија, барајќи поголема безбедност и сигурност живеејќи со едноверци“; КМВССАД, Меѓународен извештај за верска слобода за Сирија за 2019 година (USCIRF, Syria 2019 International Religious Freedom Report), 10 јуни 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2031230.html. „Циничната мобилизација на заеднички грижи од страна на Асад во услови на зголемено влијание на екстремистичките елементи во сириските опозициски сили, резултираше со сè поголем секташки пејзаж - забрзан и со раселувањето на малцинствата од страна на милитантните групи во подрачјата под нивна контрола. Како резултат на тоа, демографијата на земјата беше прецртана, со што нејзините верски малцинства се концентрирани во подрачјата под контрола на владата во централна и јужна Сирија, додека на север, населението е сега главно составено од сунитите“; МГМП, Сирија: Тековни прашања (MRGI, Syria: Current Issues), последен пат ажурирано во јуни 2019 година, https://bit.ly/2S0bTYa. „Вистинскиот секташки соживот е ограничен и етничката хомогенизација е во тек во многу подрачја. Зоната на режимот е силно измешана во целина и е дом на сунитско мнозинство, но одделните подрачја во неа сè повеќе се сегрегираат. И на најосновното ниво на соседство/село, секташкото мешање е речиси целосно отсутно, освен во подрачјата што припаѓаат на економските и политичките елити. Големите градови остануваат мешани, но комуникацијата помеѓу жителите од различни секти е ниска и секташките подрачја честопати се забарикадирани од страв од напади извршени од други заедници (освен силно обезбедениот центар на градот Дамаск)“; Вашингтонски институт за блискоисточна

Состојбата со припадниците на верските и етничките малцински груши се колеба од едно до друго подрачје, а особено зависи од актерите што го контролираат тоа подрачје, нивните ставови и гледишта во однос на другите верски и етнички малцински групи, како и од конкретните случувања во судирот во овие подрачја.

### а) Постапувањето со припадниците на верските и етничките малцински групи во подрачја под контрола на Владата

Сирија нема официјална државна религија, но Уставот налага претседателот да мора да се придржува до Исламот, и пропишува дека исламската јуриспруденција е главниот извор на законодавството.[716] Начелно, уставните гаранции за слободата на вероисповеста се почитуваа во однос на признаените верски малцински групи, и нивните припадници можеа слободно да си ја практикуваат својата вера и да учествуваат во општеството.[717] Сепак, Комисијата за меѓународни верски слободи на Соединетите Американски Држави (КМВССАД) предупреди дека уставните и законските гаранции со кои се штитат правата на верските малцинства не се примнуваат доследно во подрачјата под владина контрола во светло на *„крахот на законот и редот, оставајќи ги милициите, често пати секташки по своја природа, во доминантна положба“*.[718] Припадниците на верските групи често пати беа и меѓу лицата произволно уапсени поради нивното вистинско или претпоставено спротивставување на владата.[719]

Верските активности одблизу се набљудуваат и се забранува секоја активност што *„предизвикува тензии помеѓу верските заедници“*.[720] Согласно закон, забрането е членувањео во Муслиманското братство или во „салафистички“ организации. Членувањето во Муслиманското братство се казнува со затвор или смрт.[721] Од 1964 година се забрануваат и Јеховините сведоци, бидејќи владата ги сметаше за припадници на „Ционистичка организација“.[722]

Во 1962 година, како резултат на вонредниот попис наложен со Указот бр. 93 од 1962 година, стотици

---

политика, Секташтво во граѓанската војна во Сирија, 2018 година, www.ecoi.net/en/document/2026613.html, стр. 26. Види, исто така, „Ориент 21“, Сирија: Комунитаризмот како борбена стратегија (Orient XXI, Syria: Communitarianism as a Combat Strategy), 1 април 2020 година, https://bit.ly/3j59g3q.

[716] КМВССАД, Меѓународен извештај за верска слобода за Сирија за 2019 година (USCIRF, Syria 2019 International Religious Freedom Report), 10 јуни 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2031230.html.

[717] Владата официјално ги призна исламот, христијанството и јудаизмот. На пасошите или на националните лични карти не постои ознака за религија (освен за Евреите). За прашања од личен статус, од сите граѓани на Сирија се бара номинално да бидат поврзани со една од овие официјално признати религии. Судовите со надлежност за прашања поврзани со личниот статус се Шеријатски судови за случаи за сунитски и шиитски муслимани, како и случаи меѓу муслимани и немуслимани; матхаби судови за друзите; и рухи судови за христијани и Евреи; „Хјуманистс интернешнал“, Извештај за слобода на мислата: Сирија (Humanists International, Freedom of Thought Report: Syria), последен пат ажурирано на 25 септември 2020 година, https://bit.ly/33yOO4l; КМВССАД, Меѓународен извештај за верска слобода за Сирија за 2019 година (USCIRF, Syria 2019 International Religious Freedom Report), 10 јуни 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2031230.html; Меѓународни мостови кон правдата, Прирачник за кривичен бранител на Сирија (International Bridges to Justice, Syria Criminal Defender Manual), 2019 година, https://bit.ly/32VVqdN, стр. 12-14. Владата не ги признава језидите како верска заедница и ги идентификува како „муслимани“. На тој начин, тие „беа обврзани со исламските шеријатски судови во однос на законите за брак, развод и наследство - иако језидите не се муслимани“; Центар Вилсон, Сириските Језиди под четири режими: Асад, Ердоган, ИСИС и ЈПГ (Wilson Center, Syrian Yezidis Under Four Regimes: Assad, Erdogan, ISIS and the YPG), јули 2020 година, https://bit.ly/2E9AcQ6, стр. 4.

[718] КМВССАД, Меѓународен извештај за верска слобода за Сирија за 2019 година (USCIRF, Syria 2019 International Religious Freedom Report), 10 јуни 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2031230.html.

[719] На пример, според СНХР, околу 450 христијани беа уапсени во подрачја под контрола на владата од 2014 година, вклучувајќи 28 жени. Од уапсените, 165 беа ослободени заклучно со крајот на 2019 година; „Сирија директ“, Сириските христијани: Експлоатирано или заштитено малцинство? (Syria Direct, Syrian Christians: Exploited or Protected Minority?), 22 декември 2019 година, https://bit.ly/2ZGvxN0. Види, исто така, III.A.1.

[720] „Според групите за човекови права и верските заедници, владата продолжи да ги следи и контролира проповедите и да ги затвора џамиите помеѓу молитвите. Исто така, таа продолжи да ги следи и ограничува активностите на сите верски групи, вклучително и истражувајќи го нивното собирање на средства и обесхрабрување на прозелитизација“; КМВССАД, Меѓународен извештај за верска слобода за Сирија за 2019 година (USCIRF, Syria 2019 International Religious Freedom Report), 10 јуни 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2031230.html.

[721] Владата не дефинираше кои групи би спаѓале под терминот „салафисти“; КМВССАД, Меѓународен извештај за верска слобода за Сирија за 2019 година (USCIRF, Syria 2019 International Religious Freedom Report), 10 јуни 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2031230.html.

[722] Исто.

илјадници Курди (вклучително и Језиди[723]) во Покраината Хасака беа лишени од нивното сириско државјанство и беа прогласени или за *„аџаниб“* или за *„мактумин“*.[724] Оттогаш, лицата кои припаѓаат на овие две категории се соочуваат со строги ограничувања во пристапот до нивните права и до услуги.[725] Во април 2011 година, проблемот со бездржавноста на Курдите делумно се реши со Претседателскиот указ бр. 49, со кој се пропиша дека бездржавните Курди регистрирани како *„аџаниб“* во Покраината Хасака може да се пријават за сириско државјанство.[726]

---

[723] „Во 1962 година, околу 60 проценти од језидите останаа без државјанство, откако сириската влада им ги одзеде правата на престој на околу 120,000 Курди преку Законот за итни случаи бр. 93“; „РИЦ“, По ИСИС: Обезбедување иднина за христијаните и другите малцинства во северна и источна Сирија (RIC, After ISIS: Ensuring a Future for Christians and other Minorities in North and East Syria), септември 2020 година, https://bit.ly/3mWJfWc, стр. 14. „Во претходните децении, на многу језиди им беше одземено сириското државјанството и се сметаа или за странци во нивната земја (аџаниби), или целосно без државјанство (мактуми)“; Центар Вилсон, Сириските Језиди под четири режими: Асад, Ердоган, ИСИС и ЈПГ (Wilson Center, Syrian Yezidis Under Four Regimes: Assad, Erdogan, ISIS and the YPG), јули 2020 година, https://bit.ly/2E9AcQ6, стр. 14.

[724] Како дел од планот за создавање на т.н. „Арапски појас“ долж границата со Турција, околу 120,000 сириски Курди беа мета на исклучителен попис, нареден со Уредба бр. 93 од 1962 година и беа лишени од нивната сириска националност. Целта на пописот беше да се идентификуваат „странски инфилтратори“ кои нелегално дошле во Сирија од Турција. Курдите кои беа вклучени во еднодневниот попис, но не можеа да докажат дека живеат во Сирија уште од 1945 година, беа назначени како аџаниби, што значи „странец“, додека Курдите кои не учествуваа во пописот, или чие раѓање не беше регистрирано заради која било причина, беа назначени како мактумини, или „нерегистрирани“. До 2010 година, курдското население без државјанство во Сирија достигна околу 300,000 лица; Европска мрежа за бездржавност (ЕМБ) / Институт за бездржавност и вклученост (ИБВ), Бездржавност во Сирија: Документ за позиција на земја (European Network on Statelessness (ENS) / Institute on Statelessness and Inclusion (ISI), Statelessness in Syria: Country Position Paper), август 2019 година, www.ecoi.net/de/dokument/2021269.html, стр. 13-15; „Сирија директ“, „Човек сенка“: Курдите без државјанство во Сирија се справуваат со промените на властите неколку децении откако го загубија државјанството (Syria Direct, ‘Shadow of a Human’: Syria’s Stateless Kurds Navigate Shifting Authorities Decades after Losing Citizenship), 18 октомври 2018 година, https://bit.ly/2S5huMP; Конзорциум за меѓународна правна помош (КМПП), Извештај за проценка на владеењето на правото на КМПП: Сирија 2017 година (International Legal Assistance Consortium (ILAC), ILAC Rule of Law Assessment Report: Syria 2017), април 2017 година, https://bit.ly/2G6gVjx, стр. 106-107; УНХЦР, Поднесување на извештај за Универзален периодичен преглед од Високиот комесар на Обединетите нации за бегалци за Канцеларијата на Високиот комесар за човекови права: Сириската Арапска Република, март 2016 година, www.refworld.org/docid/57f504b24.html, стр. 2.

[725] „Ситуацијата со човековите права за аџанибите и мактумините одамна е несигурна, со ограничен или нередовен пристап до „образование, здравствена грижа, средства за егзистенција, патувања, сопственост на имот, судски и политички системи и регистрација на бизниси, бракови и деца.“ Овој ограничен пристап до образование најверојатно резултирал со значително пониско ниво на образование. Има извештаи дека мактумините не се во можност да одат на училиште по деветто одделение. Курдите без државјанство не ги уживаат истите права како и сириските државјани, како што се право на глас, кандидирање за јавни функции, право на сопственост на имот и право за регистрирање бракови“; ЕМБ / ИБВ, Бездржавност во Сирија: Документ за позиција на земја (ENS / ISI, Statelessness in Syria: Country Position Paper), август 2019 година, www.ecoi.net/de/dokument/2021269.html, стр. 16. Мактумините уживаат уште помалку права од аџанибите, на пример, , на нив дури им е потребна безбедносна дозвола за патување низ Сирија; ИСИ; Од Сирија до Европа: Искуства на Курди без државјанство и палестински белаци од Сирија кои бараат заштита во Европа (ISI, From Syria to Europe: Experiences of Stateless Kurds and Palestinian Refugees from Syria Seeking Protection in Europe), јануари 2019 година, https://bit.ly/3jaD0vr, стр. 9. „Преку овие категории на државјанства, режимот на Асад успеа да спроведе репресивни мерки насочени кон економско, политичко и социјално маргинализирање на курдското население. Строгите ограничувања за вработување, недостаток на пристап до финансиски заеми и помош, како и експропријација на курдско земјиште, беа мерки спроведени од страна на режимот“; ФКА, Сириските Курди и режимот на Асад (KAS, The Syrian Kurds and the Assad Regime), септември 2017 година, https://bit.ly/2GkOFJW, стр. 5. Види, исто така, „Сирија директ“, „Човек сенка“: Курдите без државјанство во Сирија се справуваат со промените на властите неколку децении откако го загубија државјанството (Syria Direct, ‘Shadow of a Human’: Syria’s Stateless Kurds Navigate Shifting Authorities Decades after Losing Citizenship), 18 октомври 2018 година, https://bit.ly/2S5huMP.

[726] Според неофицијален превод на Уредбата бр. 49 од 2011 година („Давање сириско-арапско државјанство на оние што се регистрирани како аџаниби во Ал Хасака“), член 1 наведува: „На лицата кои се регистрирани како аџаниби во провинцијата Ал Хасака, им се доделува сириско државјанство“; Уредба бр. 49 од 2011 година, достапно на арапски јазик на веб-страницата на сирискиот парламент на: https://bit.ly/3icsa79. Иако не постојат точни статистички податоци, се проценува дека на најмалку 69,000 Курди без државјанство им била доделена националност како резултат на спроведувањето на Уредбата бр. 49 од 2011 година, со што бројот на Курди без државјанство во Сирија се намали на приближно 160,000. Бидејќи Уредбата останува валидна, и понатаму се можни натамошни намалувања на бројот на Курди без државјанство во земјата. Треба да се напомене дека некои Курди без државјанство ќе ја напуштат земјата, со што исто така ќе се намали големината на населението без државјанство во земјата; Информации од УНХЦР, декември 2020 година. Мактумините не се спомнуваат со Уредбата бр. 49 и затоа немаат право да аплицираат за државјанство. „Мактумините, чиј број СТЈ го проценува на

Според информациите што му се достапни на УНХЦР, указот и понатаму е на сила и не постои рок за поднесување барање за државјанство.[727] Според известувањата, барањата за државјанство мора лично да се достават внатре во Сирија (особено во Хасака), што претставува пречка особено за лицата раселени од Сирија.[728] Понатаму, се известува дека и воената служба претставува голема пречка за бездржавни курдски мажи да може да поднесат барање за државјанство.[729]

Од средината на 2012 година, Покраината Хасака во голем дел остана под *de facto* контрола на АУСИС, коишто не прават разлика помеѓу Сирijци, Курди, *„аџаниби“* и *„мактумини“*; сепак, правниот статус на голем број *„аџаниби“* и *„мактумини“* остана нерешен до ден денеска.[730] Указот бр. 49 од 2011 година, исто така, не понуди можност за реституција или компензација за експроприраниот имот и земјишните

над 45,000 лица, остануваат без државјанство“; СТЈ, Расна дискриминација во сирискиот устав (STJ, Racial Discrimination in the Syrian Constitution), 1 декември 2020 година, https://bit.ly/2WankP1. Види, исто така, СТЈ, Расна дискриминација во сирискиот устав (STJ, Racial Discrimination in the Syrian Constitution), 1 декември 2020 година, http://bit.ly/2MBjOvX; Томас Мекги и Захра Албарази, Осум години раселување: Бездржавноста во Сирија сѐ уште неидентификувана, во мониторот на Оксфорд за принудна миграција, вол. 8(2) (Thomas McGee and Zahra Albarazi, Eight Years of Displacement: Syria’s Statelessness Still Unidentified, in Oxford Monitor of Forced Migration, Vol. 8(2)), јануари 2020 година, https://bit.ly/3je5iFI, стр. 39-40.

[727] Информации од УНХЦР, декември 2020 година.

[728] Апликациите треба да се поднесат до Дирекцијата за граѓански работи во гуверноратот Хасакех, која ги прима апликациите на целото (нуклеарно) семејство во еден формулар за аплицирање. Доколку се донесе позитивна одлука, вообичаено на апликантите ќе им се издаде граѓанска лична карта во рок од три месеци. Според властите, аџанибите можат да аплицираат за државјанство индивидуално или како семејство; Информации од УНХЦР, декември 2020 година. Меѓутоа, според други извештаи, членовите на истото семејство треба да аплицираат колективно, а членовите на семејството кои не биле вклучени во првичната апликација може да се соочат со потешкотии да аплицираат во подоцнежна фаза. „Условот за семејствата да аплицираат колективно и на лице место претставува особен предизвик, бидејќи многу семејства се распространети и многумина ја напуштија земјата од 2011 година“; Дански национален центар за лична документација, Курди во Сирија бездржавност: Мактумини и Аџаниби, 16 јануари 2019 година, https://bit.ly/3mY1XwG, стр. 5. „Второ, се смета дека е неопходно луѓето да аплицираат колективно со целото свое семејство, инаку поединците кои се изоставени се соочуваат со потешкотија кога аплицираа подоцна“; Универзитет Тилбург, Бездржавни Сирijци, мај 2013 година, www.refworld.org/pdfid/52a983124.pdf, стр. 19. Недостатокот на финансиски средства исто така е пријавен како пречка за некои; УНХЦР, Поради недостаток на националност, некои бегалци од Сирија се соочуваат со акутни ризици, 20 декември 2013 година, https://bit.ly/2Gkp9o8.

[729] Информации од УНХЦР, декември 2020 година. Види, исто така, Дански национален центар за лична документација, Курди во Сирија бездржавност: Мактумини и Аџаниби, 16 јануари 2019 година, https://bit.ly/3mY1XwG, стр. 5.

[730] „Оваа администрација [ААНЕС] не прави разлика помеѓу Курди кои се државјани, аџаниби или мактумини во нивното секојдневно постапување, а Курди без државјанство се меѓу оние вработени во администрацијата. Меѓутоа, ова не го менува нивниот статус во рамка на национално ниво. Мактумините (и ненатурализираните аџаниби) остануваат во несигурна положба, без државјанство. Иако имаат пристап до овие различни услуги, тие сепак се соочуваат со сериозни пречки поради нивниот статус без државјанство, особено оние кои се раселени на територијата контролирана од сириската влада или во странство“; ЕМБ / ИБВ, Бездржавност во Сирија: Документ за позиција на земја (ENS / ISI, Statelessness in Syria: Country Position Paper), август 2019 година, www.ecoi.net/de/dokument/2021269.html, стр. 16. „Според службени лица и жители кои разговарале со Сирија Директ, аџанибите и мактумините имаат еднаков пристап до услугите и институциите управувани од Самоуправата [ААНЕС] - додека оние со кои управува сириската влада остануваат ограничени, исто како и пред војната.“ На пример, аџанибите и мактумините остануваат без можност да добијат лични карти, пасоши и друга граѓанска документација издадена од владата; „Сирија директ“, „Човек сенка“: Курдите без државјанство во Сирија се справуваат со промените на властите неколку децении откако го загубија државјанството (Syria Direct, ‘Shadow of a Human’: Syria’s Stateless Kurds Navigate Shifting Authorities Decades after Losing Citizenship), 18 октомври 2018 година, https://bit.ly/2S5huMP. Според Томас Мекги, експерт за бездржавјанство во Сирија, Курдите без државјанство, исто така, „(…) имаат помала слобода на движење да патуваат во земјата и да ја напуштат Сирија и најверојатно ќе бидат запрени на контролни пунктови и потенцијално приведени.“ И понатаму: „Додека курдските власти во Сирија го отворија училиштето за курдски деца без државјанство, тие најверојатно ќе се соочат со тешкотии да добијат сертификати за образование (училиште и универзитет) признаени од Дамаск“; „Курдистан 24“, Илјадници сириски Курди продолжуваат да страдаат од бездржавност (Kurdistan 24, Thousands of Syrian Kurds Continue to Suffer from Statelessness), 13 септември 2018 година, https://bit.ly/349LMUg. Курдите без државјанство во подрачјата под контрола на ААНЕС, исто така, подлежат на задолжителна воена служба според „Законот за самоодбрана“, кој ги дефинира „регрутите“ како „Секој кој достигнал законска возраст за извршување на„ Обврската за самоодбрана“; жителите на Северна и Источна Сирија, или оние надвор од регионот кои живееле таму повеќе од пет години, кои имаат сириско државјанство, или се странци без регистрација“; „РИЦ“, превод: Закон за воена служба во северна и источна Сирија (RIC, Translation: Law Concerning Military Service in North and East Syria), ажурирано на 22 јуни 2019 година, https://bit.ly/3flnEm2. Види, исто така, Дел II.Д.2 и III.А.4.

права како последица на загубата на државјанството во 1962 година.[731]

Нападите на ИСИЛ се намалија откако групата изгуби територијална контрола; сепак, групата е одговорна за неколку неодамнешни напади од повисок профил врз верските малцинства, вклучително и самоубиствен напад пред христијанска црква во делот на градот Камишли што е под контрола на владата (Покраината Хасака) во јули 2019 година,[732] како и грабнувањето и убивањето од поголеми размери на припадниците на друзиската заедница во Покраината Сувајда во јули 2018 година.[733] Се известува дека постојаната небезбедност и напрегнатите односи во заедницата,[734] особено во одново заземените подрачја, влијаат врз малцинското население и го спречуваат неговото враќање.[735] Во

[731] „Курдите се втората најголема етничка група во Сирија по Арапите и се издвоени за дискриминација врз основа на нивниот јазичен и културен идентитет преку експропријација на имотот и арабизација на нивните подрачја преку демографско инженерство"; РАХ / „Импјунити воч", Прекршување на правата за домување, земјиште и имот: Пречка за мирот во Сирија (PAX / Impunity Watch, Violations of Housing, Land and Property Rights: An Obstacle to Peace in Syria), март 2020 година, https://bit.ly/3jkWQoi, стр. 5. „Една од главните критики на Уредбата бр. 49 од 2011 година беше дека, не е ретроактивна, не нуди компензација за одземање на сопственоста или правата на земјиштето, како последица на губење на државјанството во 1962 година"; Универзитет Тилбург / Програма за бездржавност, Бездржавните Сиријци, мај 2013 година, www.refworld.org/pdfid/52a983124.pdf, стр. 24. „Како странци и нерегистрирани Курди, многумина се соочија со дискриминација и неподобност за владините програми за реформа на земјиштето, па како резултат на тоа, курдското земјиште беше насилно земено и прераспределено на арапските доселеници. Севкупно, се проценува дека режимот експропријраше околу шест милиони хектари земјиште од курдски сопственици на земјиште како дел од оваа политика"; ФКА, Сириските Курди и режимот на Асад (KAS, The Syrian Kurds and the Assad Regime), септември 2017 година, https://bit.ly/2GkOFJW, стр. 5. Види, исто така, Меѓународна коалиција Хабитат. Мрежа за права за домување и земјиште, Систематско прекршување на правата за домување и земјиште против сириските Курди, поднесување на невладини организации до Советот за човекови права на ООН, Универзален периодичен преглед на Сириската Арапска Република, 12-та сесија на работната група УПП, 3 - 14 октомври 2011 година, https://bit.ly/3n3dTxk.

[732] ВОА, Сириските христијани повторно таргетирани од Исламската држава (VOA, Syrian Christians Targeted Again by Islamic State), 12 јули 2019 година, https://bit.ly/3iv8wUR; „Д дефенс пост", Експлозија на бомба пред црква во христијанско соседство во Камишли (The Defense Post, Syria: Bomb Explodes Outside Church in Qamishli Christian Neighbourhood), 11 јули 2019 година, https://bit.ly/2ku12bS.

[733] На 25 јули 2018 година, ИСИС водеше истовремени упади во гувернoратот Сувеида, убивајќи најмалку 200 лица, претежно Друзи и киднапирајќи други. ИСИС погуби двајца заложници, додека останатите заложници беа ослободени во ноември 2018 година; ХРВ, Светски извештај за 2019 година: Сирија (HRW, World Report 2019: Syria), 17 јануари 2019 година, www.ecoi.net/de/dokument/2002172.html; „Ашарк Ал Авсат", Радост и тага за ослободените заложници кои се враќаат во сириската Сувеида (Asharq Al-Awsat, Joy and Grief as Freed Hostages Return to Syria's Sweida), 10 ноември 2018 година, https://bit.ly/3285eOt.

[734] На пример, „Хомс беше веројатно најразновидниот гувернорат во Сирија, каде што алавитите, шиитите, христијаните и сунитите живееја рамо до рамо. Сепак, тешко е да се замисли дека тие повторно ќе коегзистираат. Крвавите напади против Хуле, Тулаках и Баба Амр се врежани во сеќавањата на сунитите, особено учеството на алавитските и христијанските милиции (...) Жителите на Хомс сега рутински ќе одбираат секта врз основа на тоа дали поединецот е или не е лојалист на Асад"; Карнеги МЕЦ, Хомс, поделена инкарнација на нерешениот конфликт во Сирија (Carnegie MEC, Homs, a Divided Incarnation of Syria's Unresolved Conflict), 15 мај 2020 година, https://bit.ly/3iZgWEi.

[735] На пример, во јужниот гувернорат Сувеида, „По помирувањето на бунтовничкиот режим во Дара во 2018 година, некои жители [Друзите] се вратија дома во Борид и локалното основно училиште беше повторно отворено. Во селото беа стационирани помалку режимски сили. Меѓутоа, огромната штета, недостатокот на услуги и прекинот на водата и електричната енергија одврати многу жители да се вратат"; „Сирија репорт", Жителите повторно се раселија од селото Сувеида во близина на поранешното упориште на бунтовниците (Syria Report, Residents Displaced Again from Flashpoint Suweida Village near Former Rebel Stronghold), 7 октомври 2020 година, https://bit.ly/2TlsBBY. „И покрај напорите на Русија, само 600 христијани се вратија во своите домови на југозападот по договорот за помирување во јули 2018 година - дел од бројот на раселени лица - а исто така се вратија и релативно мал број други малцинства. Предлозите за враќање на раселените шиитски и алавитски заедници на поранешна опозициска територија во Дара, исто така, беа одбиени од страна на локалните власти, наведувајќи загриженост за инфилтрација од страна на Хезболах и иранските милиции. Иако враќањето на сириските христијани во своите домови и обновата на нивните цркви се централен дел на пропагандната кампања на Москва, Русија забележа мал успех на југозапад." И понатаму: „Дури и во отсуство на логистички и политички пречки, изгледите за враќање во нивните поранешни заедници се неприфатливи за многу раселени малцинства. Растечката нестабилност на југозапад, заедно со економската стагнација, го спречува враќањето на христијаните, друзите и черкезите во нивните домови. Валидната загриженост меѓу поранешните опозициски власти за инфилтрација од страна на Хезболах и режимските разузнавачки служби во алавитските и шиитските заедници - кои беа силно таргетирани за регрутирање од овие групи - исто така, претставуваат значителна пречка"; МИА / Етана, Поделба на производството: Режимот на Асад и малцинствата во северозападна Сирија (MEI / Etana, Manufacturing Division: The Assad Regime and Minorities in South-West Syria), 11 март 2020 година, https://bit.ly/35Y4l0e, стр. 5, 19, види, исто така, стр. 8, 11-12, 14-16. За безбедносни инциденти кои вклучуваат

некои случаи, конфискувањето на имотите сао дополнително го спречува враќањето.[736]

Безобѕирните ракетни и минофрлачки напади од страна на ХТШ и другите антивладини вооружени групи врз членовите на верските малцински заедници кои живеат близу активните линии на фронтот поради претпоставената „провладина“ положба на овие малцинства проретчија во светло на намалената територија и капацитети на овие групи.[737]

### б) Постапувањето со припадниците на верските и етничките малцински групи во подрачја под *de facto* контрола на СДС

Верските и етничките малцинства се застапени во рамките на Автономната управа и СДС,[738] иако се известува дека НОО преовладува во политичките и безбедносните работи.[739] Локалните власти начелно ги почитуваат верските, културните и јазичните права на верските и етничките малцинства што им се доделени со Социјалниот договор што во 2014 година го усвои АУСИС.[740] Сепак, се известува за

---

припадници на малцинските заедници во Јужна Сирија, види, на пример, СОЧП, Киднапирања во Дара: Изгубена комуникација со млада христијанка во Изра (SOHR, Kidnappings in Daraa: Communication Lost with Christian Young Woman in Izra'a), 19 јуни 2020 година, https://bit.ly/3cBL3PN; СОЧП, Безбедносен вакуум во Дара: Непознати напаѓачи убија шиитски старец во западната покраина (SOHR, Security Vacuum in Daraa: Unknown Assailants Assassinate Shiite Old Man in Western Countryside), 21 мај 2020 година, https://bit.ly/36dupVw; СОЧП, Неколку часа по убиството на еден од најистакнатите промотори на „шиизмот“ во јужното подрачје, неидентификувани вооружени лица убија „Шиит“ во покраината на Дара (SOHR, A Few Hours after the Assassination of One of the Most Prominent Promoters of “Shiism ” in the Southern Area, Unidentified Gunmen Kill a “Shiite” Person in Daraa Countryside), 11 јуни 2019 година, https://bit.ly/36duHf4. Види, исто така, Дел II.Б.1.б.

[736] „Во многу поранешни доминантни христијански подрачја [на југозапад], раселени Сиријци или локални жители заземаат христијански домови кои биле напуштени повеќе од половина деценија, а земањето на овие домови бара или иселување на оние што сега живеат во нив или преговарање со земјопоседници кои ја презеле контролата врз овие имоти“; МИА / Етана, Поделба на производството: Режимот на Асад и малцинствата во северозападна Сирија (MEI / Etana, Manufacturing Division: The Assad Regime and Minorities in South-West Syria), 11 март 2020 година, https://bit.ly/341fgE3, стр. 12, 17. СОХР објави на почетокот на мај 2020 година дека голем број христијански семејства се вратиле во селото Харба, во западниот дел на губернаторот Сувеида, откако станарите на нивните домови биле евакуирани под руско покровителство; СОЧП, Десетици христијански семејства се вратија во своето село откако беа раселени шест години, според договори со фракции поддржани од Русија (SOHR, Tens of Christian Families Return to Their Village after Six Years of Displacement, under Agreements with Russian-Backed Factions), 3 мај 2020 година, https://bit.ly/369kosg.

[737] Види Дел III.A.3.

[738] Центар Вилсон, Сириските Језиди под четири режими: Асад, Ердоган, ИСИС и ЈПГ (Wilson Center, Syrian Yezidis Under Four Regimes: Assad, Erdogan, ISIS and the YPG), јули 2020 година, https://bit.ly/2E9AcQ6, стр. 6.

[739] „Во курдските подрачја, ПДУ е доминантна. Додека се грижеше за интегрирање на арапските претставници во Рака и Деир ез Зор, доминацијата на ПДУ во донесувањето одлуки е очигледна”; Фондација „Бертелсман“, ИТФБ Државен извештај за 2020 година: Сирија (Bertelsmann Stiftung, BTI 2020 Country Report: Syria), 29 април 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2029497.html, стр. 10. „Централната команда на САД (USCENTCOM) објави дека СДФ и СДЦ направија „големи чекори“ кон инкорпорирање на арапските воени и цивилни водачи, како и сириски христијани, во воени и политички размислувања. Меѓутоа, ДИА објави дека курдските елементи на СДФ, Курдските единици за заштита на народот (ЈПГ), ја одржуваат контролата врз лидерските и позициите за донесување одлуки во рамките на СДФ и институциите предводени од СДЦ, покажувајќи „неподготвеност да се подели власта со Арапите, дури и во регионите со мнозинство Арапи на североисток, каде што арапските борци веројатно претставуваат мнозинство од силите на фронтот на СДФ“; Стејт департментот на САД / Главен генерален инспектор за операцијата „Инхерентно решение“, квартален извештај до Конгресот на Соединетите Американски Држави: 1 јануари 2020 година – 31 март 2020 година, 13 мај 2020 година, https://bit.ly/2Y62Skk, стр. 6. За преглед на сириските, асирските, ерменските и језидските сили за самоодбрана, кои во најголем дел се организирани под чадорот на СДФ, види „РИЦ“, По ИСИС: Обезбедување иднина за христијаните и другите малцинства во северна и источна Сирија (RIC, After ISIS: Ensuring a Future for Christians and other Minorities in North and East Syria), септември 2020 година, https://bit.ly/3mWJfWc, стр. 39- 43.

[740] ААНЕС во преамбулата на Социјалниот договор за Демократската федерација на Северна Сирија од 2016 година ги признава „Курдите, Арапите, Сиријците, Асирците, Туркменците, Ерменците, Чеченците, Черкезите, муслиманите, христијаните, језидите и различните доктрини и секти“ како дел на „народите од Роџава-северна Сирија“; Социјален договор за Демократската федерација во северна Сирија, 29 декември 2016 година, https://bit.ly/33W7smC. „ААНЕС го зацврстува правото на верските и етничките малцинства слободно, отворено и автономно да ги практикуваат својата култура и верувања како основен аспект на нејзиниот политички проект. Оваа цел е реализирана до одреден степен, иако во некои случаи малцинските групи исто така доживеаја несогласувања со ААНЕС“; „РИЦ“, По ИСИС: Обезбедување иднина за христијаните и другите малцинства во северна и источна Сирија (RIC, After ISIS: Ensuring a Future for Christians and other Minorities in North and East Syria), септември 2020 година, https://bit.ly/3mWJfWc, стр. 3. Види, исто така, Центар Вилсон, Сириските Језиди под четири режими: Асад, Ердоган, ИСИС и ЈПГ (Wilson Center, Syrian Yezidis Under Four Regimes: Assad, Erdogan, ISIS and

одредени тензии во однос училишната програма воведена од страна на АУСИС, којашто ја замени државната програма.[741] Арапите во подрачјата што се под *de facto* контрола на АУСИС понекогаш се издвојуваат поради нивното арапско етничко потекло и претпоставената поврзаност или соработка со СНА и ИСИЛ.[742]

За време на своето владеење, ИСИЛ беше одговорен за раселувањето на голем број припадници на верските малцинства во Североисточна Сирија.[743] И покрај губитокот на територијата, ИСИЛ продолжува да ги напаѓа припадниците на верските и етничките малцинства во подрачјата каде што има свое непрекинато присуство или влијание, вклучително и на Североистокот. Меѓу лицата што се најдоа на нивна мета се и етничките курди и другит членови на малцинските заедници, претежно членовите на СДС, при што нивните напади главно се мотивирани или од политички (претпоставената поддршка за СДС/АУСИС) и/или од етнички и верски причини (ИСИЛ ги смета припадниците на верските и етничките малцински групи за *„неверници“*).[744] ИСИЛ ја презеде одговорноста за убиството на ерменски католички свештеник и неговиот татко на 11 ноември 2019 година, како и за поголем број автомобили бомби истиот ден во градот Камишли, со кои извршија напади врз, меѓу другото, и една ерменска црква.[745]

---

the YPG), јули 2020 година, https://bit.ly/2E9AcQ6, стр. 6; Фондација „Бертелсман“, ИТФБ Државен извештај за 2020 година: Сирија (Bertelsmann Stiftung, BTI 2020 Country Report: Syria), 29 април 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2029497.html, стр. 32.

[741] Наводно, некои претпочитаат да ја следат наставната програма призназена од државата, додека други го критикуваат она што тие го сметаат за идеолошка индоктринација од страна на ААНЕС, каде што доминира ЈПГ. Во 2018 година, голем број асирски и ермински приватни училишта беа привремено затворени по нивното одбивање да ја следат наставната програма на ААНЕС; СТЈ, Автономната администрација затвори училишта предводени од христијани (STJ, Autonomous Administration Closes Schools Run by Christians), 10 септември 2018 година, https://bit.ly/3mSVZgp; „Ројтерс“, Нема враќање назад: Сириските Курди го преобликуваат регионот со книги и училишта (Reuters, No Turning Back: Syrian Kurds Reshape Region with Books and Schools), 6 мај 2019 година, https://reut.rs/3mUiwti; АФП, Курдите и христијаните не се согласуваат за наставната програма во Сирија (AFP, Kurds, Christians Split over Syria School Curriculum), 12 септември 2018 година, https://bit.ly/3mVbrZo.

[742] Види Дел III.A.4.

[743] „Пристигнувањето на ИСИС во или во близина на региони населени со христијани во Северна и Источна Сирија доведе до големо иселување на христијаните и последователно намалување на нивниот број. Според истражувањето објавено од Центарот за стратешки истражувања на Сирија, иако христијанското население источно од Еуфрат пред инвазијата на ИСИС било околу 300,000 луѓе, сега е само околу 100,000“; „РИЦ“, По ИСИС: Обезбедување иднина за христијаните и другите малцинства во северна и источна Сирија (RIC, After ISIS: Ensuring a Future for Christians and other Minorities in North and East Syria), септември 2020 година, https://bit.ly/3mWJfWc, стр. 20. На пример, повеќето Асирци од долината на реката Хабур (гуверноратот Хасакех) побегнаа по упадот на ИСИС во нивните села во февруари 2015 година, за време на кој ИСИС киднапираше над 250 Асирци, вклучително и многу жени и деца, за подоцна да ги ослободи во замена за откуп. До почетокот на 2020 година, повеќето Асирци не се вратија во своите села од страв од оживување на ИСИС и обновена несигурност предизвикана од „Операцијата Мировна пролет“; ДВ, Војната во Сирија ја избрка христијанската заедница (DW, War in Syria Drives Out Christian Community), 18 јануари 2020 година, https://bit.ly/2ZnMU5f; МГМП, Сирија: Христијани, Ерменци и Асирийци (MRGI, Syria: Christians, Armenians and Assyrians), последен пат ажурирано во март 2018 година, www.refworld.org/docid/49749ca133.html. „Бројот на Асирците од подрачјето Кабур и Тел Тамр пред сириската криза беше околу 15,000, но сега е ограничен на само 1,000“; „Норт прес ејџенси“, Асириците се сеќаваат на нападот на ИСИС врз селата во сирискиот Тел Тамр (North Press Agency, Assyrians Recall ISIS Attack on Villages in Syria’s Tel Tamr), 22 февруари 2021 година, http://bit.ly/3qYv70a. Се проценува дека на почетокот на 2020 година, само половина од 5,000 ерменски католици останале во градот Камишли; „Ен-пи-ар“, Ова е опасно време за христијаните во североисточна Сирија (NPR, It's a Dangerous Time for Christians in Northeastern Syria), 12 февруари 2020 година, https://n.pr/2ZAgYdW. Во градот Рака, поранешниот главен град на ИСИС, беше пријавено дека останало само едно ерменско христијанско семејство кон крајот на 2019 година; „Д нешнал“, Ерменците во Сирија се повторно под напад (The National, Syria’s Armenians Are under Assault yet Again), 26 декември 2019 година, https://bit.ly/3c2GE7S.

[744] Види, на пример, СОЧП, Нов подем на ИСИС: Групите продолжуваат со нападите во подрачја под контрола на СДФ, заканувајќи се со колење на „неверници“ (SOHR, ISIS Resurgence: Cells Continue Attacks in SDF-Controlled Areas, Threatening to Slaughter “Infidels”), 15 јуни 2020 година, https://bit.ly/3j7tVDZ; „Курдистан 24“, ИСИС го искористи безбедносниот вакуум сред турскиот упад, ги нападна сириските Курди (Kurdistan 24, ISIS Exploits Security Vacuum amid Turkish Incursion, Attacks Syrian Kurds), 10 октомври 2019 година, https://bit.ly/2GH28f5; „Курдистан 24“, ИСИС наводно шири „список за погубување“ за цивили кои работат со сили поддржани од САД (Kurdistan 24, ISIS Allegedly Spreads ‘Death List’ for Civilians Working with US-Backed Forces), 10 септември 2020 година, https://bit.ly/36GStjO.

[745] На 11 ноември 2019 година, ИСИС наводно презела одговорност за убиството на поглаварот на Ерменската католичка црква во Камишли и неговиот татко кога патувале по патот помеѓу Хасакехх и Деир Ез Зур; „Рудау“,

Христијаните во Покраината Хасака исто така се најдоа погодени во Операцијата „Мировна пролет“ и голем дел од нив се раселија.[746] На 9 октомври 2019 година, за време на гранатирањето на градот Камишли, гранатите ја оштетија џамијата Шала и паднаа близу црквата Св. Ѓорѓи Асирски.[747] Особено претежно асирскиот подокруг Тал Тамер во долината на реката Хабур е сведок на редовни препукувања и гранатирања помеѓу СДС/НОО и владините сили[748] од една страна и вооружените групи поврзани со СНА и турските сили од друга страна.[749] Голем број од раселените христијани се колебаат

ИСИС презеде одговорност за убиство на ермenски свештеник и неговиот татко во североисточна Сирија (Rudaw, ISIS Claims Responsibility for Murder of Armenian Priest and His Father in NE Syria), 11 ноември 2019 година, https://bit.ly/2Qbfh2E. „На истиот ден со убиството на отец Ховсеп [на 11 ноември 2019 година], имаше два бомбашки напади со автомобили во градот Камишли, де факто главен град на Курдската автономна администрација на Северна и Источна Сирија (АА). Цел на бомбашките напади беа цркви, продавници и хотели во сопственост на локални сириски, халадејски и ермenски христијани, според сириската партија Демократски сојуз (ПДУ)“; „Сирија директ“, Сириските христијани: Експлоатирано или заштитено малцинство? (Syria Direct, Syrian Christians: Exploited or Protected Minority?), 22 декември 2019 година, https://bit.ly/2ZGvxN0. Види, исто така, „Френс24“ (видео), Христијаните во североисточна Сирија живеат во страв поради активноста на турските сили и групата на ИД во регионот (France24 (video), Christians in Northeast Syria Living in Fear as Turkish Forces, IS Group Active in Region), 7 февруари 2020 година, https://bit.ly/35D1kCw; АФП, Шест цивили загинаа во бомбардирања во главниот курдски град во Сирија (AFP, Bombings Kill Six Civilians in Syria's Main Kurdish City), 11 ноември 2019 година, https://bit.ly/32wGdzV; Јавно радио на Ерменија, Експлозија на бомба во близина на ерменската католичка црква во Камишли, пријавени жртви (Public Radio of Armenia, Bomb Detonates near Armenian Catholic Church in Qamishli, Casualties Reported), 11 ноември 2019 година, https://bit.ly/2RuEx3i. Види, исто така, фуснота 732.

[746] „Кога Турција ја започна „Операцијата Мировна пролет“ во октомври 2019 година против групите предводени од сириските Курди (...) цивили кои избегаа од Тел Тамер се распрснаа низ Хасака. Сега, откако заврши операцијата, тие се обидуваат да се вратат во своите домови, но се обесхрабрени од артилерискиот оган, а неодамнешните судири, наводно, доведоа до нови раселувања од некои села“; „Ал монитор“, Борбите беснеат во Сирија и покрај прекин на конфликтот од коронавирусот (Al-Monitor, Battles Rage in Syria Despite Coronavirus Cease-Fires), 13 април 2020 година, https://bit.ly/3c4EDZ6. Многу Ерменци и Асирци, потомци на преживеаните од османлискиот геноцид на почетокот на 20-тиот век, се плашат од групите поддржани од Турција и од она што тие го сметаат за нивни обид за етничко чистење на регионот; „Ен-пи-ар“, Ова е опасно време за христијаните во североисточна Сирија (NPR, It's a Dangerous Time for Christians in Northeastern Syria), 12 февруари 2020 година, https://n.pr/2ZAgYdW; „Френс24“ (видео), Христијаните во североисточна Сирија живеат во страв поради активноста на турските сили и групата на ИД во регионот (France24 (video), Christians in Northeast Syria Living in Fear as Turkish Forces, IS Group Active in Region), 7 февруари 2020 година, https://bit.ly/35D1kCw. Види, исто така, „РИЦ“, По ИСИС: Обезбедување иднина за христијаните и другите малцинства во северна и источна Сирија (RIC, After ISIS: Ensuring a Future for Christians and other Minorities in North and East Syria), септември 2020 година, https://bit.ly/3mWJfWc, стр. 51-54; СОЧП, Асириските семејства речиси целосно раселени од градот Тал Тамр додека лојалните фракции на Турција стигнаа до неговите периферии (SOHR, Assyrian Families Almost Completely Displaced from Tal Tamr Town as Turkey-Loyal Factions Reach Its Outskirts), 15 ноември 2019 година, https://bit.ly/2RCWKMl.

[747] КМВССАД, Меѓународен извештај за верска слобода за Сирија за 2019 година (USCIRF, Syria 2019 International Religious Freedom Report), 10 јуни 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2031230.html.

[748] Врз основа на договорот со СДФ од средината на октомври 2019 година, владата распореди сили во Тал Тамер за да го спречи напредувањето на „Операцијата Мировна пролет“ во подрачјето; „“Енаб Балади““, Завојуваните страни на Сирија во борба за североисточна Сирија (Enab Baladi, Syria’s Warring Sides in a Scramble for North-Eastern Syria), 23 ноември 2019 година, https://bit.ly/3hzkFXu; „Ројтерс“, Сириската армија се распореди во градот на североистокот на земјата по Курдскиот договор (Reuters, Syrian Army Deploys to Town in Country's Northeast after Kurdish Deal), 14 октомври 2019 година, https://reut.rs/33pgx5y; „Дефенс пост“, Силите на сирискиот режим притискаат кон границата со Турција по договорот со СДФ (Defense Post, Syrian Regime Forces Push Towards Turkey Border after SDF Deal), 14 октомври 2019 година, https://bit.ly/35LaLja.

[749] „Во моментот на пишување, фронтовите беа поставени во и околу христијанските села околу Тил Темир, од кои некои се подложени на редовно бомбардирање од страна на силите поддржани од Турција и покрај официјалната објава за прекин на конфликтите“ „РИЦ“, По ИСИС: Обезбедување иднина за христијаните и другите малцинства во северна и источна Сирија (RIC, After ISIS: Ensuring a Future for Christians and other Minorities in North and East Syria), септември 2020 година, https://bit.ly/3mWJfWc, стр. 56. „Има 35 асирски села во регионот Хабур, кои се само неколку километри оддалечени од подрачјето што го контролираат Турција и нејзините милиции [СНА]. Тел Тамер, кој е главен центар за население, е само шест милји оддалечен од фронтовите. Некои села се уште поблиску“; Центар Вилсон, Сириските Језиди под четири режими: Асад, Ердоган, ИСИС и ЈПГ (Wilson Center, Syrian Yezidis Under Four Regimes: Assad, Erdogan, ISIS and the YPG), јули 2020 година, https://bit.ly/2E9AcQ6, стр. 12. Види, исто така, СОЧП, Турските сили и фракциите на „Мировна пролет“ гранатираа позиции во покраината на Тал Тамр (SOHR, Turkish Forces and “Peace Spring” Factions Shell Positions in Tal Tamr Countryside), 13 февруари 2021 година, http://bit.ly/2PfE7jv; „Норт прес ејџенси“, Сириските и Асириските борци го зајакнуваат фронтот во Тел Тамр во североисточна Сирија (North Press Agency, Syriac and Assyrian Fighters Fortify Tel Tamr Front in Northeast Syria), 12 јануари 2021 година, http://bit.ly/3kxLwGk; ibid., Асириците во сирискиот Тел Тамр слават осамен Божиќ (Assyrians of Syria’s Tel Tamr Celebrate a Lonely Christmas), 28 декември 2020 година, http://bit.ly/3q0zCWL; СОЧП, Фракциите поддржани од Турција навлегоа и ограбија асириско село во близина на линијата на поделба со подрачја на

дали да се вратат во своите подрачја на потекло поради непрекинатото присуство на ИСИЛ и небезбедноста предизвикана со Операцијата „Мировна пролет“ од октомври 2019 година.[750]

### в) Постапувањето со припадниците на верските и етничките малцински групи во подрачја под *de facto* контрола на ХТШ и антивладините вооружени групи

Достапни се ограничени ажурни информации за нападите врз преостанатите припадници[751] на верските малцинства, вклучително и христијаните, друзите и алавитите кои живеат во подрачја под контрола на ХТШ и другите тврдокорни или ектремистички исламистички групи. Сепак, известувањата го потврдија непрекинатото наметнување на исламското право и дискриминирачките ставови кон припадниците на

„Мировна пролет“ (SOHR, Turkish-Backed Factions Storm and Loot Assyrian Village near the Dividing Line with “Peace Spring” Areas), 18 јуни 2020 година, https://bit.ly/3mwVd8E; СОЧП, Турските сили ги обновија ракетните напади врз селата контролирани од сирискиот воен совет и силите на режимот во рурален Тал Тамр (SOHR, Turkish Forces Renew Rocket Attacks on Villages Controlled by Syriac Military Council and Regime Forces in Rural Tal Tamr), 15 март 2020 година, https://bit.ly/33BoCpl; МИА, Заглавени во заборав: Раселените жители на североисточниот дел на Сирија (MEE, Stuck in Limbo: The Displaced Residents of Syria’s Northeast), 10 јануари 2020 година, https://bit.ly/3cIrtRW; и Дел II.Б.2.

[750] „Милитантите на ИСИС продолжија да ги напаѓаат христијанските заедници. Овие заедници изјавија дека се плашат од можноста за пошироко оживување на ИСИС“; КМВССАД, Меѓународен извештај за верска слобода за Сирија за 2019 година (USCIRF, Syria 2019 International Religious Freedom Report), 10 јуни 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2031230.html. Види, исто така, „Ал монитор“, Сириските христијани на фронтовите повторно имаа тажен Божиќ (Al-Monitor, Syrian Christians on Front Line Have Sad Christmas), Again, 27 декември 2019 година, https://bit.ly/2GNBIbH; АФП, Во североисточна Сирија, последните Асирици се плашат од турското напредување (AFP, In Northeast Syria, Last Assyrians Fear Turkish Advance), 19 ноември 2019 година, https://bit.ly/3m68Knv.

[751] „Се проценува дека околу 20,000 Друзи живееле во тоа подрачје во 2015 година, иако нивниот број сега е намален на 10,000, според проценките на локалните совети“; „Сирија репорт“, Во северен Идлиб, конфискациите на имот од страна на ХТШ се закана за малата заедница на Друзите (Syria Report, In Northern Idlib, HTS Property Confiscations Threaten Small Druze Community), 9 септември 2020 година, https://bit.ly/3j8awCB. „(...) сѐ уште постои христијанско присуство (Ерменци, сириjскии мелкити и католици) во подрачјето во селата, како што се ал Јакубија, ал Кунаја, Гасанија и ал Џадида, а повеќето христијани живеат повлечен живот повеќе или помалку криејќи се од страв дека ќе бидат мета на екстремистичките исламисти“; „Сиријак прес“, Сирија: Милитантните исламисти тероризираат христијани во провинцијата Идлиб (Syriac Press, Syria: Militant Islamists Terrorize Christians in Idlib Province), 10 мај 2020 година, https://bit.ly/3ivDoV0. “(…) многу христијански семејства го напуштија Идлиб и заминаа во странство или во подрачја во Сирија откако екстремистичките групи го заседоа Идлиб во 2015 година, оставајќи го целиот свој имот зад нив. (...) Само неколку христијани сѐ уште живеат во градот, поточно во неговиот западен дел (...)“; СТЈ, ХТШ конфискуваше не помалку од 550 домови и бизниси кои припаѓаат на христијаните во Идлиб (STJ, HTS Confiscates no Less than 550 Homes and Businesses Belonging to Christians in Idlib), 14 јануари 2020 година, https://bit.ly/3huzeLY. „(...) бунтовничките зони се речиси исклучиво сунитски Арапи. Неколкуте малцинства што живееја во овие подрачја избегаа или беа принудени да се преобратат на сунизмот“; Вашингтонски институт за блискоисточна политика, Секташтво во граѓанската војна во Сирија (Washington Institute for Near East Policy, Sectarianism in Syria’s Civil War), 2018 година, www.ecoi.net/en/document/2026613.html, стр. xv.

малцинските групи,[752] покрај случаите на дејства насочени кон поединци.[753] За ХТШ, ХАД и ТИП и понатаму се известува дека нелегално ги конфискуваат домовите, продавниците, складиштата и земјоделските површини што им припаѓаат на раселените христијани и друзи.[754] ХТШ наводно ја

[752] На преостанатите христијани им било дозволено да го прослават Божиќ во 2020 година; сепак, ХТШ забранува јавно прикажување на христијански верски симболи и ѕвонење на црковните камбани; СОЧП, Христијаните слават Божиќ во Ал Куња во Идлиб, а „владата на спасението“ го бара нивното пријателство (SOHR, Christians Celebrate Christmas in Idlib's Al-Qunya, and “Salvation Government” Seeks their Friendship), 25 декември 2020 година, http://bit.ly/38UARQW. „Фракциите не им дозволија на [христијаните] да ги практикуваат своите обреди и верски обреди во јавност, да одржуваат церемонијални настани или да ги покажат своите верски симболи, а да не зборуваме за нападите, грабежите и експлоатацијата што ги погодија црквите“; „“Енаб Балади““, „Отсутни христијани“... Конфискација на недвижен имот на христијаните во Идлиб (Enab Baladi, “Absent Christian“... Confiscation of Real Property of Idlib's Christians), 11 јули 2020 година, https://bit.ly/2FzNTIA. „ХТШ ги замени владините судови со шеријатски совети во подрачјата што ги контролираше, овластувајќи дискриминација врз припадниците на верските малцинства (…)“; КМВССАД, Меѓународен извештај за верска слобода за Сирија за 2019 година (USCIRF, Syria 2019 International Religious Freedom Report), 10 јуни 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2031230.html. „Паѓајќи под контрола на радикалните исламски групи, повеќето христијански семејства избраа да се преселат во подрачјата под контрола на режимот или во странство. Меѓутоа, оние што останаа, се соочуваат со малтретирање од членовите на организацијата Чувари на религијата [ХАД], кои ја ограничуваат нивната верска практика и ретко им дозволуваат да ги посетуваат црквите“; СТЈ, Сирија: Најмалку 750 христијански куќи незаконски запленети во Џиср ал Шугур, Идлиб (STJ, Syria: At least 750 Christian Houses Illegally Seized in Jisr al-Shughur, Idlib), 23 септември 2019 година, https://bit.ly/2ZvQUk0. „Најзастапени се секташките и раздвојувачки изјави против алавитите и христијаните, кои се подложени на мала умереност или ограничувања“; „Ал шахид“, Дали променливата реторика на Џулани е обид да се прикријат минатите злосторства на ХТШ? (Al Shahid, Is Joulani's Shifting Rhetoric an Attempt to Cover Up HTS' Past Crimes?), 14 август 2019 година, https://bit.ly/2kkA1aG. „Во подрачјата контролирани од опозицијата, христијаните, наводно, го сокриле својот верски идентитет и се облекуваат како муслимани за да избегнат сомневање“; МГМП, Сирија: Тековни прашања (MRGI, Syria: Current Issues), последен пат ажурирано во јуни 2019 година, https://bit.ly/2S0bTYa. „Малцинствата како што се Друзите и Христијаните во подрачја како што е провинцијата Идлиб, во најголем дел, ги напуштија овие подрачја, наместо да бидат принудени да се преобратат во исламот, да го следат кодексот на облекување или ограничувањата на движењето наметнати на жените“; Совет за човекови права на ООН: „Го изгубив достоинството“: Сексуално и родово базирано насилство во Сириската Арапска Република, 8 март 2018 година, A/HRC/37/CRP.3, www.ecoi.net/en/document/1433339.html (во натамошниот текст: Совет за човекови права на ООН, „Го изгубив достоинството, 8 март 2018 година, www.ecoi.net/en/document/1433339.html), став 58. Види, исто така, СТЈ, ХТШ конфискуваше не помалку од 550 домови и бизниси кои припаѓаат на христијаните во Идлиб (STJ, HTS Confiscates no Less than 550 Homes and Businesses Belonging to Christians in Idlib), 14 јануари 2020 година, https://bit.ly/2uJ29ZU.

[753] „Еден сириски активист изјави за РИ дека верските малцинства, вклучувајќи христијанин и Исмаил, депортирани од Турција, беа држени од страна на Хајат Тахрир Аш-Шам, екстремистичката група која контролира големи делови од провинцијата“; „Рефјуџис интернешнал“, Турција веднаш мора да ја запре депортацијата на Сирijците во Сирија (Refugees International, Turkey Should Immediately Halt Deportation of Syrians to Syria), 24 јули 2019 година, https://bit.ly/2mhl21Q. Види, исто така, СОЧП, Непознати вооружени лица киднапираа цивил во селото ал Јакубија во предградието на Идлиб на 7 мај (SOHR, Unknown Gunmen Kidnapped a Civilian in al Ya'qoubiya Village in Idlib Suburbs, on May 7), 8 мај 2020 година, https://bit.ly/3k8gVOc; „Д њу араб“, Пензионирана сириска христијанка брутално измачена и убиена во Идлиб (The New Arab, Retired Syrian Christian Woman Brutally Tortured and Murdered in Idlib), 20 јули 2019 година, https://bit.ly/2m3SRmT.

[754] „(...) кон средината на 2017 година, ХТШ започна да ги запленува домовите и земјоделските земјишта на селаните Друзи кои избегаа, користејќи ги запленетите домови за сместување на семејствата на борците на групата, како и внатрешно раселени лица кои беа присилно протерани од покраината на Дамаск и Хомс. (...) Службениците на ХТШ ги оправдаа конфискациите велејќи дека таргетираните подрачја им припаѓаат на вработените во безбедносните и воените институции на сириската влада и дека таквите постапки се исто така во сила и во други подрачја на Идлиб, каде што жителите побегнале на владина територија“; „Сирија репорт“, Во северен Идлиб, конфискациите на имот од страна на ХТШ се закана за малата заедница на Друзите (Syria Report, In Northern Idlib, HTS Property Confiscations Threaten Small Druze Community), 9 септември 2020 година, https://bit.ly/3j8awCB. „ХТШ продолжува да зазема домови на цивили од христијанската заедница во Идлиб, Џиср ал Шугур, селата Јакубија, Гасанија, Ал Кунаја и Ал Џадида, како и имотите на заедниците во Даркуш, Занбаки, Џумаилија, Шандриш, Ал Алија и Халуз. ХТШ ги издаде овие куќи под кирија на раселени цивили и борци по номинални цени. На 20 август [2020], извори од Опсерваторијата рекоа дека ХТШ со бројки го означиле имотот што го запleнile, проценет на 130 куќи во селото, во сопственост на заедницата Друзе кои мигрирале во подрачјата под контрола на сирискиот режим и во соседните земји и Европа, што се совпаѓа со избувнувањето на сириската револуција“; СОЧП, ХТШ заплени имот и недвижен имот на цивил и про-режимска војска во покраината (SOHR, HTS Seizes Property and Real Estate of Civilian and Pro-Regime Military in Countryside), 10 септември 2020 година, https://bit.ly/2FfYV61. Басам ал Ахмад, директор на СТЈ, изјави за “Енаб Балади“ дека ХТШ и другите исламистички фракции ја оправдаа конфискацијата на имотите на христијаните, врз основа на тоа што сопствениците се „лојалисти на Асад“, или затоа што не биле присутни; „“Енаб Балади““, „Отсутни христијани“...

конфискува единствената црква во градот Идлиб во 2017 година и ја претвори во приватен деловен субјект.[755] СМЧП извести дека на христијаните ил било наложено да плаќаат данок за нивната „заштита“ како немуслимански граѓани во исламска држава (*„џизија“*).[756]

### г) Постапувањето со припадниците на верските и етничките малцински групи во подрачја под *de facto* контрола на Сириската национална армија

Како дел од воени операции во Северна Сирија во 2018 и 2019 година, вооружените групи поврзани со СНА ја презедоа контролата врз подрачјата населени со најразлични верски и етнички малцински групи и голем број од нив пребегнаа во предвечерјето на или по завршувањето на воените офанзиви.[757]

---

Конфискација на недвижен имот на христијаните во Идлиб (Enab Baladi, “Absent Christian”… Confiscation of Real Property of Idlib’s Christians), 11 јули 2020 година, https://bit.ly/2FzNTIA. Види, исто така, СОЧП, ХТШ ги принуди раселените лица да ги напуштат домовите во сопственост на лица кои живеат во подрачја под контрола на режимот, а владата за спас ги демонтираше трансформаторите за електрична енергија во покраината на Идлиб (SOHR, HTS Forces Displaced People to Leave Homes Owned by People Living in Regime-Held Areas, and Salvation Government Dismantles Electricity Transformers in Idlib Countryside), 16 ноември 2020 година, https://bit.ly/38V7rng; КМВССАД, Меѓународен извештај за верска слобода за Сирија за 2019 година (USCIRF, Syria 2019 International Religious Freedom Report), 10 јуни 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2031230.html; СОЧП, ХТШ конфискуваше имот на христијанската заедница во Идлиб (SOHR, HTS Confiscates Property of Christian Community in Idlib), 25 април 2020 година, https://bit.ly/2FtQy6C; СТЈ, ХТШ конфискуваше не помалку од 550 домови и бизниси кои припаѓаат на христијаните во Идлиб (STJ, HTS Confiscates no Less than 550 Homes and Businesses Belonging to Christians in Idlib), 14 јануари 2020 година, https://bit.ly/3huzeLY.

[755] Според СТЈ, ХТШ издале под кирија делови од црквата на лица кои основале образовен институт во неа; СТЈ, ХТШ конфискуваше не помалку од 550 домови и бизниси кои припаѓаат на христијаните во Идлиб (STJ, HTS Confiscates no Less than 550 Homes and Businesses Belonging to Christians in Idlib), 14 јануари 2020 година, https://bit.ly/3huzeLY. Види, исто така, СМЧП, Таргетирањето на христијанските места за богослужба во Сирија е закана за светското наследство (SNHR, Targeting Christian Places of Worship in Syria is a Threat to World Heritage), 5 септември 2019 година, https://bit.ly/2RfSVfC, стр. 9.

[756] „Исламските фракции ги притискаат и воведуваат давачки „Џизија“ со цел да ги принудат да ги напуштат своите домови во подрачја под контрола на режимот“; СОЧП, ХТШ конфискуваше имот на христијанската заедница во Идлиб (SOHR, HTS Confiscates Property of Christian Community in Idlib), 25 април 2020 година, https://bit.ly/2FtQy6C.

[757] „Двете турски интервенции во Сирија во 2018 и 2019 година, соодветно познати како „Операција Маслиново гранче“ и „Операција Мировна пролет“, го истераа речиси целото језидско население во Африн и Рас ал Ајн во Сирија од своите домови. Сите села во северозападна и североцентрална Сирија со језидиски жители - вкупно 51 село - сега се под окупација на турската војска и нивните придружни милиции, од кои многу поддржуваат исламистички идеологии.“ И понатаму: „Операцијата Мировна пролет, исто така, имаше огромно влијание врз другите верски малцинства, особено Асирците, Ерменците и Сириските христијани. Беа раселени најмалку 137 христијански семејства. Евакуирани се и ерменските семејства кои живеат во Рас ал Ајн“; Центар Вилсон, Сириските Језиди под четири режими: Асад, Ердоган, ИСИС и ЈПГ (Wilson Center, Syrian Yezidis Under Four Regimes: Assad, Erdogan, ISIS and the YPG), јули 2020 година, https://bit.ly/2E9AcQ6, стр. 1-2, 12, види, исто така, стр. 7-8, 12. „Турските интервенции во Сирија, особено во Африн во февруари-март 2018 година и Операцијата „Мировна пролет“ меѓу Рас ал Ајн и Тел Абјад во октомври 2019 година, присилно раселија стотици илјади цивили. Верските малцинства кои беа погодени од овие интервенции вклучуваат: језиди, алевити и членови на разновидната христијанска заедница: Ерменци, асирци, Сиријци, халдејци и евангелски христијани“; Професор Ејми Остин Холмс, Американска комисија за меѓународна верска слобода, виртуелно сослушување за заштита на верската слобода во североисточна Сирија (Professor Amy Austin Holmes, U.S. Commission on International Religious Freedom Virtual Hearing on Safeguarding Religious Freedom in Northeast Syria), 10 јуни 2020 година, https://bit.ly/2FZLx62, стр. 4. „На 7 октомври [2020 година], турската армија, заедно со опозициските групи спонзорирани од Турција (ТСО), од кои некои може да вклучуваат и борци од насилни екстремистички групи, ја започнаа Операцијата Мировна пролет (ОМП) во подрачјата на североисточна Сирија што под контрола на курдските Сириски демократски сили, раселувајќи 154,000 лица, вклучувајќи Курди, језиди и христијани, заклучно со 21 октомври.“ Речиси сите језиди во Сирија во моментов живеат во подрачја под контрола на вооружените групи поврзани со СНА; КМВССАД, Меѓународен извештај за верска слобода за Сирија за 2019 година (USCIRF, Syria 2019 International Religious Freedom Report), 10 јуни 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2031230.html. Види, исто така, ВОА, Сириските језиди од Африн се уплашени по неодамнешните напади (VOA, Syria’s Afrin Yazidis Are Fearful Following Recent Attacks), 23 декември 2020 година, http://bit.ly/3ikAu6s; „РИЦ“, По ИСИС: Обезбедување иднина за христијаните и другите малцинства во северна и источна Сирија (RIC, After ISIS: Ensuring a Future for Christians and other Minorities in North and East Syria), септември 2020 година, https://bit.ly/3mWJfWc, стр. 2, 13, 47-53; „Јазда“, Изјава на „Јазда“: Забрзува етничкото чистење на Језидите и другите верски групи во Сирија (Yazda, Yazda Statement: Ethnic Cleansing of Yazidis and Other Religious Groups in Syria Accelerates), 29 мај 2020 година, https://bit.ly/3n05F9c; АФП, Во североисточна Сирија, последните Асирици се плашат од турско напредување (AFP, In Northeast Syria, Last Assyrians Fear Turkish Advance), 19 ноември 2019 година, https://bit.ly/3m68Knv; Јавно радио на Ерменија, Евакуирани повеќето ерменски семејства додека Турција се турка во северна Сирија (Public Radio of Armenia, Most Armenian Families Evacuated, as Turkey Pushes into North Syria), 10 октомври 2019 година,

За многумина од луѓето кои се раселија како резултат на воените офанзиви се известува дека се плашат и/или не се во можност да се вратат, вклучително и поради тоа што домовите, продавниците, земјоделското земјиште и посевите им биле конфискувани од членовите на вооружените групи поврзани со СНА.[758]

Во подрачјата под *de facto* контрола на вооружените групи поврзани со СНА, Курдите и припадниците на верските или етничките малцисни групи се издвојуваат со цел нивно изнудување, грабнување, пљачкосување, противзаконско конфискување или уништување на имотот, противзаконско лишување од слобода, присилно исчезнување, измачување и други облици на малтретирање, сексуалното насилство,[759] и, во некои случаи, убивање, вклучително и поради нивната вистинска или претпоставена

https://bit.ly/2RyFGqz.

[758] „Хуманитарните набљудувачи веруваа дека многу етнички и верски малцинства се двоумеа да се вратат, со оглед на моделот на заплашување од страна на сириските групи поврзани со Турција." И понатаму: „Религиозните малцинства кои беа раселени поради заземањето на подрачјето Африн во Алепо од страна на Турција и ТСО, не можеа да се вратат во своите домови. (...) Во ноември [2019 година], Сирискиот стратешки истражувачки центар објави дека ТСО заплениле и ограбиле 205 куќи и 120 трговски и индустриски локации кои им припаѓаат на 75 христијански семејства кои избегале од Рас ал Ајн како резултат на турската офанзива." И понатаму: „Од 17 октомври [2019 година], Хјуман рајтс воч и сириските набљудувачи за човекови права известија за запленување на приватни имоти од страна на ТСО, вклучувајќи ги и оние што им припаѓаат на христијаните раселени поради ОМП [Операција Мировна пролет]"; КМВССАД, Меѓународен извештај за верска слобода за Сирија за 2019 година (USCIRF, Syria 2019 International Religious Freedom Report), 10 јуни 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2031230.html. „Фракциите поддржани од Турција ги заседоа полињата со пченица и јачмен во селото Ријанија и Даудијет Мала во руралните Тал Тамер, Тал Баидар, селото Атија, Надас, Тал Сахер и Аасдијет Ал Језиди во покраината на Рас ал Аин. Изворите на Опсерваторијата додаваат дека овие села се населени од разновидна мешавина на христијани, Курди и Арапи, напуштени од поголемиот дел од населението, освен неколку Арапи"; СОЧП, Фракциите запленија земјоделски посеви во Тал Тамер и Рас ал Аин (SOHR, Factions Seize Agricultural Crops in Tal Tamer and Ras al-Ain), 9 мај 2020 година, https://bit.ly/3iG82eC. „Цивилите во и околу Рас ал Ајн и Тал Абјад пријавија бројни случаи на грабежи и присвојување на имот од страна на припадниците на Сириската национална армија, што првенствено ги погодија курдските жители и, понекогаш, сопствениците језиди кои избегаа во октомври [2019 година]. Училишта и бизнисите, како што се пекарите, исто така беа ограбени или експроприрани, заедно со земјиште за производство на маслиново масло, земјоделски алатки и возила" (додаден акцент); Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 28 јануари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2025856.html, став 56. „Малку млади мажи се вратија затоа што се подложни на обвинувања дека се„ курдски борци". Арапските ВРЛ кои живееја во Африн пред „операцијата Маслиново гранче", исто така, избегаа од страв да не бидат сметани за соработници на ПДУ." И понатаму: „(...) Прекршувањата на ДЗИ во Африн (...) служат за целта на Турција да се спротивстави на иницијативата за „самоуправување" на доминантното курдско движење со променување на демографијата"; ФФЕ, Повторно враќање на домовите: Борбата за социјално праведни права за домување, земјиште и имот во Сирија, Ирак и Либија (FES, Reclaiming Home: The Struggle for Socially Just Housing, Land, and Property Rights in Syria, Iraq and Libya), септември 2019 година, www.ecoi.net/en/document/2023128.html, стр. 126, 137. „Ал Џабха ал Шамија (…) ги испразнија куќите на граѓаните и го украдоа нивниот имот во Тал Абијад, како и куќите во сопственост на ерменски и христијански семејства, каде што на куќите беа напишани зборовите „Преземено од ал Џабха ал Шамија" " (додаден акцент); СОЧП, Од прекршувања во Африн до Тал Абјад и Рас Ал Аин... Про-турските фракции резервираат цивилни куќи во градот Рас Ал Аин (SOHR, From Violations in Afrin to Tal Abyad and Ras Al-Ayn... The Pro-Turkey Factions Reserve Civilian Houses in Ras Al-Ayn City), 4 ноември 2019 година, https://bit.ly/3kvpaEt. Види, исто така, Вашингтонски институт, Слаб статус кво во североисточна Сирија (Washington Institute, The Fragile Status Quo in Northeast Syria), 1 јули 2020 година, https://bit.ly/2OLUukd; СОЧП, Подрачја на „Мировна пролет": Фракциите поддржани од Турција крадат посеви и земјоделска опрема, барајќи од христијаните да платат казна за нивното враќање (SOHR, "Peace Spring" Areas: Turkish-Backed Factions Steal Crops and Agricultural Equipment, Asking Christians to Pay Fine for Their Return), 28 јуни 2020 година, https://bit.ly/3iZbyB2; СОЧП, Како дел од продолжените кражби и грабежи на имот во северот на Сирија... Про-турските фракции почнуваат да крадат јачмен во сопственост на едно од најистакнатите христијански семејства во Ал Хасака (SOHR, As a Part of Their Continued Thefts and Looting of Property North of Syria... The Pro-Turkey Factions Start to Steal Barley Owned by One of the Most Prominent Christian Families in Al-Hasakah), 30 ноември 2019 година, https://bit.ly/3n3Tx75; „Ал монитор", ИД уби свештеници во Сирија, додека борците поддржани од Турција изразуваат симпатии за ИД (Al-Monitor, IS Kills Priests in Syria as Turkish-Backed Fighters Express IS Sympathies), 18 ноември 2019 година, https://bit.ly/3cy4V6i.

[759] „[Курдските] Жени и девојки, исто така, беа приведени од борците на Сириската национална армија и беа подложени на силување и сексуално насилство - предизвикувајќи тешка физичка и психолошка штета на индивидуално ниво, како и на ниво на заедницата, поради стигмата и културните норми поврзани со идеите за „женска чест"; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 14 август 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2037646.html, став 59. Кон крајот на мај 2020 година, на социјалните мрежи беше објавено видео на кое се прикажани курдинки и језидијки во таен затвор, управуван од дивизијата Ал Хамзех. Тие, наводно, биле киднапирани помеѓу 2018 и 2020 година. Според СОХР, четири жени биле ослободени во декември 2020 година, додека сè уште не се знае каде се наоѓаат седум други; СОЧП, „Дивизијата Ал Хамза"

поддршка на АУСИС и на СДС/ПДУ/НОО,[760] или нивната етничка и/или врска припадност.[761] Исто така, Језидите се изложени на присилно преобраќање.[762] Поголем број извори известија дека групите

ослободи четврто киднапирано девојче од Африн кое се појави во видео снимка во мај (SOHR, “Al-Hamza Division” Releases Fourth Kidnapped Girl from Afrin Appeared in a Video in May), 11 декември 2020 година, https://bit.ly/3n9C5gZ. Види, исто така, Проект за исчезнати жени во Африн, погледнете ги податоците, пристапено на 28 февруари 2021 година, https://bit.ly/2Ip6V5y; СМЧП, 9-ти годишен извештај за присилно исчезнување (SNHR, The 9th Annual Report on Enforced Disappearance), 30 август 2020 година, https://bit.ly/32I5EgB, стр. 29; „Џерусалем пост“, Турската окупација на курдскиот Африн таргетира жени, малцинства (Jerusalem Post, Turkey’s Occupation of Kurdish Afrin Targets Women, Minorities), 2 јуни 2020 година, https://bit.ly/2XuqQWc; „Курдистан 24“, Сирските Курди повикуваат на истрага за киднапирањето на жени во Африн (Kurdistan24, Syrian Kurds Call for Investigation into Kidnapping of Women in Afrin), 31 мај 2020 година, https://bit.ly/2U6HwRw; „Рудау“, Судбината на три киднапирани жени во Африн останува нејасна (Rudaw, Fate of Three Kidnapped Yezidi Women in Afrin Remains Unclear), 1 април 2020 година, https://bit.ly/3eMOhje. Како резултат на овие киднапирања, ВДЦ објави дека „Семејствата ги принудија своите ќерки да се омажат за роднини за да ги„ заштитат“ од киднапирање од страна на вооружени групи, или прифатија барања од самите групи“; Проект за исчезнати жени во Африн, јули 2020 година: Пет жени пријавени за киднапирани, насилството се зголемува (Missing Afrin Women Project, July 2020: Five Women Reported Kidnapped, Violence Increasing), јули 2020 октомври, https://bit.ly/2ExypER.

[760] Види Дел III.А.6.

[761] Во 2020 година, „Седум случаи особено таргетираа жени кои беа идентификувани како припадници на верски малцински заедници. Наводно биле киднапирани пет језидијки и две жени алевити. Неколку од овие киднапирања се случија за време на поширoки рации извршени од вооружени групи во одредени села кои историски се дом на верските малцинства. Наводно, пет од седум лица биле измачувани во притвор – што е повисока стапка на обвинувања за тортура отколку што се гледа вообичаено“; Проект за исчезнати жени во Африн, Извештај за 2020 година, 16 јануари 2021 година, http://bit.ly/3sCmCIK. „Користејќи ги информациите дадени од локалното население и по проверување со други извори, би можеле да потврдиме дека најмалку 47 језиди се киднапирани во Африн од март 2018 година. (...) Вооружените групи често бараат огромни суми пари, дури и по 40,000 долари, за да обезбедат ослободување на едно лице. Дури и пред неодамнешната девалвација на сириската фунта, ова беше невозможна сума за плаќање за обичните Сирийци. Во јуни 2019 година, 10 годишно момче со Даунов синдром беше киднапирано заедно со неговиот татко и дедо. Бунтовничката група побарала 10,000 долари како откуп. Сите тројца потоа беа убиени откако семејството не можеше да плати“; Центар Вилсон, Сириските Језиди под четири режими: Асад, Ердоган, ИСИС и ЈПГ (Wilson Center, Syrian Yezidis Under Four Regimes: Assad, Erdogan, ISIS and the YPG), јули 2020 година, https://bit.ly/2E9AcQ6, стр. 9-10. „ДОС [Стејт департментот на САД] исто така, ја изрази својата загриженост во врска со извештаите за повредите на човековите права во Африн, вклучувајќи сквернавење на неколку светилишта на језидите, киднапирања за откуп на језидијки и курдинки и грабежи и вандализирање на домови и археолошки локалитети. Стејт Департментот изјави за DoS OIG OIG  [Канцеларијата на генералниот инспектор на Стејт департментот] дека „бидејќи немаме присуство на терен, не сме во состојба да ги потврдиме овие извештаи, но се чини дека многумина од нив се веродостојни“; Стејт департментот на САД / Главен генерален инспектор за операцијата „Инхерентно решение“, квартален извештај до Конгресот на Соединетите Американски Држави (US Department of Defense / Lead Inspector General for Operation Inherent Resolve, Quarterly Report to the United States Congress): 1 април 2020 година – 30 јуни 2020 година, 31 јули 2020 година, https://bit.ly/3hGOeY3, стр. 69. Види, исто така, СОЧП, Жена језид сè уште приведена од фракциите поддржани од Анкара во покраината на Африн, северозападно од Алепо (SOHR, Yazidi Woman still Detained by Ankara-Backed Factions in Afrin Countryside, North-West of Aleppo), 11 февруари 2021 година, https://bit.ly/37zagZU; „Норт прес ејџенси“, Вооружената фракција уапси 20 лица од селото Језиди во сирискиот Африн (Armed Opposition Arrested 20 Persons from Yezidi Village in Syria’s Afrin), 10 декември 2020 година, http://bit.ly/3pVAnAs; СОЧП, Фракциите на Вториот корпус наметнуваат давачки за пченица и јачмен што влегуваат во Турција (SOHR, 2nd Corps Factions Impose Levies on Wheat and Barley Entering Turkey), 3 септември 2020 година, https://bit.ly/3kJyDIl; СОЧП, „Корпусот Ал-Шам“ уби цивил језид во Ширава во Африн (SOHR, “Al-Sham Corps” Kills Yazidi Civilian in Afrin’s Shirawa), 14 август 2020 година, https://bit.ly/2FJ8jPh; СОЧП, Цивил језид убиен од вооружени лица поддржани од Турција при обид да го избркаат од неговиот дом во Африн (SOHR, Yazidi Civilian Killed by Turkish-Backed Gunmen while Attempting to Force Him Out of His House in Afrin), 1 април 2020 година, https://bit.ly/3hG3fby.

[762] „Силите поддржани од Турција насилно преобратија бројни језиди во ислам со тоа што ги донесоа во џамија, ги тепаа и мачеа доколу не се молат. Некои од нив дури беа убиени. Една таква жртва беше 60 годишниот Омар Шамо од селото Хибари, кој беше претепан од милитантите во обид да го принудат да ја каже „шахадата“ на исламот - фраза за која, ако се каже гласно, се верува дека претставува прифаќање на исламот. Тој го одби тоа, па затоа беше убиен“; „РИЦ“, По ИСИС: Обезбедување иднина за христијаните и другите малцинства во северна и источна Сирија (RIC, After ISIS: Ensuring a Future for Christians and other Minorities in North and East Syria), септември 2020 година, https://bit.ly/3mWJfWc, стр. 49. „(…) жените кои припаѓаат на верското малцинство језиди, исто така, беа приведени од страна на силите на Сириската национална армија и барем во една прилика беа поттикнати да се преобратат во ислам за време на сослушувањето. Слично на тоа, Комисијата во моментов ги истражува извештаите дека најмалку 49 Курди и језидијки биле приведени и во Рас ал Ајн и во Африн од страна на припадници на Сириската национална армија во периодот меѓу ноември 2019 година до јули 2020 година“; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 14 август 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2037646.html, став 56. „Некои од милициите во Африн ги киднапираа језидите и ги

поврзани со СНА ги присилувале курдските и језидските жени да се мажат со борците и, во некои случаи, ги грабнувале и убивале доколку ќе одбиеле да го сторат тоа.[763] Жените од верските и етничките малцинства, исто така, се изложени на ограничувања во односно на нивното облекување, однесување и социјални интеракции.[764] Малцинските верски и културни локации намерно се пљачкосуваат, оштетуваат и уништуваат од страна на вооружените групи поврзани со СНА.[765] Вооружените групи поврзани со СНА користат секташки јазик за да ги оправдаат своите злоупотреби.[766]

---

принудија да се откажат од својата религија." На пример: „На 5 февруари 2020 година, 19 годишна језидијка по име Лора Хасан беше киднапирана во селото Кара Баш (Факиран на курдски). Таа, наводно, била измачувана и принудена да се откаже од својата религија. Во мај 2018 година, Омар Шамо Мамо, 66 годишен језидиец, беше убиен поради неговото одбивање да се преобрати во ислам"; Центар Вилсон, Сириските Језиди под четири режими: Асад, Ердоган, ИСИС и ЈПГ (Wilson Center, Syrian Yezidis Under Four Regimes: Assad, Erdogan, ISIS and the YPG), јули 2020 година, https://bit.ly/2E9AcQ6, стр. 2, 12. Види, исто така, ВОА, Сириските језиди од Африн се уплашени по неодамнешните напади (VOA, Syria's Afrin Yazidis Are Fearful Following Recent Attacks), 23 декември 2020 година, http://bit.ly/3ikAu6s; „Јазда", Изјава на „Јазда": Забрзува етничкото чистење на Језидите и другите верски групи во Сирија (Yazda, Yazda Statement: Ethnic Cleansing of Yazidis and Other Religious Groups in Syria Accelerates), 29 мај 2020 година, https://bit.ly/3n05F9c.

763 „Комисијата, исто така, прими извештаи за принудни бракови и киднапирања на Курдинки во Африн и Рас ал Ајн, во кои првенствено беа вклучени припадници на Дивизијата 24 (бригадата Султан Мурад) на Сириската национална армија. Во јануари [2020 година], една жена беше киднапирана од член на Бригадата, кој присилно се омажи за неа, а набрзо потоа се разведе од неа"; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија (UN Human Rights Council, Report of the Independent International Commission of Inquiry), 14 август 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2037646.html, став 62. Види, исто така, Проект за исчезнати жени во Африн, погледнете ги податоците, пристапено на 28 февруари 2021 година, https://bit.ly/2Ip6V5y; СОЧП, Жена и девојче побегнаа од Африн по закани од милитантите поддржани од Турција (SOHR, Woman and Girl Flee from Afrin after Threats by Turkish-Backed Militiamen), 6 јануари 2021 година, http://bit.ly/3dNJyRd; СОЧП, Четворица членови на „Султан Мурад" силувале девојка од Африн и ја донеле дома (SOHR, Four Members of "Sultan Murad" Rape Girl from Afrin and Bring Her Home), 30 јуни 2020 година, https://bit.ly/3gena11; ВДЦ, Девојка од Африн пронајдена мртва откако била киднапирана од дивизијата Султан Мурад (VDC, Girl from Afrin Found Dead after Kidnapping by Sultan Murad Division), 8 јуни 2020 година, https://bit.ly/2Yxh4lk; „Курдистан 24", Обвинувања за принудни бракови се појавуваат во Африн во Сирија под контрола на Турција (Kurdistan 24, Allegations of Forced Marriages Emerge in Turkish-Controlled Afrin in Syria), 21 мај 2020 година, https://bit.ly/2C0lV77.

764 Види Дел III.A.8.д.

765 „Во април 2020 година, неколку светилишта и гробишта на језидите беа намерно ограбени и делумно уништени на локации низ регионот Африн, како што се Кастел Џиндо, Кибар, Џиндајрис и Шаран, што претстави дополнителен предизвик за несигурното постоење на заедницата језиди како верско малцинство во регионите под контрола на Сириската национална армија, што влијае и на материјалните и на нематеријалните аспекти на нивното културно наследство, вклучувајќи ги и традиционалните практики и обреди"; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 14 август 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2037646.html, став 64. „Повеќе од половина од светите језидски светилишта во Африн беа уништени или осквернавени од турската интервенција, со што практично е невозможно језидите отворено да ја практикуваат својата вера"; Центар Вилсон, Сириските Језиди под четири режими: Асад, Ердоган, ИСИС и ЈПГ (Wilson Center, Syrian Yezidis Under Four Regimes: Assad, Erdogan, ISIS and the YPG), јули 2020 година, https://bit.ly/2E9AcQ6, стр. 2. За време на „Операцијата Мировна пролет", вооружени групи поврзани со СНА, наводно, ја вандализирале ерменската црква во Тал Абијад; КМВССАД, Меѓународен извештај за верска слобода за Сирија за 2019 година (USCIRF, Syria 2019 International Religious Freedom Report), 10 јуни 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2031230.html. Види, исто така, СОЧП, Фракциите поддржани од Турција продолжуваат со ископување во старите населби во Рас ал Аин (Сере Каније) (SOHR, Turkish-Backed Factions Continue Excavating in Old Neighbourhoods in Ras al-Ain (Sere Kaniye)), 26 ноември 2020 година, https://bit.ly/39maSDL; СОЧП, Фракции поддржани од Турција крадат донации од цркви и запленуваат повеќе земјоделски земјишта (SOHR, Turkish-Backed Factions Steal Collections of Church and Seize more Farmlands), 22 ноември 2020 година, https://bit.ly/2JmEdDd; СОЧП, Распространет безбедносен хаос... тековни прекршувања... жителите на кантонот се најголемите жртви (SOHR, Widespread Security Chaos... Ongoing Violations… and the Canton's Residents the Greatest Victims), 1 август 2020 година, https://bit.ly/31bQkrU; „Јазда", Изјава на „Јазда": Забрзува етничкото чистење на Језидите и другите верски групи во Сирија (Yazda, Yazda Statement: Ethnic Cleansing of Yazidis and Other Religious Groups in Syria Accelerates), 29 мај 2020 година, https://bit.ly/3n05F9c; СОЧП, Фракциите поддржани од Турција продолжуваат со ископувањата и саботирање на верските светилишта, во потрага по антиквитети (SOHR, Turkish-Backed Factions Continue Excavations and Sabotaging Religious Shrines, Searching for Antiques), 26 мај 2020 година, https://bit.ly/2A0pxoT; „Рудау", Осквернавени светилишта на језидите од групите поддржани од Турција во Африн (Rudaw, Yezidi Shrines Desecrated by Turkish-Backed Groups in Afrin), 28 април 2020 година, https://bit.ly/2Xuy4cy; „Белингкет", Африн: Инциденти на скверНавење и уништување на културни локалитети (Bellingcat, Afrin: Incidents of Desecration and Destruction of Cultural Sites), 11 јули 2019 година, https://bit.ly/3eGu9is.

766 Пријавено е дека вооружените групи поврзани со СНА користеле секташки јазик за пошироко да ги опишат ЈПГ/СДФ и Курдите и да ги оправдаат злоупотребите (на пр. „неверници", „атеисти", „свињи"); Совет за човекови

Според набљудувачите, раселувањето на Курдите и припадниците на другите малцински заедници,[767] во комбинација со населувањето на Арапите и Туркмените од другите делови на земјата,[768] има за цел трајно да се смени етничкиот и верскиот состав во ова подрачје.[769]

---

права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 28 јануари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2025856.html, став 54; АП, Пари и омраза за Курдите ги мотивира сириските борци на Турција (AP, Money and Hatred for the Kurds Drives Turkey's Syrian Fighters), 15 октомври 2019 година, https://lat.ms/2UxYkRE. Види, исто така, Информативен центар Роџава (ИЦР), Шест месеци подоцна: Политички, безбедносни и хуманитарни резултати од турската инвазија во северна и источна Сирија во 2019 година (Rojava Information Center (RIC), Six Months on: Political, Security and Humanitarian Outcomes of Turkey's 2019 Invasion of North and East Syria), 22 мај 2020 година, https://bit.ly/32gZ2az, стр. 25.

[767] „(...) како резултат на „Операцијата Маслиново гранче" од страна на Турција и сириските вооружени групи од март 2018 година, беа присилно раселени многу Курди од регионот Африн. Како знак за сложеноста на правата на сопственост и раселување во Сирија денес, некои од оние кои беа населени во поранешните курдски имоти од страна на турските полномошници, претходно беа насилно раселени од предградието на Источна Гута во Дамаск, кое беше под контрола на опозицијата. Оттогаш Курдите се соочуваат со пречки за враќање"; PAX / „Импјунити воч", Прекршување на правата за домување, земјиште и имот: Пречка за мирот во Сирија (PAX / Impunity Watch, Violations of Housing, Land and Property Rights: An Obstacle to Peace in Syria), март 2020 година, https://bit.ly/3jkWQoi, стр. 5. „Откако Операцијата„ Маслиново гранче" беше иницирана од страна на Турција во март 2018 година, седумте подрачја во регионот Африн (Африн, Шаран, Шајх Ал Хадид, Маабатли, Булбул, Џиндирес и Рајо) беа сведоци на масовно иселување на Курдите, бидејќи останаа само малкумина од нив; само старите лица, помеѓу 40 и 85 години, сиромашните и оние кои останаа за да го заштитат својот имот"; СТЈ, Африн: Паик Ал Хадид: Заплашување и економско затегнување (STJ, Afrin: Shaykh Al Hadid: Intimidation and Economic Tightening), 9 март 2020 година, https://bit.ly/2ZH9W7K. „Операцијата во Африн се поклопи со заземањето на Источна Гута од страна на сириската влада, што принуди повеќе од 65,000 луѓе да се евакуираат на последните територии под контрола на опозицијата во Алепо и Идлиб. Многу од оние кои завршија во Африн ги заседоа празните домови на претежно курдските сопственици кои избегаа. Во некои извештаи, бунтовничките групи ја поддржаа прераспределбата на имотите на арапските семејства или зедоа имот што самите го издаваат под закуп"; ЦПОС, Претходните операции на Турција предвидоа нови прекршоци во североисточна Сирија (SJAC, Prior Turkish Operations Forebode New Offenses in Northeast Syria), 24 октомври 2019 година, https://bit.ly/2CRVGQm.

[768] „Од насилното раселување на мнозинството на населението [во Африн], проценките покажуваат дека до 75% од населението сега е сочинето од Туркмени и Арапски доселеници донесени од страна на Турција. Арапските семејства раселени од Хомс, Источна Гута и други региони во Сирија беа преселени во куќи што беа конфискувани од нивните Курдски, језидиски или алавитски сопственици. Ова е и покрај фактот дека пред турската инвазија, Африн веќе беше дом на значителен број Арапски ВРЛ кои избегаа од конфликтот на друго место во Сирија"; „РИЦ", По ИСИС: Обезбедување иднина за христијаните и другите малцинства во северна и источна Сирија (RIC, After ISIS: Ensuring a Future for Christians and other Minorities in North and East Syria), септември 2020 година, https://bit.ly/3mWJfWc, стр. 48. Види, исто така, СОЧП, „Мировна пролет" една година подоцна: Нова мапа на влијание... растечка хуманитарна катастрофа и континуирани турски прекршувања (SOHR," Peace Spring" a Year on: A New Map of influence…Growing Humanitarian Disaster and Continuous Turkish Violations), 9 октомври 2020 година, https://bit.ly/2GrnVrm; ЦОАИ, Сирија Апдејт(COAR, Syria Update: 17 јануари до 23 јануари 2019 година), 23 јануари 2019 година, https://bit.ly/2CTsfxj.

[769] РИЦ го опиша процесот како „Арабизација (преку воспоставување на арапски милитанти од други места во Сирија и нивните семејства во поранешни курдски, језидски, христијански и алевитски градови и региони), Турцификација (преку воведување на турска училишна програма, преименување и ребрендирање на физичката и владината инфраструктура и воспоставување на де факто турска контрола врз сите аспекти на владата и граѓанското општество), и Исламизација (преку наставниот план, како и присилно од страна на вооружени групи контролирани од Турција), плус формирање на „Туркменистански појас" долж граничните региони со Турција"; „РИЦ", По ИСИС: Обезбедување иднина за христијаните и другите малцинства во северна и источна Сирија (RIC, After ISIS: Ensuring a Future for Christians and other Minorities in North and East Syria), септември 2020 година, https://bit.ly/3mWJfWc, стр. 47. „(…) киднапирања, изнудувања и присилно верско преобратување се начини да се изврши притисок врз неколкуте останати језиди да го напуштат Африн. Тоа се методи за принудување демографски промени, без всушност да убијат луѓе"; Центар Вилсон, Сириските Језиди под четири режими: Асад, Ердоган, ИСИС и ЈПГ (Wilson Center, Syrian Yezidis Under Four Regimes: Assad, Erdogan, ISIS and the YPG), јули 2020 година, https://bit.ly/2E9AcQ6, стр. 12. Според Фабрис Баланш, експерт за Сирија и вонреден професор на францускиот универзитет Лион Втори, „Мислам дека турската армија не сака да ја спречи [злоупотреба врз Курдите], бидејќи целта е да се исчисти курдското население од ова подрачје"; „Ал монитор", Навреда за жените насекаде: Киднапирањата во Африн повикуваат на истрага на бунтовниците поддржани од Турција (Al-Monitor, An Insult to Women' Everywhere: Afrin Kidnappings Prompt Calls for Investigation of Turkey-Backed Rebels), 2 јуни 2020 година, https://bit.ly/2zZFrzH. „Селата што припаѓаат на заедницата на језидите се соочуваат со демографска промена откако беа напуштени за време на воената Операција „Мировна пролет", како и кражбите на нивните имоти од страна на фракции поддржани од Турција. (...) Од друга страна, фракциите поддржани од Турција, поддржани и олеснети од турската влада, ги преселуваат семејствата на нивните лојални борци во овие села, како и во другите подрачја под нивна контрола"; СОЧП, Демографска промена во рурален Рас ал Аин: Заедницата на

УНХЦР смета дека припадниците на верските и етничките малцински групи кои потекнуваат од подрачјата под *de facto* контрола на ХТШ, вооружените групи поврзани со СНА и другите антивладини вооружени групи **веројатно имаат потреба од меѓународна заштита на бегалците** врз основа на нивната верска припадност, нивната етничка припадност, и/или нивното политичко уверување или претпоставеното политичко уверување, зависно од личните околности во случајот.

УНХЦР смета дека во подрачјата со непрекинато присуство или влијание на ИСИЛ, припадниците на верските и етничките малцински групи **веројатно имаат потреба од меѓународна заштита на бегалците** врз основа на нивната верска припадност, нивната етничка припадност, и/или нивното политичко уверување или претпоставеното политичко уверување, зависно од личните околности во случајот.

УНХЦР сметка дека припадниците на верските и етничките малцински групи кои потекнуваат од другите пдрачја покрај оние наведени погоре **може да имаат потреба од меѓународна заштита на бегалците** врз основа на нивната верска припадност, нивната етничка припадност, и/или нивното политичко уверување или претпоставеното политичко уверување, зависно од личните околности во случајот.

Понатаму, УНХЦР смета дека *„мактумините“*, кои не се квалификуваат за натурализирање согласно Указот бр. 49 од 2011 година **веројатно имаат потреба од меѓународна заштита на бегалците** поради нвната етничка припадност и државјанство.

За потребите од меѓународна заштита на сунитските Арапи и сунитските Туркмени за кои се претпоставува дека ѝ се спротивставуваат на владата, видете го Делот III.A.1. За потребите од меѓународна заштита на Арапите за кои, врз основа на нивното етничка припадност, се претпоставува дека се поврзани со ИСИЛ, или дека соработуваат до Турција или СНА, видете го Делот III.A.4..

### д) Лица за кои се претпоставува дека им противречат на строгите исламски правила

Во подрачјата под *de facto* контрола на ХТШ, групата наметнува ограничувања врз слободата на движењето на жените, нивното облекување, и можноста да работат надвор од дома. Во јавноста, жените и девојчињата мора да бидат придружувани од машки член на потесното семејство (*„махрам“*) и мора да се придржуваат до конзервативниот кодекс на облекување. Забрането е пушењето и пиењето алкохол, а мажите и жените мора да се придржуваат до родовата сегрегација на јавни места, во ресторантите, болниците и училиштата. Секое огрешување наводно се казнува со вознемирување, физичка пресметка и притворање.[770] Се известува дека во случаи на претпоставен ерес или прељуба,

---

језидите се соочува со систематски прекршувања од страна на фракциите поддржани од Турција во повеќе од десет села (SOHR, Demographic Change in Rural Ras al-Ain: Yazidi Community Face Systematic Violations by Turkish-Backed Factions in more than Ten Villages), 20 април 2020 година, https://bit.ly/2FSRSQp. Види, исто така, ВОА, Сириските језиди од Африн се уплашени по неодамнешните напади (VOA, Syria’s Afrin Yazidis Are Fearful Following Recent Attacks), 23 декември 2020 година, http://bit.ly/3ikAu6s; СОЧП, Распространет безбедносен хаос... тековни прекршувања... жителите на кантонот се најголемите жртви (SOHR, Widespread Security Chaos... Ongoing Violations… and the Canton’s Residents the Greatest Victims), 1 август 2020 година, https://bit.ly/31bQkrU; „Јазда“, Забрзува етничкото чистење на Језидите и другите верски групи во Сирија (Yazda, Yazda: Ethnic Cleansing of Yazidis and Other Religious Groups in Syria Accelerates), 29 мај 2020 година, https://bit.ly/31Wz9Ml; „Ориент 21“, Сирија: Комунитаризмот како борбена стратегија (Orient XXI, Syria: Communitarianism as a Combat Strategy), 1 април2020 година, https://bit.ly/3j59g3q; СОЧП, Плановите на Турција за демографска промена: Фракциите поддржани од Турција киднапираат цивили во Африн (SOHR, Turkey’s Plans of Demographic Change: Turkish-Backed Factions Kidnap Civilians in Afrin), 17 јануари 2020 година, https://bit.ly/3jlPXmL.

[770] „Низ подрачјата под негова контрола, Хајат Тахрир Ал-Шам им нанесе сериозна психолошка и физичка штета на жените, девојчињата, мажите и момчињата, со наметнување на верски кодекси за облекување и, во случај на жените и девојчињата, забранувајќи ја слободата на движење без присуство на машки роднина“; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија , 21 јануари 2021 година, www.ecoi.net/en/document/2045772.html, став 52. ХТШ „наметна правила во врска со облеката и ја ограничи слободата на движење на [жените], освен ако не се придружени од машки роднини.“ На пример, „на жените им е забрането да седат со мажи во ресторани и канцеларии, да пушат Шиша во јавност или да влегуваат во која било продавница каде што машкиот сопственик или машки персонал се сами. (...) Секое прекршување на овие екстремистички прописи подлежи на парични казни“; СМЧП, Деветти годишен извештај за насилства врз жените во Сирија (SNHR, Ninth Annual Report on Violations Against Females in Syria), 25 ноември 2020 година, https://bit.ly/2Kp8Yrv, стр. 23. „ХТШ спроведе произволни апсења/киднапирања на деца во подрачјата под нивна контрола преку апаратот Хисбах, под неколку изговори, вклучително и за прекршување на учењата наметнати од страна на ХТШ, како што е спречување на мешањето на родови во одредени подрачја“; СМЧП, Деветти годишен извештај за повредите врз децата во Сирија (SNHR, Ninth Annual Report on Violations Against Children), 20 ноември 2020 година, https://bit.ly/3agi2tv, стр. 24. „Документиравме и приведувања извршени од страна на Хајат Тахрир ал-Шам против цивили, кои беа обвинети за „навреда на божественоста““; СМЧП, Најмалку 162 случаи на произволни

ХТШ спроведува сурови казни, вклучително и камшикување и погубување.[771]

Во подрачјата со непрекинато присуство или влијание на ИСИЛ, исто така се известува и за инциденти кога луѓето биле напаѓани поради однесување кое групата го доживува како противречно на нивното строго толкување на исламските начела, норми и вредности.[772] Во кампот во Ал-Хол, се известува дека

апсења/притвор документирани во Сирија во септември 2020 година, вклучувајќи две деца и шест жени (SNHR, At least 162 Cases of Arbitrary Arrests/ Detention Documented in Syria in September 2020, Including Two Children and Six Women), 2 октомври 2020 година, https://bit.ly/34lgZoI, стр. 6. „Низ подрачјата под негова контрола, ХТШ продолжи да користат мерки што систематски ги дискриминираа жените и девојчињата, потчинувајќи го нивниот статус и во приватната и во јавната сфера. Во делови од гуверноратот Идлиб, жените и девојчињата мораа да бидат придружувани од машки членови на нивното потесно семејство (махрам). ХТШ продолжи да го забранува пристапот до јавни настани на жените без придружба, додека кршењето на правилата беше казнето со притвор. ХТШ дополнително се вмеша во слободата на движење на жените, вклучително и со нивно бркање кога излегуваат сами надвор и кога се смета дека носат шминка или „непристојна облека“. Со цел да се избегне јавна контрола и стигматизација од страна на ХТШ, многу жени свесно престанаа да посетуваат јавни места“; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 2 јули 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2035513.html, став 102. „Во регионите под контрола на опозицијата, не се прават изговори за формална правна еднаквост или правна заштита. ХТШ, кој го контролира поголемиот дел од Идлиб, ги исклучува жените од политичките тела и ги ограничува нивните основни слободи, раководи со училишта поделени по род, спроведува конзервативни кодекси за облекување и ги принудува жените чии сопрузи беа убиени во тековниот конфликт да се преселат кај машки „старател“. Овие политики се спроведуваат од страна на полиција за моралност слична на ИСИС“; Центар Вилсон, Лидерството на Сиријките во распарчена држава (Wilson Center, Syrian Women's Leadership in a Fractured State), 1 април 2020 година, https://bit.ly/3kJCZQi. Види, исто така, ИЦГ, Замолчување на оружјето во сирискиот Идлиб (ICG, Silencing the Guns in Syria’s Idlib), 15 мај 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2030014.html, стр. 22; СТЈ, ХТШ не ги поштеди жените од притвор или физичка злоупотреба (STJ, HTS Did not Spare Women Detention or Physical Abuse), 7 април 2020 година, https://bit.ly/3eZzK4k; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија (UN Human Rights Council, Report of the Independent International Commission of Inquiry), 28 јануари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2025856.html, став 91; МЦПР, Офлајн пропаганда на ХТШ: Инфраструктура, ангажман и монопол (ICSR, HTS’s Offline Propaganda: Infrastructure, Engagement and Monopoly), септември 2019 година, https://bit.ly/2Cm4Vse, стр. 14-15. СОХР објави дека добиле список на забранети однесувања, како што се мешање на мажи и жени во ресторани, канцеларии и други места; мажи кои продаваат женска облека; пушење Шиша во јавност; и бербери да прават одредени фризури; СОЧП, „Центарот Ал Фалах“ на ХТШ ги принудува сопствениците на продавници кои продаваат подароци на Денот на вљубените да затворат во градовите Идлиб и Салкин (SOHR, HTS’ “Al-Falah Centre” Forces Owners of Shop Selling Gift on Valentine’s Day to Close in Idlib and Salqin Cities), 14 февруари 2021 година, https://bit.ly/3aELIk7.

[771] „Директни казни за прекршоци се движеа од телесно казнување, како што е камшикување, до погубување“; Стејт департмент на САД, Државни извештаи за практики на човекови права за 2019 година: Сирија, 11 март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2026345.html. На пример, во мај 2020 година, муезин беше физички нападнат за „ерес“ за неправилно извршување на молитвениот повик: СОЧП, Џиср ал Шугур: Радикалните припадници понижуваа муезин од џамија, обвинувајќи го за „ерес“ (SOHR, Jisr al-Shughour: Radical Members Humiliate Muezzin of Mosque, Accusing Him of “Heresy”), 15 мај 2020 година, https://bit.ly/3inIhju. „Во јули 2019 година, ХТШ изрече смртна казна против постара жена во провинцијата Идлиб - жртвата беше 60 годишна мајка и баба. Затвореничката била каменувана до смрт поради прељуба, по што нејзиното мртво тело било предадено на нејзиното семејство“; СТЈ, ХТШ не ги поштеди жените од притвор или физичка злоупотреба (STJ, HTS Did not Spare Women Detention or Physical Abuse), 7 април 2020 година, https://bit.ly/3eZzK4k. „Групата [ХТШ], исто така, погуби тројца цивили обвинети за вештерство во Ањара и жена обвинета за прељуба во градот Идлеб“; Центарот Картер, Неделено резиме на конфликти (Carter Center, Weekly Conflict Summary): 25 ноември - 8 декември 2019 година, 8 декември 2019 година, https://bit.ly/30hIlsA, стр. 3. Види, исто така, СТЈ, Уште еден бран на директни егзекуции од страна на ХТШ во Идлиб (STJ, Another Wave of Summary Executions by HTS in Idlib), 5 јуни 2020 година, https://bit.ly/2NL0AkC; „Ал модон“, Уметникот Аднан Кардаш убиен поради пушење за време на Рамадан (Al-Modon, Artist Adnan Kardash Killed Because of Ramadan Cigarette), 7 мај 2020 година, https://bit.ly/3iI2CAn; „Фридом хаус“, Слобода во светот 2020 година: Сирија (Freedom House, Freedom in the World 2020: Syria), март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2030806.html; СМЧП, Најзначајните прекршувања на човековите права во Сирија во 2019 година (SNHR, The Annual Report of the Most Notable Human Rights Violations in Syria in 2019), 23 јануари 2020 година, https://bit.ly/3eaD77i, стр. 76.

[772] Во февруари 2021 година, СОХР објави погубување на цивил во градот Ал Шухаил [гуверноратот Деир ез Зур]. Наводно, на лешот имало белешка во која било наведено: „Ова е казна за оние кои ги продадоа својата религија и задгробен живот и ви ветуваме, на сите вас неверници, дека ќе ги доживеете најстрашните денови од вашиот живот, а најлошото допрва следува ... Исламската држава“; СОЧП, Групите убија млад човек во градот Ал Шухајл, се закануваат дека ќе извршат слични операции (SOHR, Cells Slaughter Young Man in Al-Shuhayl Town, Threatening to Carry Out Similar Operations), 16 февруари 2021 година, https://bit.ly/3pETEWO. Според сирискиот новинар Заин ал Абидин, „луѓето кои се занимаваат со магија, иако се цивили, се таргетирани, а овие групи често убиваат луѓе кои се секуларни или не практикуваат, како и оние за кои постои сомневање дека имаат вонбрачни сексуални

симпатизерите на ИСИЛ спроведуваат строги конзервативни кодекси и правила за облекување, и дека ги казнуваат жените, дури и со смрт, и за најмало огрешување.[773]

И за вооружените групи поврзани со СНА се известува дека, со помош на најразлични средства за заплашување, ги наметнуваат своите ограничувања во однос на облекувањето, однесувањето и социјалните интеракции на жените и девојчињата.[774] Во некои случаи, на мета на притворање и физички пресметки се нашле и лицата за кои овие групи сметале дека ги прекршиле строгите

односи“; „Ал монитор“, Исламската држава се регрупира во сириско курдскиот регион (Al-Monitor, Islamic State Regroups in Syrian Kurdish Region), 10 ноември 2020 година, https://bit.ly/2JZKmpr. На почетокот на октомври 2020 година, СОХР објави дека вооружените припадници на ИСИС ги предупределе жените кои работат во продавници во градот Бусајра (гувернoратот Деир Ез Зур) да се придржуваат на исламскиот кодекс на облекување; СОЧП, Двајца припадници шетаат по улиците во источен Деир ез Зор, ги тераат жените да се облекуваат според шеријатот (SOHR, Two Members Roam Al-Busayrah Streets in Eastern Deir ezZor, Urging Women to Dress According to Sharia), 6 октомври 2020 година, https://bit.ly/3iDdv55. Види, исто така, СОЧП, Нов подем на ИСИС: Групите убија „волшебник“ во покраината на Деир ез Зор (SOHR, ISIS Resurgence: Cells Assassinate “Sorcerer” in Deir ez-Zor Countryside), 18 август 2020 година, https://bit.ly/31afzMz; СОЧП, Две вооружени лица убија цивил кој практикувал „магија“ во рурален Деир ез Зор (SOHR, Two Gunmen Kill Civilian Practicing “Magic” in Rural Deir ez-Zor), 21 април 2020 година, https://bit.ly/3gJkU2Y; СОЧП, Групите на ИСИС убија цивил кој „практикувал“ вештерство и магија во рурален Деир Езор (SOHR, ISIS Cells Kill a Civilian for “Practicing” Witchcraft and Sorcery in Rural Deir Ezzor), 3 јануари 2020 година, https://bit.ly/3cx4Qyd.

[773] „Жените кои се лојални на ИСИС формираа тајни совети во кампот за да го следат личниот живот на жителите на кампот, со цел да откријат дали се придржуваат или кон идеологијата на групата. Групите на ИСИС во кампот, исто така, формираа „агенција Хисбах“ или исламска полиција, претежно составена од странски жени“; Вашингтонски институт: Кампот Ал Хол и потенцијалниот нов подем на ИСИС, 29 јуни 2020 година, https://bit.ly/34xSzHB. Види, исто така, Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 28 јануари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2025856.html, став 62; и Дел II.Б.2.

[774] „Од 2019 година, курдските жени низ регионите Африн и Рас ал Ајн се соочија со акти на заплашување од страна на припадниците на бригадата на Сириската национална армија, предизвикувајќи сеопфатна средина на страв што всушност ги ограничи на своите домови“; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 14 август 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2037646.html, став 59. „Многу од турските полномошници кои имаат контрола врз регионот бараат да воспостават исламски калифат и закон врз основа на најконзервативните исламистички принципи. (...) Извештаите, исто така, опишуваат брутална казна за прекршување на наметнатиот кодекс на облекување на целосно покривање во јавност. Многу жени не ја напуштаат куќата стравувајќи дека ќе бидат казнети или киднапирани“; „РИЦ“, Рекордот на Турција: Окупацијата на Африн (RIC, Turkey’s Track Record: The Occupation of Afrin), 7 ноември 2019 година, https://bit.ly/2S5szO8, стр. 13. „Вооружените групи поддржани од Турција уапсија жени кои патуваа без машки роднини - применувајќи ист кодекс на однесување како ИСИС, според кој жените треба да патуваат со машки старател (махрам). Во Африн, Ахрар ал Шаркија постави број знаци со инструкции за жените да носат превез и да се придржуваат кон конзервативниот кодекс на облекување“; Професор Ејми Остин Холмс, Американска комисија за меѓународна верска слобода, виртуелно сослушување за заштита на верската слобода во североисточна Сирија (Professor Amy Austin Holmes, U.S. Commission on International Religious Freedom Virtual Hearing on Safeguarding Religious Freedom in Northeast Syria), 10 јуни 2020 година, https://bit.ly/2FZLx62, стр. 6. „Со таргетирање на речиси секој аспект од животот на курдските жени во подрачјето Африн, (...) вооружените групи создадоа очигледен страв од насилство и принуда меѓу женската курдска популација. Ова резултираше со поткопување на способноста на жените значајно да учествуваат и да придонесат за нивната заедница. Навистина, за да избегнат малтретирање, жените опишаа дека одлучиле да останат дома, да дадат отказ на работа или да носат шамија ако излегуваат надвор без машки роднина. Една од испитаниците опишала дека била сексуално вознемирувана и била наречена „кафир“ затоа што не носела шамија од страна на членовите на вооружените групи на контролен пункт во областа Африн. Језидијките во подрачјето Африн опишаа слични стравови”; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 28 јануари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2025856.html, став 89. Во претходен извештај, Независната меѓународна анкетна комисија за Сирија ги наведе следните вооружени групи како ограничувачи на слободата на жените: Ахрар Ал Шам, Фајлак Ал Шам, Џаиш Усуд Ал Шаркија и Нур Ал Дин Ал Зинки. „Прекршувањата вклучуваат наметнување строги кодекси за облекување за жени и девојки и ограничување на слободата на движење. Во исто време, жените и девојчињата беа малтретирани од членови на вооружените групи, особено кога се обидуваа да поминат контролни пунктови“; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 15 август 2019 година, www.ecoi.net/en/document/2016403.html,став 63. Како и во Африн, „од окупираниот регион излегуваат извештаи за жени во Тел Абјад кои се принудени да бидат целосно покриени и видеа од турски полномошници кои извикуваат џихадистички слогани“; „РИЦ“, Рекордот на Турција: Окупацијата на Африн (RIC, Turkey’s Track Record: The Occupation of Afrin), 7 ноември 2019 година, https://bit.ly/2S5szO8, стр. 18-19. Види, исто така, СОЧП, Семејство избега од Африн по закани за убиство, апсење и силување (SOHR, Family Escapes from Afrin after Threats of Killing, Arrest and Rape), 29 јуни 2020 година, https://bit.ly/2AgUIMT.

толкувања на Исламот.[775]

За лицата за поинаква сексуална ориентација и/или родов идентитет се известува дека се соочуваат со повисок ризик од целено насилство од страна на екстремистичките групи и поединци за кои мислат дека се огрешиле спреа исламските верски норми.[776]

УНХЦР смета дека лицата за кои се претпоставува дека им противречат на строгите исламски правила во подрачјата под контрола или влијание на екстремистичките вооружени групи, вклучително и ХТШ и ИСИЛ **веројатно имаат потреба од меѓународна заштита на бегалците** врз основа на нивната религија, зависно од личните околности во случајот.

Понатаму, УНХЦР смета дека лицата за кои се претпоставува дека им пртивречат на строгите исламски правила во подрачјата под контрола на вооружените групи поврзани со СНА и другите антивладини вооружени групи во подрачја под нивна *de facto* контрола **веројатно имаат потреба од меѓународна заштита на бегалците** врз основа на нивната религија, зависно од личните околности во случајот.

За жените и девојчињата за кои се претпоставува дека им противречат на строгите исламски правила од страна на нивните семејства, видете го и Делот III.A.9.г.

За потребите од меѓународна заштита на лицата кои се (или за кои се претпоставува дека се) со поинаква сексуална ориентација и/или родов идентитет, видете го и делот III.A.11.

### ѓ) Преобраќање од ислам во христијанство

Со закон е забрането преобраќањето од ислам во друга религија.[777] Матичните служби преобратениците во Христијанството и понатаму ќе ги упишуваат како „муслимани“.[778]

Како резултат на општествените конвенции, верските забрани и неможноста за законско признавање, ретки се случаите на преобраќање од ислам во христијанство.[779] Христијанските преобратеници наводно се често присилени да ја држат во тајност својата вера со оглед на широко распространетото непријателство кон преобратениците од исламот во сириското општество и фактот што семејствата и

---

775 „Во јуни 2020 година, Организацијата за човекови права во Африн објави дека една жена која работела како фризерка во градот Африн била обвинета за вештерство од Ахрар ал Шаркија. Припадниците на милицијата се заканија дека ќе ја силуваат за време на сослушувањето, бараа пари и ѝ се заканија дека ќе го киднапираат нејзиниот сопруг“; Проект за киднапирани жени во Африн, јули 2020 година: Пет жени пријавени за киднапирани, насилството се зголемува (Missing Afrin Women Project, July 2020: Five Women Reported Kidnapped, Violence Increasing), јули 2020 година, https://bit.ly/2ExypER. Види, исто така, СОЧП, Ал Рака: „Ахрар Ал Шаркија“ нападна човек за „пушење во јавност“ и не „почитување на Рамадан“ (SOHR, Al-Raqqah: “Ahrar Al-Sharqiyyah” Assaults Person for “Smoking in Public” and not “Observing Ramadan”), 2 мај 2020 година, https://bit.ly/2ZsZi2T; „Д Њујорк ревју оф букс“, Кои се борците-полномошници на Турција? (The New York Review of Books, Who Are Turkey’s Proxy Fighters in Syria?), 27 ноември 2019 година, https://bit.ly/2P3r5lA.

776 Види Дел III.A.11.

777 КМВССАД, Меѓународен извештај за верска слобода за Сирија за 2019 година (USCIRF, Syria 2019 International Religious Freedom Report), 10 јуни 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2031230.html.

778 Како резултат на тоа, на жената која ќе се преобрати во христијанство ѝ е забрането да се ожени со христијан, бидејќи според законот, таа сè уште се смета за муслиманка: „Според Законот за личен статус, муслиман може да се ожени со христијанка, но муслиманка не може легално да се омажи за христијанин“; КМВССАД, Меѓународен извештај за верска слобода за Сирија за 2019 година (USCIRF, Syria 2019 International Religious Freedom Report), 10 јуни 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2031230.html.

779 „Притисокот од општеството дополнително го прави преобратувањето, особено од исламот во христијанството, релативно ретка појава и принудува многумина од нив да избегаат надвор од земјата“; „Хјуманистс интернешнал“, Извештај за слобода на мислата: Сирија (Humanists International, Freedom of Thought Report: Syria), последен пат ажурирано на 25 септември 2020 година, https://bit.ly/33yOO4l. „Религиозните преобратувања се ретки и табу во Сирија, а оние кои го напуштаат исламот честопати се исфрлени од страна на нивните семејства и заедници“; „Ен-би-си њуз“, Животот под ИСИС ги доведе овие муслимани кон христијанството (NBC News, Life under ISIS led these Muslims to Christianity), 3 февруари 2019 година, https://nbcnews.to/33DQFVk. Види, исто така, КМВССАД, Меѓународен извештај за верска слобода за Сирија за 2019 година (USCIRF, Syria 2019 International Religious Freedom Report), 10 јуни 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2031230.html Според медиумските извештаи, некои Курди во Кобане и Африн се преобратија од ислам во христијанство како одговор на екстремистичката идеологија на ИСИС. Сепак, повеќето од нив не сакаа да ги дадат своите имиња или да бидат интервјуирани од страв од одмазда од страна на конзервативните сектори на општеството; „Ројтерс“, Христијанството расте во сирискиот град еднаш опсаден од Исламската држава (Reuters, Christianity Grows in Syrian Town once Besieged by Islamic State), 16 април 2019 година, https://reut.rs/3hJUDkB; „Ен-би-си њуз“, Животот под ИСИС ги доведе овие муслимани кон христијанството (NBC News, Life under ISIS led these Muslims to Christianity), 3 февруари 2019 година, https://nbcnews.to/33DQFVk.

племињата најверојатно ќе го протолкуваат преобраќањето на некој свој член како напад врз нивната колективна „чест“.[780] Отвореното преобраќање најверојатно ќе доведе до изопштување на преобратеникот и/или насилство од страна на заедницата, племето или семејството каде што живее лицето.[781] Во подрачјата под контрола или со присуство на исламистички или екстремистички вооружени групи се јавува и дополнителниот ризик од овие групи кои преобраќањето го сметаат за отпадништво од верата („апостасија“), што е казниво со смрт.[782]

Социјалниот договор усвоен од страна на АУСИС во 2014 година го признава правото на преобраќање;[783] сепак, не се достапни дополнителни информации за постапувањето со преобратениците и способноста, а и волноста на АУСИС да ги заштити христијанските преобратеници од реперкусиите од страна на невладините актери.

УНХЦР сметка дека лицата кои се преобраќаат од ислам во христијанство **веројатно имаат потреба од меѓународна заштита на бегалците** врз основа на нивната религија, зависно од личните околности во случајот.[784]

### *9) Жени и девојчињата од одредени профили или во специфични околности[785]*

Во текот на судирот, жените беа изложени на низа повреди и злоупотреби на човековите права.[786]

---

[780] „Христијаните што се преобратиле од исламот честопати се под притисок од нивните семејства, бидејќи преобратувањето носи голем срам во семејството. Ова е особено точно во мнозинството сунитски подрачја, каде што преобратените лица ризикуваат да бидат протерани од нивните семејни домови или уште полошо. Притисокот од семејството е нешто помалку интензивен во курдските подрачја, бидејќи курдските сунити се генерално помалку радикални“; Отворени врати, Светска листа за набљудување за 2020 година: Сирија (Open Doors, 2020 World Watch List: Syria), 2020 година, https://bit.ly/2FFv0DZ.

[781] „[Групите за застапување] објавија дека општествениот притисок продолжи да ги принудува преобратените лица да се преселат во земјата или да ја напуштат, за да можат отворено да ја практикуваат својата нова религија“; КМВССАД, Меѓународен извештај за верска слобода за Сирија за 2019 година (USCIRF, Syria 2019 International Religious Freedom Report), 10 јуни 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2031230.html. „Дури и во побезбедните делови на Сирија, христијаните кои се преобратија од исламот се соочуваат со притисок и дискриминација од страна на нивните заедници“; Отворени врати, Светска листа за набљудување за 2020 година (Open Doors, 2020 World Watch List), https://bit.ly/34vbnHD, стр. 20. Види, исто така, „Цајт онлајн“ (на германски јазик), Маријамс Лејд (Zeit Online (in German), Mariams Leid), 7 април 2017 година, https://bit.ly/3d7zujn.

[782] Во август 2020 година, беше објавено дека повеќе од десетина курдски христијански преобратени лица од Африн биле киднапирани од страна на вооружени групи поврзани со СНА; „Си-би-ен њуз“, Исламистите поддржани од Турција наводно киднапираа 14 христијани во Сирија (CBN News, Turkish-Backed Islamists Reportedly Kidnap 14 Christians in Syria), 25 август 2020 година, https://bit.ly/2ZIOpeB. Истиот месец, вооружена фракција поврзана со СНА уапси Курдски цивил од село во руралниот дел на Африн, обвинувајќи го за „отпадништво“ и преобраќање во христијанство; „Курдистан 24“, Стравувања за судбината на сирискиот Курд кој бил киднапиран и обвинет за „отпадништво“ од исламистите поддржани од Турција (Kurdistan 24, Fears for Fate of Syrian Kurd Kidnapped and Accused of Apostasy by Turkish-Backed Islamists), 15 август 2020 година, https://bit.ly/3mSVvXU.

[783] Социјален договор за Демократската федерација на северна Сирија, 29 декември 2016 година, https://bit.ly/33W7smC. Види, исто така, Центар Вилсон, Сириските Језиди под четири режими: Асад, Ердоган, ИСИС и ЈПГ (Wilson Center, Syrian Yezidis Under Four Regimes: Assad, Erdogan, ISIS and the YPG), јули 2020 година, https://bit.ly/2E9AcQ6, стр. 13.

[784] За понатамошни насоки за преобразување по заминувањето од земјата на потекло, види УНХЦР, Упатства за меѓународна заштита бр. 6: Барања за бегалци базирани на религија според член 1А(2) од Конвенцијата од 1951 година и/или Протоколот од 1967 година во врска со статусот на бегалците, 28 април 2004 година, HCR/GIP/04/06, www.refworld.org/docid/4090f9794.html, став 34-36.

[785] За понатамошни насоки за барањата за меѓународна заштита од страна на жените, види УНХЦР, Упатства за меѓународна заштита бр. 1: Прогонство поврзано со родот во контекст на членот 1А(2) од Конвенцијата од 1951 година и/или Протоколот од 1967 година во врска со статусот на бегалците, 7 мај 2002 година, HCR/GIP/02/01, www.refworld.org/docid/3d36f1c64.html; и Комитет на ООН за елиминација на сите форми на дискриминација против жените (СЕДАВ), Општа препорака бр. 32 за родово поврзани димензии на статусот на бегалци, азил, националност и недржавност на жените, 5 ноември 2014 година, CEDAW/C/GC/32, www.refworld.org/docid/54620fb54.html.

[786] „Иако огромното страдање предизвикано од тие практики ги погоди Сиријците од сите средини, жените и девојчињата беа непропорционално погодени и беа жртви на повеќе основи, без оглед на сторителот или географското подрачје“; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија, 21 јануари 2021 година, www.ecoi.net/en/document/2045772.html, став 48. „Жените и девојчињата од Сирија не беа случајни жртви на конфликтот, туку беа директно и намерно таргетирани“; СМЧП, Краток извештај:

Жените се на мета на произволно апсење, грабнување, присилно исчезнување,[787] измачување,[788] силување и други облици на сексуално насилство, како и погубувања без судски процеси[789] поради нивната вистинска или претпоставена поддршка на или поврзаност со некоја страна во судирот, вклучително и врз основа на нивните сопствени политички ставови или активности,[790] нивните семејни врски,[791] нивното место на живеење или потекло,[792] или нивната верска или етничка припадност.[793] За страните во судирот, исто така, се известува дека ги користеле жените како адути при размена на заложници.[794]

---

На Меѓународниот ден на жената... Сиријките продолжуваат да страдаат од најлошите видови на прекршувања (SNHR, Brief Report: On International Women's Day… Syrian Women Continue to Suffer from the Worst Types of Violations), 8 март 2020 година, https://bit.ly/3bSOz8v, стр. 3. Види, исто така, Дел II.Д.

[787] Заклучно со ноември 2020 година, СНХР објави дека над 10,500 жени останале произволно притворени или присилно исчезнати од страните во конфликтот, а огромното мнозинство од нив (над 8,400) се држени од страна на владините сили; СМЧП, Деветти годишен извештај за насилства врз жените во Сирија (SNHR, Ninth Annual Report on Violations Against Females in Syria), 25 ноември 2020 година, https://bit.ly/2Kp8Yrv, стр. 6.

[788] Помеѓу март 2011 и ноември 2020 година, СНХР ја документираше смртта на најмалку 91 жена како резултат на тортура, вклучително и 73 кои биле држени во државен притвор; СМЧП, Деветти годишен извештај за насилства врз жените во Сирија (SNHR, Ninth Annual Report on Violations Against Females in Syria), 25 ноември 2020 година, https://bit.ly/2Kp8Yrv, стр. 7.

[789] „(...) Сиријките беа подложени на убиства, произволно апсење, присилно исчезнување, тортура, сексуално насилство, принудно раселување и други злоупотреби (...)"; СМЧП, Краток извештај: На Меѓународниот ден на жената... Сиријките продолжуваат да страдаат од најлошите видови на прекршувања (SNHR, Brief Report: On International Women's Day… Syrian Women Continue to Suffer from the Worst Types of Violations), 8 март 2020 година, https://bit.ly/3h7SQ8Y, стр. 1. Види, исто така, Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија (UN Human Rights Council, Report of the Independent International Commission of Inquiry), 2 јули 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2035513.html, став 101-108; УНФПА, Гласовите од Сирија, 2020 година: Преглед на наодите за проценка на хуманитарните потреби (нацрт-верзија) (UNFPA, Voices from Syria 2020: Assessment Findings of the Humanitarian Needs Overview (Draft)), 2 април 2020 година, https://bit.ly/30AdBUa (во натамошниот текст: УНФПА, Гласовите од Сирија, 2020 година (UNFPA, Voices from Syria 2020), 2 април 2020 година, https://bit.ly/30AdBUa), стр. 13; „Ју-ен њуз", Фондот за население на ООН предупредува за очајната состојба со која се соочуваат жените и девојките во Сирија како што започнува 10-та година од војната (UN News, UN Population Fund Sounds Alarm over Dire Situation Facing Women and Girls in Syria, as 10th Year of War Begins), 16 март 2020 година, https://bit.ly/2Pyi0le. Види, исто така, Дел II.Д.

[790] Владините сили таргетираа „жени кои беа активни во политичкото востание, вклучително и оние вклучени во медиумски, образовни и истражувачки активности против сирискиот режим", покрај „женските хуманитарни работници и оние кои беа вклучени во хуманитарна помош, при што десетици жени беа уапсени за „злосторства", како што е придонесот за пренос на медицински средства или средства за помош [до] опсадените луѓе." СНХР дополнително објави притворање на жени поради критикување на ХТШ, вооружените групи поврзани со СНА и СДФ, соодветно; СМЧП, Деветти годишен извештај за насилства врз жените во Сирија (SNHR, Ninth Annual Report on Violations Against Females in Syria), 25 ноември 2020 година, https://bit.ly/2Kp8Yrv, стр. 9, 17, 21, 24. Види особено Дел III.А.1, III.А.4, III.А.5 и III.А.6.

[791] „Многу жени и девојки беа таргетирани само заради нивното сродство со непослушници или противници на сирискиот режим, со цел да разубедат што е можно повеќе Сирijци да учествуваат во народното востание, од страв за нивните сопруги, сестри, мајки, ќерки или други женски роднини (...). Вообичаено е силите на сирискиот режим да апсат, мачат, а честопати и да силуваат жена само затоа што нејзиниот сопруг, син, брат, татко или стар машки роднина учествувале или придонеле во востанието за слобода." СДФ приведе жени и девојки поради нивното „блиско сродство" со членови на СНА или ИСИС, вклучително и по посетите на подрачјата под контрола на СНА; СМЧП, Деветти годишен извештај за насилства врз жените во Сирија (SNHR, Ninth Annual Report on Violations Against Females in Syria), 25 ноември 2020 година, https://bit.ly/2Kp8Yrv, стр. 9, 17. Види Дел III.А.1.б, III.А.4, III.А.5 и III.А.6.

[792] Види Дел III.А.1, III.А.3 и III.А.6.

[793] Види Дел III.А.8.

[794] СМЧП, Деветти годишен извештај за насилства врз жените во Сирија (SNHR, Ninth Annual Report on Violations Against Females in Syria), 25 ноември 2020 година, https://bit.ly/2Kp8Yrv, стр. 11; Совет за човекови права на ООН, Правата на децата во Сириската Арапска Република, 13 јануари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2023152.html, став 56; СТЈ, Сирија: „Нè принудија да кажеме дека сме сопруги на ИСИС" (STJ, Syria: "They Coerced Us into Saying that We Are ISIS Wives"), 30 август 2019 година, https://bit.ly/31KXiW8. За неодамнешни примери, види АГПС, Ослободен палестински бегалец во размена на затвореници (AGPS, Palestinian Refugee Released in Prisoner Swap), 12 август 2020 година, https://bit.ly/2ZzubDU; СОЧП, Силите на режимот и ХТШ ги разменуваат затворениците во покраината на западен Алепо (SOHR, Regime Forces and HTS Swap Prisoners in Western Aleppo Countryside), 12 август 2020 година, https://bit.ly/3la0Jh4; СОЧП, „Националната армија" и силите на режимот разменија затвореници во северен Алепо (SOHR, Turkish-Backed "National Army" and Regime Forces Swap Prisoners in Northern Aleppo), 12 јули 2020 година, https://bit.ly/3gt1m1i; СОЧП, Силите на режимот и организацијата „Хурас ал Дин" разменија затвореници во североисточен Идлиб (SOHR, Regime Forces

Жените и девојчињата, исто така, се соочуваат и со општествена и законска дискриминација, вклучително и во однос на правото на државјанство и семејните односи, како што се наследство, брак, развод и старателство над децата.[795] Понатаму, жените се соочуваат и специфични облици на насилство врз основа на нивниот род, вклучително и силување и други облици на сексуално насилство, присилни и детски бракови, семејно насилство, како и насилство „од чест“, трговија со луѓе заради сексуална експлоатација и присилна проституција,[796] како и казнување поради претпоставеното прекрпување на строгото толкување на исламот и исламското право на тврдокорните групи.[797]

Се известува дека од 2011 година[798] се зачестиле сите облици на сексуално и родово-засновано насилство; сепак, ширум Сирија овие случаи остануваат во голем дел непријавени, а жените најчесто и не бараат законска заштита,[799] вклучително и поради немањето доверба

---

and “Hurras al-Din” Organization Swap Prisoners in North-Eastern Idlib), 22 мај 2020 година, https://bit.ly/2YyU6eq; СОЧП, Сирискиот режим и опозициските фракции разменија затвореници во рурален Алепо (SOHR, Syrian Regime and Opposition Factions Swap Prisoners in Rural Aleppo), 27 февруари 2020 година, https://bit.ly/31rKMef.

[838] „Законот конкретно не забранува семејно насилство, но пропишува дека мажите можат да ги дисциплинираат своите женски роднини на начин дозволен со општите обичаи“;Стејт Департментот на САД, Извештај за земјата за практиките за човекови права за 2019 година: Сирија, 11 март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2026345.html. „Некои организации се обидоа да ги поддржат жените, но нивното влијание е ограничено поради отсуството на законски рамки што ги казнуваат сторителите на семејно насилство, како и социјалните норми во одредени подрачја во Сирија, кои ги оставаат жените потчинети на мажите“; ФЕС, КОВИД-19 и жените во Сирија: Продлабочување на нееднаковста (FES, COVID-19 and Women in Syria: Deepening Inequalities), јули 2020 година, https://bit.ly/32pi1Ow, стр. 3. Дефиницијата за силување вклучена во член 489 од Кривичниот законик (Закон бр.

насилство често се соочуваат со стигматизација и значителна психолошка траума.[839] Како нова појава, жените, особено на Северозападот, во некои случаи се присилуваат да вршат полно-одредени абортуси за да се осигура дека ќе родат машко дете.[840]

Се известува дека дискриминирачките културни и правни практики со кои жените може да бидат лишени од старателството врз детето, алиментацијата, пристапот до брачниот дом и наследството, како и стигмата поврзана со разводот, ги спречуваат жените да не може да ги напуштат врските во кои ги злоупотребуваат.[841]

### г) Насилство „од чест“

Жените обвинети за предбрачен или вонбрачен сексуален однос, вклучително и како последица на силување или друго сексуално насилство, може да бидат убиени или изложени на насилство поради нивното претпоставено огрешување спрема културните, општествените и верските норми, со што им нанеле срам на своите семејства.[842] Иако не е познат размерот на убиствата „од чест“ поради тоа што не се пријавиваат, се проценува дека неколку стотици жени и девојчиња во Сирија се убиваат секоја година, а таа стапка се зголемила по 2011 година.[843] Насилствата „од чест“ се извршуваат во сите

---

148/1949, како што е изменет, види фуснота 813 погоре) особено ги исклучува брачните силувања, додека членовите 192 и 242 дозволуваат намалување на казната за сторителите на кривични дела извршени поради „честа“, вклучително врз жени кои биле силувани; види Дел III.A.9.г.

[839] "Енаб Балади", Бег од реалноста... Сиријците посегнуваат по самоубиство, 9 јуни 2020 година, https://bit.ly/2NeKXlj. „Жените кои пријавиле семејно насилство обично биле разведени од нивните сопрузи или се соочиле со проблеми со нивните пошироки семејства"; НЦА, Родово засновано насилствово Сирија: Брза проценка на потребите (NCA, Gender-Based Violence in Syria: Rapid Needs Assessment), декември 2019 година, https://bit.ly/345iyYa, стр. 36. Види, исто така, АОАВ, Родот и менталното здарвје во сирискиот конфликт (AOAV, Gender and Mental Health in the Syrian Conflict), 16 октомври 2019 година, https://bit.ly/3hEfyGh. Види, исто така, стр. 156-157 погоре.

[840] УНФПА, Гласовите на Сирија 2020/UNFPA, Voices from Syria 2020, 2 април 2020 година, https://bit.ly/30AdBUa, стр. 8, 30, 38. ОЦХА, исто така, објави дека жените се принудени да абортираат за да не додадат дополнителен финансиски притисок врз нивните семејства; ОЦХА, Скорешните случувања во северозападна Сирија: Извештај за состојбата бр. 20 (OCHA, Recent Developments in Northwest Syria: Situation Report No. 20), 10 септември 2020 година, https://bit.ly/3ht6AuF, стр. 13.

[841] „Стравот од стигма и срамот од развод им забранува на жените да го побараат тоа, дури и ако тоа е во нејзин најдобар интерес. Затоа, заканата од насилство се користи како форма на психолошко насилство за да ги принуди жените да прават она што сакаат мажите. Покрај тоа, разводот може да се користи како оружје против мајките да добијат старателство или пристап до други деца"; УНФПА, Гласовите на Сирија 2020, 2 април 2020 година, https://bit.ly/30AdBUa, стр. 30. Види, исто така, ВВВИ, Украдена иднина: Војна и детските бракови во северозападна Сирија (WVI, Stolen Future: War and Child Marriage in Northwest Syria), 25 јуни 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2032278.html, стр. 18, 22. Мајката автоматски добива старателство над детето додека тоа не наполни 15 години, по што таткото го добива старателството според законот, без оглед на најдобриот интерес на детето; СНХР, Поднесок до Комитетот за човекови права на 130-тата сесија (информација за донесување на списокот на приоритети пред известувањето), 28 август 2020 година, https://bit.ly/32BPt4l, став 28; Мусавах, Сирија; Преглед на муслиманските закони за семејство и практиките (Musawah, Syria: Overview of Muslim Family Laws & Practices), ажурирано на 20 јануари 2020 година, https://bit.ly/3auRbrK, стр. 18.

[842] „Невладините организации кои работат со бегалци објавија дека семејствата убиле неколку жртви на силување во земјата, вклучително и оние кои биле силувани од страна на режимските сили, поради чест"; Стејт Департментот на САД, Извештај за земјата за практиките за човекови права за 2019 година: Сирија, 11 март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2026345.html. Насилството засновано на „чест" може да биде насочено против жртвите на сексуален напад и силување поради „перцепцијата дека жртвата на насилство е виновна или ја нарушила својата и честа на нејзиното семејство"; УНФПА, Гласовите на Сирија 2019, 10 март 2019 година, www.ecoi.net/en/document/2009369.html, стр. 42, види, исто така, стр. 25, 27, 33-34, 61-79. Види, исто така, УНФПА, Гласовите на Сирија 2020, 2 април 2020 година, https://bit.ly/30AdBUa, стр. 35, 46. Според активистката за женски права, Лин Фејсал, „многу жени и девојки во Сувеида се убиени од сопствените браќа, сопрузи или други роднини со цел да го добијат своето наследство. Мажите ги обвинуваат за непристојни дела за да го оправдаат своето злосторство како т.н. убиство од чест"; Ал-Монитор, Убиствата од чест против жените се зголемиле во град на југоистокот од Сирија (Al-Monitor, Honor Killings Against Women Increase in Southeast Syrian City), 3 декември 2020 година, https://bit.ly/3qQfo3z.

[843] Учесниците во фокус групата во март 2019 година „споменаа дека жените стравуваат од убиство доколку се смета дека извршиле престап." И: „Пред конфликтот, беше проценето дека околу 300 жени од Сирија годишно се убиени од страна на нивните семејства"; ВВВИ, Родова анализа на северозападна Сирија, 5 март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2026268.html. „Немаше официјално пријавени убиства од чест во текот на годината, но извештаите од претходните години покажаа дека убиствата од чест се зголемија од почетокот на кризата во 2011 година"; Стејт Департментот на САД, Извештај за земјата за практиките за човекови права за 2019 година: Сирија, 11 март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2026345.html. Учесниците на фокус групата за извештајот „Гласови

делови на Сисија, а не се ограничени во само некои региони или групи.[844]

Во февруари 2020 година, Сирискиот парламент го укина членот 548 од Кривичниот законик кој допушташе намалување на казната во случаи на убиство доколку сторителот открил дека сопругата или роднината извршиле прељуба или ги затекнал во *„сомнителна ситуација“*.[845] Сепак, со членовите 192 и 242 од Кривичниот законик и понатаму им се дозволува на судиите да ги намалат казните доколку обвинетиот се повика на одбрана на својата „чест“.[846] Во пракса, насилството „од чест“ често пати и не се гони кривично.[847]

### д) Состојбата на жените без машка поддршка

Жените без машка поддршка од страна на нивните (пошироки) семејства, вклучително и немажените жени, вдовиците и разведените жени, често се соочуваат со стигматизација од сопствените семејства и заедници[848] и за нив се известува дека се особено ранливи на понатамошна злоупотреба,

---

од Сирија“ за 2019 година објавија дека се случило насилство врз основа на „чест“ во губерноратите Сувеида, Дамаск, Хомс, Идлиб и Латакија; УНФПА, Гласовите на Сирија 2020: Преглед на наодите од проценката на хуманитарните потреби, 10 март 2019 година, www.ecoi.net/en/document/2009369.html, стр. 61, 63, 69, 71, 75. Види, исто така, Ал-Монитор, Убиствата од чест против жените се зголемиле во град на југоистокот од Сирија (Al-Monitor, Honor Killings Against Women Increase in Southeast Syrian City), 3 декември 2020 година, https://bit.ly/3qQfo3z; Курдистан 24, Жени борци во Сирија наводно убиени од роднини во т.н. „убиства од чест“ (Kurdistan 24, Female YPJ Fighter in Syria Allegedly Murdered by Relatives in ‘Honor’ Killing), 3 септември 2020 година, https://bit.ly/32UCuuJ; “Енаб Балади“, Новиот закон ги укина „убиставата од чест“отстранувајќи ги оправдувањата (Enab Baladi, New Law Abolishes Honor Killings’ Mitigating Excuse in Syria), 14 март 2020 година, https://bit.ly/33Oxt9m; СТЈ, Бројките покажуваат раст на убиствата на жените во Идлиб и Хама (STJ, Figures Show a Rise in Homicides Against Women in Idlib and Hama), 5 јануари 2020 година, https://bit.ly/2PI9UXj.

[844] СТЈ, Бројките покажуваат раст на убиствата на жените во Идлиб и Хама/STJ, Figures Show a Rise in Homicides Against Women in Idlib and Hama, 5 јануари 2020 година, https://bit.ly/2PI9UXj; УНХЦР, Белешката на ЦоИ за Сирија за третманот на жените со вонбрачни деца во Сирија/UNHCR, Syria COI Note on the Treatment of Women with Children Born Out of Wedlock in Syria, 30 септември 2019 година, www.ecoi.net/en/file/local/2018908/5db174a44.pdf (и изворите на кои се повикува), стр. 4; СТЈ, Сирија: Девојче, две жени убиени во наводно „убиство од чест“/STJ, Syria: Girl, Two Women Murdered in Alleged “Honor Killing”, 13 јули 2019 година, https://bit.ly/31M10NZ.

[845] СНХР, Поднесок до Комитетот за човекови права на 130-тата сесија (информација за донесување на списокот на приоритети пред известувањето), 28 август 2020 година, https://bit.ly/32BPt4l, став 21; “Енаб Балади“, Како одредбите од „убиството од чест“ еволуирале во Сирискиот закон (Enab Baladi, How Have Provisions of “Honor Killings” Evolved in Syrian Law), 19 март 2020 година, https://bit.ly/2PJLRYep; Д Сириан Обсервер, Законски, од денес веќе нема „убиства од чест“ (The Syrian Observer, Legally, No Honor Killings in Syria after Today), 13 март 2020 година, https://bit.ly/33MBw5T. Види, исто така, Сириски правен журнал, Закон за убиства од чест-Кривичен законик (Измена): Закон 2/2020, пристапено на 28 февруари 2021 година, https://bit.ly/3o3w0n9. Прељубата и вонбрачниот секс се нелегални во Сирија според Кривичниот законик (членови 473 и 474). Меѓутоа, за мажените жени, казната за прељуба може да варира од три месеци до две години казна затвор (без оглед на тоа каде е извршено делото), но прељубата извршена од женетите мажи се казнува само со затворски казни од еден месец до една година и само ако чинот се случил во брачниот дом; СНХР, Поднесок до Комитетот за човекови права на 130-тата сесија (информација за донесување на списокот на приоритети пред известувањето), 28 август 2020 година, https://bit.ly/32BPt4l, став 24. Види, исто така, УНФПА, Сирија: Родова правда и закон, декември 2019 година, https://bit.ly/3g6c0Ma, стр. 2.

[846] СНХР, Поднесок до Комитетот за човекови права на 130-тата сесија (информација за донесување на списокот на приоритети пред известувањето), 28 август 2020 година, https://bit.ly/32BPt4l, став 23; “Енаб Балади“, Како одредбите од „убиството од чест“ еволуирале во Сирискиот закон (Enab Baladi, How Have Provisions of “Honor Killings” Evolved in Syrian Law), 19 март 2020 година, https://bit.ly/2PJLRYep; Фридом Хаус, Слободата во светот за 2020 година, 4 март 2020 година, http://www.ecoi.net/en/document/2030806.html.

[847] „Законот им дозволува на судиите да ги намалат казните за убиство и напад доколку обвинетиот се изјасни за одбрана на „честа“, што се случува често. Режимот не водеше официјални статистички податоци за употребата на оваа одбрана во случаи на убиства и напади и, наводно, ретко водела гонење за т.н. „злосторства од чест“; Стејт Департментот на САД, Извештај за земјата за практиките за човекови права за 2019 година: Сирија, 11 март 2020 година, http://www.ecoi.net/en/document/2026345.html.

[848] УНФПА, Гласовите на Сирија 2020, 2 април 2020 година, https://bit.ly/30AdBUa, стр. 26. „(...) вдовиците или немажените жени, исто така, се подложени на социјална средина каде што културните навики имаат тенденција да бидат силно искористени против нив. (...) Да се биде обвинет за вонбрачни односи - што може да ѝ се случи, на пример, на мајка вдовица која не може да обезбеди доказ за својот брак - не е мала работа во Сирија. Во многу сириски заедници, тврдењата за „несоодветни“ постапки извршени од страна на жена имаат потенцијал да ја нарушат социјалната положба на целото нејзино семејство“; Д Њу Хуманитариан, Кој ја плаќа цената за растурениот систем за документирање на Сирија (The New Humanitarian, Who Pays the Price for Syria’s Broken Documentation System?), 3 август 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2035466.html. Види, исто така, СЈАЦ, Оставените жени (SJAC, The Women Left Behind), 11 јуни 2020 година, https://bit.ly/3gqX36M. „Бидејќи разводот е

експлоатацијата и трговија со луѓе.[849]

УНХЦР смета дека жените и девојчињата кои спаѓаат во овие категории **веројатно имаат потреба од меѓународна заштита на бегалците** врз основа на нивниот основан страв од прогонување од страна на државните и недржавните актери поради нивната припадност на одредена општествена група, нивното политичко уверување или претпоставеното политичко уверување, и/или нивното верско убедување, зависно од личните околности во случајот:

а) Преживеаните и тие што се во ризик од сексуално насилство, семејно насилство и насилство „од чест";

б) Преживеаните и тие што се во ризик од присилен и/или детски брак;

в) Преживеаните и тие што се во ризик од трговија со луѓе заради сексуална експлоатација и присилна проституција;

г) Жени и девојчиња без заштита од сопственото семејство, вклучително и вдовиците и разведените жени.

Начелно не постои државна заштита од прогонување кога актерите на таквото прогонување се недржавни актери.

За жените и девојчињата кои се мета на нападите поради нивното вистинско или претпоставено политичко уверување, нивната етничка или верска припадност (вклучително и претпоставеното огрешување спорема шеријатскиот закон), или нивната поинаква сексуална ориентација и/или родов идентитет, видете ги и другите профили во Делот III.A.

---

стигматизиран во Сирија, угледот и иднината на децата би биле загрозени доколку се деца на разведени родители"; Ахлам Ал-Натоур ет ал., Насилство во бракот во текот на воен конфликт: Преживеано искуство на сириските бегалки, во Журналот на транскултурно сестринство (Ahlam Al-Natour et al., Marital Violence During War Conflict: The Lived Experience of Syrian Refugee Women, in Journal of Transcultural Nursing, 2019, Vol. 30(1)), https://bit.ly/3jaOhvx, стр. 36.

849 „Во последните недели се пријавени случаи на експлоатација на жени (и финансиска и сексуална експлоатација). Меѓу наводните сторители се раководители и сопственици на кампови. Внатрешно раселените жени кои се глава на домаќинството се особено изложени на ризик од овој вид експлоатација поради ситуации на (финансиска) ранливост, како и општествена динамика. Случаи како овие најчесто се пријавуваат во места за внатрешно раселени лица ексклузивно од страна на жени и девојки кои се вдовици и разведени (т.н. „кампови за вдовици")"; ОЦХА, Скорешни случувања во северозападна Сирија: Извештај за состојбата бр. 20, 10 септември 2020 година, https://bit.ly/3ht6AuF, стр. 12. „Собраните податоци сугерираат дека групите, како што се домаќинствата предводени од жени, постарите жени, жените со попреченост и разведените жени или вдовици, се подложни на дискриминација што може да доведе до експлоатација и злоупотреба, при што ситуацијата најверојатно ќе се влоши како што продолжува кризата, а погодените лица ќе прибегнат кон повеќе штетни механизми за справување"; OCHA, HNO 2020, јули 2020 година, стр. 46. „Онлајн вознемирувањето, порнографијата за одмазда и принудувањето на сексуални односи оваа година се зголемија низ целата земја. Адолесцентните девојки, вдовиците и разведените жени беа идентификувани како ранливи цели за сајбер-малтретирање." Во некои случаи, мажите снимале сексуален однос за време на краткотраен брак, а потоа го користеле видеото за да ја уценуваат жената по разводот; УНФПА, Гласовите на Сирија 2020, 2 април 2020 година, https://bit.ly/30AdBUa, стр. 33. „Домаќинствата предводени од жени или деца се изложени на повисоки нивоа на ризик и изложеност на различни форми на експлоатација, вклучително и ран и принуден брак или детски труд. Домаќинствата предводени од жени беа поранливи на несигурност за храна"; ЦАРЕ, Брза родова анализа на северозападна Сирија (Идлеб и Алепо) (CARE, Rapid Gender Analysis North West Syria (Idleb and Aleppo)), февруари 2020 година, https://bit.ly/34wqDFO, стр. 8. Види, исто така, Стејт департментот на САД, Извештај за трговијата со луѓе 2020 година, 25 јуни 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2036219.html; НЦА, Родово засновано насилствово Сирија: Брза проценка на потребите, декември 2019 година, https://bit.ly/3hH1Nq0, стр. 7, 18, 21; УНФПА, Нескршливи: Приказни за сириските адолсецентки (UNFPA, Unbroken: Stories of Syrian Adolescent Girl), октомври 2019 година, www.ecoi.net/en/document/2018302.html, стр. 7; МРГИ, Сирија: Тековни прашања (MRGI, Syria: Current Issues), последен пат ажурирано во јуни 2019 година, https://bit.ly/2S0bTYa; УНФПА, Гласовите на Сирија 2019, УНФПА, Гласовите на Сирија 2020: Преглед на наодите од проценката на хуманитарните потреби/Assessment Findings of the Humanitarian Needs Overview, 10 март 2019 година, www.ecoi.net/en/document/2009369.html, стр. 23; ЦЦЦМ Клустер ет ал., Упатства: Олесниување на ризиците по заштитата на вдовиците и разведените жени и девојчињата (CCCM Cluster et al., Guidance Note: Mitigating Protection Risks in IDP Sites Exclusive to Widowed and Divorced Women and Girls), февруари 2019 година, https://bit.ly/34wD3xe, стр. 1-3.

### 10) Деца од одредени профили или во специфични околности

Децата може да се најдат во повеќето други ризични профили наведени во ова упатство. Се известува дека актерите во судирот особено ги земаат на мета децата заради нивно грабнување, произволно апсење и притворање,[850] присилно исчезнување,[851] измачување,[852] силување и други облици на

[850] Апсењето или киднапирањето на децата им се припишува на владините сили, ЈПГ СДФ, ХТШ и антивладините вооружени групи, како и групи поврзани со СНА. ООН во 2019 година го потврдија притворот или лишувањето од слобода на најмалку 218 деца (216 момчиња, две девојчиња) „од страна на ЈПГ/YPJ (194) под чадор на СДФ, ИСФ (20), Хајат Тахрир ал-Шам (2) и сириските владини сили (2). Во октомври [2019 година], Обединетите нации го потврдија лишувањето од слобода на 150 момчиња, некои на возраст од 9 години, од сириска националност и од најмалку 22 други националности, од страна на ЈПГ/YPJ под чадор на СДФ, за наводна поврзаност со ИСИЛ"; УНГА,УНСЦ, Децата и вооружениот конфликт(UNGA, UNSC, Children and Armed Conflict), 9 јуни 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2031779.html, став 174. „Владините сили, исто така, уапсија момчиња на возраст од 12 години, подложувајќи ги на тешки тепања и тортура и не им дозволија пристап до храна, вода, канализација и медицинска нега. (...) Децата беа приведени [од страна на вооружени групи и се користеа за да извлечат откуп или како преговори за да извршат размена на затвореници со владините сили и поврзаните милиции. Во некои случаи, момчињата беа присилно регрутирани како борци од страна на вооружени групи, вклучувајќи ги и Единиците за заштита на курдскиот народ"; Советот за човекови права на ОН, Извештај на независната меѓународна анкетна комисија, 21 јануари 2021 година, www.ecoi.net/en/document/2045772.html, став 56-57. Додека некои деца се држат во оддели или затвори за малолетници, други се држат со возрасни притвореници во владини центри за притвор; ЛДХР, Без неми сведоци: насилства врз децата во сириските притвори (LDHR, No Silent Witnesses: Violations Against Children in Syrian Detention Centres), декември 2019 година, https://bit.ly/36rFyP9, стр. 32.

[851] Според СНХР, заклучно со ноември 2020 година, над 4,950 деца остануваат притворени или присилно исчезнати од страните во конфликтот, вклучувајќи ја владата (3,609 деца), СДФ/ЈПГ (652), антивладини вооружени групи/СНА (339), ИСИС (319) и ХТШ (37); СНХР, Деветти извештај за насилствата врз децата/SNHR, Ninth Annual Report on Violations Against Children, 20 ноември 2020 година, https://bit.ly/3agi2tv, стр. 7. Види, исто така, АГПС, АГПС: Четириесет и девет деца во Сирија насилно исчезнале во сириските затвори/AGPS, AGPS: 49 Palestinian Children Syria Forcibly Disappeared in Syrian Prisons, 3 септември 2020 година, https://bit.ly/2GT6vUp.

[852] СНХР регистрираше смрт на 179 деца помеѓу март 2011 и ноември 2020 година како резултат на тортура, од кои повеќето (173) се припишуваат на владините сили. СНХР откри дека владините сили ги подложувале децата на исти форми на тортура и услови на притвор како и возрасните. СНХР, исто така, забележа инциденти на тортура и малтретирање на деца од рацете на вооружените групи поврзани со ХТШ и СНА; СНХР, Деветти извештај за насилствата врз децата (SNHR, Ninth Annual Report on Violations Against Children), 20 ноември 2020 година, https://bit.ly/3agi2tv, стр. 8, 11, 24, 35. „Во притвор, како и во случајот со возрасните, децата (...) беа подложени на тортура или друг суров, нечовечки или понижувачки третман. Застрашувачките сведочења собрани од жртви и сведоци во текот на годините демонстрираат бесрамни прекршувања на правата на децата, вклучително и извршување сексуално насилство и тортура, како и тепање со помош на предмети, како што се цевки. Понекогаш, децата исто така беа лишени од храна и неопходна медицинска нега, камшикувани и користени за да принудат признанија од нивните родители. (...) Комисијата документираше случаи на деца од седумгодишна возраст кои умираа во државен притвор. (...) Децата беа сведоци на тортура или друг нехуман однос што им беше нанесен на членовите на семејството и, во некои прилики, беа принудени самите да измачуваат други притвореници"; Советот за човекови права на ОН, Правата на децата во Сириската Арапска Република (UN Human Rights Council, Children's Rights in the Syrian Arab Republic), 13 јануари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2023152.html, став 52-54. ЛДХР документираше притвор и тортура на деца во 20 владини затвори и притворски установи низ Сирија; ЛДХР, Без неми сведоци: насилства врз децата во сириските притвори (LDHR, No Silent Witnesses: Violations Against Children in Syrian Detention Centres), декември 2019 година, https://bit.ly/36rFyP9, стр. 16. Види, исто така, Дел II.Д и III.A.1.б.

сексуално насилство,[853] и погубување без судски процес.[854] Децата ги напаѓаат од поголем број причини, вклучително и поради нивното вистинско или претпоставено учество во политичките активности[855] или во придружните борбени улоги,[856] и нивната вистинска или претпоставена поврзаност со другите страни во судирот, вклучително и врз основа на нивите семејни врски,[857] нивното место на потекло, и/или нивната верска или етничка припадност.[858]

Децата родени во подрачјата кои претходно не биле или сè уште не се под контрола на владата,[859]

[853] „Во [владините] центри за притвор, но и пошироко, се користеше силување и сексуално насилство врз момчиња и девојчиња како алатка за казнување, понижување и влевање страв кај погодените заедници. Ваквите постапки резултираа со ограничување на движењето на девојчињата, при што многумина беа отпишани од училиште и ги принуди семејствата да се преселат во странство“; Советот за човекови права на ОН, Извештај на независната меѓународна анкетна комисија, 21 јануари 2021 година, www.ecoi.net/en/document/2045772.html, став 56. „Силите на сирискиот режим редовно вршат сексуално насилство врз деца во центри за притвор и за време на рации и инспекции“; СНХР, Деветти извештај за насилствата врз децата, 20 ноември 2020 година, https://bit.ly/3agi2tv, стр. 15. „Сексуалното насилство извршено врз деца припишано на страните остана недоволно пријавено. Обединетите нации потврдија 11 случаи на сексуално насилство врз девојчиња во притвор од страна на владините сили, што се случија во претходните години и беа потврдени подоцна“; УНГА/УНСЦ, Деацта и вооружениот конфликт (UNGA/UNSC, Children and Armed Conflict), 9 јуни 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2031779.html, став 176. „И момчињата и девојчињата беа подложени на различни форми на сексуално насилство во Сирија од страна на провладините сили. Некои од овие жртви беа вратени во нивните заедници за потоа да бидат стигматизирани како „жртви на силување“ во обид да поттикнат отфрлање од страна на нивните семејства. Во овој случај, сексуалното насилство беше намерно користено за да им донесе срам на семејствата, а можеби и како мерка за да ги принуди луѓето да ги напуштат своите домови“; Екпат Интернешнал, регионален преглед: Сексуална експлоатација на децата во МЕНА (Ecpat International, Regional Overview: Sexual Exploitation of Children in the MENA), 2020 година, https://bit.ly/2YYiabg, стр. 24.

[854] Види Дел II.Д.

[855] ХРВ, Децата во Сирија: Млади животи оштетени од војната (HRW, The Children of Syria: Young Lives Damaged by War), 13 март 2020 година, https://bit.ly/3e2kpP5; Д Њу Араб, Сирискиот режим притвара деца во палестинските камповизаради наводно кинење на постер од Асад (The New Arab, Syrian Regime Detains Children at Palestinian Camp for Allegedly Tearing Down Assad Poster), 7 јануари 2020 година, https://bit.ly/301nt8u; Расеф 22 „Тие биле подложени на сите форми на тортура“...Системско затворање на сириските деца (Raseef 22, “They Were Subjected to all Forms of Torture”... The Systemic Jailing of Syrian Children), 18 октомври 2019 година, https://bit.ly/3dDEF9y. Види, исто така, Дел III.A.1.a.

[856] Види Дел II.Д.

[857] „Во повеќето инциденти, децата беа киднапирани поради наводна поврзаност на нивните роднини со опозициските групи или како претходник на нивното регрутирање“ (додаден акцент); УНГА/УНСЦ, Деацта и вооружениот конфликт, 9 јуни 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2031779.html, став 179. „Независната меѓународна анкетна комисија за Сирија забележа редовни извештаи за притвор и тортура на деца помлади од 13 години, во некои случаи и на возраст од 11 години, во притворски установи на режимот. Службениците, наводно, таргетирале и мачеле деца поради нивните семејни врски, или претпоставени врски, со политички непослушници, членови на вооружената опозиција и активистички групи. (...) Извештаите од Независната меѓународна анкетна комисија за Сирија и невладините организации детално ги опишуваат злоупотребите врз децата извршени од режимот на Асад и вооружените милициски групи и ја опишуваат распространетоста на „шабех“ [обесување на притворениците од зглобовите на подолго време], линчувања, тепања, силувања и присилни сексуални дејствија меѓу децата, меѓу други форми на злоупотреба. (...) Според веродостојни сведоци, властите продолжиле да држат голем број деца за да ги принудат нивните родители и другите роднини поврзани со борците на опозицијата да им се предадат на властите“ (додаден акцент); Стејт Департментот на САД, Извештај за земјата за практиките за човекови права за 2019 година: Сирија, 11 март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2026345.html. Види, исто така, СНХР, Деветти извештај за насилствата врз децата, 20 ноември 2020 година, https://bit.ly/3agi2tv, стр. 11; Мерси Корпс, Загубени години: Принудно созревање и кршлива иднина за следните сисриски генерации (Mercy Corps, Adolescence Lost: Forced Adulthood and a Fragile Future for Syria’s Next Generation), февруари 2020 година, https://bit.ly/2YJa5Hf, стр. 8; Советот за човекови права на ОН, Правата на децата во Сириската Арапска Република, 13 јануари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2023152.html, став 50-58. Види, исто така, Дел III.A.1.б.

[858] Види Дел III.A.1.a, III.A.3 и III.A.8.

[859] „Девојчињата и момчињата родени во поранешни подрачја под контрола на опозицијата, исто така, се соочија со број пречки за добивање на граѓанска регистрација, бидејќи документите издадени од вооружени групи не се признаваат од страна на надлежните владини органи“;Советот за човекови права на ОН, Правата на децата во Сириската Арапска Република, 13 јануари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2023152.html, став 77. Види, исто така, Советот за човекови права на ОН, Извештај на независната меѓународна анкетна комисија, 28 јануари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2025856.html, став 95; “Енаб Балади“, Брак во Идлиб: Непризнаени договори и деца без лични карти (Enab Baladi, Marriage in Idlib: Unrecognized Contracts and Children with no Ids), 12 октомври 2019 година, https://bit.ly/3eKv3Lk; УН Комисија за правата на детето (ЦРЦ), Заклучни опсервации за петтиот периодичен извештај за Сириската Арапска Република (UN Committee on the Rights of the Child (CRC), Concluding Observations on the 5th Periodic Report of the Syrian Arab Republic), 6 март 2019 година, CRC/C/SYR/CO/5,

децата родени од мајки кои имаат вистински или претпоставени семејни врски со борците на ИСИЛ,[860] и вонбрачно родените деца или од родители чијшто брак не е официјално регистриран, вклучително и во случај на силување,[861] според известувањата, се соочуваат со пречки при запишувањето во матичните книги.[862] Како последица на тоа, голем дел од нив не поседуваат никакви официјални документи за својот идентитет, за составот на нивното семејство или за нивното државјанство, со што им се оневозможува пристапот до основните услуги, вклучително и здравствените и образовните услуги и услуги за вработување; им се ограничува слободата на движењето;[863] и се оставаат во повисом ризик од бездржавност,[864] експлоатација и злоупотреба.[865] Поради широко прифатените социјални норми, коишто не ги прифаќаат децата родени вонбрачно, овие деца, исто така, се изложуваат на стигматизација и дискриминација.[866]

---

www.ecoi.net/en/document/2003454.html, став 23(а) и (б).

[860] „Сиријките со семејни врски со борците на ИСИЛ продолжија да се соочуваат со пречки при регистрирање на своите деца кај надлежните органи по нивното враќање во подрачјата контролирани од владата“;Советот за човекови права на ОН, Извештај на независната меѓународна анкетна комисија, 28 јануари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2025856.html, став 95. „Состојбата на раселените деца, особено девојчињата и момчињата кои сè уште се во камповите Ал Хол или Ал Рој со семејни врски со борците на ИСИЛ, е особено критична. Од околу 45,000 деца кои беа во кампот Ал Хол во моментот на пишување, вклучително и оние родени како резултат на силување, на голем број од нив им недостасуваат документи за регистрација на раѓање, или поради изгубени документи или неможност да се регистрираат“;Советот за човекови права на ОН, Правата на децата во Сириската Арапска Република, 13 јануари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2023152.html, став 77.

[861] „Сиријките се соочија со потешкотии при регистрирање на своите деца, бидејќи сириската националност му се доделува на детето преку неговиот или нејзиниот татко Сириец. И покрај некои ограничени исклучоци од тоа правило во одредени околности, на пример, за деца родени вонбрачно и во случаи на силување, се чини дека тие се користат ретко, најверојатно поради општествените норми и стигмата поврзана со тоа“;Советот за човекови права на ОН, Извештај на независната меѓународна анкетна комисија, 21 јануари 2021 година, www.ecoi.net/en/document/2045772.html, став 65. „Покрај ова, родово-дискриминаторските одредби вградени во сириското законодавство и сегашниот контекст на конфликт и раселување генерираат нови случаи на деца изложени на ризик од бездржавјанство. Жените чии деца се родени без законски утврдено татковство и понатаму се соочуваат со проблеми при пренесување на нивната сириска националност на следната генерација“; ЕНСЛица без државјанство помеѓу раселените Сиријци: Се уште неидентификувани (ENS, Statelessness Among Syria's Displaced: Still Unidentified), 27 февруари 2020 година, https://bit.ly/2Zf1Q5V. Види, исто така, Советот за човекови права на ОН, Извештај на независната меѓународна анкетна комисија, 15 август 2019 година, www.ecoi.net/en/document/2016403.html, став 93; ЦРЦ, Заклучни опсервации на петтиот периодичен извештај за Сириската Арапска Република, 6 мартh 2019 година, CRC/C/SYR/CO/5, www.ecoi.net/en/document/2003454.html, став 23(в) и (г). Види, исто така, СТЈ, „Не знам дали да и ја кажам вистинската приказна“ (STJ, “I Don’t Know if I’ll Tell Her the True Story or Not”), 22 јули 2019 година, https://bit.ly/2NI5PSc. За информации во врска со пречките за пристап до правни лекови, види, исто така, УНХЦР, Белешката на ЦоИ за Сирија за третманот на жените со вонбрачни деца во Сирија, 30 септември 2019 година, www.refworld.org/docid/5db174a44.html (и изворите на кои се повикува).

[862] „Една од главните грижи за заштита на децата во Сирија беше граѓанската регистрација и правото да се стекнат со државјанство. Ова беше долгогодишно прашање кое беше отежнато од вооружениот конфликт и раселувањето, при што некои групи деца и понатаму се изложени на висок ризик да не бидат регистрирани и документирани при раѓање, на пример, деца родени од родители кои не се во брак или во мешани религиозни бракови и деца родени од ситуации на сексуално насилство или во спорни или изолирани подрачја“; ЦРЦ, Комисија за правата на детето, Преглед на состојбата со децата во Сирија, 16 јануари 2019 година, https://bit.ly/2VuBpHd.

[863] Советот за човекови права на ОН, Правата на децата во Сириската Арапска Република, 13 јануари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2023152.html, став 76. Види, исто така, СТЈ, „Не знам дали да и ја кажам вистинската приказна“, 22 јули 2019 година, https://bit.ly/2NI5PSc.

[864] Недостатокот на документи за идентификација „става значителен дел од нив, особено новороденчињата и децата, под сериозен ризик од бездржавјанство и долготрајна социјална маргинализација“; ЕЦСВВА, Сирија во војна: Осум години и понатаму (ESCWA, Syria at War: Eight Years On), 24 септември 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2038203.html, стр. 35. Види, исто така, Советот за човекови права на ОН, Правата на децата во Сириската Арапска Република, 13 јануари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2023152.html, став 76-77.

[865] „Тие остануваат ранливи на експлоатација преку детски труд или детски бракови, често како резултат на смртта или исчезнувањето на машките родителски фигури“; Советот за човекови права на ОН, Извештај на независната меѓународна анкетна комисија, 21 јануари 2021 година, www.ecoi.net/en/document/2045772.html, став 61. Види, исто така, Советот за човекови права на ОН, Правата на децата во Сириската Арапска Република, 13 јануари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2023152.html, став 77.

[866] „И децата со непознати родители и најденчињата се соочуваат со сериозно негативна стигма, поради верувањето дека тие се производ на вонбрачни врски“; Сирија Директ, Во Идлиб, Децата се втурнати во непознато/ (Syria Direct, In Idlib, Children Are Cast into the Unknown), 20 февруари 2020 година, https://bit.ly/3ipMPpE. Види, исто така, СТЈ, „Не знам дали да и ја кажам вистинската приказна“, 22 јули 2019 година, https://bit.ly/2NI5PSc; УНХЦР,

Се известува дека децата се во ризик и од облици и начини на прогонување што се специфични за децата, вклучително и сексуално насилство;[867] присилен или детски брак;[868] семејно насилство;[869] кривични дела „од чест“;[870] најтешки облици на детски труд, како што е регрутација на малолетници;[871] трговија со луѓе, присилна работа и комерцијална сексуална експлоатација;[872] како и опасна работа којашто веројатно му штети на здравјето, безбедноста и моралот на детето, како што се питачење, продажба на улица, собирање отпадоци, работа по куќи, како и работа на градилишта.[873] Се известува

---

Белешката на ЦоИ за Сирија за третманот на жените со вонбрачни деца во Сирија, 30 септември 2019 година, www.refworld.org/docid/5db174a44.html (и изворите на кои се повикува).

[867] Види Дел III.А.9.а.

[868] Види Дел III.А.9.б.

[869] „Во едно истражување на возрасни Сиријци во 2017 година, 50 проценти изјавија дека веруваат дека случаите на семејно насилство се зголемени во нивните заедници од 2011 година. Друго истражување откри дека околу 17 проценти од сириските заедници известуваат дека насилството врз децата во домот е вообичаено или многу честа појава во нивните населби“; Сејв д чилдрен, Психосоцијална безбедност: Патишта за психосоцијална безбедност за сириските раселени деца и адолесценти (Save the Children, Psychosocial Safety: Pathways to Psychosocial Safety for Syria's Displaced Children and Adolescents), 25 јуни 2020 година, https://bit.ly/3dJHpCi, стр. 17. „Законот конкретно не забранува злоупотреба на деца, но предвидува дека родителите можат да ги дисциплинираат своите деца на начин дозволен со општите обичаи. Според извештајот на УНФПА од 2017 година, насилството врз децата, особено девојчињата, беше распространето и се зголемуваше поради конфликтот и недостатокот на економска можност за мажите“; Стејт Департментот на САД, Извештај за земјата за практиките за човекови права за 2019 година: Сирија, 11 март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2026345.html. Види, исто така, Дел III.А.9.в.

[870] Види Дел III.А.9.г.

[871] „Сириските владини сили, прорежимските милиции и вооружените недржавни актери (...) регрутираат и користат момчиња и девојчиња како деца војници. Џабхат ал Нусра и ИСИС, исто така, користеа деца како жив штит, бомбаши самоубијци, снајперисти и џелати. Исто така, милитантите ги користат децата за принудна работа и како информатори, изложувајќи ги на одмазда и екстремни казни. Некои вооружени групи кои се борат за сириската влада, како Хезболах и прорежимски милиции познати како Национални одбранбени сили (НДФ), или „шабиха“, присилно регрутираат деца на возраст од шест години“; Стејт департментот на САД, Извештај за за трговијата со луѓе за 2020: Сирија, 25 јуни 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2036219.html. „Децата, најчесто момчињата, но и понекогаш девојчињата, се користат во непријателства од страните во конфликтот за борбени улоги, за да дејствуваат како шпиони, информатори или да служат на контролни пунктови, што претставува кршење на меѓународното хуманитарно право“;Советот за човекови права на ОН, Правата на децата во Сириската Арапска Република, 13 јануари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2023152.html, став 31. Види, исто така, Сејв д чилдрен, Психосоцијална безбедност: Патишта за психосоцијална безбедност за сириските раселени деца и адолесценти (Save the Children, Psychosocial Safety: Pathways to Psychosocial Safety for Syria's Displaced Children and Adolescents), 25 јуни 2020 година, https://bit.ly/3dJHpCi, стр. 17; УНИЦЕФ, Скоро 5 милиони деца се родени во војната во Сирија а 1 милион се родени како бегалци во соседните земји (UNICEF, Almost 5 Million Children Born into War in Syria, 1 Million Born as Refugees in Neighbouring Countries), 15 март 2020 година, https://uni.cf/3hakKls. За регрутирање на деца од страна на различни актери, види Дел II.Д.

[872] „Сиријците кои и понатаму се раселени во земјата и оние кои живеат како бегалци во соседните земји се исклучително ранливи на трговците со луѓе. Наводно, сириските деца се подложени на принудни рани бракови, вклучително со припадници на терористички групи како што е ИСИС - што може да доведе до комерцијална сексуална експлоатација и принудна работа - а децата раселени низ земјата продолжуваат да бидат подложени на принудна работа, особено преку организирани мрежи за питачење“;Стејт департментот на САД, Извештај за за трговијата со луѓе за 2020: Сирија, 25 јуни 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2036219.html. „Законот предвидува заштита на децата од експлоатација на работното место и ги забранува најлошите форми на детски труд. (...) Режимот генерално не направи значителни напори за да ги спроведе законите што го спречуваат или елиминираат детскиот труд. (...) Детскиот труд се случи во земјата во двата неформални сектори, како што се питачење, домашна работа и земјоделство, како и на позиции поврзани со конфликтот, како што се чувари, шпиони и информатори“; Стејт Департментот на САД, Извештај за земјата за практиките за човекови права за 2019 година: Сирија, 11 март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2026345.html. „Децата може да бидат изложени на ризик да бидат принудени да работат, а момчињата се особено изложени на тешка работа и злоупотреба, додека девојчињата се изложени на екстремен ризик од сексуална експлоатација и вербално и сексуално вознемирување кога се принудени да работат или да питачат“; УНФПА, Преглед на родово-базираното насилство во Сирија: Кус преглед (UNFPA, Overview of Gender-Based Violence in Syria: Advocacy Brief), ноември 2019 година, https://bit.ly/2LGgTyu, стр. 3. Види, исто така, СОЧП, Децата и жените кои питачат во СЗ Сирија: очај, експлоатација, занемареност (SOHR, Child and Women Begging in NW Syria: Destitution, Exploitation and Lack of Oversight), 10 февруари 2021 година, https://bit.ly/3aDAxI5; Советот за човекови права на ОН, Извештај на независната меѓународна анкетна комисија, 15 август 2019 година, www.ecoi.net/en/document/2016403.html, став 75. АГПС исто така извести за експлоатација на палестински деца и млади преку нелегални мрежи за трговија со дрога во кампот Неираб во гуверноратот Алепо; АГПС, жителите на кампот АлНеираб заробени помеѓу чеканот и наковалната (AGPS, AlNeirab Camp Residents Caught Between the Hammer and Barrel), 17 јануари 2021 година, http://bit.ly/3pTapxs.

[873] И покрај законите против детскиот труд, голем број деца се принудени да работат за да можат да ги задоволат

дека внатрешно раселените деца,[874] децата од социо-економски маргинализираните средини,[875] децата без документи, децата со попреченост, како и децата сирачиња, напуштените деца и разделените деца[876] се особено ранливи на различните облици на експлоатација, вклучително и

своите основните потреби и оние на нивните семејства. Случаи на детски труд се пријавени во 84% од оценетите заедници во сите 14 гувернорати; OCHA, 2020 HNO, јули 2020 година, стр. 20. „Влијанието на девалвацијата на сириската фунта ја влошува веќе ужасната хуманитарна ситуација за децата во северозападна Сирија. Ова резултира со нагло зголемување на детскиот труд, вклучително и на неговите најлоши форми. Извештаите од теренот потврдуваат зголемување на бројот на деца на улица до многу доцна во ноќта кои питачат или се надеваат на обична работа“; ОЦХА, Скорешните случувања во севернозападна Сирија: Извештај за состојбата бр. 17 (OCHA, Recent Developments in Northwest Syria: Situation Report No. 17), 13 јули 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2033561.html, стр. 12. „Момчињата беа принудени да ја преземат улогата на главниот хранител во семејството, особено во домаќинствата предводени од жени. Додека вооружените групи создадоа финансиски стимулации за момчињата да се приклучат на нивните редови, други се занимаваа со ситни работи за да обезбедат приход за нивните семејства, како што се продажба на кикирики или работа во механичарски сервиси. (...) децата се користат за други форми на работа што се многу штетни за нивниот развој, вклучително и момчињата кои се користат како шверцери, како работници на градилишта или како вратари. Бездомните деца, исто така, редовно биле принудувани да питачат“; Советот за човекови права на ОН, Правата на децата во Сириската Арапска Република, 13 јануари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2023152.html, став 75. Види, исто така, ГнА, Занемареноста го поттикнува детскиот труд во Сирија (VOA, Neglect Drives Child Labor in Syria), 24 февруари 2021 година, http://bit.ly/3svbXzx; СОЧП, Децата и жените кои питачат во СЗ Сирија: очај, експлоатација, занемареност (SOHR, Child and Women Begging in NW Syria: Destitution, Exploitation and Lack of Oversight), 10 февруари 2021 година, https://bit.ly/3aDAxI5; Норт Прес Еџенси, Раселените деца го напуштаат школувањето во сирискиот Алепо а тоа резултира со неписмена генерација (North Press Agency, Displaced Children Dropped Out of School in Syria's Aleppo Result in Illiterate Generation), 21 септември 2020 година, https://bit.ly/3juJ6Gy; "Енаб Балади", Семејствата од северна Сирија ги ризикуваат своите животи со претурање низ ѓубришта за да заработат за храна (Enab Baladi, Families of Northern Syria Risk Their Lives by Scavenging on Rubbish Dumps to Earn a Living), 24 август 2020 година, https://bit.ly/3gGE8oS; СОЧП, Идлиб: Земјоделците претприемачи по селата ја користат сиромаштијата испраќајќи деца на работа во близина на фронтот со режимските сили (SOHR, Idlib: Agricultural Entrepreneurs in Countryside Take Advantage of Poverty, Sending Children to Work near Frontlines with Regime Forces), 20 јули 2020 година, https://bit.ly/2OHEeRB; "Енаб Балади", Детскиот труд на уличните пазари во ал-Ракам северна Сирија (Enab Baladi, Child Labor in al-Raqqa Street Markets in Northern Syria), 5 јуни 2020 година, https://bit.ly/2ZgnwNN; Ал-Монитор, многумина во северна Сирија живеат претурајќи низ ѓубре (Al-Monitor, Many in Northern Syria Live Off Rubbish Dumps), 1 април 2020 година, https://bit.ly/3887uJR; MEE, Сириjските деца од Идлиб работат за си ги прехранат семејствата откако бомбите им го прекинале школувањето(MEE, Syrian Children in Idlib Work to Feed Families after Bombs End Their Schooling), 28 март 2020 година, https://bit.ly/3gdfDQh; Ал-Монитор, Детскиот труд на сиријчињата ги одржува семејствата растурени од војната (AlMonitor, Syrian Children Labor to Support Families Torn Apart by War), 2 февруари 2020 година, https://bit.ly/3g0DpP6.

[874] „За децата, раселувањето честопати значи дека децата на училишна возраст не посетуваат училиште и ризикот од други грижи за заштита - на пример, ран и принуден брак - се зголемува“; ВВВИ, Родова анализа на северозападна Сирија, 5 мај 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2026268.html, стр. 8. „Раселените луѓе се особено ранливи на трудова експлоатација и трговија со луѓе (...)“; Фридом Хаус, Слободата во светот 2020: Сирија, март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2030806.html. „Адолесцентните девојчиња [во камповите за раселување] беа несразмерно погодени од сексуално и родово базирано насилство, детски бракови и експлоатација“; Советот за човекови права на ОН, Правата на децата во Сириската Арапска Република, 13 јануари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2023152.html, став 70.

[875] „Четири од пет луѓе во Сирија живеат под прагот на сиромаштија, што доведе до регрутација во борби, детски труд и детски бракови“; ХРВ, Децата на Сирија: Млади животи оштетени од војната (HRW, The Children of Syria: Young Lives Damaged by War), 13 март 2020 година, https://bit.ly/36rRSk1. Види, исто така, Скорешните случувања во северозападна Сирија: Извештај за состојбата бр. 16 (OCHA, Recent Developments in Northwest Syria: Situation Report No. 16), 26 јуни 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2032419.html, стр. 12.

[876] Според извештаите, случаите на напуштање на новороденчињата значително се зголемија за време на конфликтот; меѓутоа, нема достапна официјална статистика. Сиромаштијата е една од причините што придонесува за зголемените броеви, особено во камповите за раселување во северозападна Сирија. Други случаи на напуштање, наводно, се однесуваат на деца родени вонбрачно, вклучително и како резултат од силување или (принуден и/или детски) брак со странски борец. STJ објави дека напуштените „деца немаат гаранции против детскиот труд, вклучително и регрутирање и употреба на деца војници.“ Понатаму, беше објавено дека на напуштените деца во Идлиб не им било дозволено да се запишат на училиште, туку да присуствуваат само како „слушатели“, што ги остава без официјални училишни записи. Понатаму, според STJ, ХТШ посебно повика за регрутирање на напуштени деца; STJ, „Не знам дали да и ја кажам вистинската приказна“/ (STJ, "I Don't Know if I'll Tell Her the True Story or Not"), 22 јули 2019 година, https://bit.ly/2NI5PSc. Види, исто така, СОЧП, Скоро 70 случаи документирани од СОЧП до почетоктот на 2020 година: Алармeнтен пораст ма бројот на бебиња од непознати родители во северна Сирија (SOHR, Nearly 70 Cases Documented by SOHR since Early 2020: An Alarming Rise in the Number of Babies of Unknown Parentage in North Syria), 21 февруари 2021 година, http://bit.ly/37MHJA9; СОЧП, Напуштени деца: Жителите нашле бебе оставено во џамија во градот Ариха/ (SOHR, Abandoned Children: Residents

регрутација на малолетници, детски брак, присилен и/или детски брак, сексуална експлоатација и трговија со луѓе.[877]

Во подрачјата каде што страните во судирот систематска ги напаѓаат училиштата со воздушни напади или бомбардирање, децата редовно се лишуваат од нивното право на пбразование, бидејќи училиштата се затворени, оштетени или уништени, или поради тоа што родителите стравуваат за безбедноста на своето дете.[878] Во подрачјата под *de facto* контрола на ХТШ и другите тврдокорни или екстремистички и исламистички групи, се известува дека на девојчињата им се забранува да одат на училиште доколку се го почитуваат кодексот на облекување што го наметнува оваа група.[879] Други наводни причини поради кои на децата им се ускратува пристапот до образование се и немањето матични документи; потребата да работат и да го издржуваат своето семејство; присилното регрутирање (најчесто на момчињата); ограничувањето на движењето поради стравот на родителите

Found Baby Left in front of a Mosque in Ariha City), 21 февруари 2021 година, https://bit.ly/2NJbZVe; СОЧП, Напуштени деца: Феномен кој му се заканува на сириjското општество (SOHR, Abandoned Children: A Phenomenon that Threatens Syrian Society, 13 ноември 2020 година, https://bit.ly/3o5sfwE; Syria Direct, In Idlib, Children Are Cast into the Unknown), 20 февруари 2020 година, https://bit.ly/3ipMPpE.

[877] „Девојчињата и момчињата (...) подлежат на експлоатација преку детски труд или детски бракови, често како резултат на смртта или исчезнувањето на машките родителски фигури.“ И понатаму: „Поради однапред воспоставените родови норми, од момчињата се очекува да ја преземат улогата на хранител во семејството, особено во домаќинствата предводени од жени, по апсењето, притворањето или исчезнувањето на машките родителски фигури.“ И понатаму: „Адолесцентните девојчиња [во камповите за раселување] беа несразмерно погодени од сексуално и родово базирано насилство, детски бракови и експлоатација“;Советот за човекови права на ОН, Правата на децата во Сириската Арапска Република, 13 јануари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2023152.html, стр. 2, став 39. „Беше откриено дека момчињата работат во градежништво, фабрики, продаваат гориво, столарија, автомеханичари и ковачи. (...) Честопати во овие различни места на вработување кои користат детски труд, децата се изложени на ризик и можат да доживеат сексуално вознемирување, експлоатација и насилство“; УНФПА, Гласовите на Сирија 2019: Оценка на наодите за прегледот на хуманитарните потреби (UNFPA, Voices from Syria 2019: Assessment Findings of the Humanitarian Needs Overview), 10 март 2019 година, www.ecoi.net/en/document/2009369.html, стр. 45-46. Види, исто така, Стејт Департментот на САД, Извештај за земјата за практиките за човекови права за 2019 година: Сирија, 11 март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2026345.html; Ал-Монитор, многумина во северна Сирија живеат претурајќи низ ѓубришта (Al-Monitor, Many in Northern Syria Live Off Rubbish Dumps), 1 април 2020 година, https://bit.ly/3887uJR; Ал-Монитор, Детскиот труд на сиријчињата ги одржува семејствата растурени од војната (Al-Monitor, Syrian Children Labor to Support Families Torn Apart by War), 2 февруари 2020 година, https://bit.ly/3g0DpP6; Советот за човекови права на ОН, Извештај на независната меѓународна анкетна комисија, 28 јануари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2025856.html, став 95.

[878] „Правото на образование на децата е одбиено од сите страни во конфликтот. (...) Голем број училишта беа место на протести и потоа беа таргетираа од страна на владините сили. Ова резултираше со постепено затворање на училиштата низ целата земја поради стравувањата од воен напад. (...) Комисијата доби веродостојна информација дека околу 70 училишта во демилитаризираната зона во Идлиб се уништени или оштетени од конфликтот, лишувајќи над 200,000 ученици од формално образование. (...) Вооружените групи и терористичките организации ги нападнаа училиштата неселективно и често ги користеа за воени цели, вклучително и како складишта, касарни или места за лансирање, дополнително загрозувајќи ги животите на децата со промена на заштитените статуси на институциите и попречувајќи го пристапот на децата до образование“; Советот за човекови права на ОН, Правата на децата во Сириската Арапска Република, 13 јануари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2023152.html, став 42, 43, 44, 47. Види, исто така, СНХР, Деветти годишни извештај за злоупотреба на децата, 20 ноември 2020 година, https://bit.ly/3agi2tv, стр. 15; Советот за човекови права на ОН, Извештај на независната меѓународна анкетна комисија, 28 јануари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2025856.html, став 94; и Дел II.Д.

[879] „Во подрачјата под контрола на терористите на Хајат Тахрир Ал-Шам, многу девојчиња беа спречени да посетуваат училиште (...)“; Советот за човекови права на ОН, Извештај на независната меѓународна анкетна комисија, 21 јануари 2021 година, www.ecoi.net/en/document/2045772.html, став 59. „Во гувернoратот Идлиб, членовите на ХТШ издадоа уредби во училиштата во кои се нагласува дека на ученичките кои не го почитуваат кодексот на облекување ќе им биде забрането да посетуваат настава“; Советот за човекови права на ОН, Правата на децата во Сириската Арапска Република, 13 јануари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2023152.html, став 49. „ИСИС и ХТШ, наводно, го наметнаа своето толкување на шеријатот во училиштата и дискриминираа против девојчиња на териториите што ги контролираа“; Стејт Департментот на САД, Извештај за земјата за практиките за човекови права за 2019 година: Сирија, 11 март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2026345.html. Види, исто така, СТЈ, ХТС не ги поштеди жените во притовор од физичка злоупотреба (STJ, HTS Did not Spare Women Detention or Physical Abuse), 7 април 2020 година, https://bit.ly/3eZzK4k; ИЦГ, Најдобората од лошите опции за сирискиот Идлиб (ICG, The Best of Bad Options for Syria’s Idlib), 14 март 2019 година, www.ecoi.net/en/document/2006019.html, стр. 10. Види, исто така, Дел III.А.8.д.

од киднапирање и сексуалното насилство (најчесто врз девојчињата);[880] како и присилните и детски бракови (најчесто кај девојчињата).[881]

Се извесува дека владата не ги признава училишните дипломи издадени од недржавните органи во подрачја кои претходно не била под контрола на владата.[882] Студентите од подрачјата што не се под контрола на владата, а кои ќе посакаат да патуваат во подрачјата под владина контрола за да ги полагаат државните испити, според известувањата, се во ризик од вознемирување и заплашување и од разоткривање на имињата на членовите на своето семејство пред надлежните органи.[883] На другите, пак, антивладините вооружени групи, вклучително и ХТШ, им забранува да патуваат во подрачјата под владина контрола за да ги полагаат државните испити.[884]

---

880 „На девојчињата особено може да им се забрани образованието поради грижата на родителите за нивната безбедност или поради раниот/принуден брак, а второспоменатото е неопходно за зачувување на семејната чест и угледот. Ризиците од сексуалното насилство и сексуално вознемирување честопати се главните причини зошто родителите на девојчињата ги отпишуваат или вадат од училиште.“ И понатаму: „Родителите можеби нема да дозволат девојчињата да одат на училиште од страв од киднапирање или сексуално вознемирување на патот таму и назад“; УНФПА, Гласовите на Сирија 2019: Преглед на наодите од проценката на хуманитарните потреби, 10 март 2019 година, www.ecoi.net/en/document/2009369.html, стр. 35, 43. Види, исто така, УНХЦР, Критична потреба за сириските жители во Рукбан, решенија кои се итно потребни (UNHCR, Critical Needs for Syrian Civilians in Rukban, Solutions Urgently Needed), 15 февруари 2019 година, https://bit.ly/3g5IXHG.

881 „Откако се омажиле, девојчињата честопати се принудени да го напуштат училиштето и да се соочат со дополнителни ограничувања на слободата и движењето“; Protection УНФПА, Гласовите на Сирија 2019: Преглед на наодите од проценката на хуманитарните потреби, 10 март 2019 година, www.ecoi.net/en/document/2009369.html, стр. 30. Види, исто така, Дел III.А.9.б.

882 „Извештаите покажуваат дека владините власти го прифатиле присуството на помали деца, меѓутоа, тие наводно одбиваат да ги признаат училишните сертификати издадени од страна на вооружените групи на учениците од деветто одделение и погоре. Ова принудува илјадници ученици да повторуваат предмети и повторно да полагаат испити за да се запишат во државните училишта“; Советот за човекови права на ОН, Правата на децата во Сириската Арапска Република, 13 јануари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2023152.html, став 46.

883 „Според извештаите, во најмалку два одделни инциденти, членовите на недржавната вооружена група на десетици студенти им забранија безбеден превоз преку контролните пунктови во гуверноратите Идлеб и Алепо додека патуваа кон испитните центри. Други извештаи укажуваат дека на други места, вклучително и во гуверноратот Ар Рака, студентите биле подложени на малтретирање и заплашување“; ОЦХА, Заедничка изјава за безбеден пристап за студентите кои полагаат завршни испити/ (OCHA, Joint Statement on Safe Access for Students to Sit Final Examinations), 19 јуни 2020 година, https://bit.ly/3eMMfQv. Види, исто така, “Енаб Балади“, Контроверзите во Идлиб за завршните испити на вишите и средните училишни дипломи во Хама (Enab Baladi, Controversy in Idlib about Sitting Exams of High and Middle School Diplomas in Hama), 30 јуни 2020 година, https://bit.ly/2BpZtnF. „Само училиштата поврзани со владата издаваат широко признати сертификати, а раселените деца во подрачјата под контрола на опозицијата кои бараат пристап до испити во училиштата што ги држи владата, се соочуваат со ризици, вклучувајќи изложување на имињата на нивните семејства пред владините власти, закани за физичка безбедност на контролните пунктови и несигурноста на подрачјата помеѓу зони на контрола“; УНЕСКО, Глобален извештај за мониторинг на образованието 2019: Арабските држави: миграција, раселување и образование (UNESCO, Global Education Monitoring Report, 2019: Arab States; Migration, Displacement and Education), 26 ноември 2019 година, https://bit.ly/3ieRdYr, стр. 6. Слично на тоа, девојчињата од Источна Гута можеби нема да можат да полагаат национални испити во Дамаск бидејќи нивните родители се плашат од малтретирање на владините контролни пунктови; МЕИ/Етана, Очај и распад: Источна Гута по 18 месеци од обновеното владеење на режимот (MEI/Etana, Despair and Decay: East Ghouta after 18 Months of Renewed Regime Rule), ноември 2019 година, https://bit.ly/306HdJO, стр. 11.

884 „На 17 јуни 2020 година, Хајат Тахрир ал-Шам (ХТШ) донесе одлука со која се спречуваат машките и женските студенти да го напуштат Идлиб во подрачјата под власт на режимот во Хама за да ги полагаат завршните испити, закажани на 21 јуни 2020 година. Таа одлука влијаеше на повеќе од 200 студенти (...). Наводно, кога студентите се обиделе да го напуштат Идлиб за да ги полагаат испитите во селото Ал Тренбах во близина на градот Саракиб, припадниците на ХТШ почнале да пукаат во воздух и да ги тепаат со раце и стапови. Понатаму, двајца студенти потврдија дека биле задржани со часови од страна на ХТШ, при што биле тепани со стапови и пластични црева, а главите им биле избричени на понижувачки начин, додека други рекоа дека им биле одземени испитните картички за изразување незадоволство со одлуката на ХТШ.“ Понатаму, „Дирекцијата за образование на сириската привремена влада (...) исто така, спречи над 1,000 студенти од основно и средно училиште да пристапат до подрачјата под контрола на режимот за да ги полагаат своите завршни испити преку контролните пунктови на Сириската национална армија (СНА), поддржани од Турција, во северниот и западниот дел на рурален Алепо, што доведе некои студенти да одат по тајни и кружни патишта за да стигнат до владините подрачја. Во истата насока, Дирекцијата за образование на сириската привремена влада во Алепо донесе други произволни одлуки и во јули 2020 година издаде циркулар со кој се бара отпуштање на машки и женски работници кои ги испратија своите синови да ги полагаат испитите во подрачјата под контрола на режимот во 2020 година“; СТЈ, Негирањето на образованието ја краде иднината на илјадници ученици (STJ, Denial of Education Robs Hundreds of Students’ Future),

УНХЦР смета дека децата кои спаѓаат во овие категории **веројатно имаат потреба од меѓународна заштита на бегалците** врз основа на нивниот основан страв од прогонување од страна на државните и недржавните актери поради нивната припадност на одредена општествена група (вклучително и на конкретната социјална група „деца од Сирија“), нивното верско убедување, и/или нивното политичко уверување или претпоставеното политичко уверување, зависно од личните околности во случајот:

а) Преживеаните и тие што се во ризик од сексуално насилство, присилен и/или детски брак, семејно насилство или кривично дело „од чест“;

б) Преживеаните и тие што се во ризик од регрутација на малолетници;[885] трговија со луѓе; и други најтешки облици на детски труд.[886]

УНХЦР смекта дека зависно од личните околности во случајот, децата кои спаѓаат во некоја од следниве категории **може да имаат потреба од меѓународна заштита на бегалците** врз основа на нивниот основан страв од прогонување од страна на државните и недржавните актери поради нивната припадност на одредена општествена група или други меродавни основи од Конвенцијата:

а) Деца ангажирани за работа која веројатно им штети на здравјето, безбедноста или моралот (*„опасна работа“*), зависно од искуството на конкретното дете, неговата возраст и другите околности;[887]

б) Деца на училишна возраст на кои систематски им се ускратува пристапот до образование, вклучително и како последица на насочени напади врз училиштата, немањето матични документи, попреченоста, или дискриминирачки практики со кои им се попречува пристапот до образование на девојчињата поради нивниот род;

в) Деца на кои им се ускратува или се во ризик да им се ускрати пристапот до запишување на нивното раѓање и до другите матични документи, и за кои правните лекови се или недостапни или неделотворни.

Што се однесува до потребите од меѓународната заштита на децата во ризик од апсење, грабнување, измачување или вонсудско погубување поради нивната вистинска или претпоставена припадност на некоја од страните во судирот, видете ги Деловите III.A.1, 3, 4 и 5.

Барањата за меѓународна заштита доставени од деца треба да се оценуваат многу претпазливо и во согласност со Упатството за барања за азил од деца на УНХЦР, вклучително и со потребните разгледувања на можните основи за исклучување на поранешните деца војници.[888]

## *11) Лица со поинакви сексуални ориентации и/или родови идентитети (СОРИ)*

Со член 520 од Кривичниот законик од 1949 година се забранува истополовиот сексуален однос, дури

19 ноември 2020 година, https://bit.ly/3dM8Ejg, стр. 3. „(...) во најмалку два одделни случаи, членовите на недржавната вооружена група на десетици студенти им забранија безбеден превоз преку контролните пунктови во гувернoратите Идлеб и Алепо додека патуваа кон испитните центри. Други извештаи укажуваат дека на други места, вклучително и во гувернoратот Ар Рака, студентите биле подложени на малтретирање и заплашување“; ОЦХА/УН РЦ/ХЦ Сирија, Постојаниот координатор на Обединетите Нации и коориднатор на хуманитарната помош за Сирија, Имран Риза и регионалниот хуманитарен координатор за сисриската кризаКевин Кенеди – заендичка изјава за безбеден пристап за студентите кои полагаат завршни испити (OCHA/UN RC/HC Syria, United Nations Resident Coordinator and Humanitarian Coordinator in Syria, Imran Riza, and Regional Humanitarian Coordinator for the Syria Crisis, Kevin Kennedy – Joint Statement on Safe Access for Students to Sit Final Examinations), 18 јуни 2020 година, http://bit.ly/3q3Wk0a.

[885] „Согласноста на детето да се зачлени, со што доброволно се приклучува на воените редови, не е валидно оправдување за употребата и регрутирањето деца во вооружен конфликт“;Советот за човекови права на ОН, Правата на децата во Сириската Арапска Република, 13 јануари 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2023152.html, став 31 (во врска со: Обвинителството против Алекс Тамба Брима, Брима Бази Камара и Сантиџи Борбор Кану (обвинет АФРЦ) (The Prosecutor vs. Alex Tamba Brima, Brima Bazzy Kamara and Santigie Borbor Kanu (the AFRC Accused)), SCSL-04-16-T, Special Court for Sierra Leone, 20 јуни 2007 година, http://www.refworld.org/cases,SCSL,467fba742.html).

[886] За понатамошни упатства, види УНХЦР, Упатства за меѓународна заштита бр. 8: Барања за азил за деца согласно член 1(А)2 и 1 (ѓ) од Конвенцијата од 1951 година и/или Протоколот од 1967 година за статусот на бегалците, 22 декември 2009 година, HCR/GIP/09/08, www.refworld.org/docid/4b2f4f6d2.html, став 29.

[887] *Ibid*, став 30.

[888] *Ibid.*

и меѓу согласни возрасни лица, дефинирајќи го како *„сексуален однос спротивен на природата“,* и како кривична санкција за тоа се предвидува казна затвор до три години.[889] Иако во последните години не се забележани случаи на кривично гонење според член 520,[890] полицијата наводно ги апси лицата со поинакви сексуални ориентации и/или родови идентитети (СОРИ) врз основа на произволно и дискриминирачко толкување на кривичните дела, како што е извршување дела спротивни на јавната пристојност, или продавање, купување или уживање на нелегални дроги.[891]

[889] „Секој сексуален однос спротивен на природата се казнува со казна затвор до три години“; Неофицијален превод на член 520 од Кривичниот законик од 1949 година. The Penal Code (Law 148/1949,) како што е изменет, е достапен само на арапски јазик на: ВВИПО, Сириската Арапска Република, Закон бр. 148/1949 за Сирискиот казнен законик, http://bit.ly/2rj5PvT. Види, исто така, Фридом Хаус, Слободата во светот 2020: Сирија, март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2030806.html; Стејт Департментот на САД, Извештај за земјата за практиките за човекови права за 2019 година: Сирија, 11 март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2026345.html; УНХЦР, Сириските љубовници-бегалци, ризикуваат смрт, бегаат заради љубените (UNHCR, Syrian Refugee Lovers, Risking Death, Flee for the Sake of Each Other), 17 мај 2019 година, https://bit.ly/33Yk5xj; Советот за човекови права на ОН, „Го загубив своето достоинство“, 8 март 2018 година, www.ecoi.net/en/document/1433339.html, став 118. Член 520 е применлив и за мажи и за жени; Хјуман дигнити траст, Сирија (Human Dignity Trust, Syria), пристапено на 28 февруари 2021 година, http://bit.ly/3aPpWKq. „Сирискиот закон ја зајакнува дискриминацијата и насилството врз ЛГБТ луѓето“; ХРВ, Сексуално насилство против мажите, момчињата и трансџендер жените во сирискиот конфликт (HRW, Sexual Violence Against Men, Boys and Transgender Women in the Syrian Conflict), јули 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2035116.html), стр. 24.

[890] „Нема извештаи за гонење според законот во текот на годината (...)“;Стејт Департментот на САД, Извештај за земјата за практиките за човекови права за 2019 година: Сирија, 11 март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2026345.html. Види, исто така, GlobalGayz, Syria, пристапено на 28 февруари 2021 година, https://bit.ly/39xjAeA. Вреди да се напомене дека член 520 не е дел од уредбите за амнестија издадени во изминатите години, вклучително и Законодавната уредба бр. 6 од 22 септември 2020 година и Законодавната уредба бр. 20 од 15 септември 2019 година; види фуснота 251.

[891] „Член 517 го криминализира секое „дело против јавната пристојност“, што е дело извршено на јавен или отворен простор каде што евентуално, намерно или случајно, може да се види делото. Тоа се казнува со казна затвор од три месеци до три години“; Меѓународна асоцијација на лезбејки, геј, бисексуалци, транс и интерсекс (ИЛГА) државно спонзорирана хомофобија 2020 (International Lesbian, Gay, Bisexual, Trans and Intersex Association (ILGA), State-Sponsored Homophobia: 2020), 15 декември 2020 година, https://bit.ly/3dMcXes, стр. 137. „Член [520 од Кривичниот законик] ретко се применува; наместо тоа, ЛГБТ лицата се гонат под други ситни обвиненија, како што е нарушување на јавниот ред и мир“; Сирија Директ, Дома и во странство, ЛГБТ Сирijците се борат нивниот глас да биде слушнат (Syria Direct, At Home and Abroad, LGBT Syrians Fight to Have Their Voices Heard), 11 октомври 2020 година, https://bit.ly/3nk3DAe. „Член 517 од Законикот ги казнува злосторствата „против јавната пристојност“ што се извршуваат во јавност со казна затвор од три месеци до три години. Изразите како што се „непристојност“, „неморални дејствија“ и „дејствија против јавната пристојност“ може произволно да се толкуваат со цел гонење на ЛГБТ луѓето за консензуално сексуално однесување меѓу возрасни лица. Затоа, иако член 517 не споменува конкретно хомосексуално однесување, тој може да се користи за затворање на ЛГБТ лица во Сирија. Хјуман фајтс воч немаа докази дека овие членови на сирискиот Кривичен законик биле користени за гонење на истополови сексуални активности“; ХРВ, Сексуално насилство против мажите, момчињата и трансџендер жените во сирискиот конфликт (HRW, Sexual Violence Against Men, Boys and Transgender Women in the Syrian Conflict), јули 2020, www.ecoi.net/en/document/2035116.html, стр. 24. “Извештаите на невладините организации кажуваат дека режимот има уапсено десетици ЛГБТИ лица од 2011 за обвиненија како што се рушење на социјалните вредности; продажба, купување или консумирање нелегални дроги и за организација и промоција на „неморални“ забави“; Стејт Департментот на САД, Извештај за земјата за практиките за човекови права за 2019 година: Сирија, 11 март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2026345.html. Според Фади Салех, истражувач на Институтот за културна антропологија и европска етнологија, Универзитетот во Гетинген, Германија, кој собрал сведоштва од лица со различна сексуална ориентација и/или родов идентитет [СОРИ] во/од Сирија, „Во различни моменти од 2016 година, имаше многу извештаи за апсења на лица со различна сексуалност и родови идентитети и изразувања во Сирија. […] Обвиненијата за „јавна непристојност“ и да се биде дел од „непристојни“ мрежи [се] дел од обвиненијата што се покренуваат конкретно кон транс жените и кон родово неусогласените лица. Имаше различни извештаи за случајни апсења на транс жени и мажи со ненормативни родови изрази, кои не мора да претставуваат „судски случај“, но кои стануваат неделна [редовно?] појава во нивните животи. Од 2018 година, има значителен пораст на сензационалните новинарски извештаи за разни рации спроведени во подрачја со клубови, барови и големо население на сексуални работници, вклучително и цис-жени, транс жени и хомосексуалци. Најновиот од овие извештаи беше објавен минатиот јули 2020 година, во кој наводно цис-жена сексуална работничка и нејзиниот „женствен“ пријател, кој исто така се занимавал со сексуална работа, наводно, биле уапсени во градот Дамаск.“ Г-дин Салех понатаму истакна дека е запознаен со „повеќе приказни за тоа колку хомосексуалци и транс жени сексуални работници се предмет на постојано полициско малтретирање, апсења, случајни рации и насилство извршено и од страна на клиентите, особено во подрачјата што се во предградието на главниот град“; Комуникација преку е-пошта со Фади Салех, 24 август, 10 септември и 14 декември 2020 година (е-пошта во досието на УНХЦР). Статијата од јули 2020 година на кој се повикува г-дин Салех беше објавена од Her Majesty

На трансродовите лица, начелно, не им е дозволено да се подведат на хируршки зафат за потврда на родот и/или законски да си ги сменат името и родовиот маркер во личните исправи така што да соодветствуваат на нивниот родов идентитет.[892]

Се известува дека дискриминацијата и вознемирувањето на лицата со поинакви СОРИ и лицата за кои се претпоставува дека имаат поинакви СОРИ,[893] како од државните така и од недржавните актери, датираат уште пред почетокот на судирот, но набљудувачите забележуваат дека нивната состојба се влошила како резултата на судирот.[894] Геј мажите и бисексуалните мажи, како и трансродовите жени, според известувањата, се во посебен ризик од физичко и сексуално насилство и од страна на државата

---

News на 4 јули 2020 година и е достапна (на арапски јазик) на: https://bit.ly/3jKzgB4.

[892] Комуникација преку е-пошта со Фади Салех, 24 август 2020 година и 10 септември 2020 година (е-пошта во досието на УНХЦР). Во февруари 2018 година, Судот за граѓански статус, наводно, дозволил интерсексуална личност да го смени и името и додели пол од женски во машки, наведувајќи го граѓанскиот регистар да ги промени граѓанските евиденции на поединецот за да одговара на неговиот родов идентитет; СИ24, Првата операција за промена на пол извршена во Сирија (SY24, First Gender Reassignment Surgery to Be Performed in Syria), 8 февруари 2018 година, https://bit.ly/2UxA4iE. Пријавено е дека поединецот се соочил со тешкотии на воените контролни пунктови поради родовата ознака на неговите лични документи, што не се совпаѓаат со неговиот родов идентитет; Д Њу Араб, Сирија им дозволува интерсекс лицата да регистрираат статус на нов род (The New Arab, Syria Allows Intersex Person to Register New Gender Status), 10 февруари 2018 година, https://bit.ly/2UTWJVy. Според Фади Салех, третманот од страна на државата кон интерсексуалните и трансродовите лица се разликува бидејќи дозволува операција за потврдување на полот и последователни промени во правниот идентитет на лицето, доколку државата смета дека тоа е потребно за физичкото здравје на засегнатиот поединец. Како такви, на трансродовите лица генерално не им е дозволено да прават операција за потврдување на полот и/или законски да го сменат своето име, бидејќи нивното барање се базира на самоидентификација, а не на строго медицински причини. Меѓутоа, не е невообичаено во Сирија операциите за промена на полот да се вршат на многу млади интерсексуални деца, чијшто назначен пол и име потоа се менуваат. Според мислењето на г-дин Салех, може да се издвои случајот во 2018 година што се однесува на интерсексуален поединец со оглед на тоа дека засегнатото лице било полнолетно лице кое само ги започнало законските измени; Комуникација преку е-пошта со Фади Салех, 24 август, 10 септември 2020 година и 14 декември (е-пошта во досието на УНХЦР).

[893] „Според испитаниците, хомосексуалците, бисексуалците и трансродовите жени се подложени на зголемено и засилено насилство врз основа на вистинска или претпоставена сексуална ориентација или родов идентитет“ (додаден акцент); ХРВ, Сексуално насилство против мажите, момчињата и трансџендер жените во сирискиот конфликт/ (HRW, Sexual Violence Against Men, Boys, and Transgender Women in the Syrian Conflict), јули 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2035116.html, стр. 1-2.

[894] „Од 2011 година, ЛГБТИК Сирijците се особено ранливи на насилство, бидејќи владата, милициските групи и верските екстремистички групи се борат за моќ низ целата земја. Многу од овие ривалски групи, вклучително и ИСИС и Хајат Тахрир ал-Шам, ги таргетираа ЛГБТИК луѓето, подложувајќи ги на апсења, тепање, мачење и погубување“; Аутрајт Интернешенал, Сириската Арапска Република: Погледи (Outright International, Syrian Arab Republic: At a Glance), пристапено на 28 февруари 2021 година, https://bit.ly/3bG6q0w. „Сексуалните и родовите малцинства во Сирија претрпеа дискриминација и прогон засилени со хомофобијата спонзорирана од државата долго пред почетокот на војната“; ХРВ, Сексуално насилство против мажите, момчињата и трансџендер жените во сирискиот конфликт (HRW, Sexual Violence Against Men, Boys, and Transgender Women in the Syrian Conflict), јули 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2035116.html, стр. 24. „За време на конфликтот, ЛГБТИК+ заедницата не се соочи само со насилство од страна на различни вооружени бунтовнички групи, туку и од режимот и цивилите, но и од нивните семејства“; Лиса Бергстен, Насилстовото врз ЛГБТИQ+ лица во Сириската Арапска Република, Универзитет во Упсала (Lisa Bergsten, Violence Against LGBTIQ+ Individuals in the Syrian Arab Republic, University of Uppsala), 11 јануари 2019 година, https://bit.ly/2UPWgVo, стр. 15. „Испитаниците од АСП [All Survivors Project] зборуваа за кршење на човековите права врз ЛГБТ+ лица од страна на вооружени актери и истакнаа пошироки проблеми на малтретирање, дискриминација и насилство врз нив од страна на нивните семејства и заедници. Ова е во согласност со претходните истражувања, кои ја истакнаа зголемената ранливост на ЛГБТ+ лицата на сексуално насилство во Сирија како резултат на вооружениот конфликт. Сепак, конфликтот само го влоши постоечкиот проблем на дискриминација и прогон против ЛГБТ+ луѓето. (...) Истражувачите на ООН и организациите за човекови права документираа сериозни прекршувања на човековите права против ЛБГТ+ лица, кои се конкретно поврзани со конфликтот, вклучувајќи случаи на директни егзекуции, произволен притвор, тортура, силување и други форми на сексуално насилство, како и малтретирање, дискриминација и експлоатација на мажи и жени поради нивната сексуална ориентација и родов идентитет, како и од сириските владини безбедносни сили, така и од недржавните вооружени групи“; Универзитет во Калифорнија Лос Анѓелес/Проект Сите преживеани (АСП) „Уништени одвнатре“: Сексуално насилство против мажите и момчињата во Сирија и Турција (University of California Los Angeles / All Survivors Project (ASP), “Destroyed from Within”: Sexual Violence Against Men and Boys in Syria and Turkey), септември 2018 година, www.ecoi.net/de/dokument/1453362.html, стр. 21. Види, исто така, УНХЦР, „Го чуваме во срцето“: Сексуално насилство против мажите и момчињата во сириската криза (UNHCR, “We Keep It in Our Heart”: Sexual Violence Against Men and Boys in the Syria Crisis), октомври 2017 година, www.refworld.org/docid/5a128e814.html, стр. 28.

и од страна на недржавните актери,[895] вклучително и, особено, на контролните пунктови,[896] во притворите и затворите,[897] и во војската.[898] За лицата со поинакви сексуални ориентации се известува дека се во ризик од произволно апсење, измачување и убивање и од страна на владата и провладините сили,[899] но и од страна на антивладините вооружени групи, вклучително и ХТШ.[900]

---

[895] „(...) властите ја користеа сексуалната ориентација на поединците за да ги уценуваат, малтретираат и на крајот да ги злоупотребуваат членовите на ЛГБТ заедницата. Службениците за спроведување на законот (официјално) имаат нулта толеранција кон ЛГБТ заедницата"; GlobalGayz, Syria, пристапено на 28 февруари 2021 година, https://bit.ly/2UOfwkV. „И државните и недржавните актери продолжуваат да таргетираат мажи, момчиња, трансродови жени, хомосексуалци и бисексуалци и небинарни лица, подложувајќи ги на силување и други форми на сексуално насилство"; ХРВ, Светски извештај 2021/HRW, World Report 2021: Syria, 13 јануари 2021 година, www.ecoi.net/en/document/2043510.html. „Од почетокот на сирискиот конфликт во март 2011 година, мажите и момчињата и трансродовите жени беа подложени на силување и други форми на сексуално насилство од страна на сириската влада и недржавни вооружени групи, вклучително и екстремистичката вооружена група Исламска држава (позната и како ИСИС). Хетеросексуалните мажи и момчиња се подложени на сексуално насилство во Сирија, но мажите кои се хомосексуалци или бисексуалци - или се претпоставува дека се - и трансродови жени, се особено изложени на ризик. (...) Сексуалното насилство што е опишано вклучува силување, сексуално вознемирување, насилство врз гениталиите (тепање, струен удар и горење на гениталиите), закана за силување на нив или женски членови на нивните семејства и присилна голотија од страна на вооружени државни и недржавни групи"; ХРВ, Сексуално насилство против мажите, момчињата и трансџендер жените во сирискиот конфликт (HRW, Sexual Violence Against Men, Boys, and Transgender Women in the Syrian Conflict), јули 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2035116.html, стр. 1-2, и види, исто така, стр. 25.

[896] „Случаите што ги документираше Хјуман рајтс воч покажуваат дека иако мажите и момчињата се запрени на контролни пунктови без оглед на нивната сексуална ориентација и родов идентитет, хомосексуалците и бисексуалците и трансродовите лица честопати биле сексуално и вербално малтретирани и сексуално злоупотребувани врз основа на тоа дека изгледале „нежно". Некои од интервјуираните изјавија за Хјуман рајтс воч дека усвојувале самоцензура за да ја сокријат својата сексуална ориентација или родов идентитет, со цел да се заштитат на контролните пунктови или додека служат во војска"; ХРВ, Сексуално насилство против мажите, момчињата и трансџендер жените во сирискиот конфликт (HRW, Sexual Violence Against Men, Boys, and Transgender Women in the Syrian Conflict), јули 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2035116.html, стр. 27, види, исто така, стр. 38-39. Види, исто така, Ресееф22, Приказната за транс жените во време на војната во Сирија/ (Raseef22, The Story of a Trans Woman in Wartime Syria), 18 мај 2017 година, https://bit.ly/39SGeOP.

[897] „Мажите и момчињата (...) биле подложени на сексуален напад и силување во центри за притвор и контролни пунктови. Интервјуираните веруваат дека сторителите го зголемиле или засилиле насилството откако дознале дека се хомосексуалци, бисексуалци или трансродови лица." Повеќе од интервјуираните пријавиле дека биле силувани повеќе пати додека биле во притвор; ХРВ, Сексуално насилство против мажите, момчињата и трансџендер жените во сирискиот конфликт (HRW, Sexual Violence Against Men, Boys, and Transgender Women in the Syrian Conflict), јули 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2035116.html, стр. 32, види, исто така, стр. 33-37, 43. „Сексуалното насилство, главно во притвор, е примарна причина што ја наведоа лезбејките, хомосексуалците, бисексуалците, трансродовите и интерсексуалните цивили за бегство од Сириската Арапска Република"; УНСЦ, Извештај на генералниот секретаријат за сексулано насилство поврзани со конфликтот (UNSC, Report of the Secretary-General on Conflict-Related Sexual Violence), 23 март 2018 година, S/2018/250, www.refworld.org/docid/5b29148d7.html, став 76.

[898] „Доказите собрани од Хјуман рајтс воч покажуваат дека ГБТ поединците во војската биле специјално таргетирани врз основа на нивната сексуална ориентација и/или родов идентитет. Интервјуираните за Хјуман рајтс воч изјавија дека ГБТ мажите и момчињата кои служат во војска честопати се подложени на силување и други форми на сексуално насилство во воените затвори, или од други војници во армијата (…) Интервјуираните рекоа дека ова е општо познато и дека повеќето ГБТ луѓе ја напуштиле земјата поради стравот да се приклучат на армијата. Интервјуираните велат дека тие или нивните пријатели кои служеле војска биле одведени во затворот Тадмур и Палестинската управа [притворска установа управувана од Сириското воено разузнавање] затоа што биле ГБТ"; ХРВ, Сексуално насилство против мажите, момчињата и трансџендер жените во сирискиот конфликт, јули 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2035116.html, стр. 27, 37. Зејнеп Пенар Ердем, автор на извештајот на ХРВ, изјави за Ал Џезира: „Тие беа сметани за женствени од извршителите во центрите за притвор и во редовите на сириската армија и затоа беа подложени на зголемено насилство"; АЛ Џезеира, геј, мажи-бисексуалци и трансродови жени говорат за сексуалната злоупотреб во Сирија (Al Jazeera, Gay, Bisexual Men and Trans Women Speak of Sexual Abuse in Syria), 29 јули 2020 година, https://bit.ly/3bm6qni.

[899] „Локалните медиуми и невладини организации објавија случаи во кои режимските и прорежимските сили користеа обвинувања за хомосексуалност како изговор за приведување, апсење, мачење и убивање цивили. Тешко беше да се одреди фреквенцијата на такви случаи, бидејќи полицијата ретко ја пријави својата причина за апсења"; Стејт Департментот на САД, Извештај за земјата за практиките за човекови права за 2019 година: Сирија, 11 март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2026345.html.

[900] „Заедно со државните и продржавните милиции, бунтовничките организации во Сирија извршија широко насилство врз родовите и сексуалните малцинства. (...) Неколку Сиријци известуваат за сексуална експлоатација од страна на милитантите во замена нивниот родов идентитет или сексуална ориентација да бидат приватни";

Освен тоа, за лицата со поинакви СОРИ се известува дека се изложени на повеќе видови општествена дискриминација,[901] вклучително и во однос на пристапот до вработување, домување и основни услуги.[902] За нив, исто така, се известува и дека се во ризик од социјално исклучување, вознемирување,

---

Мередит Локен/Џејми Џ. Хаген, Насилството против родовите и сексуалните малцинства во текот на граѓанскиот конфликт, Универзитетот во Масачустетс (Meredith Loken / Jamie J. Hagen, Violence Against Gender and Sexual Minorities During Civil Conflict, University of Massachusetts), необјавена верзија, пристапено на 28 февруари 2021 година, стр. 21, 22. „Терористичкиот ХТШ редовно приведуваше, мачеше и убиваше ЛГБТИ лица на териториите што ги контролираа (...)"; Стејт Департментот на САД, Извештај за земјата за практиките за човекови права за 2019 година: Сирија, 11 март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2026345.html. „Личностите осомничени за полови односи со лица од ист пол се изложени на ризик од погубување во подрачја што ги држат екстремистички групи"; Фридом Хаус, Слободата во светот 2020: Сирија, март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2030806.html. „Во Сирија, локалната канцеларија на Ал-Каеда, како и другите исламски бунтовнички групи што се борат против ИСИС, исто така, убиле хомосексуалци, а некои морале да ја напуштат земјата заради сопствена безбедност"; АП, Исламот и хомосексуалност: Што вели Куранот?/AP, Islam and Homosexuality: What Does the Koran Say?, 17 мај 2018 година, http://bit.ly/2mOt1V3. „Во текот на сирискиот конфликт, Комисијата [Независна меѓународна анкетна комисија за Сирија] редовно примаше обвинувања за членови на екстремистички и терористички групи кои изрекуваа средновековни казни врз мажи обвинети за хомосексуалност. На почетокот на 2016 година, двајца мажи, обвинети за хомосексуалност, беа фрлени од третиот кат на зграда во Кан Шеикхун (Идлиб). Рацете им беа врзани за грб и милитантите на Џабхат ал-Нусра преку звучниците ги обвинија за хомосексуалност. Во септември 2016 година, милитантите на новонаречениот Џабхат Фатах ал-Шам, заедно со вооружени борци, погубија седум мажи во градот Растан (Хомс) преку „фузилад", кои ги обвинија дека се хомосексуалци. Неовластен суд, кој функционираше во име на сите вооружени групи во подрачјето, ги нареди егзекуциите";Советот за човекови права на ОН, „Го загубив своето достоинство", 8 март 2018 година, www.ecoi.net/en/document/1433339.html, став 65. Види, исто така, Советот за човекови права на ОН, Извештај на независната меѓународна анкетна комисија, 21 јануари 2021 година, www.ecoi.net/en/document/2045772.html, став 52, 53; Д Њу Араб, Хорор но не е изненудување што трансџендер бегалците стравуваат од смрт по депортацијата во Сирија (The New Arab, Horror but Little Shock as Transgender Refugee Feared Dead after Deportation to Syria), 23 август 2019 година, http://bit.ly/2n04EU9. Поединци со различна сексуална ориентација и оние кои се обвинети за учество во консензуални истополови дејствија, исто така, беа приведени, измачувани и погубени од страна на ИСИС во подрачја што претходно беа под нејзина контрола; ХРВ, Сексуално насилство против мажите, момчињата и трансџендер жените во сирискиот конфликт, јули 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2035116.html, стр. Советот за човекови права на ОН, „Го загубив своето достоинство", 8 март 2018 година, www.ecoi.net/en/document/1433339.html, став 72, 77, 128.

[901] „Сириските закони де факто ги криминализираат истополовите сексуални односи, додека социјалните, културните и верските ставови создаваат непријателска средина за поединци кои не се во согласност со прифатените родови норми";Универзитет во Калифорнија Лос Анѓелес/Проект Сите преживеани (АСП) „Уништени одвнатре": Сексуално насилство против мажите и момчињата во Сирија и Турција (University of California Los Angeles / All Survivors Project (ASP), "Destroyed from Within": Sexual Violence Against Men and Boys in Syria and Turkey), септември 2018 година, www.ecoi.net/de/dokument/1453362.html, стр. 21. Пријавено е дека членовите на сириското општество генерално ги сметаат лицата со различна сексуална ориентација како „ненормални". На пример, конзервативниот имам и член на шеријатскиот совет во Идлиб, Або Абдулрахман ал-Ансари, изјави за Ен-Би-Си Њуз дека не постојат хомосексуални муслимани и дека хомосексуалноста се казнува со смрт; НБЦ Њуз, ЛГБТQ сириските бегалци присилени да избираат помеѓи своите семејства и идентитетот (NBC News, LGBTQ Syrian Refugees Forced to Choose Between Their Families and Identity), 6 октомври 2019 година, https://nbcnews.to/2JpijvE. „ЛГБТИК идентитетите се стигматизирани во Сирија и честопати се нарекуваат „неисламски" и „неморални", што доведува до социјално отфрлање, дискриминација, малтретирање и насилство од страна на приватни лица и организирани групи";Аутрајт Интернешенал, Сириската Арапска Република: Погледи/ (Outright International, Syrian Arab Republic: At a Glance), пристапено на 28 февруари 2021 година, https://bit.ly/3bG6q0w. „Хомофобијата е исто така распространета од верски и социјални причини"; Ал-Модон, Контроверзи околу хомосексуалноста во сириската наставна програма (Al-Modon, Controversy Around Homosexuality in Syrian Curriculum), 6 декември 2018 година, https://bit.ly/2JwBHH2.

[902] „Активистите за човекови права објавија дека имало отворена општествена дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет во сите аспекти на општеството"; Стејт Департментот на САД, Извештај за земјата за практиките за човекови права за 2019 година: Сирија, 11 март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2026345.html. Сирија има оценка од 19 на скала што ја мери дискриминацијата на земјите кон лезбејките, хомосексуалците, бисексуалците, трансродовите и квир (ЛГБТК) луѓе (на скала од 0 [најдобри] до 26 [најлоши]); Челзи Ли и Роберт Л. Остергард Јр., Мерење на дискриминацијата против ЛГБТQ лицата, во Хјуман Рајтс Квортерли, Издание 39(1) (Chelsea Lee and Robert L. Ostergard Jr., Measuring Discrimination Against LGBTQ People: A Cross-National Analysis, in: Human Rights Quarterly Vol. 39(1)), февруари 2017 година, https://muse.jhu.edu/article/647800/pdf, стр. 59. Според Фади Салех, „додека некои ЛГБТИК луѓе се способни да го сокријат својот родов идентитет и сексуална ориентација и имаат поголем пристап до работни места и пари, многумина чии средства за егзистенција зависат од тоа да „бидат видени", претежно сексуалните работници, не можат да си дозволат да го сокријат својот родов идентитет или сексуалност и на тој начин се изложуваат не само на опасноста да бидат надвор во јавниот простор, туку и на наоѓање домување без да бидат експлоатирани во однос на тоа колку треба да платат во замена за „безбедно" домување, кое може да стане небезбедно во секој

смртни закани, заплашување, присилна терапија за преобраќање, како и физичко и сексуално насилство од страна на членовите на сопственото семејство.[903] Преживеаните опишуваат како, во некои случаи, членовите на семејството намерно го разоткриле нивниот идентитет кај владините сили или вооружените актери со цел *„да ги 'поправат' или убијат"*.[904] Повеќето лица со поинакви СОРИ се под притиск да ги држат во тајност својата сексуална ориентација или родов идентитет.[905]

Според некои извори, лицата со поинакви СОРИ се воздржуваат од пријавување на случаите на дискриминација, закани и насилство во полиција и кај другите државни органи од страв дека ќе претрпат дополнителна штета од страна на надлежните органи и другите, вклучително и со тоа што ќе се разоткрие нивната СОРИ, или што ќе се изложат на ризикот од произволно апсење, притворање, и потенцијално кривично гонење.[906] На сличен начин, за лицата со поинакви СОРИ коишто преживеале

---

момент, во зависност од дискрецијата на сопственикот"; Комуникација преку е-пошта со Фади Салех, 24 август, 10 септември и 14 декември 2020 година (е-пошта во досието на УНХЦР).

[903] „ЛГБТ луѓето честопати се сметаат за непристојни и за срам на нивните семејства, што доведува до отфрлање, а во некои случаи и смртни закани и мета на „убиства од чест". (...) хомосексуалци, бисексуалци и трансродови жени за Хјуман рајтс воч изјавија дека ЛГБТ лицата во Сирија се отфрлени, отстранети и подложени на насилство од страна на членовите на нивните семејства. Непријателството од страна на семејствата е составен фактор за ранливоста од насилство, вклучително и сексуално насилство. Хомосексуалците, бисексуалците и трансродовите жени интервјуирани од Хјуман рајтс воч опишаа дека биле ужасно тепани од нивните родители, затворени во нивните соби и избркани од нивните домови";ХРВ, Сексуално насилство против мажите, момчињата и трансџендер жените во сирискиот конфликт, јули 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2035116.html, стр. 24-25, 29. „Сирија Директ комуницираше со седум други ЛГБТ Сирijци кои живееја во провинциите Дамаск, Латакија, Сувеида и Хомс, и со исклучок на едно лице, сите доживеале некаква форма на физичка и вербална злоупотреба, јавно понижување или примија закани од нивните врсници"; Сирија Директ, Дома и во странство, ЛГБТ Сиријците се борат нивниот глас да биде слушнати (Syria Direct, At Home and Abroad, LGBT Syrians Fight to Have Their Voices Heard), 11 октомври 2020 година, https://bit.ly/3nk3DAe. Жените исто така се изложени на ризик од убиство извршено во име на одбрана или враќање на „честа" на семејството. Жените за кои нивните семејства сомневаат дека се лезбејки, исто така, може да бидат принудени да стапат во брак и покрај фактот дека принудниот брак е забранет според Законот за личен статус. Според сириската ЛГБТИ активистка, Амира ал-Табаа, „Жените кои им ја откриваат својата нетрадиционална сексуална ориентација на своите семејства, честопати се тепани затоа што „го посрамиле семејството". Таа објасни дека тие ризикуваат да бидат затворени во своите домови, а нивните комуникации да бидат следени од нивните семејства во обид да ги контролираат. Ал-Табаа понатаму рече дека некои семејства прибегнуваат кон барање на терапија за конверзија; НБЦ Њуз, ЛГБТQ сириските бегалци присилени да избираат помеѓи своите семејства и идентитетот (NBC News, LGBTQ Syrian Refugees Forced to Choose Between Their Families and Identity), 6 октомври 2019 година, https://nbcnews.to/2JpijvE. Трансродова жена за ХРВ рече: „Вујковците ме тепаа и ми се заканување по живот, бидејќи се плашеа од нивната репутација. Вујко ми ми го скрши носот, забите и ме прободе во окото. Кога дозна дека сум во Либан, рече: „Ќе те заколам""; ХРВ, „Не ме казнувај поради тоа што сум": Системска дискриминација против трансџендер жените во Либан (HRW, "Don't Punish Me for Who I Am": Systemic Discrimination Against Transgender Women in Lebanon), 3 септември 2019 година, www.ecoi.net/de/dokument/2015685.html. Види, исто така, УНХЦР, Надминување на омразата: Пат на еден активист од Сирија до Сан Франциско/ (UNHCR, Overcoming Hate: An Activist's Journey from Syria to San Francisco), 20 март 2018 година, https://bit.ly/39D4Wms.

[904] ХРВ, Сексуално насилство против мажите, момчињата и трансџендер жените во сирискиот конфликт, јули 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2035116.html, стр. 30. Извештаите вклучуваат сведоштво од хомосексуалец кој користи женски заменки и чие семејство ја предало на сириската разузнавачка служба на 13 годишна возраст. Таа била задржана во самица една недела пред да биде префрлена во владиниот затвор каде што доживеала редовно сексуално насилство и силување и каде била држена до 17 годишна возраст; исто, стр. 35. Види, исто така, АП, Групи на Исламската држава таргетираат геј лица со брутални јавни убиства (AP, Islamic State Group Targets Gays with Brutal Public Killings), 13 јуни 2016 година, http://apne.ws/1UvX3jI.

[905] За потребата да се чува нечија сексуална ориентација и родов идентитет во тајност од нивното семејството и поширокото општество, види НБЦ Њуз, ЛГБТQ сириските бегалци присилени да избираат помеѓи своите семејства и идентитетот (NBC News, LGBTQ Syrian Refugees Forced to Choose Between Their Families and Identity), 6 октомври 2019 година, https://nbcnews.to/2IoAIbJ; Расееф22, Болни или маѓепсани: Животот на тројца хомосексуалци во Идлиб, Сирија/Raseef22, Sick or Bewitched: The Life of Three Homosexuals in Idlib, Syria, 19 август 2019 година, https://bit.ly/31CoV0u; Wiener Zeitung (in German), "Ich Werde Niemals Zulassen, dass Du als Schwuler Lebst", 18 септември 2018 година, https://bit.ly/2USprWL. „Заканувањето да се етикетира некого како хомосексуалец се користи како оружје. Темата за СОРИ е толку табу, што олеснувачите на фокус групите одбија да поставаат какви било прашања што дури може да се протолкуваат дека се однесуваат на СОРИ", ВВВИ, Родова анализа на северозападна Сирија (WVI, Northwest Syria Gender Analysis), 5 март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2026268.html, 11.

[906] „Законите што го криминализираат истополовото однесување не само што ги прави ЛГБТ луѓето ранливи на насилство преку изразување официјална антипатија кон населението, туку исто така ги спречуваат жртвите да ги пријават злосторствата кај службените лица поради стравот дека ќе бидат казнети наместо да бидат заштитени"; ХРВ, Сексуално насилство против мажите, момчињата и трансџендер жените во сирискиот конфликт, јули 2020

сексуално насилство се известива дека избегнуваат да бараат медицинска и ментална здравствен заштита, во страв од дополнителна стигматизација.[907]

Во Сирија не се активни организациите на лезбејките, гејовите, бисексуалците и трансродовите и интерсексуалните лица (ЛГБТИ), со што лицата со поинакви СОРИ остануваат без пристап до советување и поддршка.[908]

УНХЦР смета дека лицата со поинакви сексуални ориентации и/или родови идентитети **веројатно имаат потреба од меѓународна заштита на бегалците** врз основа на нивната припадност на одредена општествена група и/или други меродавни основи, зависно од личните околности во случајот.[909]

Треба да се има предвид дека не може да се очекува од лицата со поинакви сексуални ориентации и/или родови идентитети да го прикриваат својот идентитет за да избегнат прогонување.[910] Понатаму, постоењето на сериозни кривични санкции за согласен истополов сексуален однос, и честите насилства од страна на државните службеници за спроведување на законот, се пречка за овие лица да побараат државна заштита, вклучително и кога делата на прогонување ги вршат недржавни актери, како што се вооружените групи и членовите на општеството.[911]

## *12) Палестинските бегалци*

Правниот статус на палестинските бегалци и нивниот пристап до правата и услугите зависи од навната

година, www.ecoi.net/en/document/2035116.html, стр. 22-23. Види, исто така, СНХР/АСП Сириската Арапска Република: Поднесок до Комитетот за човекови права на 130-тата сесија , 12- октомври – 6 ноември 2020 година, август 2020 година, https://bit.ly/2QO9Rdi, стр. 4; и фуснота 891.

907 „(...) срамот, стравот од стигма и недостаток на доверба во здравствениот систем“ беа пријавени како причини поради кои мажите и момчињата, трансродовите жени и небинарните жртви на сексуално насилство нема да побараат медицинска или ментална здравствена грижа. Голем број жртви изјавија за ХРВ дека размислувале или се обиделе да извршат самоубиство; ХРВ, Сексуално насилство против мажите, момчињата и трансџендер жените во сирискиот конфликт, јули 2020 година, w стр. 2, види, исто така, стр. 46-50.

908 „Немаше познати домашни невладини организации фокусирани на ЛГБТИ прашања“; Стејт Департментот на САД, Извештај за земјата за практиките за човекови права за 2019 година: Сирија, 11 март 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2026345.html. „Аутрајт Екшн Интернешнел, непрофитна организација со седиште во САД, која работи за одбрана на човековите права за ЛГБТК луѓето ширум светот, рече дека открила дека Сирија е една од 30-те земји во светот каде што не може да се најдат ЛГБТК организации, без разлика дали се регистрирани или нерегистрирани - што значи дека не постои усогласено застапување за промена. Се вели дека тоа значи и дека ЛГБТИК Сиријците немаат групи каде можат да се обратат за совет, знаење, информации или поддршка, што го прави нивниот живот многу потежок“; НБЦ Њуз, ЛГБТQ сириските бегалци присилени да избираат помеѓи своите семејства и идентитетот (NBC News, LGBTQ Syrian Refugees Forced to Choose Between Their Families and Identity), 6 октомври 2019 година, https://nbcnews.to/2JpijvE.

909 За насоки на политиката поврзана со определување статус на бегалец врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет, види УНХЦР, Упатства за меѓународна заштита бр. 9: Жалби на статусот на бегалци засновано на сексуалната ориентација и/или родовиот идентитет во рамки на членот 1А(2) од Конвенцијата од 1951 год., и/или нејзиниот Протокол кој се однесува на статусот на бегалците, 23 октомври 2012 година, HCR/GIP/12/01, www.refworld.org/docid/50348afc2.html (во натамошниот текст: УНХЦР, Упатства за меѓународната заштита бр. 9, 23 октомври 2012 година, http://www.refworld.org/docid/50348afc2.html).
УНХЦР, Упатства за меѓународната заштита бр. 9, 23 октомври 2012 година, www.refworld.org/docid/50348afc2.html, став 30-33. Види, исто така, на пример, Суд на правдата на Европската Унија, X, Y, Z против министерот за имиграција и азил, C-199/12 to C-201/12, 7 ноември 2013 година, http://www.refworld.org/docid/527b94b14.html.

910 УНХЦР, Упатства за меѓународната заштита бр. 9, 23 октомври 2012 година, www.refworld.org/docid/50348afc2.html, став 30-33. Види, исто така, на пример, Суд на правдата на Европската Унија, X, Y, Z против министерот за имиграција и азил, C-199/12 to C-201/12, 7 ноември 2013 година, http://www.refworld.org/docid/527b94b14.html.

911 Дури и во отсуство на спроведување на законските одредби за криминализација на хомосексуалните дејствија, опфатената или генерализирана средина на хомофобијата, како што беше потврдено со општествените ставови итн., може да се смета за показател за ризиците со кои се соочуваат поединци од различни СОРИ во Сирија. Види УНХЦР, Упатства за меѓународната заштита бр. 9, 23 октомври 2012 година, http://www.refworld.org/docid/50348afc2.html).
Според владините статистики, заклучно со 5 јануари 2021 година, над 557,000 палестински бегалци биле регистрирани во ГАПАР, оддел на Министерството за труд и социјална политика, кој управува со прашања поврзани со палестинските бегалци во Сирија. Меѓутоа, бројот веројатно не го зема предвид бројот на палестински бегалци кои ја напуштиле земјата или биле убиени од 2011 година; Палестински повратен центар, над 557,000 палестински бегалци се регистрирани во ГАРАП во Сирија, 26 јануари 2021 година, http://bit.ly/3sfczc8.

регистрација во НОПАБ[912] и од датумот на нивниот влез во Сирија, односно, за лицата родени во Сирија, на нивните родители или баба/дедо. Огромното мнозинство кои пристигнале помеѓу 1948 и 1956 година официјално се признаени како „бегалци од Палестина" од страна на НОПАБ.[913] Тие што се регистрирани како бегалци од Палестина во НОПАБ помеѓу 1948 и 1956 година во голема мера ги уживаат истите права како и сириските државјани, освен некои ограничувања.[914] Тие поседуваат картичка за привремен престој, којашто им служи како официјален доказ за идентитетот, а и имаат право да добијат патна исправа.[915] Повеќето се регистрирани и како бегалци од Палестина во УНРВА.[916]

Се проценува дека 25.000-45.000 бегалци од Палестина кои живеат во Сирија не се регистрирани во НОПАБ, а се регистрирани во УНРВА, во некоја друга теренска служба на агенцијата (т.е. Јордан, Либан, Појасот Газа и Западниот Брег, вклучително и Источен Ерусалим).[917] Некои од нив се признаени

---

[912] Според владините статистики, заклучно со 5 јануари 2021 година, над 557,000 палестински бегалци биле регистрирани во ГАПАР, оддел на Министерството за труд и социјална политика, кој управува со прашања поврзани со палестинските бегалци во Сирија. Меѓутоа, бројот веројатно не го зема предвид бројот на палестински бегалци кои ја напуштиле земјата или биле убиени од 2011 година; Палестински повратен центар, над 557,000 палестински бегалци се регистрирани во ГАРАП во Сирија (Palestinian Return Centre, Over 557,000 Palestine Refugees Registered with GAPAR in Syria), 26 јануари 2021 година, http://bit.ly/3sfczc8.

[913] „Палестинците кои се населија во Сирија во периодот од Арапско-израелската војна (1948 година) до Суецката криза (1956 година) имаа право да се регистрираат во граѓанскиот регистар на Генералната управа за палестински арапски бегалци (ГАПАР). (...) Не сите Палестинци кои се преселија во Сирија како резултат на последователните конфликти се регистрирани во ГАПАР"; Холандско министерство за надворешни работи, Информации за земјата на потекло, документи од Сирија, декември 2019 година, www.ecoi.net/en/document/2029603.html, стр. 11.

[914] „Од 1949 година, сириската влада донесе низа закони што ги ставаат Палестинците практично на еднакво рамниште со сириските државјани. Главниот инструмент што на Палестинците им дава значителни законски права и заштита во Сирија „зачувувајќи ја нивната првобитна националност" е Законот бр. 260 од 1956 година; последователните закони и административните прописи дополнително ги проширија овие права. Според тоа, [овие] палестински бегалци (...) можат да работат, вклучително и да пристапат до владини услуги, меѓутоа тие „можат да заземаат државни работи само врз основа на привремени договори за работа". Тие исто така можат да поседуваат имот и бизниси, да пристапат до истото образование и универзална здравствена грижа како и сириските граѓани, да патуваат на меѓународно ниво и да се зачленат во војска. Тие немаат право да купуваат обработливо земјиште и да поседуваат повеќе од една куќа, и, последно, но не и најмалку важно, за разлика од другите лица од арапските земји, тие не можат да аплицираат за сириско државјанство"; Франческа Албанесе и Лекс Такенберг, Палестинските бегалци и меѓународното право (Francesca Albanese and Lex Takkenberg, Palestinian Refugees in International Law), мај 2020 година, стр. 222-223. Палестинските бегалци регистрирани во ГАПАР генерално ја вршеле својата задолжителна воена служба во ПЛА; види фуснота 557.

[915] Патни исправи за палестински бегалци регистрирани со ГАПАР се издаваат од страна на Дирекцијата за имиграција и пасоши / Министерството за внатрешни работи и важат шест години. Тие во принцип му даваат право на носителот да замине и да се врати во Сирија без виза за повторно влегување. „Меѓутоа, во пракса, слободата за патување надвор од земјата зависи од политичките размислувања - и домашни и во однос на меѓуарапските односи - кои варираа со текот на времето. Во предвоената Сирија, на Палестинците кои сакаа да ја напуштат земјата им беше потребно истото специјално овластување што требаше да го добијат и сириските граѓани"; Франческа Албанесе и Лекс Такенберг, Палестинските бегалци и меѓународното право, мај 2020 година, стр. 223. Види, исто така, Холандско министерство за надворешни работи, Информации за земјата на потекло, документи од Сирија, декември 2019 година, www.ecoi.net/en/document/2029603.html, стр. 12, 16-17.

[916] „Палестинските бегалци кои ја исполнија дефиницијата на УНРВА за палестински бегалци истовремено беа регистрирани во УНРВА. Ова е случај за огромното мнозинство од нив, иако има некои кои се регистрирани само во ГАПАР, а не во УНРВА: тоа вклучува Палестинци кои беа протерани од Израел од една од Демилитаризираните зони (ДМЗ) помеѓу Сирија и Израел во 1956 година. Тие не беа регистрирани од УНРВА бидејќи не се регистрираа нови бегалци од јули 1952 година. Меѓутоа, тие беа регистрирани од ГАПАР (...)"; Холандско министерство за надворешни работи, Информации за земјата на потекло, документи од Сирија, мај 2020 година, стр. 222. „Историски гледано, најголемото раселување на палестинските бегалци во Сирија се случи за време на арапско-израелскиот конфликт во 1948 година, во времето на создавањето на израелската држава. Други бранови на палестински бегалци пристигнаа во Сирија во следните периоди на конфликти во регионот, особено за време на Шестдневната војна во 1967 година. (...) Повеќето палестински бегалци од Сирија (ПБС) се регистрирани во УНРВА (…)"; ИСИ ет ал., Од Сирија до Европа: Искуства на бездржавните Курди и палестинските бегалци кои бараат заштита во Европа (ISI et al., From Syria to Europe: Experiences of Stateless Kurds and Palestinian Refugees from Syria Seeking Protection in Europe), https://bit.ly/3jaD0vr, стр. 8. „Повеќето палестински бегалци кои избегаа во Сириската Арапска Република во 1948 година беа од северниот дел на Палестина, главно од Сафад и градовите Хаифа и Јафа. Уште 100,000 луѓе, вклучително и палестински бегалци, избегаа од Голанската висорамнина во други делови на Сирија, кога подрачјето беше окупирано од Израел. Неколку илјади бегалци кои избегаа од Либан, кој беше разорен од војна во 1982 година, исто така, се засолнаа во Сирија"; УНРВА, Онаму каде работиме: Сирија (UNRWA, Where We Work: Syria), пристапено на 28 февруари 2021 година, http://bit.ly/3skVL3E.

[917] УНРВА, Мапа на местата на операции 2020 (UNRWA Fields of Operations Map 2020), 9 јуни 2020 година, https://bit.ly/3btLrzG.

од надлежните органи и им се дозволува да престојуваат легално; но, обично мора да бараат да им се издаде работна дозвола, којашто важи само една година, и за која се плаќа надоместок. а новниот статус и можноста да патуваат во голема мера зависи од тоа дали поседуваат или може да ги обноват своите документи во соодветната амбасада.[918]

Некои дополнителни 10.000-15.000 палестински бегалци не се регистрирани ниту во НОПАБ ниту како бегалци од Палестина во УНРВА.[919] Правниот статус на оваа група луѓе им е непостојан, и мора да бараат да им се издадат дозволи за престој и дозволи за работа во Сирија, за што им се потребни важечки лични исправи, а се соочуваат и со ограничен пристап до владините услуги, бидејќи за тоа обично им е потребен доказ дека се регистрирани во НОПАБ.[920]

Палестинските бегалци се соочуваат со истите закани како и сириските, вклучително и врз основа на нивната вистинска или претпоставена поддршка за или поврзаност со страните во судирот.[921] Според известувањата, извесен број палестински вооружени фракции како и неколку Палестинци поединечно биле вовлечени во судирот, поддржувајќи ја едната или другата страна во судирот, со што пак поголемата нивна заедница ја ставиле во ризик од одмазда и злоупотреба врз основа на нивното претпоставено политичко уверување.[922]

---

[918] Овие палестински бегалци „пристигнаа во различни етапи, вклучително и во 1970 година од Јордан, по 1982 година од Либан, во 1990-тите години од Либија и Кувајт и од окупираната палестинска територија. Тие не уживаат ист статус како оние што се регистрирани во ГАПАР, иако можат да се регистрираат во ГАПАР или со претседателски декрет или во случај палестинска бегалка да се омажи за бегалец регистриран во ГАПАР“. И понатаму: „Како палестински бегалци регистрирани во УНРВА, тие се привремено во Сирија (т.е. не како постојани жители) и како такви немаат официјална дозвола за престој издадена од сириските власти; сепак, дозволено им е да живеат легално во земјата само доколку се „регистрирани во Палестинската ослободителна организација (ПЛО) и имаат документ од ПЛО прифатен од сириската влада“. За да патуваат во странство, треба да аплицираат за палестински пасош (без број) преку Палестинската амбасада во Сирија. Привремениот престој може да се изгуби во случај на отсуство од земјата подолго од шест месеци“; Франческа Албанесе и Лекс Такенберг, Палестинските бегалци и меѓународното право, мај 2020 година, стр. 224-225. „Според Австриската федерална канцеларија за имиграција и азил, Палестинците кои не се регистрирани во ГАПАР можат да аплицираат за патни исправи во дипломатското претставништво на Палестинската власт во Дамаск“; Холандско министерство за надворешни работи, Информации за земјата на потекло, документи од Сирија, декември 2019 година, www.ecoi.net/en/document/2029603.html, стр. 12.

[919] „Мнозинството од нив пристигнаа по војната во 1967 година од Западниот Брег и Појасот Газа (бегалци по првпат), други во 2003 година од Ирак. Оние од Појасот Газа, кои имаа египетски ДППБ [Документ за патување за палестински бегалци], според сирискиот закон беа третирани како странци, додека оние од Западниот Брег што имаа јордански пасоши се сметаа за арапски државјани. Околу 4,000– 5,000 Палестинци избегаа од Ирак по падот на режимот на Садам Хусеин во 2003 година; првично не им беше дозволено да останат во Сирија, но политиката се промени во 2006 година. Други пристигнаа во следните години предизвикани од континуираната нестабилност во Ирак, а голем број од нив не можеа да си дозволат легално да влезат во Сирија“; Франческа Албанесе и Лекс Такенберг, Палестинските бегалци и меѓународното право, мај 2020 година, стр. 225.

[920] „Оваа група издржува сложена правна и безбедносна состојба и не ужива многу основни граѓански права. Тие треба да се регистрираат во Министерството за внатрешни работи и периодично да ги обновуваат дозволите за привремен престој, мора да аплицираат за работни дозволи и забрането им е да работат во јавниот сектор“; Франческа Албанесе и Лекс Такенберг, Палестинските бегалци и меѓународното право, мај 2020 година, стр. 225.

[921] СНХР, 3.196 сириски Палестинци се убиени од сириските режимски сили, вклучиително и 491 како последица од тортура помеѓу март 2011 и јули 2020 а 49 се појавиле на фотографиите на „Цезар“ (SNHR, 3,196 Syrian Palestinians Were Killed by Syrian Regime Forces, Including 491 Due to Torture, Between March 2011 and July 2020, and 49 Appeared in Caesar Photos), 29 јули 2020 година, https://bit.ly/33xXOsb, стр. 3, 4.

[922] „Од август 2011 година, владините сили нападнаа неколку кампови за палестински бегалци, бидејќи беа осомничени членови на опозицијата меѓу бегалците. Палестинците наскоро почнаа да се соочуваат со закани и од сириските опозициски групи“; Франческа Албанесе и Лекс Такенберг, Палестинските бегалци и меѓународното право, мај 2020 година, стр. 226. „Додека сириското востание се засили во текот на 2011 година, а владата одговори со зголемено насилство, многу жители на Јармук се обидоа да останат невклучени во конфликтот. Меѓутоа, постепено, сирискиот режим започна да им доделува безбедносни и разузнавачки операции на Палестинската ослободителна армија (ПЛА) и други палестински фракции лојални на режимот. Ова во суштина ја негираше палестинската неутралност (...). Растечката нестабилност и стратешката локација на Јармук започнаа да ги привлекуваат групите на сириската опозиција кои сметаа дека кампот е потенцијална база за поддршка на граѓанското востание“; Иницијатива за арапски реформи, Палестинските бегалци во сирсикиот камп Јармук: Предизвици и пречки за враќањето (Arab Reform Initiative, Palestinian Refugees of Syria’s Yarmouk Camp: Challenges and Obstacles to Return), 17 јануари 2019 година, https://bit.ly/2TZym9d, стр. 3. „Палестинските фракции се поделени по нивната политичка верност. Народниот фронт за ослободување на Палестина и Палестинската ослободителна армија го поддржуваат режимот на Асад, а многу палестинско-сириски милиции се бореа заедно со владата. Хамас и Фатах се обидоа да изгледаат неутрално, особено во раните етапи. Меѓутоа, Хамас се откажа од владата по

Како дел од справувањето на владата со секој облик на дисидентство по 2011 година, палестинските бегалци кои ѝ се спротивставуваат на владата или за кои се претпоставува дека ѝ се спротивставуваат на владата, вклучително и протестирачите,[923] активистите, хуманитарните работници, здравствените работници, новинарите, уметниците, како и избегнувачите на воената служба и дезертерите,[924] се најдоа меѓу лицата изложени на произволно апсење и притворање, присилно исчезнување, измачување и други облици на малтретирање, и вонсудски погубувања.[925] За стотици палестински бегалци, вклучително и жени и деца, се известува дека умреле како последица на измачувањата во

2012 година, додека Фатах ги обнови односите со Асад во 2015 година"; МРГИ, Светска листа на малцинства и домородно население – Сирија: Палестинци (MRGI, World Directory of Minorities and Indigenous Peoples – Syria: Palestinians), март 2018 година, www.refworld.org/docid/49749c9f39.html. „Страните во конфликтот придонесоа за штетата што им беше нанесена на Палестинците. Сирискиот режим сурово им се одмазди на палестинските бегалци, бидејќи тие – мнозинството од нив - не застанаа на негова страна за да го угнетуваат сирискиот народ. Односно, мнозинството одби да му помогне на режимот да се бори против револуцијата, верувајќи во нејзината праведност"; Сириски центар за правни студии и истражувања, Палестинската ослободителна армија во Сириската војна (Syrian Center for Legal Studies and Researches, The Palestinian Liberation Army in the Syrian War), 2 ноември 2018 година, https://bit.ly/2ZX9TVZ. Види, исто така, АГПС, Мнозинството Палестинци го одбиваат вклучувањето на палестинската армија во Сирискиот конфликт (AGPS, Majority of Palestinians Reject PLA's Engagement in Syrian Conflict), 14 јануари 2020 година, https://bit.ly/3hFcCtk; и Дел III.A.1 и III.A.3.

[923] На пример, „Сириските безбедносни сили сметаат дека Ал Рамал Ал Џануби [неофицијален палестински камп во Латакија] е антивладино жариште, откако жителите се приклучија на раните демонстрации против владата во 2011 година"; Сириски извештај, Бомби насочени кон палестинскиот бегалски камп во Латакиа (The Syria Report, Demolitions Target Palestinian Refugee Camp in Lattakia), 8 јули 2020 година, https://bit.ly/2Bib9Jj.

[924] Види, на пример, АГПС, Дузина палестински новинари се убиени, уапсени во сириската војна (AGPS, Dozens of Palestinian Journalists Killed, Arrested in War-Torn Syria), 31 декември 2020 година, http://bit.ly/3q2nW5Y; АГПС, На светскиот хуманитарен ден: Стотина палестински доброволци насилно исчезнаа, убиени во Сирија (AGPS, On World Humanitarian Day: Hundreds of Palestinian Volunteers Forcibly Disappeared, Killed in Syria), 19 август 2020 година, https://bit.ly/3c1f7E8; СНХР, Фотографија на притвореник ослободен од сириските режимски сили покажува знаци на мачење (SNHR, Photo of Detainee Released by Syrian Regime Forces Shows Signs of Torture), 15 јуни 2020 година, https://bit.ly/3bh49dg; СОЧП, 3 жители на палестинскиот бегалски камп во Сирија измачувани до смрт во воениот затвор Седнаја (SOHR, 3 Residents of Palestinian Refugee Camp in Syria Tortured to Death in Sednaya Military Prison), 30 мај 2020 година, https://bit.ly/2UWPtJo; АГПС, палестински бегалец ослободен по 20 месеци поминати во сириски затвор (AGPS, Palestinian Refugee Released after 20 Months in Syrian Jail), 3 мај 2020 година, https://bit.ly/2UWr0DP. Види, исто така, Дел III.A.2.

[925] Според СНХР, најмалку 2,663 Палестинци, вклучувајќи 23 жени и десет деца, останале притворени или присилно исчезнати заклучно со јули 2020 година; СНХР, 3.196 сириски Палестинци се убиени од сириските режимски сили, вклучиително и 491 како последица од тортура помеѓу март 2011 и јули 2020 а 49 се појавиле на фотографиите на „Цезар" (SNHR, 3,196 Syrian Palestinians Were Killed by Syrian Regime Forces, Including 491 Due to Torture, Between March 2011 and July 2020, and 49 Appeared in Caesar Photos), 29 јули 2020 година, https://bit.ly/33xXOsb, стр. 5, 6-7. Според АГПС, локацијата на речиси 1,800 палестински бегалци, вклучувајќи жени и деца, останува непозната по нивното произволно апсење од страна на владините сили; АГПС, Над 1.800 палестински бегалци тајно се држат во сириските затвори (AGPS, Over 1,800 Palestinian Refugees Secretly Held in Syrian Prisons), 30 август 2020 година, https://bit.ly/2FBS9XK. Види, исто така, АГПС, Жителите на палестинскиот бегалски камп во Сирија повикани на испрашување (AGPS, Residents of Palestinian Refugee Camp in Syria Summoned over Social Media Posts), 5 септември 2020 година, https://bit.ly/3lstrsS; АГПС, Жителите на палестинскиот бегалски камп во Сирија повикани на испрашување (AGPS, Residents of Palestinian Displacement Camp in Syria Summoned to Questioning), 7 мај 2020 година, https://bit.ly/3fD08Az; АГПС, Осумнаесет палестински новинари убиени во воено разорената Сирија (AGPS, 18 Palestinian Journalists Killed in War-Torn Syria), 4 мај 2020 година, https://bit.ly/2N3WSSP; АГПС, Палестински новинар Муханад Омар присилно исчезна од сириските владини сили (AGPS, Palestinian Journalist Muhannad Omar Forcibly Disappeared by Syrian Gov't), 18 март 2020 година, https://bit.ly/37EYrju; Палестински бегалец фатално мачени во сирискте затворски комплекси (AGPS, Palestinian Refugee Fatally Tortured in Syria's Penal Complexes), 15 март 2020 година, https://bit.ly/37HnPoO; АГПС, 110 Палестинки насилно исчезнаа во сириските затвори, 34 фатално мачени (AGPS, 110 Palestinian Women Forcibly Disappeared in Syrian Prisons, 34 Fatally Tortured), 9 март 2020 година, https://bit.ly/2AFW586; АГПС, палестински активист Али Ал Муслих тајно држен во сириските затвори 7 година, 24 февруари 2020 година (AGPS, Palestinian Activist Ali AlMuslih Secretly Held in Syrian Jails for 7th Year), 24 февруари 2020 година, https://bit.ly/311mRlM; АГПС, Палестински доктор Низар Касаб присилно исчезна во Сирија, 29 ноември 2019 година (AGPS, Palestinian Doctor Nizar Kassab Forcibly Disappeared in Syria), 29 ноември 2019 година, https://bit.ly/3dfvHz4; АГПС, Сеќавање на палестинскиот уметник Абу Алруз фатално мачен во затвор во Сирија ... една година (AGPS, Remembering Palestinian Artist Abu AlRuz Fatally Tortured in Syrian Jail … One Year On), 17 септември 2019 година, https://bit.ly/3hFBzVw; АГПС, На светскиот хуманитарен ден: Стотина палестински доброволци насилно исчезнаа, убиени во Сирија (AGPS, On World Humanitarian Day: Hundreds of Palestinian Volunteers Forcibly Disappeared in Syria), 22 август 2019 година, https://bit.ly/3fExH5n. Види, исто така, Дел III.A.1.a.

владините притвори од 2011 година наваму.[926] Во јануари 2020 година, според известувањата, владините сили уапсиле десетици палестински деца на возраст од 10 до 16 години во Јалда (Јужен Дамаск), под обвинение дека скинале постер на Претседателот Ал Асад.[927]

Во текот на судирот, голем број палестински кампи и подрачја со палестински заедници паднаа под привремена контрола на антивладините вооружени групи и/или ИСИЛ,[928] вклучително и Кампот Јармук

[926] Помеѓу март 2011 и февруари 2021 година, АГПС ја забележа смртта на скоро 630 Палестинци, вклучувајќи жени и деца, под тортура во владини центри за притвор. „Исказите на поранешните притвореници обезбедија докази за вмешаноста на сириските владини службеници во извршување на сурови тактики на тортура, вклучувајќи електрични шокови, тешки тепања со камшици и железни стапови и сексуална злоупотреба врз палестински затвореници"; АГПС, 629 палестински бегалци мачени до смрт во сириски затвори (AGPS, 629 Palestinian Refugees Tortured to Death in Syrian Prisons), 16 февруари 2021 година, http://bit.ly/3dFdhvs. СНХР ја регистрираше смртта на 491 Палестинец под тортура, вклучувајќи 49 кои беа идентификувани врз основа на анализа на т.н. фотографии од тортура „Цезар", помеѓу март 2011 и јули 2020 година; СНХР, 3.196 сириски Палестинци се убиени од сириските режимски сили, вклучиително и 491 како последица од тортура помеѓу март 2011 и јули 2020 а 49 се појавиле на фотографиите на „Цезар", 29 јули 2020 година, https://bit.ly/33xXOsb, стр. 5. На пример, во ноември 2019 година, палестинскиот лекар Осама Омар Ал Калед, наводно, починал како резултат на тортура во владин затвор. Наводно, тој обезбедувал бесплатни медицински услуги за деца без родители и сиромашни лица во подрачјата Ал Шаџара (губернорат Дера), кои претходно беа под контрола на опозицијата и лекуваше ранети демонстранти; АГПС, палестински доктор Осама Омар Калед мален до смрт во сириски затвор (AGPS, Palestinian Doctor Osama Omar Khaled Tortured to Death in Syrian Jail), 27 ноември 2019 година, https://bit.ly/2YM0wpV. Види, исто така, АГПС, 12 палестински бегалци мачени до смрт во затворите на сирискиот режим (AGPS, 12 Palestinian Refugees Tortured to Death in Syrian Regime Prisons in 2020), 30 декември 2020 година, http://bit.ly/2ZVU8Nw; и Дел III.A.1.a.

[927] Сириските власти, наводно, ги обвинија уапсените деца за поврзаност со ИСИС, обвинување што семејствата на децата го негираа; ЦОАР, Сирија Апдејт:13 January 2020, 13 јануари 2020 година, https://bit.ly/3ckC7fB; Д Њу Араб, Сирискиот режим притвара деца во палестинските камповизаради наводно кинење на постер од Асад (The New Arab, Syrian Regime Detains Children at Palestinian Camp for Allegedly Tearing Down Assad Poster), 7 јануари 2020 година, https://bit.ly/2MjVAmo; СОЧП, Режимските безбедносни служби уапсиле скро 40 деца од кампот во Јармук заради „припадност кон младинците на Калифатот" (SOHR, Regime Security Services Arrest Nearly 40 Children from Yarmouk Camp for "Belonging to Caliphate Cubs"), 5 јануари 2020 година, https://bit.ly/3eE1uL4.

[928] „Додека од 2013 година наваму, Јармук ја олицетвори трагедијата на Палестинците заробени во сирискиот конфликт, други бегалски кампови и собири исто така беа под опсада и/или станаа тешко достапни, беа целосно или делумно уништени или станаа недостапни за УНРВА"; Франческа Албанесе и Лекс Такенберг, Палестинските бегалци и меѓународното право, мај 2020 година, стр. 226.

(Покраината Дамаск),[929] Кампот Најраб,[930] и Кампот Ајн Ел-Тал (и двата во Покраината Алепо),[931] и

[929] Пред 2011 година, Јармук, кој е неофицијален бегалски камп сместен во ракми на градот Дамаск, бил дом на приближно 160,000 палестински бегалци (покрај над еден милион Сиријци), што го прави најголемата палестинска заедница во Сирија. Од 2012 година, Јармук е под контрола на разни антивладини вооружени групи, вклучувајќи ги и групите поврзани со ФСА, ХТШ, Џајиш Ал-Ислам и, од април 2015 година, ИСИС, и беше подложен на одржливи воени кампањи и продолжена опсада од страна на владините сили. Јармук, за кој ООН во 2015 година рече дека личи на „камп на смртта“, во голема мера беше испразнет од своите жители, од кои многумина се преселија во соседните подрачја Јалда, Бабила и Беит Сахам во јужен Дамаск, кои слично беа под контрола на недржавните актери. Владините сили ја презедоа контролата врз Јармук и соседните подрачја во мај 2018 година. Наводно, во Јармук и соседните подрачја е забележан обемен грабеж од страна на владините сили. Процената на штетата преземена во Јармук покажа дека станбениот фонд претрпе значително уништување, додека сите 23 инсталации на УНРВА, вклучувајќи училишта и здравствени центри, бараат или голема поправка или целосна реконструкција. Владините напори за отстранување урнатини и мртви тела и обнова на инфраструктурата на кампот беа минимални. Во времето на пишување, мнозинството од 160,000 поранешни жители на Јармук остануваат раселени, а во кампот се сместени само некои семејства кои останале во текот на конфликтот, како и околу 400 семејства кои се вратиле на почетокот на ноември 2020 година и покрај уништувањето и недостатокот на основната инфраструктура и услуги; УНРВА, Мобилната здравствена клиника на УНРВА носи знак на надеж во разурнатиот камп Јармук (UNRWA, UNRWA Mobile Health Clinic Brings a Sign of Hope to the Devastated Yarmouk Camp), 11 јануари 2021 година, http://bit.ly/3em6F5F; УНРВА, Генералниот комесар во официјална посета на Сирија, ги прегледува масивните хуманитарни потреби на палестинските бегалци (UNRWA, UNRWA Commissioner-General Makes Official Visit to Syria, Reviews Palestine Refugee Massive Humanitarian Needs), 4 ноември 2020 година, https://bit.ly/2U82nU6; УНРВА, Сирија: Известувања за напредокот јануари-јуни 2020 (UNRWA, Syria: Progress Highlights January-June 2020), 7 октомври 2020 година, https://bit.ly/3iAvtoQ; АГПС, Тековни кражби на имот во кампот Јармук (AGPS, Property-Theft Ongoing in Yarmouk Camp), 13 јануари 2021 година, http://bit.ly/3kplMft; СНХР, 3.196 сириски Палестинци се убиени од сириските режимски сили, вклучиително и 491 како последица од тортура помеѓу март 2011 и јули 2020 а 49 се појавиле на фотографиите на „Цезар“, 29 јули 2020 година, https://bit.ly/33xXOsb, стр. 11-13; АГПС, Раселени семејства од кампот во Јармук се соочуваат со мистериозна судбина/AGPS, Families Displaced from Yarmouk Camp Face Mysterious Fate, 21 мај 2020 година, https://bit.ly/2APCBhh; МЕИ, Да говориме за водоводните цевки: Лажна реконструкција во сирискиот камп во Јармук (MEI, Talking about Water Pipes: The Fraught Reconstruction of Syria's Yarmouk Camp), 6 мај 2020 година, https://bit.ly/2XO0Nbp; АГПС, Жителите на Јармук повикуваат за отстранување на мртвите тела (AGPS, Yarmouk Residents Appeal for Removal of Dead Bodies), 29 април 2020 година, https://bit.ly/2CekAtb; УНРВА, Сирија: Постигнувања и главни точки во 2019 (UNRWA, Syria: Achievements and Highlights in 2019), 24 февруари 2020 година, https://bit.ly/3ekek1o; Иницијатива за арапски реформи, Палестинските бегалци во сирсикиот камп Јармук: Предизвици и пречки за враќањето (Arab Reform Initiative, Palestinian Refugees of Syria's Yarmouk Camp: Challenges and Obstacles to Return), 17 јануари 2019 година, https://bit.ly/2TZym9d; УНРВА, Заменикот генерален комесар на УНРВА во официјална посета на Сирија (UNRWA, Acting UNRWA Commissioner-General Makes Official Visit to Syria), 11 декември 2019 година, https://bit.ly/34jJ7p7; УНРВА, Јармук (неофицијален камп*) (UNRWA, Yarmouk (Unofficial Camp*)), 1 јануари 2019 година, https://bit.ly/2GBPBdd. Во ноември 2020 година започна процес за враќање во Јармук, види фуснота 208.

[930] Кампот Неираб е најголемиот официјален камп во Сирија и беше домаќин на повеќе од 20,000 палестински бегалци пред конфликтот. Со оглед на неговата стратешка локација во близина на меѓународниот аеродром во Алепо и воениот аеродром во Неираб, кампот постојано беше изложен на вооружен конфликт, особено по 2013 година. Од крајот на 2012 до октомври 2013 година, кампот во Неираб беше под опсада на владините сили. Од 1 јануари 2019 година, кампот беше домаќин на околу 18,000 бегалци, покрај Сиријците раселени како резултат на конфликтот. На 14 мај 2019 година, кампот беше погоден од неколку ракети лансирани од страна на антивладини вооружени групи, при што загинаа најмалку десет цивили, а беа ранети повеќе од 30; УНРВА, УНРВА го осудува убиството на 10 цивили во палестинскиот бегалски камп во Неиреб во Алепо (UNRWA, UNRWA Condemns the Killing of 10 Civilians in the Palestine Refugee Camp of Neirab in Aleppo), 16 мај 2019 година, https://bit.ly/3hAmTHp; УНРВА, кампот Неираб (UNRWA, Neirab Camp), 1 јануари 2019 година, https://bit.ly/3jGntUJ. АГПС го сними произволното апсење и присилното исчезнување на 98 палестински бегалци од кампот Неираб помеѓу март 2011 и март 2020 година; АГПС, Тројца палестински бегалци уапсени од сириските безбедносни сили во Алепо (AGPS, 3 Palestinian Refugees Arrested by Syrian Security Forces in Aleppo), 12 март 2020 година, https://bit.ly/2YefpSJ.

[931] Неофицијалниот камп Ејн Ел Тал (познат и како Камп Хандарат) беше домаќин на околу 7,000 жители пред конфликтот. Во април 2013 година, антивладините вооружени групи ја презедоа контролата врз кампот и присилно го раселија целото население. Контролата врз кампот се смени повеќе пати, но тој конечно беше ослободен од владините сили во септември 2016 година. Кампот е речиси целосно уништен, вклучувајќи ги и неговите три училишта и здравствениот дом и нема основна инфраструктура и услуги. Мал број екстремно ранливи бегалци почнаа да се враќаат од средината на 2017 година; „Сепак, основната инфраструктура како што е снабдувањето со вода и електрична енергија не е целосно обновена, спречувајќи повеќе семејства да се вратат и ги одложи плановите за рехабилитација на објектите на УНРВА“; УНРВА, Сириската регионална криза и потребата од помош 2021 (UNRWA, Syria Regional Crisis Emergency Appeal) 2021, 2 март 2021 година, https://bit.ly/2NTblVB, стр. 12. Види, исто така, Палестински повратен центар, Цивили оставени под закана на остаоци на војната во Сирискиот палестински бегалски камп Хандарат (Palestinian Return Centre, Civilians Left under Threat of War Remnants in Syria's

Кампот Дараа (Покраина Дараа).[932] Овие бегалски кампи, како и други градски и приградски подрачја каде што се населиле палестинските бегалци беа успешно одново заземени од страна на владините сили низ комбинација од воени походи, опсади и договри за „помирување“.[933]Стотици палестински бегалци од Јужен Дамаск и од бегалските кампи Хан Ал-Ши, Јармук и Дараа беа присилно раселение согласно „договорите за евакуација“ во подрачјата под контрола на опозицијата во Идлиб и во деловите на Алепо под контрола на СНА (Африн, Азаз).[934] Откако владините сили одново ги заседоа овие подрачја, во голем број од овие кампи наводно биле извршени опсежни пљачкосувања.[935] Како и во

---

Handarat Camp for Palestinian Refugees), 12 мај 2020 година, https://bit.ly/3eabcFj; УНРВА, Сирија: Постигнувања и главни точки во 2019 (UNRWA, Syria: Achievements and Highlights in 2019), 24 февруари 2020 година, https://bit.ly/3ekek1o; АГПС, раселените семејства во палестинскиот бегалски камп Хандарат продолжуваат да бараат реконструкција (AGPS, Displaced Families in Handarat Camp for Palestine Refugees Continue to Appeal for Reconstruction), 11 октомври 2019 година, https://bit.ly/3ebb4Ft; АГПС, Цивилите се оставени под закана од воени остатоци во сирискиот камп Хадарат (AGPS, Civilians Left Under Threat of War Remnants in Syria's Hadarat Camp), 6 септември 2019 година, https://bit.ly/3deQS40; УНРВА, Еин Ел Тал (неофицијалне камп*) (UNRWA, Ein El Tal (Unofficial Camp*)), 1 јануари 2019 година, https://bit.ly/3jHPrPQ. Според АГПС, заклучно со мај 2020 година, 32 палестински бегалци од кампот и понатаму се присилно исчезнати: АГПС, 32 палестински жители на кампот Хандарат насилно исчезнати во сириските владини затвори (AGPS, 32 Palestinian Residents of Handarat Camp Forcibly Disappeared in Syrian Gov't Jails), 19 мај 2020 година, https://bit.ly/3hBN9kx. АГПС исто така објави дека членовите на провладината милиција „Лива Ал-Кудс“ ги принудиле бегалците да ги продаваат своите куќи „по многу ниски цени“; (AGPS, Pro-Govt Squad in Syria Purchases Houses in Handarat Camp for Palestinian Refugees), 8 мај 2020 година, https://bit.ly/2N6PFRJ.

[932] Кампот Дера се наоѓа внатре во градот Дера и беше дом на 10,500 бегалци пред 2011 година. Кампот и неговата околина беа под контрола на антивладините вооружени групи сè додека подрачјето не беше ослободено од владините сили кон средината на 2018 година. Конфликтот резултираше со раселување на 90% од жителите на кампот и резултираше со уништување од големи размери, вклучително и сите простории на УНРВА. Неексплодираните воени направи и средства во и околу кампот продолжуваат да претставуваат ризик за жителите на кампот; УНРВА, Сириската регионална криза (UNRWA, Syria Regional Crisis Emergency Appeal 2021), 2 март 2021 година, https://bit.ly/2NTblVB, стр. 12; "Енаб Балади", Акумулирање шут од рушевините во палестинскиот бегалски камп Дараа ги остава жителите да патат (Enab Baladi, Rubble Accumulation in Daraa Camp of Palestinian Refugees Exacerbates its Residents' Suffering), 1 септември 2020 година, https://bit.ly/2TLJfeg; УНРВА, УНРВА шокирана од смртта на двајца палестински бегалци во Дера и повикува на безбедност за цивилите: Изјава (UNRWA, UNRWA Shocked by the Death of Two Palestine Refugees in Dera'a, Appeals for Safety of Civilians: Statement), 3 март 2020 година, https://bit.ly/2UXC0AV; АГПС, Цивилите се оставени под закана од воени остатоци во сирискиот камп Хадарат (AGPS, Civilians Left under Threat of War Remnants in Syria's Daraa Camp for Palestinian Refugees), 6 октомври 2019 година, https://bit.ly/3dnwheh. Според АГПС, 268 палестински бегалци од кампот починале од 2011 година, вклучително и поради гранатирање, снајперисти, оган од малокалибарско оружје и егзекуции без судење. Беше забележано дека четворица бегалци починале како резултат на тортура во владиниот притвор; АГПС, 268 палестинските жители на кампот Дараа прогласени мртви во разорената Сирија (AGPS, 268 Palestinian Residents of Daraa Camp Pronounced Dead in War-Torn Syria), 30 март 2020 година, https://bit.ly/30VzM8P.

[933] СНХР, 3.196 сириски Палестинци се убиени од сириските режимски сили, вклучиително и 491 како последица од тортура помеѓу март 2011 и јули 2020 а 49 се појавиле на фотографиите на „Цезар“, 29 јули 2020 година, https://bit.ly/33xXOsb, стр. 9. Види, исто така, Дел II.A.1.

[934] АГПС, раселените палестински семејства во северна Сирија бараат итна хуманитарна акција (AGPS, Displaced Palestinian Families in Northern Syria Push for Urgent Humanitarian Action), 13 јуни 2020 година, https://bit.ly/3ebjkVS; MEE, „Сиромаштија насекаде“: Палестинците во Сирија живеат во очајни услови (MEE, 'Poverty Everywhere': Palestinians in Syria Living in Desperate Conditions), 20 февруари 2020 година, https://bit.ly/2TUZvdd; Сирија Директ, На годишнината на мировниот дил во јужен Дамаск „нема амнестија, нема помирување“ (Syria Direct, On the Anniversary of the Peace Deal in Southern Damascus "There Is no Amnesty, no Reconciliation"), 14 мај 2019 година, https://bit.ly/3gJ8GaI; Атлантски Совет, Потенцијална загуба на бегалскиот статус за палестинските сирийци во Африн (Atlantic Council, The Potential Loss of Refugee Status for Palestinian Syrians in Afrin), 1 април 2019 година, https://bit.ly/2U22jWi. За организираната евакуација на борците и цивилите од подрачјата што порано беа под контрола на опозицијата и нивната квалификација од страна на Независната меѓународна анкетна комисија за Сирија како „присилно раселување“, види Дел III.A.1.г.

[935] „Речиси веднаш по [ослободувањето на Јармук], провладините борци влегоа и ограбија сè што можеа да најдат: кујнски апарати, бакарни жици, дури и рамките на прозорците и вратите. Поранешните жители кои отидоа да ги проверат своите домови пронајдоа војници кои ги крадат нивните работи“; МЕИ, Да говориме за водоводните цевки: Лажна реконструкција во сирискиот камп во Јармук (MEI, Talking about Water Pipes: The Fraught Reconstruction of Syria's Yarmouk Camp), 6 мај 2020 година, https://bit.ly/2XO0Nbp. „Активисти за АГПС изјавија дека провладини вооружени лица во Сирија упаѓаат низ палестинските кампови за раселување и крадат предмети на бегалци под безбедносен изговор. Ова беше случај во бегалските кампови во Јармук, Ал Хусаинија, Ал Сабина, Кан Ешије, Ал Аједин во Хумс и Ал Рамл во Латакија“; АГПС, Палестинските бегалци се укажуваат на кражби на имот во Сирија/AGPS, Palestinian Refugees Denounce Property-Theft in Syria, 12 мај 2020 година, https://bit.ly/3eecyih. „(...) имотите честопати биле ограбени или уништени“; УНРВА, 2020 Појава на регионалната криза (UNRWA, 2020

другите подрачјаа под владина контрола, а особено во одново заземените подрачја, палестинските мажи, вклучително и оние кои потпишале договр за „помирување“, според известувањата, се во ризик од произволно апсење,[936] и присилна регрутација од страна на владините сили.[937] Се известува дека

---

Syria Regional Crisis Emergency Appeal), 31 јануари 2020 година, https://bit.ly/2Sf4eFc, стр. 6. Види, исто така, АГПС, раселените жители на кампот Јармоук укажуваат на кражби на имот, повик за истно враќање во своите домови/ (AGPS, Displaced Residents of Yarmouk Camp Denounce Property-Theft, Call for Urgent Return to Their Homes), 22 ноември 2020година, https://bit.ly/3ndqL3r; СНХР, 3.196 сириски Палестинци се убиени од сириските режимски сили, вклучиително и 491 како последица од тортура помеѓу март 2011 и јули 2020 а 49 се појавиле на фотографиите на „Цезар, 29 јули 2020 година, https://bit.ly/33xXOsb, стр. 14; АГПС, тековни кражби на имот во палестинскиот бегалски камп во Јармук (AGPS, Property-Theft Ongoing in Yarmouk Camp for Palestinian Refugees), 12 јули 2020 година, https://bit.ly/2XoDi9h; АГПС, раселените палестински бегалци предупредуваат за кражби на имот јужно од Дамаск (AGPS, Displaced Palestinians Warn of Property-Theft South of Damascus), 23 февруари 2020 година, https://bit.ly/2NflZlr; АГПС, кражби на имот, извештувања за безбедносни проблеми во палестинскиот бегалски камп во Хандарат (AGPS, Property-Theft, Security Turmoil Reported in Handarat Camp for Palestine Refugees), 26 септември 2019 година, https://bit.ly/3fFAZW0. За пријавеното распространето ограбување на домови и продавници во подрачја ослободени од владините сили, види, исто така, Дел III.A.1.г.

[983] Пораст од 700,000 луѓе во 2020 година; ОЦХА, Сириската Арапска Република: 2021 Резиме на потребите и одговор, 22 февруари 2021 година, https://bit.ly/3shgULZ, стр. 4; OCHA, 2020 HNO, July 2020 година, стр. 37. Нема официјални статистички податоци, но сириската влада процени повисока популација (2,011,000) за Дамаск во 2016 година; Сирија/Централното биро за статистика, Годишен извештај 2017: Проценка на населението во Сирија од страна на говерноратите, 2017 година, https://bit.ly/2Tif6ms. Види, исто така, CGP, Syria’s Economic Meltdown, јуни 2020 година, https://bit.ly/2HTOwhn, стр. 11.

[984] „Пропорцијата на внатрешно раселените лица и повратници остана особено висока во гувернoратот Дамаск; внатрешно раселените лица и повратниците сочинуваат околу 33 проценти од вкупното население во Дамаск“; ОЦХА, 2020 ХНО, јули 2020 година, стр. 39. Се проценува дека има 625,000 внатрешно раселени лица во Дамаск заклучно со јуни 2020 година; GCSP/EUI, Државни институции и режимската мрежа како обезбедувачи на услуги во Сирија (GCSP/EUI, State Institutions and Regime Networks as Service Providers in Syria), јуни 2020 година, https://bit.ly/36GA7PV, стр. 7.

[985] Конфликтот резултираше со значително раселување во урбаните подрачја, вклучувајќи го и Дамаск. „Иако вооружениот конфликт заврши во околината на главниот град, тој остави огромни лузни во социјалната структура и урбаната структура: мнозинството домови во источниот и југоисточниот раб на градот се уништени или сериозно оштетени, додека другите делови од градот апсорбираа речиси милион домашни мигранти кои избегаа од други делови на сириската територија“; Б. Винд и Б. Ибрахим, Воениот урбан развој на Дамаск, 2020 година, https://bit.ly/3hIlayz, стр. 1. „Конфликтот го продлабочи процесот на урбанизација, принудувајќи многумина од руралните подрачја да бидат раселени. Се проценува дека 72,6 проценти од населението (13,7 милиони луѓе) живееле во урбани средини во 2019 година, наспроти 56 проценти од населението во 2010 година. Латакија, Тартоус и некои подрачја на Дамаск, беа сведоци на значителен прилив на луѓе, додека источен Алепо и Хомс доживеаа егзодус. Од вкупното население проценето на околу 20,8 милиони во февруари 2020 година, нешто повеќе од 15 милиони живееле во подрачја под контрола на режимот“. Политиките на владата за таргетирање на урбаните подрачја под контрола на опозицијата „принудија маси раселени цивили да патуваат во подрачја контролирани од владата за да бараат подобра безбедност и јавни услуги“; GCSP/EUI, Државни институции и режимската мрежа како обезбедувачи на услуги во Сирија (GCSP/EUI, State Institutions and Regime Networks as

градот Дамаск,[986] и голем број жители во градот зависат од своите социјални мрежи во Сирија и во странство за да си ги покријат секојдневните расходи.[987]

*Пристап до соодветно засолниште*

Иако градот Дамаск беше поштеден од висок степен на уништување, каков што им се случи на другите покраини, некои населби сепак претрпеа големи штети и уништување на станбениот имот и инфраструктурата, вклучително и Џобар, Кабун и Јармук, при што до денеска се извршени многу малку реконструкции.[988]

Економската криза, уништувањето на домовите и приливот на ВРЛ, во комбинација со брзата инфлација, доведоа до многукратно покачување на закупнините ширум градот Дамаск.[989]

---

Service Providers in Syria), јуни 2020 година, https://bit.ly/36GA7PV, стр. 6-7. „Акутните потреби што произлегуваат од недостаток на пристап до основните услуги, средства за егзистенција и економски можности, во комбинација со високо ниво на уништување на критичната цивилна инфраструктура, вклучувајќи здравствени установи, водоводни системи и училишта, исто така, се забележуваат во (...) преоптоварените заедници домаќини во Дамаск и рурален Дамаск“ (додаден акцент); ОЦХА, Глобален хуманитарен преглед: Сирија (OCHA, Global Humanitarian Overview: Syria), пристапено на 28 февруари 2021 година, https://gho.unocha.org/syria.

[986] „Трошоците за живот (храна, домување, образование, здравје и облека) се најскапи во Дамаск и постојано растат со инфлацијата. Месечните барања за петчлено семејство во Дамаск се зголемија од 380,000 сириски фунти во јануари 2020 година на 430,000 сириски фунти (помеѓу 331 и 358 УСД месечно) во април 2020 година, додека просечната месечна јавна плата не надминува 60,000 сириски фунти (помеѓу 46 и 50 УСД месечно)“; GCSP/EUI, Државни институции и режимската мрежа како обезбедувачи на услуги во Сирија (GCSP/EUI, State Institutions and Regime Networks as Service Providers in Syria), јуни 2020 година, https://bit.ly/31nZNxA, стр. 12. До декември 2020 година, месечната потреба од 380,000 сириски фунти се зголеми за 93% на 732,000 сириски фунти; Сирија репорт, Тензиите растат со растот на трошоците за живот за 93 проценти (Syria Report, Tensions Rise as Syria's Cost of Living Surges by 93 Percent), 20 јануари 2021 година, http://bit.ly/3022aos.

[987] Б. Винд и Б. Ибрахим, Воениот урбан развој на Дамаск, 2020 година (B. Wind and B. Ibrahim, The War-Time Urban Development of Damascus), 2020 година, https://bit.ly/3hIlayz, стр. 12. За ограничувањата на дознаките од странство, види Дел II.Ѓ.1.

[988] „Соседството Ал Кабун беше сведок на систематско уништување откако сирискиот режим повторно презеде контрола врз него, во средината на 2017 година, преку десетици бомбашки напади што ги таргетираа останатите куќи и згради во одделни подрачја на соседството“; “Енаб Балади“, По ширењето на областа на деструкција... регулаторниот план на квартот ал-Кабун ги игнорира имотните права на жителите, 10 ноември 2020 година, https://bit.ly/36iA4Jf. „Од 3 декември 2017 година, 93% од објектите во населбата Џобар беа оштетени или уништени" и „урнатините и неексплодираните остатоци од војната допрва треба да се отстранат, како и повторно да се воспостави основната цивилна инфраструктура, вклучувајќи електрична енергија и вода, бидејќи повеќе од 80% од сите згради во кампот Јармук и неговите околни подрачја беа уништени“; РЕАЦХ, Атласот на уништените градови во Сирија (REACH, Syria Cities Damage Atlas), 16 март 2019 година, https://bit.ly/2H3uC2L, стр. 17, 23. Види, исто така, Сирија Рипорт, Итно враќање? (Syria Report, Imminent Return? What Barzeh, Qaboun and Jobar May Have in Common), 28 октомври 2020 година, https://bit.ly/35AlY5F; и Дел II.Ѓ.1 и III.A.12.

[989] „Латакија и Дамаск добредојдоа значителен број раселени лица од различни подрачја на земјата. Во двата града, ВРЛ го зголемија притисокот врз постоечката достапност на домување, инфраструктура и услуги. Оваа ситуација ги зголеми цените на домувањето, особено изнајмувањата, спречувајќи многу ВРЛ да најдат сместување. (...) „Во Дамаск, многу ВРЛ се обрнаа кон „колективни центри“ (јавни згради и фабрики во кои беа сместени пет или повеќе ВРЛ семејства) или неформални населби каде што се соочуваа со недоволен пристап до основните услуги“; ГЦСП/ЕУИ, Државните институции и режимската мрежа како обезбедувачи на услуги во Сирија (GCSP/EUI, State Institutions and Regime Networks as Service Providers in Syria), јуни 2020 година, https://bit.ly/36GA7PV, стр. 8. Во декември 2019 година, пред забрзувањето на намалувањето на вредноста на сириската фунта, еден жител на Дамаск рече: „Зголемувањето на цените во Дамаск е шокантно, особено трошоците за сместување. Сега ситуацијата е уште полоша, а зголемувањето на платата не постигнува ништо бидејќи сириската лира е нестабилна“; „Сирија Директ“, Жителите не Дамаск патат од растечките цени и економски застој, 8 декември 2019 година, https://bit.ly/2Eaixrv. Види, исто така, “Енаб Балади“, Закупот на куќи скокна на рекордно ниво во Дамаск... Кои се причините?/ (Enab Baladi, House Rents Rise to Record Levels in Damascus... What Are the Reasons?), 7 мај 2018 година, https://bit.ly/33A1sjn. „Додека сопствениците профитираа од пренатрупаниот пазар на недвижности, оние што бараа засолниште се соочија со изнудни трошоци за изнајмување. Стан во населба од работничката класа во центарот на Дамаск може да достигне цена од 250 долари месечно - приближно три пати повеќе од платата од типичен државен службеник - дури и кога нема кујна или прозорци. Сопствениците понекогаш бараат годишна кирија однапред, во цврста валута“; „Синапс“, *Нема Дамаск како дома*, 10 февруари 2020 година, https://bit.ly/32Hun5V. „Десетици илјади семејства беа раселени од нивните урнати родни градови во Дамаск, Латакија, Тартоус и Хама, каде што можеа да најдат безбедни сигурни домови за живеење“; Сирија Тајмс, Секторот недвижнини во Дамска (Syria Times, Real Estate Sector in Damascus), 21 јуни 2020 година, https://bit.ly/2S5YQEB. Види, исто така, Фанак, Ризикот од тензии поради растот на цените за живот/Fanack, Risk of Tensions as Cost of Living Surges in Syria, 8 февруари 2021 година, https://bit.ly/37C7Jhq; Сирија Рипорт, Трошоците

Станодавците често им бараат на закупците да ја плаќаат закупнината за една година однапред.[990] Освен тоа, цените на недвижнините нагло се покачија, што многумина ги остави заглавени помеѓу високите закупнини што не може да си ги дозволат и неможноста да си купат дури и најскромно сместување.[991]

ВРЛ начелно се населија во неформалните населби или живеат на периферијата на градот, бидејќи немаат пристап до поскапиот станбен пазар во повеќето населби.[992] Неформалните населби често пати се пренатрупани и немаат редовен пристап до јавна инфраструктура и услуги.[993] Безбедносните мерки,

---

за живот значително порасна минатата година (Syria Report, Cost of Living Increased Again Significantly Last Year), 15 јануари 2020 година, https://bit.ly/3iYbAZ6.

[990] „Синапс“, Нема Дамск како дома, 10 февруари 2020 година, https://bit.ly/32Hun5V; "Енаб Балади", Закупот на домови скокна на рекордно ниво во Дамаск... кои се причините (Enab Baladi, House Rents Rise to Record Levels in Damascus… What Are the Reasons?), 7 мај 2018 година, https://bit.ly/33A1sjn.

[991] „Пред неколку месеци, градот Дамаск и неговите предградија беа сведоци на астрономски пораст на цените на недвижностите поради влошување на сириската валута со американско-европските санкции за нестабилноста на Сирија и Либан. Работничката класа и вработените во владата не можат да купат мал стан во предградие близу градот Дамаск, бидејќи неговата цена достигнува 60 милиони сириски фунти. „Имам 40 милиони сириски фунти. Не можам да најдам соодветен стан за купување. Што да правам? Не можам да земам заем од државна или приватна банка и не можам да позајмам пари од моите стари родители кои [одвај] можат да купат храна. Јас и мојата сопруга земаме плата од 130,000 сириски фунти месечно“, изјави Рами, 34 годишен, инженер за електрична енергија во Министерството за електрична енергија, а неговата сопруга е владина учителка, за Сирија Тајмс“; Сирија Тајмс, Секторот недвижнини во Дамаск (Syria Times, Real Estate Sector in Damascus), 21 јуни 2020 година, https://bit.ly/2S5YQEB. „Поседувањето имот - неопходен чекор за создавање семејство - останува далекусежен сон за младите луѓе во регионите под контрола на режимот. Цените на имотот исто така се зголемија заедно со доларот, но со побавна стапка и станаа многу скапи. Секој стан во приградско подрачје ќе чини околу 10,000 УСД. Иако банките на режимот нудат хипотекарни заеми, тие сè уште не се доволно за да се купи куќа, а нивните долгорочни премии изгледаат невозможно да се платат: кредит од 5 милиони сириски лири ќе го чини кредитобарателот дополнителни 90,000 сириски лири во текот на 15 години, што изгледа невозможно во земја со приход по глава на жител од не повеќе од 80,000 лири за сите работници во приватниот и јавниот сектор“; Риформ Инишијатив, Без татковина, без иднина: Младите Алавити како ‘рбет на режимот на Асад (Reform Initiative, No Homeland, No Future: Alawite Youth As the Backbone of the Assad Regime), 4 август 2020 година, https://bit.ly/3662qqp. На 9 септември 2020 година, Министерството за внатрепна трговија и производство ја зголеми цената на цементот за 50% за да продолжи со зголемувањето на неформалните пазарни цени, што ќе предизвика зголемување на цените на домовите. „На потрошувачко ниво, зголемените цени (одраз на инфлацијата и брзата амортизација на сириската фунта) ќе ги зголемат цените на куќите и трошоците за дејства на рехабилитација и поправка“; ЦОАР, Сирија Апдејт, 14 септември 2020 година, https://bit.ly/2ESLGI6. Министерството повторно ја зголеми цената во декември 2020 година за 80%; ЦОАР, Сирија Апдејт, 4 јануари 2021 година, https://bit.ly/3dxJrsN. Види, исто така, Сирија Рипорт, Сирија повторно со раст на цените на цементот, производството стабилно (Syria Report, Syria Hikes Cement Prices Again, Production Stable), 23 декември 2020 година, https://bit.ly/2MlJD2Z; "Енаб Балади", Формалностите и зголемените цени на градежните материјали ја попречуваат изградбата на стариот дел на Дамаск (Enab Baladi/Formalities and Increased Prices of Building Materials Hinder Restoration in Damascus Old City), 21 јануари 2021 година, https://bit.ly/3dybkAU; "Енаб Балади", Дамаск... трошоците за закуп понискиотколку оние за реставрирање на разурнатите куќи (Enab Baladi, Damascus… Renting Costs Less than Restoring War-Affected Houses), 8 септември 2020 година, https://bit.ly/35c0LO6.

[992] „(...) три подрачја, лоцирани на западната страна од стариот град, се карактеризираат со висок социјален статус: Малки, Кафар Сусах и Мазех. (...) Други подрачја со релативно висок социјален статус се Мазех и стариот град и неговата северна околина. Подрачјата со најнизок социјален статус може да се најдат во јужниот и источниот раб на градот. Тоа се однесува на подрачја со висок степен на неформално домување во оазата Гута, како што се Дума, Хараста и Арбин [гувернорат рурален Дамаск] и поранешниот палестински бегалски камп Јармук и неговата околина. (...) за време на сириската војна, внатрешно раселените лица главно мигрирале во населби со релативно низок социјален статус и висок степен на неформалност. (...) недостатокот на домување меѓу внатрешено раселените лица е огромен“;Б. Винд и Б. Ибрахим, Воениот урбан развој на Дамаск, 2020 година (B. Wind and B. Ibrahim, The War-Time Urban Development of Damascus), 2020 година, https://bit.ly/3hIlayz, стр. 11. Еден истражувач во март 2019 година процени дека 60% од ВРЛ во Дамаск живееле во неформални населби; Меѓународен преглед на Црвениот крст, Фрагилноста на безбедноста на заедницата во Дамаск и во неговата околина (International Review of the Red Cross, The Fragility of Community Security in Damascus and its Environs, IRRC 99(3)), 2019, https://bit.ly/2RBJgjJ, стр. 911.

[993] „Овие неформални населби се карактеризираат со нивната висока густина на население, која се движи од 400 до 1,200 лица по хектар. Повеќето од нив се нередовно поврзани со јавни инфраструктурни услуги како што се канализација, вода за пиење, електрична енергија, телефони и патишта. (...) Социјалните услуги, како што се здравствени и образовни установи и полициски станици, воопшто не постојат“; Меѓународен преглед на Црвениот крст, Фрагилноста на безбедноста на заедницата во Дамаск и во неговата околина (International Review of the Red Cross, The Fragility of Community Security in Damascus and its Environs, IRRC 99(3)), 2019, https://bit.ly/2RBJgjJ, стр. 917-918. „Во овие подрачја, постои пристап до основните услуги како што се санитација, вода и електрична

исто така, ги спречуваат ВРЛ и другите лица со ниски примања да добијат пристап до другите населби заради домување и услуги.[994]

Обезбедувањето сместување, макар и привремено,[995] во градот Дамаск подразбира и правни и безбедносни процедури, коишто може, зависно од профилот на лицето, да повлечат и одрдени безбедносни ризици, како што се распит и апсење. Лицата може и да не ги добијат потребните безбедносни одобренија за да закупат или купат стан.

**Договорите за закуп** (и нивното продлжување) мора да се формализираат во Кабинетот на гувернерот (Канцеларијата за граѓански услуги, *„Мактаб хидмет ал-мувасинин“*), а за постапката се плаќа одреден надомест.[996]

Во 2018 година, Министерството за внатрешни работи го повлече условот лицето да мора да добие безбедносна дозвола за да склучи договор за закуп. Наместо тоа, Канцеларијата за граѓански услуги ја известува полициската станица за склучениот договор за закуп, а полициската станица, пак, ѝ испраќа известување на соодветната Дирекција за политичка безбедност (*„Идарат Ал-Амн Ал-Сијаси“*).[997]

Обично станодавците инсистираат на склучување договори за закуп за да може да си ги заштитат своите станови да не им бидат запоседнати од потстанарите влезени со неформални договори, бидејќи постапката за нивното иселување би била долга и тешка. Исто така, станодавците може да се колебаат да не им го издадат својот стан на лица што не им се познати, особено ако потекнуваат од подрачја кои сега се или порано биле надвор од владината контрола, бидејќи им е страв да не бидат повикани на

енергија, меѓутоа, инфраструктурата е ранлива и најмалата штета може да влијае на целото подрачје“; ДИС, Сирија: Социо-економска ситуација во градот Дамаск (DIS, Syria: The SocioEconomic Situation in Damascus City), март 2019 година, https://bit.ly/2HdnHUV, стр. 8.

994 „Денешните безбедносни пречки и контролни пунктови ја зацврстија поделбата на станбените подрачја во градот и неговата мирна околина по верска, регионална и етничка линија, па дури и врз основа на економска класа. Овие безбедносни мерки ги направија подрачјата уште поинтровертни од порано и спречија какво било мешање меѓу живеалишта, особено во однос на сместувањето на бегалците кои навлегуваат во Дамаск и неговата околина, кои се распределуваат во согласност со безбедносната агенда во согласност со идентитетот и карактеристиките на секое станбено подрачје“; Меѓународен преглед на Црвениот крст, Фрагилноста на безбедноста на заедницата во Дамаск и во неговата околина (International Review of the Red Cross, The Fragility of Community Security in Damascus and its Environs, IRRC 99(3)), 2019 година, https://bit.ly/2RBJgjJ, стр. 916.

995 Од поединци кои сакаат да престојуваат во хотел се бараат пасош, лична карта, семејна книшка или граѓански извод со лична фотографија на сопственикот со цел да се пријават. Семејствата мора да претстават семејна книшка или семеен граѓански извод што ја покажува правната врска помеѓу членовите на семејството. Хотелите се должни секојдневно да им ги достават списоците за станарите со нивните лични податоци („Варакат Ал-Амн“) до Дирекцијата за политичка безбедност. Информациите се пренесуваат и меѓу другите безбедносни/разузнавачки агенции. Информација на УНХЦР 727, декември 2020 година.

996 Сопственикот треба да обезбеди документи за сопственост; последна сметка за електрична енергија; оригиналот и копија од неговата/нејзината лична карта, додека закупецот треба да обезбеди оригинал и копија од неговата/нејзината лична карта; семејна книшка (во случај кога семејство изнајмува стан); и копии од личната карта на кој било друг возрасен член на семејството кој ќе живее во станот; Информација на УНХЦР, декември 2020 година.

997 UNHCR information, декември 2020 година. „(...) Во 2018 година, Министерството за внатрешни работи ја објави Уредбата бр. 2744, со која се откажа барањето за добивање безбедносно одобрение со цел склучување договори за закуп. Меѓутоа, новата Уредба наметна неколку безбедносни мерки што треба да се почитуваат при изнајмување. Вклучените страни треба да го регистрираат договорот за изнајмување во административна единица како што е општинскиот совет. Копии од договорот потоа мора да бидат испратени до локалната полиција за да го проверат правниот статус на закупецот и да видат дали тие се бараат од страна на безбедносните сили или судството. Потоа, полицијата мора да испрати копија од договорот до локалната Канцеларија за политичка безбедност задолжена за подрачјето за да спроведе проверка на позадината на лицето. Во пракса, Уредбата бр. 2744 всушност не го отстрани условот за безбедносно одобрение за изнајмување, туку го поврза процесот со полицијата“;Сирија Репорт, објаснето: Безбедносни одобренија и кршење на имотните права (Syria Report, Explained: Security Approvals and Infringements on Property Rights), 23 септември 2020 година, https://bit.ly/2Tmk1Tp. „Во врска со аранжманот за изнајмување, апликантот мора да го достави закупот до општината, која го упатува до најблиската полициска станица до имотот. Полицијата потоа е одговорна за доставување на апликацијата до разузнавачките служби кои ќе извршат вкрстена проверка на името на апликантот. Доколку се откријат безбедносни проблеми, одобрувањето се одбива и апликацијата потоа се испитува. Ова безбедносно одобрување обезбедува дополнително ниво на контрола од страна на сириската влада врз секојдневните трансакции со имот, што дополнително ги попречува правата на не-Сирijците, внатрешно раселените лица и бегалците и особено влијае врз секој кој може да има проблеми со разузнавачката служба“; ПАКС, Правни пречки за домувањето, земјиштето о имотните права во Сирија (PAX, Legal Obstacles to Housing, Land and Property Rights in Syria), 6 март 2019 година, https://bit.ly/34oImhU, стр. 6.

распит од страна на безбедносните агенции или пак да бидат повикани на одговорност за евентуален престап сторен од потстанарот.[998]

**Купување стан:** И за продажба и за купување на станбен простор потребно е претходно да се набав безбедносна дозвола од Дирекцијата за политичка безбедност. На лицата што се барани од надлежните органи, вклучително и за претпоставените опозициски активности или избегнување регрутација, не им се издава безбедносна дозвола.[999]

*Пристап до основни услуги*

Јавната инфраструктура во градот Дамаск и пристапот на граѓаните до услугите може да бидат испрекинати.[1000] Се известува дека присуството на ВРЛ само врши дополнителен притисок врз достапната инфраструктура и услуги.[1001] За да се пристапи до стоките и услугите, дури и кога се

---

[998] Информација на УНХЦР, декември 2020 година.

[999] „Изземањето на оние кои се сметаат за нелојални кон државата се остварува преку создавање на легална архитектура на државјанство и личност која им ги ускратува „различните права, вклучително и правата на престој, сопственост на имот, банкарски сметки и слично, на „нелојалните“ Сиријци. Целта на овие закони е ефикасно исфрлање на сегменти од населението кои се конституирани како вистински или потенцијални закани“ (додаден акцент); ПОМЕПС, Сирија, Екологија на кризата во (МЕНА/POMEPS, Syria, Crisis Ecologies, and Enduring Insecurities in the MENA), 27 октомври 2020 година, https://bit.ly/3a1aESS. „Во Сирија, продажбата на недвижности, наследствата или преносот на сопственоста бараат дозвола од Министерството за финансии. Со издавањето на циркуларното писмо бр. 463 [во 2015 година], стекнување со ова одобрение бара добивање на безбедносно одобрение. Тоа често се прави со поднесување на барање до Канцеларијата за политичка безбедност задолжена за подрачјето каде што се наоѓа недвижниот имот. Во случаи кога потенцијалниот купувач или продавач се бара од безбедносни причини - како што се активности против режимот, неотслужување на задолжителната воена служба, претходно извршено кривично дело или биле осудени на казна затвор - властите нема да дадат одобрение“; Сирија Репорт, објаснето: Безбедносни одобренија и кршење на имотните права (Syria Report, Explained: Security Approvals and Infringements on Property Rights), 23 септември 2020 година, https://bit.ly/2Tmk1Tp. „Режимската влада го оправда циркуларот под изговор дека спречува купување или позајмување недвижен имот од „терористи“ кои го користат како седиште и ги заштитува документите за имот од загуба или фалсификување. (...) Доколку биле откриени безбедносни проблеми за продавачот или купувачот од која било причина, или тие биле дезертери на задолжителна или резервна воена служба, претходно извршиле кривично дело или прекршок или биле осудени на казна затвор, ќе им биде одбиено безбедносно одобрение.“ “Енаб Балади“ извести дека „[Според] луѓето кои работат во областа на недвижностите, стапката на барања за безбедносно одобрение кои се одбиени се проценува на 60 проценти“; “Енаб Балади“, „безбедносен сертификат“... Алатка за заштита на имотот или нарушување на животите на граѓаните“ (Enab Baladi, “Security Clearance”… Property Protection Tool or Disruption to Citizens’ Lives), 17 јули 2020 година, https://bit.ly/2To4jaz. Види, исто така, Сирија Директ, По губењето на сонот за слободата, Дамаск тргнува по средствата на Асад“ (Syria Direct, After Stealing their Dream of Freedom, Damascus Goes after Syrians’ Assets), 7 ноември 2019 година, https://bit.ly/31Jr0uu; ФЕС, Повторно барање на домовите: Битката за социјално праведно домување, земјиште и имотните прававо Сирија, Ирак и Либија (FES, Reclaiming Home: The Struggle for Socially Just Housing, Land, and Property Rights in Syria, Iraq and Libya), септември 2019 година, www.ecoi.net/en/document/2023128.html, стр. 76.

[1000] „Дури и оние кои не се раселени и живеат во помалку уништени градови, страдаат од влошен животен стандард и недостаток на основни услуги и стоки. Жителите на градови како Сувеида, Дамаск, Тартус и Латакија објавија недостаток на снабдување со електрична енергија; недостаток на масло за греење и гас за готвење; недостаток и зголемени цени на основните производи, особено високата цена на лебот. Покрај тоа, јавните здравствени и образовни установи се сè повеќе несоодветно опремени, немаат квалификуван персонал и функционираат лошо“ (додаден акцент); Импликации врз социјалната правда, јули 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2032645.html, стр. 1.

[1001] ОЦХА проценува дека 87% од сите внатрешно раселени лица престојуваат во урбани центри, што го влошува „стресот врз честопати преоптоварените ресурси, инфраструктура и услуги“. Многу урбани заедници, вклучително и Дамаск, се „преоптоварени“, што значи дека над 30% од нивното население е составено од внатрешно раселени лица; ОЦХА, ПНП, 2020 година (OCHA, 2020 HNO), јули 2020 година, стр. 13, 39. Види, исто така, ЖЦБП / ЕУИ, Државните институции и мрежите на режимот како даватели на услуги во Сирија, јуни 2020 година, https://bit.ly/36GA7PV, стр. 8. „Две неформални населби во близина на Стариот град кои останаа релативно неоштетени за време на војната (Мазех 86 и Рукн Един) привлекоа многу внатрешно раселени лица. Овие населби не се зголемија по големина, но се згуснаа во последните години поради пренатрупаност и додавање на нови катови. Друго подрачје кое прими многу раселени лица за време на конфликтот се наоѓа на поранешниот фронт меѓу владините сили и бунтовничките фракции во источната страна на градот: Двелаа и Јарамана. Резултатите јасно покажуваат дека присуството на внатрешно раселени лица е ниско во подрачјата кои неодамна беа предмет на отворена војна, како што се Кабун, Дума, Хараста, Арбин и Дараја. Ова значи дека дојдените внатрешно раселени лица го зголемија притисокот врз постојниот станбен фонд и објектите во овие населби“; Б. Винд и Б. Ибрахим, Урбан развој на Дамаск за време на војната (B. Wind and B. Ibrahim, The War-Time Urban Development of Damascus), 2020 година, https://bit.ly/3hIlayz, стр. 11. „Ранливоста на несигурноста за храна во Сириската Арапска

достапни, често пати се потребни неформални лични врски (*„васта“*) и/или финансиски средства за да се платат корумпираните службеници.[1002]

**Храна:**Подрачјата под владина контрола минуваат низ флуктуации кога станува збор за достапноста на субвенционираните и несубвенционираните стоки, вклучително и основни намирници,[1003] при што Сирија се соочува со сериозен недостиг на пченица и леб.[1004]

---

Република е многу слична во урбаните и руралните подрачја. Ова е во согласност со претходните истражувања, главно затоа што луѓето во урбаните средини имаат подобар пристап до пазарите и до повеќе потенцијални можности за приход. Меѓутоа, ВРЛ се претежно концентрирани во урбани средини, што создава притисок врз урбаните услуги“; Организација за храна и земјоделство на Обединетите нации, Специјален извештај: Мисија за проценка на ФАО/ВПФ на културите и безбедноста на храната во Сириската Арапска Република (ФАО) United Nations Food and Agriculture Organization (FAO), Special Report: FAO/WFP Crop and Food Security Assessment Mission to the Syrian Arab Republic), 5 септември 2019 година, www.ecoi.net/en/document/2017140.html, стр. 53. Види, исто така, Меѓународен преглед на Црвениот крст, Ранливоста на безбедноста на заедницата во Дамаск и неговата околина, МПЦК 99(3), 2019 година, https://bit.ly/2RBJgjJ, стр. 911-912.

[1002] „Тешките услови за живот, заедно со недостатокот на отчетност, доведоа до ширење на корумпирани службеници во различни државни субјекти на сите менаџерски нивоа. Корупцијата доминира во механизмите за обезбедување услуги во подрачјата контролирани од режимот“; „Четхам хаус“, Проценка на контролата и динамиката на моќта во Сирија (Chatham House, Assessing Control and Power Dynamics in Syria), ноември 2020 година, https://bit.ly/2K3xAWP, стр. 21. „За да добијат грижа за КОВИД-19, пациентите мораа да платат мито за прием во болница, како и за сопствените резерви на кислород“; ЛЧП, Опструкција и негирање: Нееднаквост во здравствениот систем и КОВИД-19 во Дара, Сирија (PHR, Obstruction and Denial: Health System Disparities and COVID-19 in Daraa, Syria), декември 2020 година, https://bit.ly/3oJWHg8. Во Дамаск „само лицата со добри врски добиваат болнички кревети“, ако се болни од КОВИД-19; „Д економист“, Победата за Башар ал Асад значеше поголемо страдање за неговите луѓе (The Economist, Victory for Bashar al-Assad Has Meant more Suffering for His People), 26 септември 2020 година, https://econ.st/3ahk4cO. Во јануари 2019 година, еден студент изјави дека „Треба да набавите гас користејќи „wasta“ [врски] (…) Ако воопшто можете да ги најдете“; „Сирија директ“, „Чекајќи во ред за гасовод“: Жителите во Сирија контролирана од владата изразија незадоволство од горивото и недостатокот на електрична енергија (Syria Direct, ‘Waiting for a Place in the Gas Line’: Residents of Government-held Syria Voice Discontent over Fuel, Electricity Shortages), 30 јануари 2019 година, https://bit.ly/33HfaRE. Види, исто така, „Д телеграф“, „Воено богатство“: Сириските елити ги заобиколија американските санкции во услови на економски неред (The Telegraph, ‘The War Riche’: Syrian Elites Skirt US Sanctions amid Economic Turmoil), 15 ноември 2020 година, https://bit.ly/37gxq7q; „Енаб Балади“, Коронавирусот отвори нови врати за корупцијата во Сирија (Enab Baladi, Coronavirus Opens New Door to Corruption in Syria), 11 септември 2020 година, https://bit.ly/34akrSR. Како и во 2019 година, годишниот индекс на перцепција на корупција за 2020 година ја рангираше Сирија на 178 место од 180 земји. За споредба, во 2010 година, една година пред почетокот на конфликтот во Сирија, Сирија беше на 127 место; „Транспаренси интернешнл“, Индекс на перцепција на корупцијата, 28 јануари 2021 година, http://bit.ly/3kjc4v2.

[1003] „Во подрачјата контролирани од владата, цените на основните производи може да се зголемат неколку пати во текот на денот, принудувајќи многу продавници да се затворат бидејќи едноставно не можат да се справат со хаосот. Некои основни работи, вклучувајќи шеќер и ориз, се рационализирани од владата. Но, дури и оние, заедно со лековите, стануваат сè потешки и потешки да се најдат воопшто“; „Си-би-ес њуз“, Додека нивната земја се распаѓа, Сиријците се борат со „застрашувачката“ перспектива за живот како бегалци (CBS News, As Their Country Crumbles, Syrians Wrestle with the “Terrifying” Prospect of Life as Refugees), 17 септември 2020 година, https://cbsn.ws/35NVlec. „Жителите на градови како Сувеида, Дамаск, Тартус и Латакија објавија недостаток на снабдување со електрична енергија; недостаток на масло за греење и гас за готвење; недостаток и зголемени цени на основните производи, особено високата цена на лебот“; ФФЕ, КОВИД-19 и сириската економија: Импликации за социјалната правда (FES, COVID-19 and the Syrian Economy: Implications for Social Justice), јули 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2032645.html, стр. 1. Види, исто така, СОЧП, Додека продолжуваат кризите со гориво, електрична енергија и леб во подрачјата што ги држи режимот: Вредноста на сириската фунта достигнува ново рекордно ниско ниво, а цените на стоките повторно растат (SOHR, As Fuel, Electricity and Bread Crises Continue in Regime-Held Areas: Syrian Pound’s Value Hits New Record Low, and Commodity Prices Rise Again), 11 февруари 2021 година, https://bit.ly/3uifanE; СОЧП, Дамаск: Тепачка надвор пред пекара остави три лица ранети во подрачјето Ал Двела (SOHR, Damascus: Fight Outside Bakery Leaves Three People Wounded in AlDwel’a Area), 7 февруари 2021 година, https://bit.ly/2Nl0LXl; „Сирија репорт“, Владата се соочува со разни предизвици за задоволување на потребите за увоз на храна (Syria Report, Government Faces Various Challenges to Meet Food Import Needs), 12 август 2020 година, https://bit.ly/35Zznoy.

[1004] „Главниот град Дамаск и сите провинции под контрола на сирискиот режим доживеаја влошување на кризата со леб, бидејќи режимските власти не беа во можност да најдат соодветно решение за најзадушувачката криза досега во Сирија“; СОЧП, Големи прекршувања и тешки кризи ги лишуваат цивилите од нивните најосновни права... обновени израелски напади сред заживување на иранско-рускиот конфликт (SOHR, Major Violations and Severe Crises Deprive Civilians of Their Most Basic Rights…Renewed Israeli Attacks, amid Simmering Iranian-Russian Conflict), 7 декември 2020 година, https://bit.ly/37I0Ydb. Во декември 2020 година, „Министерството за внатрешна трговија и заштита на потрошувачите ги намали количествата пченично брашно што се дистрибуира до пекарите

Во септември 2020 година, според известувањата, недостатокот на бензин и леб беа *„основната одлика на регионите под контрола на владата“*.[1005] Цените на прехранбените производи значително скокнаа,[1006] што повеќе ги погаѓа урбаните средини одошто руралните, особено бидејќи во урбаните

---

низ целата земја за 16 проценти, што доведе до драматично намалување на достапните количини и предизвика подолги редици пред пекарите“; „Сирија репорт“, Тензиите растат додека трошоците за живот во Сирија растат за 93 проценти (Syria Report, Tensions Rise as Syria's Cost of Living Surges by 93 Percent), 20 јануари 2021 година, https://bit.ly/37HcGFS. „Во изминатите неколку недели се зголемија редиците низ државните пекари во Сирија, што ги нагласи тешкотиите на владата да обезбеди и дистрибуира клучен елемент на сириската диета. Покрај редиците - во некои градови има извештаи дека луѓето чекаат и до три часа за да купат леб - сè поголем број Сирijци се жалат на лошиот квалитет на лебот и на фактот дека некои ги изнудуваат пекарите и треба да платат помеѓу 300 и 800 сириски фунти за пакет“; „Сирија репорт“, Паралелните кризи за масло и леб ја истакнуваат длабочината на економските и социјалните предизвици, дисфункција на државата (Syria Report, Twin Oil and Bread Crises Highlight Depth of Economic and Social Challenges, State Dysfunction), 23 септември 2020 година, https://bit.ly/3m0FAWf. „Влошувањето на кризата со лебот резултираше со затворање на многу пекари во градовите контролирани од режимот, откако не успеаја да добијат распределба на брашно. Ова, пак, доведе до пораст на корупцијата и појава на нов „црн пазар“ за продажба на леб“; СОЧП, Тешкотии во подрачја под контрола на режимот: „Смарт картички“ не ги опфаќаат кризите за леб и гориво, поставувајќи дополнителни товари врз сирискиот народ (SOHR, Hardship in Regime-Controlled Areas: “Smart Card” Fails to Contain Bread and Fuel Crises, Placing Additional Burdens on Syrian People), 24 септември 2020 година, https://bit.ly/2H3v69r. Во септември 2020 година: „Сириската влада нареди да се намалат дневните семејни количини на леб, откако не им обезбеди на луѓето субвенциониран леб и бензин“; „Ашарк Ал Авсат“, Дамаск критикуван за лошото ракување со леб и недостатокот на бензин (Asharq Al-Awsat, Damascus under Fire for Poor Handling of Bread, Gasoline Shortages), 20 септември 2020 година, https://bit.ly/3hNIcEc. Види, исто така, СОЧП, Дамаск: Тепачка надвор пред пекара остави три лица ранети во подрачјето Ал Двела (SOHR, Damascus: Fight Outside Bakery Leaves Three People Wounded in AlDwel'a Area), 7 февруари 2021 година, https://bit.ly/2Nl0LXl; Вашингтонски институт, Редиците за леб во Сирија се толку долги што децата мораат да пропуштат училиште за да чекаат во нив (Washington Post, Syria's Bread Lines Are so Long that Children Have to Skip School to Wait in Them), 26 декември 2020 година, http://wapo.st/3b0ib4R; СМЧП, Гужва пред пекара сред пандемијата на КОВИД-19 додека владејачкиот режим е целосно рамнодушен кон страдањата на народот, дури и доколку лебот станува сон (SNHR, Citizens Throng in Front of a Bakery amid COVID-19 Pandemic while Ruling Regime is Wholly Indifferent to the People's Suffering even if Bread Becomes a Dream), 18 октомври 2020 година, https://bit.ly/37gdli5; „Енаб Балади“, Жителите на Дамаск страдаат поради тешкиот пристап до леб: ограничени квоти и долги редици за леб (Enab Baladi, Residents of Damascus Suffer Difficult Access to Bread: Limited Quotas and Long Bread Lines), 18 октомври 2020 година, https://bit.ly/3dGt7E7.

[1005] „Сирија директ“, Како режимот на Асад ги создава и има корист од влошените услови за живот во Сирија? (Syria Direct, How Does the Assad Regime Create and Benefit from the Deteriorating Living Conditions in Syria?), 24 септември 2020 година, https://bit.ly/3kLvp6Z. „Сирија се соочува со двојна криза во снабдувањето и со леб и со нафта, што генерира зголемени тензии кај населението и ја нагласува нефункционалноста на владата. Фактот дека овие двојни кризи се случуваат додека зимата сè уште не е започната, не навестува добро за следните месеци. Недостатоците се последица на број фактори, вклучувајќи ги и долгорочно натрупаните последици од војната, уништувањето на економијата и дисфункционалноста на сириската држава“; „Сирија репорт“, Паралелните кризи за масло и леб ја истакнуваат длабочината на економските и социјалните предизвици, дисфункција на државата (Syria Report, Twin Oil and Bread Crises Highlight Depth of Economic and Social Challenges, State Dysfunction), 23 септември 2020 година, https://bit.ly/3m0FAWf. „Меѓународната заедница треба да очекува дека сириската влада нема да може да набави пченица на потребните нивоа во догледна иднина. Логистичките предизвици, недостатоците во финансирањето и проблемите што произлегуваат од товарот и осигурувањето се приближни фактори во тековниот недостаток на пченица, додека терциерните фактори, како што се недостатокот на гас и гориво и зголемените цени, исто така, ги притиснаа пекарите. Сепак, основната причина за маките на Дамаск со пченица е неможноста да се заземе повеќе од домашното производство на нацијата“; ЦОАИ, Најновото од Сирија (COAR, Syria Update): 12 октомври 2020 година, https://bit.ly/3kiBQyH. Пријавени се расправии и тепачки пред пекарите и бензинските пумпи во подрачјата што ги држи владата; СОЧП, Дамаск гладува додека владата и понатаму погрешно се справува со кризата (SOHR, Damascus Starving, as Government Keeps Mishandling the Crisis), 15 ноември 2020 година, https://bit.ly/38LJJcZ; СОЧП, Расте незадоволството меѓу цивилите поради лошите услови за живот во подрачјата под контрола на сирискиот режим, додека кризите за леб и гориво се продлабочуваат (SOHR, Public Discontent Grows among Civilians over Poor Living Conditions in Syrian Regime-Held Areas, as Bread and Fuel Crisis Deepen), 19 октомври 2020 година, https://bit.ly/31qAN8r; СОЧП, Дете повредено во неселективно пукање од службата на „воздухопловното разузнавање“ во рурална Дара (SOHR, Child Injured in Indiscriminate Gunfire by “Air-Force Intelligence” Service in Rural Daraa), 13 октомври 2020 година, https://bit.ly/35judSg; СОЧП, Криза со гориво: Цивил убиен во Хама по спорови околу приоритетот за полнење гориво за автомобили (SOHR, Fuel Crisis: Civilian Killed in Hama Following Disputes over Priority to Gas Up Cars), 14 септември 2020 година, https://bit.ly/34b2xzN; СОЧП, Три лица повредени по спорови околу приоритетот за полнење гориво за автомобили (SOHR, Three People Injured after Disputes over Priority to Gas Up Their Cars), 6 септември 2020 година, https://bit.ly/2IO8TwP.

[1006] „(...) пазарите во провинциите Латакија, Хомс, Хама, Дамаск, Дара, Ал-Свеида и Тартус забележаа значителен пораст на цените на сите стоки, покрај исчезнувањето и недостапноста на голем број стоки и продукти“; СОЧП, „Законот Цезар“ во подрачјата под контрола на режимот: Обичните Сирijци се жртви на строги санкци, а владата

средини живеат поголем број лица вработени во државниот сектор, чиишто плати девалвираа заедно со сириската фунта.[1007] Високите цени за прехранбените производи ширум сирија се одразија и во Дамаск,[1008] каде што речиси една третина од населението пријави дека *„нессодветно се хранеле“* во текот на шестмесечниот период од јули до декември 2020 година.[1009] Ширум Сирија, вклучително и во Дамаск, голем број луѓе применуваат негативни стратегии за справување во исхраната, на пример, купуваат помалку храна и понеквалитетна храна, ја ограничуваат големината на оброците, го намалуваат бројот на оброците, или позајмуваат храна или пари за да купат храна.[1010]

Во Дамаск, владата обезбедува субвенциониран шеќер, ориз, чај, сончогледово масло и леб преку т.н. систем на „смарт-картички“.[1011] Но, голем број семејства сè уште се приморани храната да ја купуваат

---

на Асад се обидува да го подобри својот имиџ (SOHR, “Caesar Act” in Regime-Controlled Areas: Ordinary Syrians Are Victims of Severe Sanctions and Al-Assad Government Is Trying to Improve Its Image), 20 јуни 2020 година, https://bit.ly/2H2UgVs. Види, исто така, СОЧП, Ново зголемување на цените на прехранбените производи и јавниот превоз: Гневот на народот расте поради хроничните кризи во подрчјата под контрола на режимот (SOHR, New Increase in Foodstuffs Prices and Public Transportation Hardship: Popular Anger Grows over Chronic Crises in Regime-Held Areas), 9 декември 2020 година, https://bit.ly/374EB2x; „Д араб викли“, Тешкотии предизвикани од пандемијата, економска криза во Сирија погодена од војна како што започнува Светиот месец (The Arab Weekly, Woes Compounded by Pandemic, Economic Crisis in War-Stricken Syria as Holy Month Begins), 26 април 2020 година, https://bit.ly/377Vcmv. Види, исто така, Дел II.Ѓ.1.

[1007] „Иако урбаните и руралните подрачја во Сирија беа погодени од неодамнешното зголемување на цената на продуктите, урбаните домаќинства се чини дека се помалку способни да го апсорбираат зголемувањето на цените. Ова во голема мера се должи на видовите на вработување во урбаните средини. Најпогодени беа вработените во јавниот сектор кои споменаа дека не можат да си го дозволат зголемувањето на цените со ограничени алтернативи за зголемување на својот приход за да соодветствува на зголемувањето на цените“; ВФП, Сирија: Преглед на влијанието на зголемувањето на цените на храната (WFP, Syria: Review on the Impact of Rising Food Prices), март 2020 година, https://bit.ly/3ndacFi. „Во составот на работната сила [во Латакија и Дамаск] доминираат вработувањето, услугите и комерцијалните активности во јавниот сектор и во помала мера производството“; ЖЦБП / ЕУИ, Државните институции и мрежите на режимот како даватели на услуги во Сирија (GCSP / EUI, State Institutions and Regime Networks as Service Providers in Syria), јуни 2020 година, https://bit.ly/36GA7PV, стр. 8. Види, исто така, „Енаб Балади“, Како вработените заработуваат деновиве во Дамаск? Преку легитимни или извртени начини? (Enab Baladi, How Do Employees Earn their Living in Damascus these Days? Through Legitimate or Twisted Ways?), 21 февруари 2020 година, https://bit.ly/32OUM1R.

[1008] Помеѓу јануари 2020 година и јануари 2021 година, цената на референтната кошница за храна на ВФП се зголеми за 229% во гувернoратот Дамаск. Во истиот период, на неформалниот пазар на девизниот курс во Дамаск, сириската фунта амортизираше за 64%; ВФП, Канцеларија за Сирија: Билтен за пазарна цена бр. 74 (WFP, Syria Country Office: Market Price Watch Bulletin Issue 74), 23 февруари 2021 година, https://bit.ly/3qS87zW, стр. 1, 4. Во Дамаск, „повеќето од жителите се жалат на високите цени и нивната неспособност да се справат со живата реалност која се влошува секојдневно“; „Енаб Балади“, Сириската влада не ги зема предвид пензионираните вработени во владата во Дамаск (Enab Baladi, Retired Government Employees in Damascus Are Not Taken into Account by Syrian Government), 14 септември 2020 година, https://bit.ly/33AjLoB. Еден невладин работник во Сирија изјави дека: „Ниту една храна не исчезна, но невозможно е да си ја дозволиме“. „Фајненшал тајмс“, Децата во Сирија „легнуваат гладни“ додека растат цените (Financial Times, Syria’s Children ‘Go to Bed Hungry’ as Prices Soar), 24 мај 2020 година, https://on.ft.com/3mvKo6U. Според еден новинар, цената на доматите во Дамаск се удвоила од март до април 2020 година; „Мидл ист онлајн“, Цените на храната низ Сирија двојно се зголемија за една година (Middle East Online, Food Prices Across Syria Double in a Year), 28 април 2020 година, https://bit.ly/2FPTfiI.

[1009] ВФП, mVAM билтен за Сирија бр. 51 (WFP, Syria mVAM Bulletin 51), 11 јануари 2021 година, https://bit.ly/3asU91I, стр. 2. Види, исто така, Дел II.Ѓ.1.

[1010] Исто, стр. 5. „Но, ситуацијата се влошува и во подрачјата што ги држи владата, каде што луѓето сега сè повеќе зборуваат за ризиците од гладување со кои се соочуваат, рече Мет Хемсли, советник за политика и комуникации со седиште во Дамаск во Оксфам, кој вели дека недостатокот на работни места и парите ги доведуваат луѓето до работ. „Имаме анегдотски извештаи дека луѓето преземаат прилично очајни мерки. Луѓето кои зборуваат со нас ни велат дека собираат, вријат и јадат плевел“, рече Лоукок. „Ова луѓето го прават само кога се очајни““; „Форен полиси“, Во Сирија, тешка трговија помеѓу справувањето со пандемијата и гладот (Foreign Policy, In Syria, a Grim Trade-Off Between Tackling Pandemic and Famine), 7 јули 2020 година, https://bit.ly/2RF9ylm. „Урбаните подрачја објавија дека знаат за помеѓу 60% до 80% луѓе кои купуваат на кредит (зголемено за 50% во септември 2019 година). Од оние што купувале со кредит, испитаниците и во урбаните и во руралните подрачја известиле дека околу 60% до 70% од трошоците за храна на домаќинствата биле купени на кредит, а некои подрачја (градот Алепо, Ал Хасаке, градот Латакија, Дара и Кунеитра) известувааат дека до 100% од трошоците за храна за домаќинствата биле на кредит“; ВФП, Сирија: Преглед на влијанието на зголемувањето на цените на храната (WFP, Syria: Review on the Impact of Rising Food Prices), март 2020 година, https://bit.ly/3ndacFi. Види, исто така, „Ал арабија“, Сиријците се принудени да се прилагодат додека економијата во земјата се влошува (Al Arabiya, Syrians Forced to Adapt as Country’s Economy Worsens), 19 мај 2020 година, https://bit.ly/3dvNdki.

[1011] Владата ја воведе „смарт картичката“ (или „електронска паметна картичка“) на почетокот на 2019 година за продажба на производи како што се бензин, масло за греење и гас за готвење по намалени цени. Од 1 февруари

[1039] „Платите на пензионерите вработени во сириската влада се помеѓу 20 и 40 илјади сириски фунти (помеѓу 9 и 18 УСД), како што е следено од Енаб Балади"; „Енаб Балади", Сириската влада не ги зема предвид пензионираните вработени во владата во Дамаск (Enab Baladi, Retired Government Employees in Damascus Are Not Taken into Account by Syrian Government), 14 септември 2020 година, https://bit.ly/3nUgnhO. Види, исто така, „Ал арабија", Сиријците се принудени да се прилагодат додека економијата во земјата се влошува (Al Arabiya, Syrians Forced to Adapt as Country's Economy Worsens), 19 мај 2020 година, https://bit.ly/3dvNdki.

[1040] Според годишните рејтинзи на Светската банка за 2019 година, Сирија е рангирана на 176 место меѓу 190 економии во леснотијата на водење бизнис; Светска банка, Водење бизнис: Споредување на бизнис регулативата во 190 економии (World Bank, Doing Business: Comparing Business Regulation in 190 Economies), 2019 година, https://bit.ly/3dUe9KG, стр. 4; Светска банка, Сириска Арапска Република: Дуинг бизнис 2020 година, 24 октомври 2019 година, https://bit.ly/2TBLlIl. Изнајмување или купување комерцијални недвижности, исто така, бара претходно безбедносно одобрение; види погоре „Пристап до соодветно засолниште".

[1041] Сопственикот на самопослуга „мораше да плати огромен поткуп и на царината и на Министерството за трговија само за неговиот бизнис да остане отворен. Ако тој одбиеше, ќе се соочеше со лажни обвинувања дека работи надвор од законот - обвиненија како што е увоз на неовластена стока - и ќе биде принуден да ја затвори својата продавница и потенцијално да се соочи со казна затвор, како што се случи со илјадници бизнисмени и трговци во изминатите месеци"; „Атлантик коунсил", Дали деветгодишната војна и влошената власт ќе предизвикаат ново движење во Сирија? (Atlantic Council, Will Nine Years of War and Deteriorating Governance Spark a New Movement Inside Syria?), 21 август 2020 година, https://bit.ly/2SVGXZN. „Законот и редот остануваат отсутни, додека корупцијата е посилна и понарушувачка од кога било досега, создавајќи сериозни ризици и неизвесни приноси за сите што би се осмелиле да прават бизнис таму. Пазарот во Сирија стана толку токсичен што повеќето странски инвеститори - и многу сириски инвеститори - веќе се држат далеку од него"; „Вор он д рокс", Дали повеќе санкции во Сирија ќе ги повредат самите цивили кои имаат за цел да ги заштитат? (War on the Rocks, Will more Syria Sanctions Hurt the very Civilians They Aim to Protect?), 10 јуни 2020 година, https://bit.ly/2TakaJT. „Според американската амбасада во Дамаск, пречки како старите политики и прописи кои се антитетски за слободниот пазар сѐ уште постојат. Понатаму, има нула транспарентноста и договорните обврски тешко се извршуваат со судство кое не работи. Корупцијата, кронизмот, ограниченото финансирање и збунувачките закони за даноци, давачки и тарифи се другите големи проблеми за бизнисот во Сирија"; Бизнис вести Азија, Водење бизнис во Сирија (AsiaBizNews, Doing Business in Syria), 2020 година, https://bit.ly/31CNxc3. „Сириската деловна средина се карактеризира со недостаток на транспарентност и ефикасност, големо државно мешање и контрола и отсуство на субвенции или поддршка"; Фондација „Бертелсман", ИТФБ Извештај за земјата за 2020 година: Сирија (Bertelsmann Stiftung, BTI 2020 Country Report: Syria), 29 април 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2029497.html, стр. 25. Види, исто така, ЦОАИ, Сириската економија во војна (COAR, The Syrian Economy at War), 10 ноември 2020 година, https://bit.ly/3a7oK51.

[1042] „Многу продавници, како што се бензински пумпи и пекари, исто така, се затворија со падот на валутата"; „Аталајар", Сирија оди на избори сред длабока економска и социјална криза (Atalayar, Syria Goes to the Polls amidst Deep Economic and Social Crisis), 17 јули 2020 година, https://bit.ly/33Z3zP6. „Нестабилноста на сириската фунта во однос на доларот има мултипликативен ефект врз фабриките и бизнисите, особено помалите. Неколку мали бизнисмени беа принудени да го прекинат производството, веројатно отпуштајќи работници во тој процес"; „Сирија директ", Жителите на Дамаск страдаат поради зголемените цени и забавување на економијата (Syria Direct, Residents of Damascus Suffer under Rising Prices and Economic Slowdown), 8 декември 2019 година, https://bit.ly/316jHws. Види, исто така, „Ти-ар-ти ворлд", Санкции во Сирија: Малите бизниси на работ поради неуспешната економија (TRT World, Syria Sanctions: Small Businesses on the Brink Due to Failing Economy), 15 јули 2020 година, https://bit.ly/33Yxlni.

И покрај сè поголемата улога на жените во секторот на трудот, тие и понатаму се соочуваат со предизвици во обезбедување живеачка или во обидите да работат надвор од домовите.[1043]

Се известува дека владата ја приоретизира владината помош за лица коишто ги смета дека му се лојални на режимот.[1044]

#### г) Заклучок за разумноста на градот Дамаск како предложена АВПб/АВПс

Поради потешкотиите со кои се соочуваат Сирijците за да си го обезбедат опстанокот сред сè полошите економски и хуманитарни услови, високиот степен на сиромаштија, којшто сè уште се зголемува, немањето храна и невработеноста, како и притисокот врз достапните домови и услуги, УНХЦР смета дека АВПб/АВПс **начелно не е разумно решение за градот Дамаск**.

Единствениот исклучок на оваа констатација се здравите возрасни мажи коишто го исполнуваат секое од следниве барања: (i) не се одговорни за друг член на семејството, (ii) имаат гарантиран пристап до домување, и (iii) имаат гарантиран пристап до стратегија за одржлива живеачка којашто ќе им обезбеди доволен приход за да си ги покријат основните потреби, земајќи ги предвид сè повисоките цени во градот Дамаск. Како што беше забележано погоре, УНХЦР смета дека АВПб/АВПс не е разумно решение за жените коишто се единствените глави во домаќинството и коишто немаат или за кои се претпоставува дека немаат машка заштита меѓу членовите на семејството.

## Г. Можни основи за исклучување

Во светло на сериозните повреди и злоупотреби на меѓународното право од областа на човековите права и повредите на меѓународното хуманитарно право забележани за време на сириската историја на судири и репресии, можно е да произлезат и основи за исклучување согласно членот 1Ѓ од Конвенцијата од 1951 г. во однос на поединечни барања од барателите на азил од Сирија. Можните основи за исклучување ќе се активираат доколку постојат елементи во барањето на подносителот кои укажуваат на тоа дека лицето може да се поврзе со или било вмешано во извршувањето на кривични дела кои спаѓаат во делокругот на членот 1Ѓ. Со оглед на потенцијално сериозните последици од исклучување од меѓународна заштита на бегалците, клаузулите за исклучување треба ограничено да се толкуваат и да се применуваат со претпазливост. Во секој случај поединечно мора да се направи целосна оценка на околностите на случајот.[1045]

Потенцијалното исклучување поради вмешаноста во извршувањето на воени злосотрства,[1046] во

[1043] „Нееднаквиот пристап до економските можности се чини дека е воден не само од недостатокот на можности за работа, туку и од социјалната стигма и културните пречки. Истражувањето на Барик за Сиријките во и надвор од земјата во 2017 година покажа дека 81% од испитаниците кои изјавиле дека „тековните социјални и културни норми во Сирија го попречуваат успехот на жените." Во 2018 година, УНДП ја рангираше Сирија на 136 место од 160 земји во својот индекс на родова нееднаквост"; Фондација „Бертелсман", ИТФБ Извештај за земјата за 2020 година: Сирија (Bertelsmann Stiftung, BTI 2020 Country Report: Syria), 29 април 2020 година, www.ecoi.net/en/document/2029497.html, стр. 18. Види, исто така, „Норт прес ејџенси", Работничките во сирискиот Дамаск се соочуваат со сексуално вознемирување, експлоатација (North Press Agency, Working Women in Syria's Damascus Face Sexual Harassment, Exploitation), 4 февруари 2021 година, http://bit.ly/2O5v44i; ФФЕ, КОВИД-19 и жените во Сирија: Продлабочување на нееднаквостите (FES, COVID-19 and Women in Syria: Deepening Inequalities), јули 2020 година, https://bit.ly/33Bc9E3, стр. 2; и Дел II.Ѓ.2.в.

[1044] На пример: „По изјавата на Асад за поголема вклученост на државната СЗТ [Сирија за трговија] во економијата, автомобили со евтин зеленчук беа испратени во Дамаск. Две од 95-те населби во Дамаск - Аш ал-Воварр и Мезех 86 - беа избрани за пилотирање на програмата. И двете населби се населени речиси целосно од алавити, од кои многумина се офицери од низок ранг. Имајќи предвид дека Дамаск има само пет населби со мнозинство алавити, веројатноста да се изберат два од нив по случаен избор е еднаква на 0,2%"; ЦГП, Економска криза во Сирија (CGP, Syria's Economic Meltdown), јуни 2020 година, https://bit.ly/2HTOwhn, стр. 9.

[1045] Детални упатства за толкување и примена на членот 1Ѓ од Конвенцијата од 1951 година може да се најдат во УНХЦР, Упатства за меѓународна заштита бр. 5; Примена на клаузулата за усклучување: член 1ѓ од Конвенцијата од 1951 за статусот на бегалците, 4 септември 2003 година, HCR/GIP/03/05, www.refworld.org/docid/3f5857684.html; и заднинската белешка за примена на клаузулата за исклучување: член 1ѓ од Конвенцијата од 1951 за статусот на бегалците, 4 септември 2003 година, http://www.refworld.org/docid/3f5857d24.html.

[1046] Член 1Ѓ(а) од Конвенцијата од 1951 година. Воените злосторства се сериозни прекршувања на меѓународното хуманитарно право (МХП), што наложува индивидуална одговорност директно според меѓународното право. Применливите правила на МХП и соодветните одредби на меѓународното кривично право се разликуваат, во зависност од тоа дали вооружениот конфликт е меѓународен (вклучително и состојби на окупација) или од немеѓународен карактер. За подетални упатства, види УНХЦР, Заднинска белешка за примена на клаузулите за

услови било на меѓународен било на немеѓународен вооружен судир,[1047] геноцид,[1048] злосторства против човештвото,[1049] и тешки неполитички кривични дела[1050] е од особена важност за контекстот во Сирија. Во одредени околности, исклучувањето може да треба да се разгледа и во однос на делата што се спротивни на целите и начелата на Обединетите нации.[1051] Во делата кои наводно ги сториле

исклучување: Член 1Ѓ од Конвенцијата од 1951 година во врска со статусот на бегалците, 4 септември 2003 година, www.refworld.org/docid/3f5857d24.html, став 30-32. Во контекст на немеѓународен вооружен конфликт, поимот „воени злосторства“ може да се примени за сериозни прекршувања на релевантните правила на МХП (т.е. Заеднички член 3 од Женевската конвенцијата од 1949 година, одредени одредби од Дополнителниот протокол II и правила за обичајното меѓународно право) од раните 1990-ти години наваму. Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија (МКТЈ) смета дека во тоа време, прекршувањата на МХП што се применуваат за немеѓународни вооружени конфликти може да се смета наложува кривична одговорност според обичајното меѓународно право; види Обвинител наспроти Душко Тадиќ, односно „Дуле“, Одлука за предлог за одбрана на привремена жалба (Prosecutor v. Dusko Tadic aka “Dule”, Decision on the Defense Motion for Interlocutory Appeal on Jurisdiction), IT-94-1, 2 октомври 1995 година, www.refworld.org/docid/47fdfb520.html, став 134. Сериозните прекршувања на гореспоменатите правила на МХП, што се случија порано, не може да се сметаат за „воени злосторства“, но може да спаѓаат во опсегот на „сериозни неполитички злосторства“ [член 1Ѓ(б)] или, во зависност од околностите, „злосторства против човештвото“ [член 1Ѓ(а)].

[1047] МКЦК, во јули 2012 година, заклучи дека Сирија е погодена од немеѓународен вооружен конфликт, што значи дека МХП се однесува на сите подрачја каде што се случуваат непријателства; МКЦК, Сирија; МКЦК и Сириската арапска Црвена полумесечина одржуваат напори за помош сред зголемените борби (ICRC, Syria; ICRC and Syrian Arab Red Crescent Maintain Aid Effort amid Increased Fighting), 17 јули 2012 година, https://bit.ly/3h2bakv. По американските воздушни напади врз сириска воена база во април 2017 година, МКЦК оцени дека ситуацијата во Сирија „сега претставува меѓународен вооружен конфликт“; „Ројтерс“, Ексклузивно: Ситуацијата во Сирија претставува меѓународен вооружен конфликт: Црвен крст (Reuters, Exclusive: Situation in Syria Constitutes International Armed Conflict: Red Cross), 7 април 2017 година, http://reut.rs/2o5KKDy. Независната меѓународна анкетна комисија за Сирија првпат го утврди постоењето на немеѓународен вооружен конфликт во Сириската Арапска Република почнувајќи во август 2012 година: „Комисијата утврди дека интензитетот и времетраењето на конфликтот, во комбинација со зголемените организациски способности на ФСА, всушност, го исполнуваат правниот праг за немеѓународен вооружен конфликт. Со оваа определба, комисијата го примени МХП, вклучително и Заедничкиот член 3, во проценката на постапките на страните за време на непријателствата“; Совет за човекови права на ООН, Извештај на Независната меѓународна анкетна комисија за Сириската Арапска Република (UN Human Rights Council, Report of the Independent International Commission of Inquiry on the Syrian Arab Republic), 16 август 2012 година, A/HRC/21/50, www.refworld.org/docid/503485d02.html, Анекс II, став 3. „Сирија во моментов е вклучена во низа вооружени конфликти. Прво, сириската влада е вклучена во неколку немеѓународни вооружени конфликти против широк спектар на бунтовнички групи. Второ, несомнено постои меѓународен вооружен конфликт помеѓу Сирија и членовите на меѓународната коалиција предводена од САД и Турција. Веројатно и воена окупација на делови од северна Сирија од страна на Турција. Конечно, дел од сириската територија, Голанската висорамнина, е окупирана од Израел“; Академија Женева/ВПВК, Сирија (Geneva Academy/RULAC, Syria), последен пат ажурирано на 14 февруари 2018 година, https://bit.ly/3kc0kcc (со дополнителни информации за меѓународните и немеѓународните вооружени конфликти во Сирија, и подрачјата под воена окупација).

[1048] Во контекст на исклучувањето, геноцидот спаѓа во опсегот на членот 1Ѓ(а) од Конвенцијата од 1951 година како „злосторства против човештвото“. Целната кампања на ИСИС против верско малцинство на језидите во Ирак од средината на 2014 година, вклучително и жени и девојки одведени во Сирија, беше карактеризирана како „геноцид“ од страна на Независната меѓународна анкетна комисија за Сирија: „ИСИС изврши, и продолжува да извршува, злосторство за геноцид, како и повеќекратни злосторства против човештвото и воени злосторства, против језидите“; Совет за човекови права на ООН, „Дојдоа да уништат“: Злосторствата на ИСИС против Језидите (UN Human Rights Council, “They Came to Destroy”: ISIS Crimes Against the Yazidis), 15 јуни 2016 година, A/HRC/32/CRP.2, www.refworld.org/docid/57679c324.html, став 201.

[1049] Член 1Ѓ(а) од Конвенцијата од 1951 година. Широко е прифатено дека се извршени злосторства против човештвото за време на тековните конфликти, вклучително и од владините сили, ХТШ и ИСИС; види, на пример, доследно известување од Независната меѓународна анкетна комисија за Сирија, достапно на: www.ohchr.org/EN/HRBodies/HRC/IICISyria/Pages/Documentation.aspx. Види, исто така, Дел II.Д погоре.

[1050] Член 1Ѓ(б) од Конвенцијата од 1951 година. Во контекст на Сирија, дејства како што се атентати, киднапирања или тортура извршени од страна на владини сили, антивладини вооружени групи или криминални групи (и пред и по 2011 година) најверојатно ќе претставуваат „сериозни неполитички злосторства“ во смисла на Член 1Ѓ(б) од Конвенцијата од 1951 година, доколку тие не се поврзани со вооружен конфликт. Ова би вклучувало тешки злосторства за кои се смета дека се од терористичка природа или извршени од членови на група означена како „терористичка“, како што се, на пример, грозоморни дејствија кои вклучуваат употреба на насилство и недискриминирачка штета или закана за штета, против цивили. Види, исто така, фуснота 1051.

[1051] Член 1Ѓ(в) од Конвенцијата од 1951 година. Според гледиштето на УНХЦР, оваа одредба за исклучување може да важи само за злосторства кои, поради нивната природа и тежина, имаат меѓународно влијание, во смисла дека се способни да го нарушат меѓународниот мир и безбедност или пријателските односи меѓу државите. За подетални упатства, види УНХЦР, Заднинска белешка за примена на клаузулите за исклучување: Член 1Ѓ од Конвенцијата од 1951 година во врска со статусот на бегалците, 4 септември 2003 година,

страните во вооружените судири во Сирија, меѓу другите, спаѓаат и намерни или безобзирни напади врз цивилите и *објектите што се заштитени со меѓународното хуманитарно право*; употребата на забрането оружје; дела чијашто намера е да се шири терор меѓу цивилното население; колективно казнување; намерно изгладнување на населението по пат на ускратување на хуманитарната помош; грабнување и присилно исчезнување; измачување и друго сурово, нечовечко и понижувачко постапување или казнување; земањето заложници; истребување; убиство; вонсудско погубување и погубување по брза постапка; силување и други облици на сексуално насилство, вклучително и држење сексуални робови; пљачкосување; присилно раселување на цивилите и присилна регрутација и регрутација на малолетници.[1052]

За исклучувањето да се оправда, потребно е да се утврди поединечна одговорност во однос на кривично дело од делокругот на членот 1Ѓ. Таквата одговорност може да произлезе кога лицето го извршило кривичното дело или учествувало во извршувањето на кривичното дело, на начин што произлегува кривична одговорност, на пример, преку нарачување, поттикнување, помагање или олеснување, или со придонесување во извршувањето на кривичното дело од страна на група или лица кои делуваат со заедничка цел. За лица кои поседуваат овластувања, било во воената или во цивилната хиерархија, личната одговорност може да произлезе и врз основа на командната одговорност / одговорност на надредениот. Можно е да се применливи и основи за одбрана од кривичната одговорност или за сразмерност. Во тој поглед, потребно е да се земат предвид докази за практики на присилно регрутирање, а особено на децата.

Учеството во вооружениот судир, самото по себе, не претставува основ за исклучување. На сличен начин, самото членување во група или организација којашто вршела активности што спаѓаат во делокругот на членот 1Ѓ од Конвенцијата од 1951 г., самото по себе, не претставува доволна основа за исклучување. Потребно е да се направи целосна процена на околностите за секој случај поединечно за да се одреди дали засегнатото лице било лично вмешано во дело поради кое му следува исклучување или учествувало во извршувањето на таквите дела на начин што да произлезе лична кривична одговорност согласно меѓународното право.[1053]

Во контекст на Сирија, треба внимателно да се разгледаат особено следниве профили:[1054]

i. (Поранешните) високорангирани членови на Сириската влада и на Партијата „Баас“ (*пред и по 2011 година*);

ii. (Поранешните) припадници на Сириските вооружени сили, вклучително и Сириската арапска армија / САА (и вклучително и Палестинската ослободителна армија/ ПОА),[1055] а особено:

---

www.refworld.org/docid/3f5857d24.html, став 46-49. Под одредени околности, дејствијата за кои се смета дека се од терористичка природа може да доведат до исклучување врз основа на член 1Ѓ(в). Ова се применува кога дејствијата во прашање претставуваат воени злосторства и/или злосторства против човештвото во смисла на член 1Ѓ(а), бидејќи дејствијата што спаѓаат во опсегот на оваа основа за исклучување се „спротивни на целите и принципите на Обединетите Нации“, но и во врска со злосторствата забранети според меѓународните конвенции и протоколи кои се однесуваат на тероризам. Меѓутоа, наместо да се фокусираме на ознаката „тероризам“, посигурен водич за правилна примена на член 1Ѓ(в) во случаи кога се работи за терористичко дејство е степенот до кој дејството влијае на меѓународниот план - во однос на неговата тежина, меѓународно влијание и импликации за меѓународниот мир и безбедност. Според гледиштето на УНХЦР, само терористичките акти што се разликуваат по овие поголеми карактеристики може да се квалификуваат за исклучување според оваа одредба. Види УНХЦР, Јасер ал Сири (жалител) наспроти Државен секретар за внатрешни работи (обвинет) и ДД (Авганистан) (жалител) наспроти Државен секретар за внатречни работи (обвинет): Композитен случај на УНХЦР во двата поврзани случаи (UNHCR, Yasser alSirri (Appellant) v. Secretary of State for the Home Department (Respondent) and DD (Afghanistan) (Appellant) v. Secretary of State for the Home Department (Respondent): UNHCR's Composite Case in the Two Linked Appeals), 23 март 2012 година, http://www.refworld.org/docid/4f6c92b12.html.

[1052] Има извештаи за повреди и кршење на човековите права (пред и по 2011 година) и сериозни прекршувања на МХП (заклучно со јули 2012 година) од сите страни. Види Дел II.Д.

[1053] Во некои случаи, може да се претпостави индивидуална одговорност за исклучителни дејствија доколку членството и учеството во активностите на особено насилната група е доброволно. Детални упатства за толкување и примена на членот 1Ѓ од Конвенцијата од 1951 година може да се најдат во УНХЦР, Упатства за меѓународна заштита бр. 5; Примена на клаузулите за исклучување: член 1ѓ од Конвенцијата од 1951 за статусот на бегалците, 4 септември 2003 година, HCR/GIP/03/05, www.refworld.org/docid/3f5857684.html; и УНХЦР, Заднинска белешка за примена на клаузулите за исклучување: Член 1Ѓ од Конвенцијата од 1951 година во врска со статусот на бегалците, 4 септември 2003 година, http://www.refworld.org/docid/3f5857d24.html.

[1054] Овој список ги одразува доминантните актери активни во Сирија во дадени времиња и не треба да се смета за исцрпен.

[1055] За тековното распоредување и организација на Сириската арапска армија (САА), види Меѓународен преглед,

сите високорангирани воени офицери; сиот офицерски и подофицерски кадар што служел во Републиканската гарда (*„Ал-Харас Ал-Џумхури“*), Специјалните сили, 4-тата Оклопна дивизија, Воената полиција,[1056] или Одбранбените чети (*„Сараја Ал-Дифа“, растурени во 1984 година);* и сиот воен персонал кој служел во периодот по март 2011 година, вклучително и во воените болници;[1057]

*iii.* (Поранешните) припадници на безбедносниот и разузнавачкиот апарат, вклучително и Националното безбедносно биро (*„Мактаб Ал-Амн Ал-Кавми“*); Дирекцијата за политичка безбедност (*„Идарат Ал-Амн Ал-Сијаси“*); Дирекцијата за општа безбедност (*„Идарат Ал-Амн Ал-Амм“*); Воената разузнавачка служба (*„Шубат Ал-Мукхабарат Ал-Аскарија“*); и Дирекцијата за разузнавање на военото воздухопловство (*„Идарат Ал-Мукхабарат Ал-Џавија“*);[1058] и лицата коишто им обезбедувале информации на некоја од овие агенции без

---

Тековни распоредувања на сириската армија (International Review, Current Syrian Army Deployments), 13 декември 2019 година, https://bit.ly/3cAR5OQ; ИБИ, Лавот и орелот: Уништување и повторно раѓање на Сириската арапска армија (MEI, The Lion and The Eagle: The Syrian Arab Army’s Destruction and Rebirth), 18 јули 2019 година, https://bit.ly/2UiMudT.

[1056] Воената полиција управува со воените затвори во Седнаја (рурален Дамаск), Балони во градот Хомс и, до мај 2015 година, Тадмур (покраина на источен Хомс). Според Независната меѓународна анкетна комисија за Сирија, „Од средината на 2012 година, Воената полиција е задолжена за пренесување и држење на затворениците помеѓу канцеларии и судови“. Понатаму, таа одигра клучна улога во систематското регистрирање на смртни случаи во владините притворски установи, „што укажува на знаење за смртните случаи кај претпоставените на агенцијата“; Совет за човекови права на ООН, Подалеку од очите, подалеку од срцето: Смртни случаи во притвор во Сириската Арапска Република (UN Human Rights Council, Out of Sight, Out of Mind: Deaths in Detention in the Syrian Arab Republic), 3 февруари 2016 година, A/HRC/31/CRP.1, www.refworld.org/docid/56b9f4c24.html, став 41, 58-59.

[1057] „Њу Јорк тајмс“, Сириски доктор обвинет за тортура уапсен во Германија (New York Times, Syrian Doctor Accused of Torture Is Arrested in Germany), 22 јуни 2020 година, https://nyti.ms/2B44Gl4; СМЧП, Документирани 72 методи на тортура што сирискиот режим продолжува да ги практикува во своите центри за притвор и воените болници (SNHR, Documentation of 72 Torture Methods the Syrian Regime Continues to Practice in its Detention Centres and Military Hospitals), 21 октомври 2019 година, https://bit.ly/2MzcUDZ; „Заман ал васл“, Податоци за лекари кои измачувале и убивале притвореници во воената болница во Хомс (Zaman Al Wasl, Data of Doctors Tortured and Killed Detainees in Homs Military Hospital), 25 април 2019 година, https://bit.ly/2Aaopiy; „Вашингтон пост“, „Болниците беа кланици“: Пат низ тајните оддели за тортура во Сирија (Washington Post, ‘The Hospitals were Slaughterhouses’: A Journey into Syria’s Secret Torture Wards), 2 април 2017 година, https://wapo.st/2zgpDbG.

[1058] Бирото за национална безбедност (полно име: Биро за национална безбедност на регионалната команда на сириската регионална канцеларија [на партијата Баас]), е предводено од генерал мајор Али Мамлук и формално ги координира и надгледува четирите независни безбедносни/разузнавачки агенции. „Четирите сириски разузнавачки служби - Разузнавачката служба на воздухопловните сили (Ал-Мухабарат ал Џавија), Воената разузнавачка служба (Ал-Мухабарат ал-Аскарија), Политичката разузнавачка служба (Ал-Амн ал-Сијаси), Генералната разузнавачка служба (Ал -амн ал-Ам) и Националната разузнавачка служба (Ал-Амн Ватани), која ги надгледува другите - практикуваат распространета, систематска тортура. Секоја агенција има централна канцеларија во Дамаск, како и регионални канцеларии“; ЕЦУЧП, Прекршувања на човековите права во Сирија: Тортура под Асад (ECCHR, Human Rights Violations in Syria: Torture under Assad), април 2020 година, https://bit.ly/3h4lFnm, стр. 4-5. „Во Сирија постојат четири независни безбедносни структури. Тие се поделени помеѓу „воена“ - Дирекција за воено разузнавање и Сириско воено воздухопловство - кои спаѓаат под надлежност на Министерството за одбрана и „политичка“ - Генерален разузнавачки директорат и Дирекција за политичка безбедност - формално под структурата на Министерство за внатрешни работи (МВР). Секоја од двете служби за политичка безбедност има по два одделни оддела, за внатрешна и надворешна безбедност“; Карнеги МЕЦ, Улогата на Русија во реформата на сириските специјални служби (Carnegie MEC, Russia’s Role in Reforming Syrian Special Services), 26 март 2020 година, https://bit.ly/3dJgoj5. „Обдарени со голема вонзаконска моќ, страшниот мухабарат ги надгледува и ги потиснува можните закани од надворешните непријатели, домашната опозиција, армијата, бирократијата и едни од други“; Томас Пиерет, „Сириската Арапска Република“, во „Шом Јом“ (уредник), Влада и политика на Блискиот Исток и Северна Африка: развој, демократија и диктатура (Thomas Pierret, “Syrian Arab Republic”, in Sean Yom (ed.), Government and Politics of the Middle East and North Africa: Development, Democracy, and Dictatorship), 9-то издание 2019 година, https://bit.ly/2SC7omR, стр. 12. „Сирискиот безбедносен апарат опфаќа воени и цивилни полициски сили, како и четири разузнавачки агенции. Тоа се Дирекцијата за воено разузнавање, Дирекцијата за разузнавање на воздухопловните сили, Генералната дирекција за разузнавање и Дирекцијата за политичка безбедност. Секоја од овие агенции има седиште во Дамаск составено од неколку централни канцеларии и води канцеларии низ целата земја, кои заедно држат илјадници притворени во нивен притвор“; Совет за човекови права на ООН, Подалеку од очите, подалеку од срцето: Смртни случаи во притвор во Сириската Арапска Република (UN Human Rights Council, Out of Sight, Out of Mind: Deaths in Detention in the Syrian Arab Republic), 3 февруари 2016 година, A/HRC/31/CRP.1, www.refworld.org/docid/56b9f4c24.html, став 36. Види, исто така, МЦТП, Приведените, киднапираните и присилно исчезнатите лица во Сирија (ICTJ, Syria’s Detained, Abducted, and Forcibly Disappeared), мај 2020 година, https://bit.ly/2Bzsqx9), мај 2020 година, https://bit.ly/2Bzsqx9,

формална поврзаност (доушници) (*пред и по 2011 година*);

iv. (Поранешните) припадници на провладините сили, вклучително и (списокот на е сеопфатен), Народните комитети (*„Лиџан Шаабија“*) и Националните одбранбени сили (*„Куват Ал-Дифа Ал-Ватани“*/НОС);[1059] Орлите на виорот (*„Нусур Ал-Завбаа“*);[1060] милициите поврзани со богатите алавитски бизнисмени коишто имаат блиски врски со Владата на Сирија и, поконкретно, со Асадовото семејство;[1061] провладините палестински групи, на пример, Народниот фронт за ослободување на Палестина – Генералштаб/НФОП-ГШ;[1062] Ерусалимската бригада („Лива Ал-Кудс Ал-Филастини“) и Слободното палестинско движење (СПД);[1063] и групите поврзани со странските шиитски милиции, вклучително и либанскиот „Хезболах“, Силите „Кудс“ на Иранскиот револуционерен гардиски корпус (ИРГК), ирачките милиции (на пример, *„Асаиб Ахл ал-Хак“*, *„Катаиб Хизб Алах“*, Организацијата *„Бадр“*, *„Харакат Хизб Алах Ал-Нуџаба“*, и *„Катаиб Сајид Ал-Шухада“*), како и авганистанските

---

стр. 5-8; СМЧП, Сириските безбедносни канцеларии и лицата задолжени за нив (SNHR, Syrian Security Branches and Persons in Charge), без датум, https://bit.ly/3cDGp1N.

[1059] Со почетокот на востанието во Сирија во 2011 година, локализираните „народни комитети“ кренаа оружје за поддршка на владата и за одбрана на нивните семејства и населби од антивладини вооружени групи. Почнувајќи од средината на 2012 година, овие фрагментирани локални групи сè повеќе беа инкорпорирани во НДФ под сеопфатна командна структура. Овие единици на НДФ работеа заедно со силите на ССА во текот на конфликтот. Според МЕИ, „НДФ е структура на национално ниво за некои провладини милиции кои се фокусираат на одбрана на родните подрачја и чија финансиска поддршка варира низ целата земја“; ИБИ, Додека Иран се распоредува сред КОВИД-19, Русија го пополнува вакуумот во источна Сирија (MEI, As Iran Redeploys amid COVID-19, Russia is Filling the Vacuum in Eastern Syria), 5 јуни 2020 година, https://bit.ly/2zbpUMZ. Види, исто така, ВОА, Кои се националните безбедносни сили на Сирија? (VOA, Who Are Syria’s National Defense Forces?), 26 август 2020 година, https://bit.ly/2FxhX7H; Меѓународен преглед, Анализа на сириските медиуми на НБС (International Review, An Analysis of Syrian NDF Media): 2014-2018 година, 19 јули 2018 година, https://bit.ly/2Y895eh.

[1060] Орлите на виорот се вооруженото крило на сириската социјалистичка националистичка партија/ССНП. (Поранешните) членови на Орлите на виорот може да бараат контрола за можни исклучителни дејствија пред 2011 година во контекст на вмешаноста на Сирија во граѓанската војна во Либан. За улогата на групата во сирискиот конфликт, види Институт Клингендел, Орлите успешни во војната: Улогата на сириската социјалистичка националистичка партија во Граѓанската војна (Clingendael Institute, Eagles Riding the Storm of War: The Role of the Syrian Social Nationalist Party in the Civil War), јануари 2019 година, https://bit.ly/3cB6rCR.

СМЧП, 3,196 сириски Палестинци беа убиени од сириските режимски сили, вклучувајќи 491 како резултат на тортура, помеѓу март 2011 година и јули 2020 година, а 49 се појавија во фотографиите „Цезар“ (SNHR, 3,196 Syrian Palestinians Were Killed by Syrian Regime Forces, Including 491 Due to Torture, Between March 2011 and July 2020, and 49 Appeared in Caesar Photos), 29 јули 2020 година, https://bit.ly/33xXOsb, стр. 10-11; Весник за долгата војна, Палестинската милиција известува за голем број жртви на фронтовите во Сирија (The Long War Journal, Palestinian Militia Reports High Number of Fatalities on Syria’s Frontlines), 3 јуни 2019 година, https://bit.ly/3dJa9f9; Центар за стратешки студии Омран, Воени актери и структури во Сирија во 2018 година (Omran Center for Strategic Studies, Military Actors and Structures in Syria in 2018), 31 декември 2018 година, https://bit.ly/2A0XwO8, стр. 91; „Шабака“, Палестинците и сириската војна: Помеѓу неутралност и несогласување (Shabaka, Palestinians and the Syrian War: Between Neutrality and Dissent), 29 јануари 2017 година, https://bit.ly/2Y7etOR.

[1061] Институт Клингендел, Сириските пустински јастреби повеќе не летаат (Clingendael Institute, The Syrian Desert Hawks: Flying no More), февруари 2020 година, https://bit.ly/3h49IOI; ИБИ, Лавот и орелот: Уништување и повторно раѓање на Сириската арапска армија (MEI, The Lion and The Eagle: The Syrian Arab Army’s Destruction and Rebirth), 18 јули 2019 година, https://bit.ly/2UiMudT.

[1062] За (поранешни) членови на PFLP-GC може да биде потребна проверка за можни исклучоци пред 2011 година.

[1063] СМЧП, 3,196 сириски Палестинци беа убиени од сириските режимски сили, вклучувајќи 491 како резултат на тортура, помеѓу март 2011 година и јули 2020 година, а 49 се појавија во фотографиите „Цезар“ (SNHR, 3,196 Syrian Palestinians Were Killed by Syrian Regime Forces, Including 491 Due to Torture, Between March 2011 and July 2020, and 49 Appeared in Caesar Photos), 29 јули 2020 година, https://bit.ly/33xXOsb, стр. 10-11; Весник за долгата војна, Палестинската милиција известува за голем број жртви на фронтовите во Сирија (The Long War Journal, Palestinian Militia Reports High Number of Fatalities on Syria’s Frontlines), 3 јуни 2019 година, https://bit.ly/3dJa9f9; Центар за стратешки студии Омран, Воени актери и структури во Сирија во 2018 година (Omran Center for Strategic Studies, Military Actors and Structures in Syria in 2018), 31 декември 2018 година, https://bit.ly/2A0XwO8, стр. 91; „Шабака“, Палестинците и сириската војна: Помеѓу неутралност и несогласување (Shabaka, Palestinians and the Syrian War: Between Neutrality and Dissent), 29 јануари 2017 година, https://bit.ly/2Y7etOR.

(*„Лива Фатемијун“*)[1064] и пакистанските милиции (*Бригадата „Зеинабијун“)*[1065] *(по 2011 година);*[1066]

v. (Поранешните) припадници на полицијата, вклучително и, особено, полицијата за вонредни состојби и полицијата за улични немири (*пред и по 2011 година*);

vi. (Поранешните) обвинители и судии, вклучително и оние кои работеле во Врховниот суд за државна безбедност / ВСДБ (*1966 до 2011 година*), Судот за економска безбедност / СЕБ (*1977 до 2004 година*), Судот за сузбивање на тероризмот (*од јули 2012 година*), и кривичните и воените теренски судови (*пред и по 2011 година*);[1067]

vii. (Поранешниот) персонал на затворите и притворите, особено директорите, управителите, надзорниците и чуварите (*пред и по 2011 година*);

viii. (Поранешните) припадници на терористичките групи определени од Советот за безбедност на ОН, вклучително и ХТШ (поранешниот Фронт „Ал-Нусра“ / „Џабхат Фатех Ал-Шам“), „Ал-Каеда“ и ИСИЛ (*по 2011 година*);[1068]

ix. (Поранешните) припадници на антивладините вооружени групи / алијанси, вклучително и групите поврзани со ССА, НОФ, и СНА (*по 2011 година*);

x. (Поранешните) припадници на „Муслиманското братство“ (*„Џамаат Ал-Икхван Ал-Муслимун“*) (*особено помеѓу 1976 и 1982 година*);[1069]

xi. (Поранешните) припадници на претежно курдските вооружени сили и безбедносниот/разузнавачкиот апарат, вклучително и СДС (*„Куват Сурија Ал-Димукатија“*); НОО; ЖОО; внатрешните безбедносни сили на АУСИС (*„Асајиш“*); Сирискиот воен совет /

[1064] Атлантски совет, Збирка: Иранско влијание и присуство во Сирија, 5 ноември 2020 година, https://bit.ly/32LMdEE; Весник за долгата војна, Авганистанската шиитска милиција, основана од Иран, слави 7 годишнина во Алепо (Long War Journal, Iranian-Founded Afghan Shia Militia Celebrates 7th Anniversary in Aleppo), 12 мај 2020 година, https://bit.ly/2UmKdyq; ИБИ, Разбирање на дивизијата Фатемијун: Животот низ очите на припадник на милицијата (MEI, Understanding the Fatemiyoun Division: Life Through the Eyes of a Militia Member), 22 мај 2019 година, https://bit.ly/3hcyAUy.

[1065] Институтот за арапски држави од заливот во Вашингтон, Користејќи ја Сирија како терен за обука: Случајот со пакистанската бригада Зеинабиун (The Arab Gulf States Institute in Washington, Using Syria as a Training Ground: The Case of the Pakistani Zeinabiyoun Brigade), 17 јули 2018 година, https://bit.ly/2XDM5ok.

[1066] ВОА, Како Касем Сулејмани управуваше со иранските полномошници на Блискиот Исток (VOA, How Qassem Soleimani Managed Iran's Proxies in the Middle East),7 јануари 2020 година, https://bit.ly/2MD7yrq; Карнеги МЕЦ, Воена реформа на Русија и Сирија: Предизвици и можности (Carnegie MEC, Russia and Syrian Military Reform: Challenges and Opportunities), 26 март 2020 година, https://bit.ly/2XG0Abb; ИБИ, Лавот и орелот: Уништување и повторно раѓање на Сириската арапска армија (MEI, The Lion and The Eagle: The Syrian Arab Army's Destruction and Rebirth), 18 јули 2019 година, https://bit.ly/2UiMudT; Вашингтонски институт, Проект за мапирање на шиитската милиција (Washington Institute, The Shia Militia Mapping Project), мај 2019 година, https://bit.ly/2MFthi4; Фондација Карнеги за меѓународен мир, Странските шиитски легии во Техран (Carnegie Endowment for International Peace, Tehran's Shia Foreign Legions), 30 јануари 2018 година, https://bit.ly/2UjSpPJ.

[1067] МЦТП, Приведените, киднапираните и присилно исчезнатите лица во Сирија (ICTJ, Syria's Detained, Abducted, and Forcibly Disappeared), мај 2020 година, https://bit.ly/2Bzsqx9), мај 2020 година, https://bit.ly/2Bzsqx9, стр. 14-15. Види, исто така, Совет за човекови права на ООН, Подалеку од очите, подалеку од срцето: Смртни случаи во притвор во Сириската Арапска Република (UN Human Rights Council, Out of Sight, Out of Mind: Deaths in Detention in the Syrian Arab Republic), 3 февруари 2016 година, A/HRC/31/CRP.1, www.refworld.org/docid/56b9f4c24.html, став 16; и Дел II.Д.1.

[1068] СБОН, Резолуција на Советот за безбедност 2253 (2015 г.) за ренименување на Комитетот за санкции на Ал Каеда во „1267/1989/2253 ИСИЛ (Даеш) и Комитет за санкции на Ал Каеда“ и Списокот на санкции во „ИСИЛ (Даеш) и Список на санкции на Ал Каеда“ и за продолжување на мандатот на Канцеларијата на Народниот правобранител за период од 24 месеци од датумот на истекнување на тековниот мандат во декември 2017 година (UNSC, Security Council Resolution 2253 (2015) [on Renaming of Al-Qaida Sanctions Committee as “1267/1989/2253 ISIL (Da'esh) and Al-Qaida Sanctions Committee” and the Al-Qaida Sanctions List as “ISIL (Da'esh) and Al-Qaida Sanctions List” and on Extension of the Mandate the Office of the Ombudsperson for a Period of 24 Months from the Sate of Expiration of Its Current Mandate in Dec. 2017]), 17 декември 2015 година, S/RES/2253 (2015), www.refworld.org/docid/56ec00684.html. Консолидираниот список на ООН може да се најде на: www.refworld.org/docid/56ec00684.html.

[1069] Проект за борба против тероризмот, „Муслиманското братство“ во Сирија (Counterterrorism Project, The Muslim Brotherhood in Syria), пристапено на 28 февруари 2021 година, https://bit.ly/2Y770za; Вашингтонски институт за блискоисточна политика, Секташтво во граѓанската војна во Сирија (Washington Institute for Near East Policy, Sectarianism in Syria's Civil War), 2018 година, www.ecoi.net/en/document/2026613.html, стр. 8; Карнеги МЕЦ, „Муслиманското братство“ во Сирија (Carnegie MEC, The Muslim Brotherhood in Syria), февруари 2012 година,

СВС; „Суторо“ (Сириската безбедносна канцеларија, вооруженото крило на Партијата за сириско единство / ПСЕ (*по 2011 година*);

xii. (Поранешните) припадници на групите и мрежите вклучени во организиран криминал (*пред и по 2011 година*).

# IV. Мораториум на присилните враќања

Во светло на непрекинатите судири, несигурноста и контаминацијата со неексплодирани бојни средства; сериозната загриженост за владеење на правото[1070] и широко распространетите повреди и злоупотреби на човековите права,[1071] вклучително и на повратниците;[1072] парчосаните односи во заедницата и немањето искрени заложби за помирување;[1073] масовните разрушувања и оштетувања на домовите, критичната инфраструктура и земјоделското земјиште;[1074] и продлабочувањето на економската криза и хуманитарната криза, усложнети со пандемијата на КОВИД-19,[1075] УНХЦР и понатаму ги повикува државите да не вршат присилно враќање на сириските државјани и поранешните вообичаени жители на Сирија, вклучително и Палестинците кои претходно живееле во Сирија, во кој било дел на Сирија, без разлика дали тоа подрачје е под контрола на Владата или е под контрола на друг државен или недржавен субјект. Понатаму, УНХЦР сака да ги потсети државите дека продолжуваат ограничувањата на хуманитарниот пристап,[1076] со што се ограничува слободниот и непречен пристап до повратниците.[1077] Присилните враќања, во најголем број случаи, би биле неотповикливи со оглед на фактот што соседните земји строго ги управуваат своите граници со Сирија.[1078]

Исто така, УНХЦР и понатаму смета дека не би било исправно присилно да се вратат државјаните или поранешните вообичаени жители на Сирија во соседните земји и во несоседните земји во регионот, освен ако не се направат специфични аранжмани со кои ќе се гарантира дека засегнатото лице ќе биде повторно прифатено во земјата и ќе ја ужива меѓународната заштита.

УНХЦР го поддржува темелното човеково право на лицата да се вратат во својата земја на потекло. Сета помош што УНХЦР ја дава за враќање во Сирија има за цел да им помогне на ранливите лица кои, откако ќе бидат во целост известени за состојбата во нивното место на потекло или алтернативно место по нивен избор, доброволно ќе одлучат да се вратат. Секое дејство на УНХЦР во насока на поддршка на доброволната репатријација во Сирија, вклучително и напорите за одржлива реинтеграција на повратниците и ВРЛ во Сирија, не смее да се протолкува како процена од страна на УНХЦР на безбедноста и другите аспекти на состојбата во Сирија за лицата кои побарале меѓународна заштита како бегалци во земјите на азил. Доброволната репатријација и присилното враќање се процеси темелно различни по својата природа, и подразбираат поинакви одговорности кај различните вмешани актери. Дури не се создадат услови за доброволна репатријација во услови на безбедност и достоинство, од суштинска важност е да се одржи простор за заштита на бегалците од Сирија, вклучително и поранешните вообичаени жители на Сирија, и да се зачуваат услови за нивно престојување и почитување на нивните права во земјите домаќини.

---

[1070] Види Дел II.Б и II.В.
[1071] Види Дел II.Д.
[1072] Види Дел III.А.1.д.
[1073] Види Дел II.Ѓ.1.а.
[1074] Види Дел II.Ѓ.1.
[1075] Види Дел II.Ѓ.1.
[1076] Види Дел II.Ѓ.3.
[1077] Види Дел II.Г.3.
[1078] Види Дел II.Г.1.

УНХЦР, Агенција за бегалци на ОН

# Согледувања од меѓународната заштита за луѓето што пребегнуваат од Сириската Арапска Република – 6-то подновено издание

март 2021 г.

**UNHCR, the UN Refugee Agency** *[УНХЦР, Агенција за бегалци на ОН]*
P.O. Box 2500 *[П. фах 2500]*
1211 Geneva 2 Switzerland *[1211 Женева 2 Швајцарија]*

UNHCR
The UN Refugee Agency